# *ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА*

Роман

**Петре Наковски**

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА

Роман

Published by:

МАКАВЕЈ 2003 СКОПЈЕ
&
Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2014 by Petre Nakovski

e-Book Edition

Any similarity is by chance

Секоја сличност, посебно кај неисториските ликови, е случајна

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 1

- Сите сме тука? - праша Вера. - Ако има некоја, која е помала од шеснаесет години, да си оди дома.
Ти, ти, таму во ќошот, колку години имаш?

- Па уште некој месец и ќе наполнам шеснаесет...

- Добро. Сега оди си дома и кога ќе наполниш шеснаесет, ќе те викнам. Оди си... Денес, чупи, нема да зборвам - продолжи Вера на својот костурски говор - за борбата шо ја воде наште братја против англоамериканцкио империјализам и нимнио домашен, атински лакеј. Ќе речам само дека планинте веќе се слабодни, Грамос е слабоден, направена е слабодна територија и победата секој ден е поблиска.

Живи, молскавични, повикувачки, полетни и заканувачки се движењата на нејзините раце и тупаници; гласот сигурен, решителен, гневен. Погледот горд и безмилосен, гневен и убиствен, огнен, суров проницлив, победнички, исполнет со вера и само што гром и оган не паѓа од небо за да го спепели непријателот. Таа има моќ на убедување и секое нејзино движење, секој нејзин збор, секој поглед паѓаат на плодна почва...

- Есен греј, чупи, по неа ќе дој зимата. Студој, дождој, снегој. На нашите братја - борци им требаат фанели, чорапи, нараквици. Кој ќе му дај ако не ние, нимните сестри? Ние дење и ношја треба да плетиме. Така ести или не ести така?

- Така ести - се слушнаа гласови.

- Е, ако ести така, тогаш да плетиме за да му е на наште братја борци топло кога ќе трне за на бој...

- Така ести, ама немаме прендено, Веро!

- Знам. Знам дека немате ниту волна, ниту прендено. Ама јаска ќе ви кажа, а вие да не пренесвате, за да не знае шпиуните. Таму, о Грамос, таму де има слабодна територција, има многу

крдари овци и купови волна. Куповите високи, на, до там горе. Ама нема кој да влачи, кој да пренди и да плети... Вчера или некни, ношја, по туа поминае чупите од Д'мбенп; Косинец, Лабаница, Смрдеш и од многу села од Корештата и од Преспата. Не знам дали и видоте. Не? Штета. Требваше и виде келку беа весели, стреќни и полни со борбен елан. Тие веќе се таму о Грамос и почнае да влаче, да пренде и да плете. А порано почнае чупите од јановенските села. Ти беќе му и донесое парвите фанели и чорапи на наште братја борци... Слушам дека само вие останате и не знам зошчо и вам не ви рекое за да ојте. Јаска кога слушна дека само вие останате, си реку: - ка не му е страмота на тие кои имаа задолжение да ви каже, а не ви казае. Нејсе. Да не и бараме кривите сега. Утре ќе и најме и за пример ќе ги казниме... Затоо јаска дојду туа лично да ви кажа и да ве опитам дали и вие сакате да ојте таму о Грамос за да ја влачите и да ја прендите волната и да плетите фанели, чорапи и нараквици? Јаска знам дека вие, тувашните чупи и плетите најлепите фанели и најлепите чорапи со многу лепи шари. Така ести пли не ести така, а?

- Така ести!

- Шо велите, ќе ојте и вие таму о Грамос?

- Ќе ојмеее!!! - громко се согласи Собирот.

- Добро, многу добро. Штом сакате да ојте, ајде сега ојте дома да зевате фурки, вретена и игли за плетење... Зевајте и леб за ден-два... По недела ипи две ќе си дојте дома. За јадење да не берите гајле. Таму ќе јајте погача, сирење, кашкавал и секој ден за обед варено, печено или пржено месо... Ојте и по еден сает сите да сте туа... Ајде ...

Тргнаа пред зајдисонце. На чело е Вера. Чекорот достоинствен, сигурен, енергичен, замавлив, решителен и во секое нејзино движење – има нешто војничко, добро научено, извежбано за гледање и за пример... Зад неа, девојките со торби на рамо, по две, по три во кривиот строј, со ситен од дробат и ја мешаат прашината...

- Веро, моше ли песна? -се огласи некоја од девојките.

- Може, зошто да не.

Во борба, во борба, во борбааа...

Се разлеа ѕвонлив девојчински глас и веднаш го прифатија другите.

Македонски народе.
За света народна слобода
Со песни и радост се мре - е - е...

Пред полноќ стигнаа во Калевишта. Вера праша каде е сместен селскиот одбор, кој истовремепо е некој вид штаб за прифаќање на девојките. Заедно со одговорниот таа ги распореди по куќи. На гол под лежат и спијат непознати девојки, покриени со стари италијански излитени војнички ќебиња. Стуткани една додруга, со нозете до под градите и скрстени раце под брада. Мирис на мувласано сено, подгниено лисје и наводенет опинок.

Во сурите мугри ги разбудија и ги собраа на вигната. Со име и презиме ги построија, преброија и потоа ги наредија пред казан. Во голем котел, од оние за топење свинско сало - врие планински чај. Над котелот се издига пареа и шири мирудија. Црн, ‘ржен леб, парче мармелад со некаков чудникав сладуњаст и гнилест мирис. Јадат и пијат молчаливо, намуртено гледаат пред себе. Некои имаат натечени очи од неспиење и плачење.

- Строј се! - заори заповеднички глас. Се размрдаа, гледаат наоколу. Непознат е зборот, како и мажот кој викна. - Строј се! - пак истиот глас, сега посилен и позаповеднички. Од некаде се појави Вера. Таа застана до мажот опашан со офицерски ремени, прекурамо префрлена кожена чанта и пиштол на колкот. Нешто зборуваа, ама од никоја од девојките не слушнаа збор.

- Девојки, слушајте ме. Соберете се така како што сте од вашите села. Еве, тука нека застанат девојките од Косинец, таму девојките од Лабаница и така редум. Кога другарот командант

ќе рече “Строј се”, тогаш вие ќе застанете во ред една покрај друга. Ме разбравте? Ајде, направете така како што ви реков. Брзо, брзо. Е, така... – Таа се насмевна задоволна, се сврте кон командантот и му рече: - Гледаш? Така треба. А не веднаш - строј се. Зарем ти мислиш дека тука дојдоа извежбани?

- Де, де... - врати тој. - Не бери гајле. Ќе ги извежбаме. Дојди по некоја недела и ќе видиш. - Строј се! - се разлеа неговиот глас. - Така. Една покрај друга... - Долг и крив е стројот. - А сега свртете се кон ридот и по мојата заповед “напред марш”, појдете зад момчињата со шмајзерите.

Појдоа. Стројот се размрда и се раздвижи напред. Кога излегоа во лединката, свртија лево. Тесна, карпеста патека ги вовлече в шума со високи борови. Мирис на гнилеж и смола. Виулесто се спушта прудолу. Главнината влезе во селото Јановени. Предводникот нареди одмор. Се збира врвцата на колоната. Девојките седнуваат на топлите камења, легнуваат на испржената земја. Пладне е и жешко. Бришат пот од чела и плеќи, тријат нозе и стапала. Изгор е жедта. Стари, вудвосани жени од селото приоѓаат со стомни и ѓумови. Носат вода. Една преку друга пијат, полеваат лица, гради, плеќи. Подмиваат мишки, вратови. Околу и далеку пред нив високи планини разделени со длабоки трапови. Лево Алевица. За неа имаат слушнато уште како деца, кога таму пред седум години со недели опстојувала грчката војска пред налетот на Италијанците. Ја биеле со авиони и најмногу со топови, ама Италијанците не успеале да ја заземат. Се зборувало дека врвот се скусил, а бетонските бункери издржале. Далеку, право пред очи, висока иглеста плапина. Еден од партизаните кои ја водат колоната рече дека таа планина е Грамос и дека од неа се до Јанина во Епир, сите планински венци го носат нејзиното име. А планините пред Грамос, вели тој, се викаат Краставец, Фламбуро, Чарно.

- Станувајте! Поаѓаме!

Долг, тесен, дрвен мост и по него врви живата редица. Под неа тече Бистрица. Бучи огромна, нескротена и разјарена и,

удирајќи на карпестите брегови, ги влече распенетите и бистри води. Се прекршува во неа синото небо и сино ја обојува.

Ноќта стигнаа во ливадите на Мирославица.
Вера ја нема меѓу нив...

Под високите борови - земјанки. Некои покриени со шаторски крила, други со ќебиња и черги. Внатре мрак. Тапчат на дебел слој лисја. Изморени и капнати од целодневното одење, легнуваат на влажните лисја и слама - една додруга, тело до тело, притиснати, гушнати; си дишат в лице, в чело, в грб, превиткани од студенилото и влагата што влегува под кожа. Со долги и тивки воздиви затоплуваат дланки, а со нив лица и чела. Гнил, мувлосан мирис на ќебињата. Се покриваат и не мрднуваат. Мрднаа ли – се открие рамото, плешката, грбот, нозете. А врз нив врз шаторските платна тупкаат јадри капки дожд. Туп - туп - туп, рамномерно удираат. Циљка не спие. Ги брои тупкањата и во мракот слуша долги воздишки и по некој пиптеж. Тропаат капките, небаре одмеруваат време и во тропотницата спушта клепки и полека ја совладува дремка. И наеднаш - истрел и по него долг автоматски рафал. Откинати од сонот, смрзнати од страв со писок и плач истрчуваат од земјанките, викаат...

Громок машки глас се огласи во мракот.

- Мир, мирно, девојки! Смирете се. Лажна тревога! Вратете се во земјанките. Нема опасност. Смирете се!

До утрото се тресеа од страв и колнеа.

По појадокот- фелка црн леб, парче сув мармелад за секоја и една порција планински чај на пет души - ги поделија по триесет во група. Им поставија старешини и заедно со нив ги почнаа првите часови на подготовките за тоа што од денес па натаму ќе ги чека.

- Девојки - почна старешината - од денес, па во наредните дваесетина дена, прво тука, потоа и по ридовите, ќе вежбаме...

Кога ќе го научиме тоа што треба да го научиме, тогаш ќе бидеме распоредени по единици...

- Какви вежби и единици, бре?! - Со писклив глас го прекина Мита. - Па нас тука не донесоа за да влачиме волна, да предиме и да плетиме фанели и чорапи за партизаните. - Од торбата извади вретено и игли за плетење. Се доближи до него. - Пулиш? Сите ние, Која фурка, која вретено и скоро сите имаме игли за плетење. Ајде да одиме таму каде што е волната и да си ја завршиме работата за која сме дојдени тука. Така ни беше речено. Нели, девојки?

- Така е!

- Мир, мир! - викна старешината. - Фурките и вретената тука нема да ви требат. Затоа, сега и тоа веднаш, станете и ставете ги таму во еден куп. Јасно? Тука не дојдовте на седенки. Јасно?! - Неговиот глас прозвучи заповеднички и со тон на закана. - Фурките и вретената таму, во еден куп! На извршување! - Тој погледна горе во шумата. Од таму затрака автоматски рафал. Над главите свиреж на куршуми. Девојките се вдадоа во бегство, но од другата страна ги пречека нов рафал.

- Мир! Вратете се тука. Ете, и ова е вежба. Деновиве ќе научите да не се плашите од истрели и од свирежи на куршуми. Дење и ноќе ќе слушате по некој истрел или рафал и ќе навикнете. Да. Ајде, на куп фурките и вретената!... - Тој собра сува трева, накрши суварки, ги пикна под купот и ги запали. -Така... Значи од денес почнуваме да учиме. Погледнете, сите веќе учат. Јас, вашиот старешина, ќе ве будам, ќе ве постројувам пред казан, а други, кои ние тука ги викаме инструктори, ќе ве научат војнички да се постројувате, да ракувате со оружје... Тишина таму!” Сега малку одмор и потоа ќе дојди инструкторот кој ќе ве научи да ракувате со пушка...

Маж со среден раст, облечен во стара предвоена грчка офицерска униформа без ознаки. Стои загледан во девојките и момчињата кои пред малку ги донесоа тука. Се искашла со валканата чизма ја згмечи цигарата и рече:

- Ние денес до пладне ќе бидеме заедно и заедно ќе учиме. Ако добро внимавате, брзо ќе научите. Треба да внимавате зашто ќе ви треба. Да. Треба да внимавате. Внимавате дури и тогаш кога сакате да мислите. Мислите за што ќе мислите и како ќе мислите. Денес - продолжи тој - ќе зборуваме за пушката. А што значи пушка? Што е пушка? Поимот пушка, со голема или со мала буква, има многу значења, многу намени и служи за многу работи. И се заедно се сведува на едно: стрелање или убивање. Исто е. А тоа, значи, стрелањето или убивањето е занает. Занает е да знаеш да ја употребиш пушката. Употребата на пушката не е ништо друго туку само - што? – неочекувано падна прашањето и никој дури не се обиде да одговори. - Не знаете? Ако, ќе научите. Е, мои мили, вие треба да научите и тоа задолжително ќе го научите, како да ја употребувате пушката, што речено со други зборови, како да стрелате и како да убивате... Реков стрелањето е занает, а занаетот се учи. Е, тој занает, почнувајќи од сега и наредните три-четири дена јас ќе ви го научам. Вие научете го, изучето го, усовршете го... пред борба, а потоа во борба сами ќе се убедите дали добро сте го научиле. Со еден збор, молам да не се плашите од зборовите, значи денес, со еден збор, денес почнуваме да стреламе или да убиваме, значи вие ќе почнете да учите да убивате... ха-ха-ха, хе-хе-хе – се смее тој весело и гавресто му се тресат дебелите фаши месо под брадата, му потскокнува мевот врзан со стар, дебел офицерски појас. - И сакам да знаете, а тоа значи добро да запамтите, дека со еден истрел, тоа е најдобро... со еден истрел да погодиш, зашто во спротивно ќе те погодат тебе од ова за кое рековме дека се вика пушка. Како што секоја од вас има глава, очи, раце, нозе и... да, така и пушката си има своја намена и делови. А тоа ќе рече дека пушката - сега веќе тој зборува погласно, подвлекувајќи го секој изречен збор _ значи пушката е рачно огнено оружје за уништување одделни живи цели, ова добро да го запамтите, за уништување живи цели, што ќе рече се што ќе се појави пред ова што сега го држам в раце е цел, велам цел, која ти, ти и ти и сите вие треба таа цел да ја ... да ја уништите. - Прекина, запали цигара, испушти сивкаст чад низ нос и продолжи: - Значи живи цели кои можат да бидат откриени, цели кои можат да бидат покриени, значи лажно скриени, подвижни или одеднаш ќе се појават. Најдобри резултати... го разбирате ли зборот резултат? Не? Па се разбира

дека не... Не оти вие завршивте гимназии и универзитети? Како ли да ви го објаснам зборот резултати?...

- Да не му доаѓа од зборот резил?... - општа смеа која помина во џагор.
- Кој го рече тоа? Да видам која го рече тоа!

Тишина... мир...

- Јас... - тивко рече девојката со тркалезно румено лице, светликави црни големи очи и долга дебела претенка, зафрлена над левата града.

- Како е викаш?

- Василка, а дома ме викаат Циљка...

- Да не е Василики? - праша инструкторот.

- Така е на грчки...

- Внимавајте, девојки, сите да внимавате и на своите зборови... Запамтете. А ти, како рече дека те викаат дома?

- Циљка...

- Да запамтиш, Циљка, дека ти си борец...

- Во малина... - рече некоја и сите удрија во смеа.

- Тишина! Што е тоа малина?

- Па гледаш, фустан, плетен фустан.... Со една игла се плетат таквите фустани како на Циљка. - дофрли една друга, која почепка во торбата и од неа извади долга, жичана игла. - Ете, со ваква...

И пак смеа.

- А што уште имаш во торбата?

- Па... имам предено и... недоплетени чорапи и ништо повеќе.

Инструкторот за миг како да онеме и налутено праша:

- А која ли беше таа будала што ве донесе тука со игли за плетење, а? Ќе ми одговори ли некоја?

- Јас - дигна рака Циљка. - Јас мислам дека беше таа на која и било наредено. Така таа ни рече: - Земете игли, па таму каде што ќе одите ќе има волна за влачење и предено за плетење. Речено сторено... Така и дојдовме...

- Слушајте сите и добро запамтете! Од денот кога стигнавте тука вие сте борци на Демократската армија на Грција. Иглите за плетење и преденото и многу други работи што ги правевте во вашите села и по дома, тука да ги заборавите. Тука, јас се надевам, дека наскоро и мајчиното млеко ќе го проплачите... Војска сте! Мирно и не зборувај таму! Мирно! Не знаете да застанете мирно? Ќе научите, наскоро ќе научите!... Тишина! Тишина таму и внимавај. Продолжуваме. Каде прекинавме?

- Прашавте дали некоја од нас знае што е... Не...

Прашавте дали некоја од нас го разбира зборот... Како ли беше? Аха, ми текна - резил...тати...

Резултати... - дофрли некоја, која седи до неа.

- Така... И никој да не ме прекинува. Јасно? Значи, најдобри резултати или ако сакате, со подруги зборови, најдобро дејство или поспедици со пушката се постигнуваат на четиристотини метри. Со оган од повеќе стрелци се бијат групни цели на оддалеченост од осумстотини до илјада метри, а тоа зависи од видот на пушката. Вие најчесто ќе биете од блиско растојание, а можно е да биете и авиони кои летаат ниско, на височила од петстотини метри. Пушката е основно оружје на пешадијата, меѓутоа, ја употребуваат и други родови војска. Треба да го знаете и ова дека пушката се употребува и за борби гради в гради со штик и кундак. Затоа, кога ќе ја имате в раце немојте

да мислите на игли за плетење и плетиво, а воопшто да заборавите да мислите на љубов. Ќе љубите и ќе бидете љубени по војната. А јас ви велам дека ова ќе потрае... - Прекина. Забележа дека никоја не го слуша, ами гледаат некаде зад него. Тој се сврте. На педесетина метри поминува долга колона. На носилки и товарени на коњи. Носат ранети. -Тука гледај и внимавај ! - викна. - Јас сум за вас најинтерсениот. А знаете ли зошто? Затоа што сакам да ве научам нешто. - Тој пак се сврти. Само за миг погледна на колоната и рече: - Ете, гледате нешто од... како да ви кажам... од реалноста, ама овој збор не знам да ви го објаснам попростачки, Запамтете го - зборот реалност тоа е тоа што гледате сега... Носат... Да, тоа е реалност... Да, токму така! Можеби утре некоја од вас така ќе ја носат и да не мислите дека некој многу ќе жали поради тоа. Ако добро научите да работите со пушката, со автоматот, со митралезот, за што ќе учиме во наредните неколку дена, тогаш така вас нема да ве носат, туку тие ќе бидат носени во кои ќе пукате. Девојки! Запамтете... Ако вие не го убиете него, против кого сте ја впериле пушкта, тогаш бидете сигурни дека тој вас ќе ве убие. Само едно може да се одбере: ипи ти или тој од другата страна. Еден треба, мора да гризе земја или да биде осакатен, зашто пушката не само убива, туку и осакатува. А најдобро е да убие. Бам и...готово... Затоа јас денес и утре и некој ден повеќе, ќе ве научам да стрелате или ако сакате да убивате, а други ќе ве научат да се криете, да фрлате рачни гранати, да трчате, да поздравувате и отпоздравувате војнички, да копате ровови, да преврзувате рани. Да. Сакам да запамтите: не убивте - ќе бидете убиени. Да. Запамтете дека и пушката е орудие како што е иглата за плетење, фурката, разбојот... ха-ха-ха- хе-хе-хе... А сега да повториме. Значи ова е пушка и е составена од: мушица, заштитник на мушицата... внимавај и не зборувај... отаде натаму. Ова е уста на цевката, па прстен. И ова од тука до тука е цевка. Низ нејзиниот внатрешен дел поминува куршумот. Тука е нишанот, а ова е преклопник на нишанот. Тука, гледај, ти таму која седиш на крајот. Остави ги облаците. Ова е лежиште за фишекот, а ова се вика главен отворач, кој е составен од игла и ударна пружина. Ова е јазиче или чкрапец, Кога ќе го повлечеш, тогаш иглата удира па капсулот од фишекот и, ако добро нишаниш, ѓавол ќе го земе тој во кого нишаниш. И пушката завршува со...

- Кундак! - громко се слушна гласот на Циљка.

- Браво! Браво! А од каде знаеш дека овој дел од пушката е кундак? - праша инструкторот.

- Кога доаѓаа џандарите и војниците со тоа не тепаа...

- Да, точно е. И нас во нашето село најмногу не удираа со кундак - се слушнаа гласови.

- Исто и кај нас... - дофрлија некои од другата страна.

- Нас со кундаци не тепаа само затоа што си пеевме наши песни, научени од бабите и мајките. Ле-ле, мајко, како не удираа и по плеќи и по глава и по лице... Удираа со затворени очи...

-Море нас не удираа и со кундаци и не маваа ем со стапови, ем со тупаници и клоци... По кај ќе стигнеа...
- Добро, добро, де... За тоа ќе му кажувате на политичкиот комесар... И да не заборавам. Секогаш и тоа задолжително мора да се проверува, случајно или од невнимание, да не остани во лежиштето фишек. Тоа можеме да го провериме на два начина. Или да погледнете низ цевката или пак - тој го исправи малиот прст и, пикајќи го полека во цевката, доврши - со овој прст...

- А не може ли со овој? -праша едно од момчињата кое седи настрана и на кое досега за првпат му се слушна гласот. Сите се свртеа да видат и одеднаш избувна громко смеење. Во воздухот виси неговата десна рака во чија дланка беа исправени сите прсти освен средниот кој покажува право во лицето па инструкторот.

- Може, момче, може, ама... - И од громкото и продолжително смеење никој не ги слушна неговите неколку зборови. Само тие, кои се сосема близу до него, во неговите очи забележаа отсјај на пцости.

- Доволно е, доволно е со смеење. Да заклучиме: значи, се на се пушката е составена од триесетина делови кои заедно прават само една работа. Која?

- Убива - одговорија неколку гласови.

- Точно - рече инструкторот. - Ќе направиме сега една мала пауза за да испушиме по една цигара и потоа ќе продолжиме. Само немојте да се растурате далеку и да не се испомешате со другите групи.

По паузата, инструкторот ја расклопи и ја склопи пушката, а посебно а внимание обрна на отворачот, притоа велејќи:

- Сите треба да запамтите дека ако не знаеш сам да ја растуриш и да ја наместиш пушката и нејзините делови, особено отворачот, тогаш некој друг, а тој може да биде само непријателот, ќе те растури, ќе те намести. Разбра? И дење и ноќе и под снег и под дожд и по виулица и магла треба да знаеш да ја растуриш и да ја наместиш пушката... Да... И уште ова, што многу, многу е важно. Пушката треба да е чиста секогаш... душата - вели гласно инструкторот - може да ти е нечиста, ама пушката, мора да е чиста? Зошто? - прашува тој и наоколу коси со погледот. И како да не е доволно веќе поставеното прашање, тој повторува: - каква треба да е пушката?

- Чиста... - одговорија неколку гласови.

- А зошто?

- За да прави валканата работа... - рече Циљка.

- Така е - се спушнаа гласови на одобрување.

- Валкана работа не прави пушката, туку главата во која серојат валкани мисли. Пушката е алат, повторувам, како што е мистријата, чеканот, лопатата... Ќе речеш чекан и ќе помислиш... што ќе помислиш?

- Дека со него треба да удриш по нешто или некого...

- Ќе речеш лопата и што ќе помислиш?

- Дека треба да копаш ров или да закопаш некого...

- Ќе речеш мистрија и што ќе помислиш?

- Дека со неа треба да го израмниш ипи да го измазниш, да launched, тоа што не сакаш да се гледа...

- Ќе речеш пушка и што ќе помислиш? - инструкторот не слушна одговор. Се загледа во лицата на слушателите и во себеси рече: - Кај оваа селска збирштина која мириса на буниште, нема ништо, ама ништо револуционерно. - Што ќе помислиш кога ќе речеш пушка? Кажи, ти.

- Не знам...

- Не знам, не знам... Постојано го слушам тој ваш простачки збор. Не знам! И ти ли не знаеш?

- Знам.

- Па тогаш кажи!

-Ќе помислиш дека пушката треба да е подмачкана и чиста и секогаш готова за стрелање... во човек, нели, готова за убивање... Неа, пустата, во раце или на рамо ја носиш или преку рамо, па дури и како стап ако ја носиш, таа секогаш ја прави истата валкана работа: убива и толку. И уште - во раце ли ја држиш - смрт држиш, на скут ли ја држиш - смрт на скут држиш, на колена ли ја држиш - смрт на колена држиш, низ нејзината цевка ли ќе погледнеш - смрт ќе видиш. Низ нишан ќе ѕирнеш - смрт ѕиркаш. Чиста или нечисга пушка секогаш е рамна на нечиста работа, валкана мисла, валкан видик, валкана совест, валкана душа...

- Ти така мислиш! - му се вдаде инструкторот. – Ама секогаш да знаеш дека пушката треба да ја чистиш ... да болска од чистота. Ниту прашинка, ниту влакно врз неа да нема. Можеш да си

валкан, нечист, неиспран, значи да имаш нечиста кошула, нечисти чорапи, нозете да ти смрдат, од мишките реа да испарува, лицето да ти е валкано, цел да си валкан, на буниште да личиш, ама пушката, е, пушката, братко, задолжително секогаш мора да е чиста. Таа, значи, пушката мора да е твое лице, твое огледало. Во неа да си го гледаш валканото лице, во неа да си ја гледаш муцката валкана, сурлата да си ја гледаш во неа, разбра или не разбра, а?! А можеш да бидеш толку нечист и валкан, што околу теберојови муви да се збираат, ама пушката да ти е чиста! Разбра или не? -Во деновите кога се пука првпат слушнаа такво викање. Тие, кои беа поблиску, тој ги испрска со плунка. -Ајде, кажи ти - тој покажа на Циљка. - Кажи.

- Јас ли? - таа стави рака на гради.

- Да, да, ти... дојди.

Циљка застана покрај него.

- Кога ќе речеш пушка, што ќе помислиш? - Тој со стапчето што го држи во левата рака покажа на пушката.

- Не знам... - подигна раменици.

- Не знаеш?

- Не знам...

- А зошто не знаеш?

- Па - живна Циљка - јас знам да плетам, да готвам, да предам, да молзам и да правам урда и сирење... па, знам скоро се што се прави на село...

- Одлично... - рече тој развлечено, а Циљка се почувствува како да е пофалена пред сите. -Ајде - И се обрати инструкторот- земи ја пушката...

Таа се поттргна настрана, а во очите и се појави страв

- Не, не можам...

- Што?! - вчудовидено подвикна инструкторот. Тој се загледа во нејзините очи полни со страв. - Зарем ти се плашиш.? Страв ти е?

Долната усна и трепери. Таа закова очи во стапчето кое тој ту го подига ту го спушта. Пред себе, до мевот, таа стегна скрстени дланки, наеднаш отстапи за чекор и рацете ги сокри зад половината. Во очите и завирија солзи. За миг и се пристори дека во маглината го гледа даскалот...

Старешината ја повика Циљка и со остар тон и рече:

- Инструкторот ми се пожали дека си му рекла оти пушката прави валкана работа. Така ли си му рекла, а? Мојот претпоставен ме укори и ми нареди да те казнам. И јас ќе те казнам. Утре до пладне, наместо да одиш на занимања, патеките ќе ги чистиш од лисјето...

Есен е. Пожолте листот. Небото поприми боја на челик. Последна воздишка на ѓупското лето. Топло и златно е планинското пладне. Без престан капат лисјето врз земјанките, ги полнат патеките меѓу нив. Се откинува листот и мислиш право в дланка ќе ти падне, а додека го чекаш, поддувнува ветер, го разигрува и префрлува меѓу земјанките, на патеките. Со метла направена од гранки, Циљка ги мети патеките и кога стигнува до крајот, се свртува. Патеката послана со лисја - како да не е метено. А тој, со тешката чизма удира на младите стебла, се смешка.

Веќе цел месец се во влажните земјанки. Скоро навикнаа да дремат со полуотворени очи - седејќи, клечејќи, навалена една до друга. Од трчање и влечење во шумата и ливадите, лактовите и стапалата им се голи, искинати фустаните. Скоро секој ден исто и исто, како удирање со две стапчиња на барабанче. Од утро до вечер. Ако нема вежби, тогаш предавања, песни, оро. Исти пароли, исти зборови, многу зборови, кои умот го хранат со верба и со омраза; исто и се исто и така катаден за да се

врежи длабоко во свеста и тоа така за да се избрише потсвеста. Во мозокот мора да е само тоа што го зборуваат комесарите, партиските секретари, инструкторите. Ниту еден миг да немаат слободно време. Ако го имаат, тогаш ќе мислат и ќе размислуваат за дома, за најблиските, а тоа најмалку е потребно за калење на борбениот дух. Само кога доаѓа мракот, кога се прибираат во земјанките, кога високо мижуркаат ројовите ѕвезди, секоја сака да украде од времето и пред да ја совлада дремеж, со мислата да полета дома... Најмногу тагуваат во мракот... А Тој, пак, Митре, во соседната земјанка кашла та само кашла. Старешината го поучува да не кашла и му вели:

- Каков борец ќе бидеш, бре ти, кој само ми куфкаш, та ми куфкаш... Сон си немаат луѓето од тоа твое куфкање... Како, бре, ќе се доближиме до противничките ровови и бункери со тоа твое куфкање?

Митре заостанува во трчање, во влечење, во маршот. Мора некој да го подржува под мишки. Нека е таков - пополнува број... Му се пожалија на командантот, а тој се налути и врати:

- Во моите единици јас не гледам криви, ниту болни, ниту сакати, ниту слепи, ниту офтикосани. Така и јавив на повисоката команда и ме пофалија. А сега сакате да јавам дека имам болни? Немам! На повисоката команда уште и јавив дека вие имате голем борбен дух и верба во нашата борба, ама немате облека, чевел и дека лебот не ви е доволен, ама поради ова вие воопшто не се жалите. И знаете што ми рекоа? Ми рекоа: браво! Така те сакаме. Тие таму горе признаваат само ако имаш борбен дух и верба... Толку...

Тој се врати во својата земјанка, од офицерската чанта извади испишана хартија И тивко го чита упатството:

“До командантите, партиските секретари и политичките комесари на одреди. Заради зголемување на борбениот дух на борците да не им се остава слободно време. Тие постојано треба да бидат зафатени со занимања и вежби, а потоа со чистење на оружјето (какво оружје си вели во себе, кога го немаат) со колективен разговор, колективно читање, пеење и играње оро.

Да не останувaат сами зашто тогаш ќе почнуваат да мислат за работи кои се поврзуваат со создавањето на борбениот дух и нивната подготовка за идните победоносни борби. А борец или војник кој самостојно мисли, тој не е борец и војник. Војникот не смее да мисли. Негово е да извршува наредби. Им остана ли слободно време, тогаш не само ќе мислат, ами и ќе размислуваат, ќе оценуваат и проценуваат, ќе судат и расудуваат. И тогаш се појавува недисциплината. И други работи. Ако нема што да се работи освен тоа што погоре е наведено, тогаш да се мијат, да се бањаат во трапот, да се чистат. Се да се прави и да биде колективно. И кај нив да се создава колективно чувство на храброст, смелост, решителност, самопожртвуваност...”.

Остро ѕвонење на телефонот. Прекина. Упатството го стави настрана и ја заврти рачката на апаратот.

- Командно место на полигонот за обука...

- Јас сум, вториот... Рапортирај каква е состојбата и дали се одвива се според планот. Ми треба пополнување.

- Со вежбите завршивме. Остана да ги облечеме и да ги наоружаме...

- Добро. Утре ќе добиеш план за нивен распоред по единиците. Облека и оружје ќе добијат во единиците во кои ќе бидат распоредени. Има ли уште нешто?

- Имам дваесетина девојки кои се куци и осум со исчанчени колкови. Бројот на болните е зголемен. Лекар не дојде да ги прегледа. Што да правам со куците? Тие не се способни ни за одење, а камо ли за трчање и маршеви...Да ги вратам дома?

- Што? Да не си полудел?! Па тоа е цел вод. Чекај да се посоветувам. - Шиштење во слушалката. - Еве сум. Ние тука се посоветувавме и одлучивме куците девојки уште денес да ги пратиш во главната болница. Таму за нив има работа. Перење, чистење, бришење, ете борбена задача за нив. Со време ќе научат да се грижат и за ранетите. Јасно? Тоа е се!

Долг митралески рафал. Над земјанките - свиреж на куршуми. Овојпат девојкпте и момчињата не истрчаа надвор. Стравот го совладаа...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 2

Ѓорѓевица се подигна на лактот и наслушкува. Стана и погледна низ прозорчето. Надвор - мракот се топи, надоаѓа сивило. Тропањето, сега посилно, се повтори. Таа се врати во постелата и го разбуди мажот.

- Стопану, стопану, станувај. Некој тропа на порта.

Горѓи брзо се облече и слезе во дворот. Застана пред залостената порта. Без да праша кој е, го подигна лостот, отвори. Пред него двајца вооружени млади мажи и зад нив Кузе.

- Ти ли си Ѓорѓи? Ѓорѓи Петковски?

- Јас. Што ви треба?

- Да, тој е, тој е - рече Кузе и се помести настрана.

- Појди со нас.

- Каде?

- Ќе дознаеш.

Во црквата, веднаш до влезната врата три жени и еден маж од селото. Потаму, седнати близу олтарот - дваесетина мажи и жени. Нив не ги познава. По еден час дојде маж со валкани чизми, облечен во офицерска униформа, опашан со ремени, на едниот колк пиштол, на другиот кожена чанта. Од чантата извади тетратка и редум еден по еден ги запиша со име и презиме, година и место на раѓање, татково и мајкино име и со каков имот располага.

- А сега ќе кажам зошто сте тука. Ете зошто. Вашите синови и ќерки ја напуштија нашата борба и отидоа кај непријателот. Значи дезертираа. Атоа е казниво. Ако нив би ги фатиле, тогаш според воениот закон, би ги стрелале. Имаме закон според кој на тие што дезертираат им се одзема целиот недвижен и движен

имот. Значи куќа, стока и друго... И не само тоа. Вие ќе бидете одведени и таму кадешто ќе ве однесеме, ќе одговарате за предавнпчкиот чин на вашите синови. Сите ваши одговори и објаснувања ќе ги слушнеме таму каде што ќе ве одведеме. Поаѓаме.

Ѓорѓи се вкочани. И за цело време, целиот ден и ноќе, додека патуваат, се истото и само тоа прашање му се врти в глава и постојано со изненадување и мачна вчудовиденост, го повторува и преповторува: зарем неговиот Васил, кој меѓу првите ја нарами пушката и со себе поведе и други, дезертирал? Да поверува? Не, не, тоа мора да е лага, мора некој да му ја залепил оваа клевета.

Кога колоната го напушти селото, Кузе без да тропне, влезе во куќата на Ѓорѓи. Во големата одаја нема никого. Со обете раце го подигна големото дебело црвено веленце, на око го измери, го израмни со дланката. Потоа го подигна капакот од големиот сандак, поставен во ќошот. Полн е со алишта. Се сврте и викна:

-Ѓорѓевице, о Ѓорѓевице! -викна,

- О! - се слушна глас од дворот.

Кузе излезе на чардак и рече:

- Дојди, Ѓорѓевице, дојди да ти кажам.

Ѓорѓевица му подаде рака и го внесе во одајата.

- Седни. Кажи, Кузе, што имаш да кажеш...

- Па, Ѓорѓевице, како да кажам... Не ми е лесно. Знаеш, денес Ѓорѓи го одведоа...

- Што?! Кој го одведе, бре Кузе?

- Па, тие, тие од народната власт. И него и неколку други од околните села...

- А зошто, бре Кузе, го одведоа и каде?

- Па како да ти кажам, Ѓорѓевице... Не знам колку е вистина, ама се слушна и тоа стигна до народната власт, дека Васил ваш, дезертирал, значи избегал и...

- Што?!! - викна Ѓорѓевица, фаќајќu се за глава. Васил наш да избегал? Кому ли таква лоша клевета му излезе од уста, а?

- И - продолжи Кузе - тие од горе рекоа дека со тоа се покажа дека е народен непријател и затоа народната власт го одведе Ѓорѓи во народниот затвор во Преспа...

- Што?!!! Васил мој народен непријател? Па ти, бре Кузе, знаеш дека во оваа куќа се собирала целата селска младина, дека тука Васил мој им кажуваше...

- Да, знам... им кажуваше за Македонија... за слободна Македонија, што е спротивно на тоа што вели нашата партија...

- Да ти се мочам во партијата, бре Кузе! Васил мој непријател, Ѓорѓи мој во затвор! Еј, бре шутковци, зарем заборавивте дека два сина сме дале за слободата, а? Заборавивте ли?

- Ѓорѓевице не викај. Некој ќе те слушни и ете ти го лошото. Јас ти ја разбирам маката... Никој подобро од мене нема да разбере. И мене тоа ме боли. И јас во тоа не верувам... Туку да ти кажам дека на сите што избегаа, значи дезертираа, народната власт им го зема имотот. Се. И куќа и покуќнина и стока. Дојдов да ти кажам што можеш нешто да скриеш, скриј, пред да дојдат. А ако имаш нешто вредно, на пример пари, некоја лира или наполеон, накит, нешто од пљачките, покривачите, веленцињата, чинии и лажици, дај ми ги мене, јас ќе ти ги чувам... И кога ќе протече лошото и Ѓорѓи твој ќе се врати жив-здрав, јас, на, жими Крстот и Богородица, се колнам во Бога и во дечките мои, се на број ќе вратам. Мене нема да ме гибаат зашто, како што знаеш јас сум во селскиот народен одбор... Побрзај, Ѓорѓевице, собери се што ти кажав и дај ми го да ти го чувам... Е, толку од мене. И не кажувај никому. Јас од сесрце сакам да ти помогнам и вредното што го имаш да ти го чувам...

Вечер, по виделина ќе дојдам. Слушнав дека утре ќе дојдат да направат попис и се ќе однесат... - Кузе полека се исправи, направи жалосен израз на лицето, длабоко воздивна и појде да излезе. Се сврте и рече: -А најдобро ќе биде, додека не се смири работата, ти да одиш кај некои твои роднини во Косинец или Смрдеш. Што подалеку од туѓите очи, толку подобро. Остани со здравје и размисли за тоа што ти реков...

Квечерината Кузе затропа и, не чекајќи одговор, влезе.

- И што одлучи, Ѓорѓевице? Ако мислиш дека не ти треба мојата помош, тогаш да си одам. Куќата на Лабро веќе ја испразнија. Копаат дури под темелите и во дворот. Мислат дека нешто е скриено. Утре ќе дојдат кај тебе...

-Ами, бре Кузе, тешко ми е да одлучам без Ѓорѓи. Туку штом него го нема, да ти дадам нешто на чување, ама пред сведок.

- Пред сведок велиш? Ами кој е тој на кој ќе му поверуваш во овие матни времиња? Зарем не ти е доволен мојот збор, мојата заклетва пред Богородица? Прај што ќе правиш, зашто и сега можат да дојдат.

Ѓорѓевица гледа во лицето на Кузе, ги мерка неговите очи слични на гладно прасе, прекрстува раце, мисли, воздивнува. Рече:

- Кузе, клекни пред иконата на Богородица и заколни се дека се што ќе ти доверам, ќе ми вратиш.

Тој стана, клекна пред иконата, трипати се прекрсти, велејќи:

- Пред тебе, мила и милосрдна Богородице се колнам дека се што ќе ми довери Ѓорѓевица, ќе вратам. Ако тоа не го сторам, да ослепам и да онемам, рацете да ми се исушат, сакат да останам... Амин!...

Ѓорѓевица слезе во келарот и од таму се врати, носејќи мала дрвена кутија. Крстејќи се го запали масленичето пред иконата.

- Ете, Кузе, пред Господ и Богородица ти давам... – ја отвори кутијата и почна да брои: сто и дваесет и две лири, седумдесет и осум наполеони, три златни белезгии, три златни шердани, четири сребрени пафти, еден сребрен колан, шест златни прстени... Дојди подоцна да земеш едно три веленцињa и некој покривач... Еве, да ги вратам во кутијата. Добро да ја скриеш и кога ќе одмине лошото, се да ми вратиш...

- Без гајле, Ѓорѓевице. Како што е речено пред Господ и пред Богородица, така ќе биде сторено...

Ѓорѓевице не ја преспа ноќта. Ја гризеше мислата за судбината на Ѓорѓи и големиот сомнеж за искреноста на Кузе. Стана во мугрите. Се врти по куќи, мисли, размислува и сенешто и шепоти дека погреши.

- Не - си рече. - Погрешив. Одам да си ги вратам работите... - Слезе во дворот, ја одлости портата и пред да го пречекори прагот, виде петмина вооружени и меѓу нив Кузе и Лазо.

- Ние сме од народната власт - рече едниот од нив. - Во присуство на претставници на селскиот народен одбор, како сведоци, другарите Лазо и Кузе, заради дезертерство на вашиот син Васил, во корист на народната власт ви ја одземаме куќата и целиот друг имот...

На полноќ стигнаа во Дреново. Ги затворија во една одаја полна со луѓе. На подот слама. Ѓорѓи изморен од целодневното пешачење легна, ама сонот не му доаѓа. Сомнежот е преголем за да може да го совлада. Не верува дека неговиот син дезертира. Зарем тој, кој ја поучуваше селската младина дека настана мигот во кој сите треба да излезат во планина и да се борат за слободата на Македонија, тој да дезертира? Тој, кој беше врската со оние кои доаѓаа од слободна Македонија, како што велеше Васил, да пребегне? За тоа што тој правеше знаеја и селските шпиуни и кодоши, кои по првите партизански истрели се сокрија во Костур и уште повеќе го накодошија.

Се раздени. Од кај Бела Вода огреа сонцето и бела светлина го покри Дреново. И двете езера кои се гледаат од малото

прозорче. Ѓорѓи го отвори прозорчето. Пред него две езера и наоколу се до каде стигнува погледот - планини. Вратата од одајата се отвори и двајца постари мажи до прагот оставија котел и мала кошница со црн леб.

- Пак истата помија и истиот ‘ржен леб без сол. Ајде, луѓе, сипајте и јадете. Без пари е. Од народната власт - рече еден и плукна настрана.

По половина час Ѓорѓи го викнаа на сослушување.

- Седни! - покажувајќи на столот, со тон на наредба рече мажот облечен во воена униформа. - Јас сум иследник - рече на грчки - и со мене ќе работиш се додека не ја разјасниме целата работа за која тука си доведен. Име, презиме, татково и мајчино име, ден и место на раѓање - прашува иследникот и гледа во една тетратка.

Ѓорѓи одговарајќи на прашањата, се загледа во ѕидот. Беше испрскан со крв. Се стресе. Гледа и му се присторува дека крвта почна да тече.

- Знаеш ли зошто си тука?

- Не.

- Ќе дознаеш! Сите кои тука се доведени, се родители на дезертери. И ти си родител на дезертер. Како се вика син ти?

- Васил.

- Во кој одред и каде служи?

- За тоа никогаш никој не ми кажа. Еднаш едни ми рекоа дека тоа е тајна и никогаш да не прашувам. И не сум прашувал.

- Така треба. - Иследникот, сега со посмирен тон, му подаде испишана хартија и му рече да се потпише.

- Што е ова?

- Прочитај и потпиши.

- Извини, ама јас слабо читам. Скоро не го знам грчкото писмо...

- Што?!!! Зарем триесет години од ослободувањето на македонија од страна на Грција не ти беа доволни да научиш да читаш?

- Јас знам да читам ама латинско писмо.

- Што?

Латинско писмо, реков. Јас од Америка се вратив пред девет години. Токму во предвечерието на војната со Италија. Таму, во Америка, учев вечерно школо. Работев во една фирма чиј сопственик беше Италијанец и тој не сакаше да има неписмени работници. Сите кои работевме кај него, не спотера да учиме. А грчко школо не сум учел, извинете...

- Добро. Не е важно. Потпиши...

- Па, кажете ми што пишува.

Иследникот стана, му пријде одзади, го фати за глава и со сета сила почна да му го удира лицето од масата. Го исправи, го сврте кон себе и тупаница го погоди меѓу очи. Не успеа да се соземе и почувствува нови удари по лице, по врат, по стомак. Се залула, потупа со нозете, се обидува да се брани со раце, ама попусто. Падна. Иследникот се врати на своето место. Ѓорѓи се созеде, полека стана и се исправи. Крв тече од носот и од расечената усна. Ја избриша со рака, а потоа направи неколку движења со долната вилица, захрчи и во дланката исплука два заба...

Сослушувањето заврши. Го одведоа во одајата. Двајца постари мажи седат на сламата до ќошот. Станаа и му помогнаа да седне.

- Како помина? - праша едниот.

- Зарем не се гледа?

- Се гледа. И ние поминавме така...

- Да... - одолговлечено рече другиот. - Јас од Грците во нивните затвори и суви острови повеќе ќотек сум добил отколку леб и вода. Тепаа тие, ама на овие не им се рамни... Па-па-па... Госпу да чува и да брани... А велат дека е наша, народна власт, де... - Тој се прекрсти и повтори:

- Госпу да чува и да брани...

- А другите каде се? - праша Ѓорѓи.

-На работа. Онаму, во планината копаат тунели. Магазини ќе прават...

- А вие, зошто не сте на работа?

- Ние? Ние го одболуваме ќотекот - рече постариот и ја подигна кошулата. Плеќите му беа модри. Ги запрета пачовиците. Крв под кожа. –А да не ти го покажам газот...

Седна до ниб, закатанчи уста и, молчејќи си го спомна разговорот што неодамна го водеше со својот најблизок сосед, дедото Киро. Седеа крај софра и, пиејќи црвено вино, разговараа за новата, народната власт. Дедо Киро, откако со чкорче го запали чибукот, праша:

- Што мислиш, каква ли ќе биде новата власт? Кој ли ќе биде? Кузе или Лазо? Тие ли ќе бидат народната власт. Онаа, поранешната ја почитувавме од страв. Дали новата ќе казнува, ќе наредува, ќе суди, ќе бара и ќе осудува? И знаеш, Ѓорѓи, ако некогаш добиеш ќотек од сопствената власт, тогаш тој многу повеќе ќе боли, зашто пред се ќе биде голема навреда зашто ти си ја наранил со својот леб, си ја стоплил во твојата постела... И замисли таа да те бие по муцка, да ти пцуе мајка, сестра и жена и сите светии...

Така зборуваа пред некое време и така се случи во ова време...

По една недела истиот иследник му рече на Ѓорѓи:

- Проверивме. Твојот син служи во бригадата на Јанулис. Имаме информации дека во битката за Гревена храбро се бореше и за покажаната храброст е унапреден во водник. Честитам. Сега тој командува со вод. И ако и натаму така храбро се бори, сигурно ќе стигне и до повисок офицерски чин... Слободен си и уште сега, веднаш, можеш да си одиш дома. Ете ти пропусница... А виновникот за оваа лоша информација што ја добивме, барај го меѓу твоите селани. Оди...

Никој не го испрати се до излезот од селото - затвор. Оди пругоре и зад себе не погледнува. Стигна до Превалот. Тука го застана патрола.

- За каде, стрико? - го праша младо вооружено момче.

- Си одам дома, синко...

- А пропусница имаш?

Ѓорѓи пикна рака в пазува и му ја подаде хартијата.

- Добро. А со кого си се тепал? Лицето и носот ти се како...

- Не сум се тепал... ме тепаа...

- Аха, во Дреново, значи, ти го береле умот, а?

Не одговори. Премолча.

- А за на кај Брезница, десно или лево? - праша.

-Десно, само десно. А пусулчето чувај го како очите. Ако го изгубиш пак ќе се најдеш во Дреново или во некој ендек. Времето е воено и лесно се губи и глава - го предупредија.

Појде. Патот, се до Брезница е полн со коњи и мазги. Петнаесет, шеснаесетгодишни девојки и момчиња и постари жени и мажи, стојат покрај добитокот. Не виде ниту една мома или момче да се повисоки од неговото рамо. Си спомна дека во селото не ги мобилизираа ниските моми. Велеа дека се мали, нека почекаат малку, да пораснат вела некоја педа, та и нив ќе ги соберат. Долга е колоната и полека се движи напред. Вооружени мажи се појавуваат на патот, земаат по два-три коња и мазги и по извесно време ги враќаат товарени со сандаци. За да не биде задржуван од патролите, тој се придружи на колоната товарен добиток. Надвор од Смрдеш, во ширната дабова шума, колоната застана. Предводникот, со шмајзер на рамо, нареди никој да не се движи. Ѓорѓи помисли да го продолжи патот, но сфати дека за него е побезбедно да се држи до колоната. Квечерината предводникот даде наредба да се потера товарениот добиток. Мракот се згустува. Горе, на Мали Мади, одекнуваат татнежи. Долги, далечни митралески рафали. Чекори покрај колоната и се уште не може да поверува дека е слободен и дека си оди дома. И не го напушта прашањето за тоа, кој ли можеше да го наклевети. И не само тоа. Неговите мисли го враќаат назад, во неговите млади години, во други светови. Се сопна. Исчезнаа далечните спомени. Колоната сврте десно. Тој остана на правливиот пат и се додека покрај него не помина и последното товарено добиче, не мрдна. Тишината што завладеа ја раскина далечно биење на камбана. Лошо претчувство внесе во неговите мисли тоа ноќно биење на камбаната.

- На умрено бие - рече и забрзано зачекори. - Кој ли од селаните се упокои? - мисли гласно. Почна да ги брои оние кои се постари од него и болните. - Сигурно треба да е некој кој умрел во селото зашто камбаната, барем досега, никогаш не биеше за тие кои погинаа на боиштата - мисли и се прашува. Биењето на камбаната зачести. - Сега бие на погреб - рече и забрза чекор. Му се чини дека оди полека, дека е прикован за земја. Грлото го запече, се повеќе го обзема загриженоста и некаков таинствен страв. Камбаната продолжува да бие. Ветерот го носи нејзиниот тажен одзвук и мракот го изсполнува со морничавост. И одеднаш го пресече прашање: зошто, пак, ноќе погреб?

Поддувна ветер и Ѓорѓи почувствува мирис на изгоретина. Си рече во себе: “Изгледа го бомбардираа и го изгореа селото”.

Изгоревите и полуурнати куќи при влезот од селото, во бледата светлина на месечината, кај него предизвикаа страв и ужас. Омалаксаност во колената и болка во градниот кош. Расплакана жена во одминати години, излезе од пожариштето и кога пред себе го виде Ѓорѓи, застана како омелушена. Секна плачот во нејзината уста. Замавта со раце како да тераше муви и занемена, со рака покажа на гробиштата. Забрза чекор. Кога се најде на десетина чекори далеку од гробот, до неговите уши допре зарипнатиот старечки глас на осумдесетгодишниот поп Васил. Ѓорѓи ги слушна само зборовите “вечнаја памјат” и кога застана сосема близу гробот, виде како луѓето се наведнуваат, трипати земаат шепа земјата и ја врлат во отворениот гроб. Тап удар на земјата врз кивурот. Тој симна капа, кротко поттурна старец кој стои пред него, се наведна, насобра шепа земја и ја фрли во гробот. Се исправи и во мигот кога почна да се крсти, сите опули, занемени и скаменети се заковаа во него. Зад себе тој слушна плач и липање. Старецот, кој стои најблиску до него, извади шамија од џебот и во неа го сокри лицето. Ѓорѓи сврте глава и забележа дека сите се свртени кон него. Стариот поп Васил, му пријде со растреперен чекор, со коскените раце го фати за рамо и со скршен глас му рече:

- Држи се брате и синко Ѓорѓи... - попот не се доискажа. Нешто го стегна за грло, а Ѓорѓи почувствува како му се ежи косата, како ладна пот му потече по чело и лице и нозете веќе не го држат. Поп Васил подигна глава и, давејќи го липтежот в грло, скршено рече: - Ете, ние, ноќе, твојата домаќинка, брате, ја испраќаме... Во липтеж се тресат старечките рамена... Заплакаа собраните и видоа како меѓу прстите на Ѓорѓи, кој со дланките го има покриено избиеното лице, течат солзи. Стои неподвижен и чиниш чека гром од ведро небо да се огласи и да го удри. Веднаш до неговите нозе се уште зјае во мракот големата уста на гробот. Попот им даде знак на оние со лопатите. Ѓорѓи слуша како тропа земјата врз кивурот и веќе не може ниту да заплаче, ниту да изусти збор. Навали лице па купот свежа земја. Пламенчињата од запалените свеќи, треперејќи во лесните повеви на ноќниот ветрец, бледо го засветлуваат оболеното

лице на Ѓорѓи. Пригушнат до гробот, тој молчи и чиниш во молчењето сака да ја најде душата на Ѓорѓевица за да и каже колку му е тешко без неа, колку е несреќен во осамата и колку голема е неговата болка.

Во густежот на стариот даб, скриена меѓу лисјата, со тенок, долг и заripнат глас, заграчи ноќната птица. Месечината одмина дел од својот пат по небото. Врвовите на ридиштата добија боја на пепел. На небото ѕвездите бледо и сонливо намигнуваат, а ветерот ги брка и раскикува сивите облаци и до мугри ги бушави сивата брада на поп Васил и сега побелената коса на Ѓорѓи.

Болката за погибијата на жена си, Ѓорѓи ја одболува во куќата на дедо Киро. Тука најде постела и место покрај софрата. Од неговата куќа останаа само урнатини.

- Тука - му велеше баба Киревица - падна бумбата, а таму ја најдовме... - Таа се прекрсти, запали свеќа. – Тука се врти нејзината душа... - рече покажувајќи на местото кадешто го најдоа мртвото тело.

За покој и смирение на нејзината душа и за долг помен, четириесеттиот ден отидоа на гробишта. Поп Васил отпеа. Каснаа од погачата што ја меси баба Киревица, се напија од виното и пладнето се вратија дома.

Дедото Киро го запали масленичето пред Богородица и, крстејќи се, гласно рече:

- Нека и е лесна земјата и нека почива во мир... Амин...

Ѓорѓи клекна, го погали местото, од Киревица зеде две свеќи, ги запали, ги стави меѓу двата камења и тивко прошепоти:

- Светлина од мене и од синот. Хив е тој...

Се вратија дома. Седнаа пред запаленото огниште. Долго молчење. Го прекина Киро.

- Се само врват и врват. Ноќе врвца патот со товарени коњи и мазги. Се слушаат гласови дека идната година, на пролет, голем бој ќе има на Грамос. Затоа врвца е патот. Велат дека од таму, од кај Преспата, носат и префрлуваат оружје...

- А коњот мој, Киро, што се стори?

- Коњот? Кога те зедоа тебе, утредента го прибраа. Се слушна дека некој од партизанските големци го јава. Велат дека не можеа да го скротат. И мојот го зедоа. Мито Кривиот, ми рече дека го видел товарен со сандаци... Го водат од Преспа до Слимница и обратно...

- Да... - одолговлечено воздивна и рече: - А јас Киро, утревечер ќе заминам...

- Што рече?

- Реков ќе заминам. Ќе им се придружам на луѓето кои за на Грамос ги тераат товарените коњи. Така незабележан ќе стигнам таму. Ќе одам да си го видам детето. Ми рекоа дека е во одредот на Јанулис, кого таму сите го знаат. Само да стигнам до Слимница. Таму ќе знаат каде е Јанулис. Јас се распрашав. Велат дека тој, Јанулис, со одредот се врти по тамошните села - Јановени, Мирославица, Тухули и влашките села Аетомилица и Грамошта. Таму ќе го најдам...

- Да не сакаш да си играш со главата? - предупредувачки забележа Киро.

- Јас одлучив и нема враќање... Кога ќе си го видам детето, ќе ми олесни...

Утредента, на зајдисонце, Ѓорѓи нарами торба во која Киревица му стави два пешника леб, сирење и неколку глави кромид и излезе надвор од селото. Знае каде поминува колоната. Неколкупати има одено таму. Чека. Пред полноќ покрај него поминаа двајца со автомати и по кусо време се слушна шлапање на коњски копита. Пропушти дваесетина товарени добитоци п

незабележан влезе во колоната, фаќајќи еден коњ за узда. Во мракот никој не го виде.

На разден го прегазија селото Калевишта и пред пладнето стигнаа во Пиљкати. Краток одмор и по тесниот дрвен мост ја преминаа надојдената и матна Бистрица, Застанаа на лединка. Им рекоа да чекаат, а товарените коњи и мазги ги втераа во боровата шума. Тука ги растоварија и ги вратија. По истиот пат пладнето стигнаа во Калевишта. Ги распоредија по куќи и им рекоа да почиваат до квечерина. Ѓорѓи и педесетина мажи на негова возраст, ги одделија и ги сместија во училиштето. Им рекоа дека има наредба да останат. Пред зајдисонце, по истиот пат, колоната тргна за Преспа.

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 3

Во земјанката - мирис на влага, машка пот и неprани алишта. Испомешани и стуткани еден до друг, на вреќи наполнети со лисја, седат членовите на анкетната комисија на Обединетите нации и десетина припадници на Демократската армија на Грција. Меѓу нив и еден американски новинар со свој преведувач. Од кандилото обесено во ќошот, врз нивните лица паѓа бледа светлина. Остриот чад од цигарите свиткани од дебело дробен тутун истиснува солзи и тера на кашлање.

- Другарп борци - почна политичкиот комесар - господата се дојдени од Њујорк, од Обединетите нации. Тие гп испитуваат причините за борбата што ја водиме. Се разбира во Атина им изнарекоа триста глупости, меѓу кои и тоа дека војната во Грција е пренесена од надвор, поточно од Југославија и Албанија. Ние, како што знаете се борише за демократија и мир во земјата, а најмногу против англоамериканскиот империјализам. Знаете дека со интервенцијата на Англичаните во Атина и со потпишувањето на Договорот во Варкиза кога ЕЛАС мораше да го предаде оружјето, грчката реакција го почна белиот терор и прогот на демократите. Главно овие се причините за војната и тоа треба да им го кажете на господата.

Комесарот повлече од цигарата, испушти густа врвца чад и, обраќајќи им се на членовите на анкетната комисија рече:

- Господо, борците ви стојат на располагање. Ве уверувам дека ништо нема да кријат и ќе ја кажуваат вистината и само вистината. За да не се добие впечаток дека јас врз нив вршам некаков притисок, на разговорот нема да бидам присутен цело време.

Тој поздрави војнички и излезе.

Во земјанката завладеа тишина. Молчат и пушат.

- И велиш - му се обрати Боливиецот на еден од партизаните - дека ниту од Албанија, а уште помалку од Југославија не

добивате оружје и храна и дека тие две држави воопшто не се замешани во оваа војна?...

- Јас ли? Па јас ништо не реков. Ама ако мене ме прашуваш, тогаш јас ќе ти кажам, дека тоа што ти го рече за Југославија и Албанија е лага. Ова го тврдам, бидејќи не видов. Зошто толку многу сте запнале околу Албанија и Југославија, а не прашувате зошто излеговме в планина?

- Грчката влада во Атина тврди дека војната тука ја пренесоа соседите на Грција - Албанија и Југославија. Нас не интересира дали Албанија и Југославија ви даваат оружје, храна, облека...

- Што? Зарем не гледаш дека пушките и автоматите ни се стари англиски и германски? Зарем не гледаш дека сме парталковци? Храна? Храна, пријателе, имаме толку колку што ни даваат селаните... нашите селани...

- А јас тебе нешто да те прашам... - се огласи некој од ќошот.

- Прашај слободно, ама дојди поблиску - рече Боливиецот.

- Рековте дека сте дошле од Америка. Така ли?

- Од Њујорк...

- Нека е од Њујорк... Некои велат дека таму во Њујорк, каде што се берат големците, донеле некое решение да ги иселат Македонците од нивните места. Дали тоа е вистина?

- А бре зошто го прашуваш него?!!! Мене прашај ме. Еве вака му доаѓа работата според тоа како што мене ми сечи умот. А мене вака ми сечи умот. Ако решат да ги иселат, тогаш ќе ги иселат. Ако решат да не ги иселат, тогаш нема да ги иселат. И уште вака ми сечи умот. Денес ако решат да ги иселат, утре можат да решат да ги доселат, значи да ги вратат. Па уште и вака ми сечи умот: најдобро е да гинат, а уште подобро да изгинат сите, а ако не, тогаш тоа што ќе успее да опстане живо во планињето, само ќе пребегне во мајчината... А тоа, пак, што ќе остане тука, ќе мора да потпише дека ќе биде послушно и

верно и тогаш ќе почне едно - крц, крц, крц... Ме разбра? А ако му се роди дете, како да нему се роди, зашто ќе му го одродат. Ме разбра? Лајна ме разбра! Ако ние би имале толку разбирање од нештата и текнување за нештата, мислиш ќе правевме така, како што ни велеа и велат? Нели ти ми рече дека таму, отаде, имаш брат, значи војник на владината војска. И се биеш со него...А знаеш ли ти од кога ние тука во нашите места и ширум Македонијата еден со друг си ги ваѓаме очите? Мислиш дека тоа нам ни текна? Не! Тоа му текна на некој друг. Ете за пример. Дојдоа Италијанците и ни рекоа: сега ние ве ослободивме и можете слободно да си зборувате на вашиот јазик, да си пеете и да си играте. Нема да ви браниме. Ама нема и да ве браниме... Вие сами треба да се браните. А за да се браните, треба да имате со што. Ама немате. Е, штом немате, можеме ние да ви дадеме. И некои наши безмозговници, рекоа зошто да не. И зедоа пушки. Италијанците не издржа и потпишаа дека наташу не сакаат да водат војна. И си отидоа. И тогаш ете ти го бугарскиот офицер Калчев роден во Костурско. Прошета тој по костурските и некои лерински села и изнаприкажа приказни за тоа дека ние сме биле Бугари, та затоа треба да си го браниме нашето бугараштво. И работата се повтори. Зедоа луѓето пушки, се нарекоа комити. Вистина е, пееја гласно комитски и илинденски песни, ама куршум не фрлија. И што? Германецот си отиде, Гркот воспостави власт и еве ти на затоа што од Италијанците и од Калчев си зел пушка. Соработник, значи, на окупаторот. Кој го јаде ќотекот и Ристос го видел на јаве? Се знае... Попарата ни ја надроби некој друг, а ние, будалаците, сркаме та сркаме од неа... Така не фрлаа и не фрлаат на раздрум. И нас и нив не ставија под исто знаме... само паролите други. Си оравме, бре, си сеевме, празници си празнувавме, бавчи садевме, селските работи си ги гледавме и што ѓавол ли ги спотера, та ургијата - лошотијата им влезе да ни доаѓаат в село та да не тепаат, да не пљачкаат? Едни дојди, други замини и тепање за зборување и тепање за пеење и тепање за име. Мене дури и волот ми го испотепаа. Рече астиномот - удрете и по волот, зашто нимниот вол грцки не рика. Ами како рикаат во Грција воловите и магарињата? Ја викни го политичкиот шо од сите нас заедно знае повеќе, да ни кажи како рикаат воловите и магарињата во Стара Грција, како

што вели тој? Богами, државата претера... Тебе те прашувам - му се обрати на преведувачот - му пренесе ли што реков?

- А ти што ќе речеш ? - му се обрати Боливиецот на оној што седи спроти него.

- Е, сега најде кого да прашаш!

- А зошто да не?

- Затоа што тој пелтечи... Ха-ха-хааа!

- Ако, ако... Кажувај, ама полека и не се возбудувај. Не се возбудувај и зборот ќе ти тече како мед, а ние се ќе забележиме и ќе пренесеме... - го охрабри Боливиецот.

- Јајас пепепелтечам зазатоа што ми го корнра јајазпкот... Сосон и ред ни уништија... Сосонот...

- Овој само за сон зборува...

- Не се смеејте ре бубудалаци!...

- Не се возбудувај, зборувај, полека... продолжи...

- Јаска не зборувам за тој сон ре будалаци, ами за сонот што си сакаме да си бидеме, велам како што се другите... Ние тука сите си се знаеме по нашите имиња и презимиња, а тие ни кладоа некои на - идис, -исис, -лос, со што и местото и сојот ни го испоганија. Надвор ќотекот, понижувањето, стравот... И празниците ни ги уништија. Сакам да речам адетот наш старински и со некои неправославни имиња не тераат да ги крстиме нашите деца, а со тоа не прават да сме туѓи меѓу нас. Те тераат детето да го крстиш Менелаос или Аристидис или Ираклис или чупето Андромахи, Антигони, Персефопи. И никој дома нема да ти влези зашто во семејстовото веќе не се слави именден. А именденот тоа нам ни е домашен празник од памтивек. Илија, Коле, Петре, Јане, Ване, Крсте. Ете тоа се имиња што ги знае нашиот народ, а и другите народи си ги имаат и си ги слават, та им доаѓаат дома гости, се веселат, се

радуваат... Ете, за пример јас... Како што ми кажуваа мајка ми и баба ми, мене сакаа да ме крстат Митре. И отидоа кај попот. А попот ја отвори книгата, преврте неколку листа и рече: - Митре... Митре... Не, не можете со такво име да го крстите детето. - Ами, попе, му вели баба, ние сакаме да си го чуваме името наше... Тоа ни е фамилијарно име. Цели колена си го славиме Митровден... - Знам, рече попот, ама не може... Имавте еднаш еден Митре... Знаете кој... И доста е... - Ама, попе, настојуваше баба, ние сакаме да си го ... - Сиктер од тука, реков, викна попот. - Да си го вратите името на оној комитаџија кого го анатемиса и државата и црквата ? Ако кажете каде сте закопале, тогаш заедно со астиномот ќе размислиме дали така ќе го крстиме... детето. А ако не кажете, тогаш ние по книгата ќе му клајме едно многу убаво и славно име, големо име што ќе се гордеете... - Море, по ѓаволите да одите! - му се истопори баба на попот - со тие ваши погани именишча. Невесто, и рече баба на мајка, да му речиш да кумот да не кандиса друго име, ами само Митре. - Астиномот го викна кумот во куќата на попот и со наредувачки глас му рече: - Ако детето го крстиш Митре, тогаш тебе ќе те прекрстам и на крст ќе ти ја истрижам главата. Детето ќе го крстиш Одисеас. Знаеш ли кој бил Одисеас, а? Кога ќе им речам на моите кои шетаат надвор, среде бел ден на сретсело да ти удрат едно дваесетина стапови по голи плеќи и гол гас, тогаш ќе научиш и цел живот ќе памтиш и на другите ќе им кажуваш. А ти, попе, ако сакаш и натаму да имаш брада, тогаш на сите кумови да им кажеш дека ќе крстат само по оваа книга. Ние не ја ослободивме Македонија за да ги крстите децата со некои таму негрчки имиња. Слободата на Македонија, за која Грција истури реки крв ние ја гледаме и преку искоренувањето на немилозвучните имиња и презимиња, а имињата на шуми, ливади, чешми, патеки, ридови и таканатаму гледајте што поскоро да ги смените со слаткозвучни грчки имиња, зашто во спротивно цела недела сред село мечка оро ќе игра... Мајка и баба не го спомнуваа името Одисеас и дома и надвор ме викаа Мите, Митренце, Митре. А баба ми ме викаше и Прле на баба, затоа што газето не ми држеше и затоа што истиот ден кога јас сум се родил, во ливадата, тетеравејќи се на слабникавите нозе, се залула и по неколку минути потрча младото прле - магаренцето. И јас и тоа растевме здрави. Ми раскажуваше мајка, дека баба

ми ме хранеше со магарешко млеко и така дома си имаа две прлиња. Кога наполнив пет години, на мојот врсник - прлето, му кладоа самар и заедно трчавме на селските магарешки натпревари... Зошто не се смеете, ре будалаци?... Сакам да речам дека сон е тоа што сакаме свои на свое да сме, значи да си имаме свое име и презиме, да си зборуваме и да пееме на свој јазик и поради тоа да не бидеме тепани, осрамотувани и влечени по судови... Мирно да си спиеме без страв дека некој клечи под прозорецот или наслушкува со увото залепено за порта. Тоа тие, како да ти речам... Го гледаш небото полно со ѕвезди и си одбираш една, ја гледаш, ја гледаш и си мислиш дека е само твоја и си мислиш дека ќе ти донесе голема среќа. Зарем поради тоа некој треба да те тепа? Па човек треба своја ѕвезда да си има, како што си има своја икона в црква, да си има своја светлина, како што, ете, ти си имаш своја жена... А бре своја боја да имаш, како што имаш свои очи и да не те тераат да гледаш така, како што сакаат тие, нели? Сонце, светлина и своја боја само сакаме, а тие и затоа не тепаат и најпогрдно не пцујат. Знаете, многу лошо пцујат. Добро, мајка, пцуеме и ние, ама за Богородица во нашиот јазик нема пцовка. А тие најмногу Богородица ја пцујат...Кој бре во светот пцуе Богородица и Христос? Само тие, Грците, а имаат најмногу цркви и попови. Тие кога не тепаат, не тепаат до осакатување, а не до смрт. Умрениот од ќотек ќе го исплачеш, ќе го пстажиш и ќе го закопаш и со времето болката ќе се залечи... ама осакатениот по цел ден го гледаш и по цел деп се плашиш за да не бидеш и ти сакат како него... И така... Кога ќе ми текне, тогаш јазикот ми се здрвува, тучки зборот ми застанува... А бре, толку страв ни пикнаа в жили и во дамарите, што сон дури и сега си немаме... Се туку гледај на кај прозорец, на кај врата, па дури кришум погледнуваш и во оџакот, што знаеш, можеби на покрив е качен и од таму навали та начули уво, та слуша што им велат на дечките дедо и баба, што си прикажуваат и што си велат маж со жена в постела... Со прстот на бузите седнувавме крај софра, со прстот на бузите си станувавме од софра. Дали баравме помош? Од кого? Па јас те опитвам, мајката, дали е ова моја татковина? Ако е, тогаш зошто не ме брани, како што ја бранеше татко ми? Имаш ли ти одговор? Немаш? А јас имам одговор, ама повеќе имам страв. А стравот каде тера? В шума. В планина. А шумата и планината ни станаа најдобрите заштитници, ме разбираш ли?

Многу ти кажав ама не знам дали барем малку ме разбра... Ме разбра? Ајде ти, кој преведуваш, прашај го дали ме разбра?...

- Вели дека те разбра.

- И ти и тој лајна разбравте. Кој имал и има за нас разбирање? Многу него го боли нашата болка, нашите маки... Им рекле одите и чепкајте и тие чепкаат, не испрашуваат и распрашуваат, ама не за тоа низ што поминавме и зошто сме тука, туку дали некој од страна се меша... Ех!!!

- А ти, колку години имаш? - му се обрати Боливиецот на оној што седи во ќошот од земјанката.

- Јас ли. Седумнаесет. А зошто?

- Па млад си за војување.

- Ние тука сите сме млади. Меѓу нас нема постар од дваесет години. Еве, Циљка има осумнаесет, а Мита деветнаесет... Овој до мене, Тесалиецот, има дваесет години...

- Сите ли сте комунисти?

- Не. Во нашиот одред нема комунисти.

- А зошто си излегол в планина?

Момчето горко се насмевна и рече:

- Јас имам вујко во Америка. Кога заврши војната со Германците, тој почна да праќа пакети. Во еден од пакетите најдовме црвено палто од чоја. Како да беше порачано за мене. Го носев кога одев да ги пасам овците. Јас бев селско овчарче. Честопати ме пресретнуваа де полицајци де војници и ме испрашуваа дали во шумите има партизани и дали им носам леб.

Им велев дека не знам. Додека зборуваа со мене, ме гледаа намќоречки. Потоа ме тепаа. Со тупаници, со клоци, со стапови.

Кога ги прашував зошто ме тепате, тие ми велеа затоа што носам црвено палто, значи штом носам црвено, сум комунист. Ги спотерав овците на кај селото, палтото го обесив на една врба и му ја спраштив во шумата, кај партизаните.

- Доброволец, значи.

- Аха...

- А од кои места на Грција потекнувате?

- Па скоро сите сме од Македонија. Овој е од Тесалија, а овој од Епир. Во одредот имаме само четворица Грци.

Пладнето членовите на анкетната комисија, еден Полјак, двајца Украинци и еден Боливиец заминаа за Костур. Американскиот новинар со својот преведувач, на половина пат до Костур, сврте лево.

- Не одиме по нив? - праша преведувачот.

- Не. Ќе одиме во ова село - тој со прстот покажа на картата. - Најблиску ни е. А утре во некое друго. Поинтересни ми се разговорите со обичните селани.

Политичкиот комесар, кој одвреме навреме влегуваше во земјанката и внимателно го слушаше разговорот на борците на ДАГ со членовите на анкетната комисија, го построи одредот и, покажувајќи на Јани, рече :

- Зошто, бре ти, си запнал - та куќата, та жената, та децата, та овците, та амбарите, берикетот, пљачкањето, апсаните, судовите, тепањето, стрижењето, пцуењето и што ли уште не? Зошто, бре, не си му рекол дека ние се бориме за национална независност на Грција и против англоамериканскиот империјализам, а?

- Му реков, како не му реков? Се му рекоц другар комесар...

- Му реков, му реков, шипинки си му рекол, ама во тоа што му рече нема ништо идејно, револуционерно. Разбра ли?

- Револуционерно како што разбираш ти, можеби нема, ама тој мене ме праша зошто јас излегов во планините и шумите и јас му кажав...

- Молк! - викна комесарот. - А заклетвата? Заклетвата, песу?! Заклетвата што си ја дал? Заборави ли како гласи? И тебе и сите вас ќе ве потсетам: Јас, чедо на народот на Грција и борец на Демократската армија на Грција, се колнам дека ќе се борам со пушка в рака, ќе ја пролеам мојата крв и ќе го дадам мојот живот за да го истерам од мојата татковина и последниот странски окупатор. За да уништам секаква трага од фашизмот. За да ја обезбедам и бранам националната независност и територијалниот интегритет на мојата татковина. За да ја обезбедам и бранам демократијата, честа, трудот, имотот и напредокот на мојот народ.... Се колнам дека ќе бидам пример на добро однесување кон мојот народ... - Комесарот се засркна, силно се искашла и скоро со зарипнат глас рече: - Еве го крајот на заклетвата што никогаш не смеете да ја заборавите: - дека мој идеал е слободна и демократска Грција, напредокот и среќата на мојот народ и во служба на овој идеал го ставам оружјето и мојот живот...

Џипот со завивање ја фаќа острата угорнина. Кога го превалија ридот и се спуштија прудолу, наидоа на надојдена суводолица. Застанаа. Со стап ја измерија длабочината и одлучија да ја поминат матната. И пак остра угорнина се до првите плевни. Немаат покрив. Изгорени се. Изгорени се и сите куќи се до сретсело. Стои само црквата со урната камбанарија. Камбаната, пукната и со откинато парче и без срце, лежи покрај ѕидот. Застанаа. Слегоа од џипот.

- Се чини дека во селото нема жива душа...- рече новинарот.

- Погледни онаму, чади - покажа преведувачот.

- Одиме да видиме.

Висока авлија ѕидана со камен. Едното крило од дебелата дабова порта искршено со секира. Во дворот висока череша и на самоти врв - гавран. Загледан е некаде пред себе, подига клун и грачи.

- Иш, иш, проклетнику, не коби... - слушнаа женски старечки глас.

Влегоа. Преведувачот поздрави на грчки. Старичката се сврте и исчекувачки ги погледна.

- Не разбира - рече преведувачот и поздрави на македокски: - Добар ден, мајче...

- Добар ден и добро дојдовте, Кои сте вие?

- Јаска - нашинец, а човекот е Американец...

- Американец? Ами шо бара? Шо му треба?

- Можиме да влезиме ?

Старичката им подаде рака и ги внесе дома. Дворот поплочен. Куќата стара, ѕидана со делкан камен. Одајата чиста, а подот послан со шарена рачно ткаена черга. Лево и десно од неа послани дебели црвени веленциња. Во огништето разигран пламен.

- Многу, многу добро и многу пријатно - рече на англиски новинарот. - Прашај ја каде ги купила овие убави црвени килими?

- Шо вели? - праша старичката.

- Вели дека е многу лепо и опитва де и купи веленцињата.

-Ами, бре чендо, сама ги имам ткаено. Само тие ми останаа. Ги имав скриено во друга јама, та... Шо вели?

- Те опитва со кого живееш...

-Јаска? Сама, бре чендо. Од Јановден сум сама. Тогаш по туа помина аскеро, а људјето избегае о шумата. Шо вели?

- Те опитва зошто избегаа во шумата.

- Затоа шо дојде аскеро. Се плаше људјето од аскеро и за тоо таму о шумата се крие. Шо вели?

- Те опитва зошто и ти не избега,

- Ами јаска не стигна да избегам и така си остана сама о селто. Влезе аскеро и ги фати сите патишта. Де да бегам?... Пулиш туа аскер, таму аскер, туа пушки, таму пушки, туа бам, таму бам... де да бегам? Шо вели?

- Те опитва дали имаш некого.

- Јаска? Имам, бре чендо, имам. Два синови и чупа. И дванаесет мнученишча. Шо вели?

- Те опитва каде се.

- Чупата со дечките се крие о шумата. Шо вели?

- Те опитва каде е син ти.

- О Америка...

- О, ја Америка?! - вчудовидено, радосно и со широка насмевка рече новинарот. - Америка, о ја, Америка? - тој не престана да се насмевнува и без престан да се удира по градите . О јес, ја, Америка...

Америка - единствениот збор што сега двајцата го разбраа: тој со радост, а таа со тага и проколнување. За пеа - тоа е синот и снаата и внуките кои ги знае само од многубројните фотографии.

- Америка, Америка, пуста да остане... таму е син ми - рече тивко и низ липтеж. - Син ми, Митре... Шо вели?
- Опитва во кој град живее син ти?

- Ами, не знам, бре чендо... - Замислено смршти веѓи, истри чело, подзамижа очи, аман никако да и текне во кој град живее синот. Таа се поднамести и, полека станувајќи, рече: - Чекај да видам...

Слезе во јамата и од таму се врати носејќи во престилка куп хартии и пликови. Седна на истото место и почна еден по еден да ги отвора пликовите и писмата да ги оддиплува пред очите на двајцата мажи. За миг прекина, се загледа во преведувачот и го праша:

- Знаеш да пееш? - Му подаде плик.

- Тоа писмо не го знам. Да го опитам него. - Тој го зеде пликот, го доближа до очи и му го подаде на Американецот

- О, Детроит!!! - радосно извика тој. - Детроит е мој град! - рече на англиски, а потоа се обиде и на грчки.

- Шо вели?

- Вели дека Детроит е негов град, дека таму е роден, дека таму има куќа и дека му живее фамилијата...

- Ами и син ми там е...Опитај го дали го знае? Шо вели? Не? Не го знае? Е, кажи му, кога ќе си оди о, ка се вели таму де живи?

- Детроит...

- Кога ќе си оди таму о Детроит, кажи му да го побара син ми, Митре. Да се распраша за него, да го најди и да му кажи дека јаска се добро... само, ете, ка шо пулиш, дел од к’шчата ми изгоре, све шо беше дома е испокрадено... Шо вели?

-Ами ти, бре жено, знаеш ли колку голем град е тој Детроит? Како меѓу стотици илјади луѓе, тој ќе го најди син ти? - налутено и подвикна преведувачот.

- Можеби има илјади љјудје, ама нема илјади фурнаџии. Син ми има своја фурна. Кај фурнаџиите нека се распраша. Фурнаџија со фурнаџија се знаат... Шо вели?

- Те опитва од кога син ти е во Детроит?

- Одамна. Кога замина имаше само дваесет години. И кажи му да му кажи на син ми дека и воловојте и овците ми ги звее и дека јаска остана угул сама...шо да правам? Така дојде времето... лошо време... лошо... многу лошо... Белки ќе се смири, па тогаш ќе си се приберат људјето... Шо вели?

- Те опитва да не си видела војска да доаѓа тука од Југославија и од Албанија?

- Шо е тоа?

-Аскер, аскер од Србија и од Албанија да не помина по тука. Тоа те опитва...

- Српски и арнаутски аскер дали дојде тука? Не. А дали сум видела аскер? Сум видела. Кажи му дека јаска виду многу аскер о нашче места... Шо вели?

- Те опитва чиј аскер?

-Ами од дете го памтам турцкио аскер... Сетне, беа нашче, комитите и по востањето гредее по нашче места грцки андари и беа полоши од Турците... Тие сакае со зор да не праве Грци. Колее, палее, тепае, поганее, поткупвае, правее кодоши и шпиуни... Сетне си ојде турцкиот аскер, дојде грцки аскер... По него дојдоа Френците и донесоа чрни. Ете, таму о тој рид имае кладено топои и од таму фрлае таму на таа планина, а чрните сетне пеш одее до таму и се врнвае осакатени. Ами, да знаеш, макарште се чрни, крвта му е чрвена... Дојдое и ангилези и сетне имаше само грцки аскер. Кога удри Италија нашчо место

го биеје со топои и аропланите фрлае бумби. Местото го изорае и го изгорее. Сите нас големците на грцкио аскер не собрае и не кладое ангарија да прајме. Копаме патишча, носеме леб, сандуци со фишеци и бумби... Топојте ги влечеме со волојте... До Морава Планина одеме. Е, таја таму е Морава Планина. А пулиш? Преку неа и понатаму од неа фтаса грцкио аскер. Наши м'жи, кои беа аскерлии и се биеје таму со Италијанците. Ни кажвае дека го поминае Корча град и до Подградец фтасае... Далеку го истерае Италијанецо. Добро, ама не знам шо му би и почна грцкио аскер да се врнва и така дојдоа италијанцки скерлии, а по ними и германцки. И па почна бој о кој многу наши м'жи и деци се биеје со аскеро италијанцки и германцки. И аскер наш, велее, наш аскер направие, ама избегае таму о таа Македонија де имаше многу македонцки аскер... И сетне па дојде грцкио аскер и многу корофилаци кои многу, многу не бувае, а маџирте и клавае да ни праве пљачко... Шо вели?

-Те опитва кој аскер беше подобар?

-Ами, бре чендо, кој чуж аскер е добар? Кога гредее, никој не му рече добредојде. Кога си одее, никој не му рече - па дојте. Само нашите комити си ги чекаме со радост и со солзи и со леб и сол и вино и веленцина под нозе му постелваме... Шо вели?

-Те опитва зошто?

- Зошто? За тоо шо бее наши. Со леб и со вино ги пречекавме и тие со чрвените ризи шо дојдоа од таа Македонија и од радосг плачеме кога ни зборвае македонцки и кога ни пееје македонцки песни. О црква одеме и свешчи палеме и Богородица а молеме да му се врне дома на мајките здрави и живи и се чудеме и, крстејќи се, си велеме: пули, пули, аскерлии и македонцки зборве и пее...Шо вели?
- Те опитва дали кај овие кои сега се по планините и шумите имаш некој твој?

- Имам, чендо, имам... Мнученишча и многу ројнини... Шо вели?

- Те опитва дали им давате храна?

- Како нема да му даш на свој човек? И рана и пљачки му даваме и постела... Ама заш трнае нашите со Грците, ич о глава не ми влевга... Ич не можа да разбера... Опитај го, тој да не знае, а? Шо вели?

- Те опитва дали син ти Митре ти пишува?

- Ами две години по бојо Митре мој пушваше и книги п пари и пакети. Дуќан може да отвора. Половина Костур да облеча и да обуја, ама маџирите - арамии се довлечкаа по аскеро, удрија пљачко да прават. Со казми копаа под темелите, растурија келари, ја најдоа и ја отворија јамата. Дојди да видиш... Све растурија, све испозвее, ама книгите и оставие... Пули туа... Сендуците испокршени, мојте невестински руби изрвани, љуљката о која ми порастее дечките - испокршена и разбојот комати сторен... Е... уф... - тивка, длабока, сподавена тажна и болна воздивка... - Ех... - одново воздивна таа, се прекрсти и потоа скрсти раце на скутот. - Какви радости... какви радости, мои људје, какви радости... - рече - повтори со трогнат глас - какви радости имаше во ова куќа... Три начнувања, три раѓања, толку крштевки, две свадби и безброј гоштевања... Амбарите никогаш празни, а земјата и нас не хранеше и чужите аскери... Две рала волови под јарем, коњ само за на свадби, за на панаѓури и за на пазар; седумдесет брави овци, четириесет брави кози, две крави молзници и двајца измеќари... Ланската година, пролет беше, дојдоа маџирите од населичките села и се шо не скриме под земја - опњачкаа. Да се жалам? Кај кого? Аскер грчки имаше ету таму, ама аскерлиите и нимните големци сеир си правее. По некој ден ојду о Костур, ама со кој ќе се разбериш? Езико не му го знаеш, нем си... И тие шо му го знае езико, се плаше уста да отворе...

Новинарот се наведна и подигна неколку разгледници. На нив се нему познати градови: Детроит, Њујорк, Вашингтоn, Лос Анѓелес и многу други разгледници со делови од градови и споменици по кои се препознава Америка... Долго ја гледа разгледницата со поширок поглед на Детроит. Покажа со прстот на горниот дел и рече на англиски:

- Тука ми е куќата...

- Шо вели?

- Вели дека градот што се гледа на кадрото е негов град и дека таму му е куќата.

- Опитај го кога ќе си оди дома?

- Вели дека по еден месец.

- Речи му да не заборави да го побара син Митре. Нека го бара кај фурнаџиите... Шо вели?

- Опитва дали може да те кадроса?

Старичката се насмевна. Тажна и болна, одвај видлива насмевка. Се згустија брчките на челото и лицето. Се поднамести. Со лесни движења на дланките ја поправи долгата црна малина и врз неа нафрлениот шајак подрабен со црвени реси и мониста. Стана. Се исправи. Стави рака врз чело за да фрли сенка над очи. Левата рака ја стави на колкот, чиниш со старечкото рамо го потпира целиот изминат живот. Долг и молежлив поглед пушти пред себе. Како со остар пет на ластовичка ја пресечува далнината небаре пренесува длабоки, незгасливи и непресушни желби. И така загледана во бескрајот – чека...

- Ами, бре деци, ме фатите со лав и јаска заборај да ве почестам... Имам пекмез од горници. Многу е сладок. На, зевајте, на и вода, пред малку од изворот ја донесов.
На здравје...

Планината отаде шумата пламна во пурпур. Заоѓа сонцето. Студен есенски ветер подувна од север и на черешата и ги откина лисјето и ги разнесе низ селските сокачиња... Со боја на пепел надоаѓа примракот. Старичката го запали кандилото и го стави на равтот над огништето. Масрениче свети пред иконата на Богородица. Разбиен е густиот мрак во одајата. Старичката ја донесе софрата, ја покри со бел пешкир и стави чинија со

сирење и половина погача. Во меѓувреме новинарот од џипот донесе една кутија и од неа извади конзерви и ги стави на софрата. Вечераат молчејќи.

Низ малото пенџерче се гледа жолтата топка на тукуштo огреаната полна месечина. Старичката ги собра трошките во едната шепа, стана и рече:

- Туа ќе ви постела да спиете.

Седнат скрснозе и налактен на софрата, во кругот на светлото на батериската ламба, новинарот пишува. Се слуша само тивко шушкање на пенкалото по хартијата. Преведувачот спие со отворена уста. Кога пребледе ноќта, новинарот се уште пишуваше. Гласното кукурикање на петелот го оттргна од пишувањето. Тој стана, се протегна, го размрда телото и излезе надвор. Студениот есенски ветер го удри в лице. Се врати во одајата и го разбуди преведувачот.

- Станувај. Време е да одиме.

Кога веќе беа пред прагот, пред нив застана старичката и со тивок глас ги праша:

- Си ојте? Со здравје и со добро. А ти речи му да ми го побара синот таму о Детроит... Ај, со Господ Бог напред...

Новинарот клекна пред неа, ниско наведна глава, нејзината дланка ја собра во неговите и ги бакна со долг срдечен и благодарен бакнеж...

На осмиот километар од селото џипот налета на мина. Од горе, од позициите, слегоа петмина партизани. Џипот исфрлен од друмот. Во ендекот мртви лежат американскиот новинар и неговиот преведувач. Скраја ранец. Во него најдоа дебела тетратка испишана со ситно читко писмо.

- Има ли некој кој знае да го чита ова писмо?

- На англиски е. Јас знам англиски... -ја зеде тетратката, ја прелиста и рече: - Да седнеме. Ќе ви го прочитам... Да, првите две страници се нечитливи. Крвта впиена во хартијата ги размачка буквите. Ќе почнам од тука...

"Ти праќам и една нејзина фотографија. Ја најдов меѓу мноштвото писма, стари разгледници. и фотографии. Многу е стара. Не само што ја бележи нејзината младост, туку и самиот почеток на нашиот век. Таа е белег и потврда на времето и на животот што тука се одвивал со векови. Нема да се осмелам да ја објавам во ниту еден дневен весник зашто се плашам дека ќе умре заедно со веста. А таа треба да живее вечно. Затоа личи, вреди и треба да се најде во вашата нова куќа во новата татковина. Во наредното писмо ќе Ви пратам уште две фотографии. Едната ја снимив пред прагот на тоа што до пред неколку денови беше куќа, твојата куќа во која си роден и пораснат и од која си пошол во светот. Од куќата, во приземјето, е останато само едно одајче. Спастрено е со милина и љубов, небаре секој час чека гости. Во ќошот икона на Богородица пред која свети кандилце со потулено пламенче. Тука, во ова собиче, твојата мајка, ме нахрани со парче леб и чаша козјо млеко. Никогаш досега не сум јал нешто повкусно. Една фотографија ќе задржам за мене за да ме потсетува таа прекрасна жена на миговите што ги поминав тука, а кога ќе се вратам во Детроит, фотографијата ќе ја врамам во позлатена рамка за да ме потсетува на тој ангел од македонската земја...

Џим драги,

Твојата мајка ми раскажуваше дека со години собираше прике за вашите ќерки... предела и ткаела, ми велеше, плетела и шиела по цели ноќи. Така, ми велеше, тука прават сите мајки...

Тука, драги Џим, јас ја сфатив смислата на напорот и болката на постоењето; тука ги видов корените длабоко вжилени во карпите и во испуканата земја. Сурова, каменеста, испечена од сонцето, излокана од водјето и извеана од ветровите, но украсена со човековата убавина и топлина, иако понижена и испоганета од новоослободителите е Твојата земја, драги Џим. Јас искрено им верував на политичарите во Атина, меѓутоа, сега

за нив имам само презир и се прашувам дали имаат тие и најмалку чувство на достоинство и морам да признаам, иако со тешко срце, дека јас, припадник на таканаречениот слободен и цивилизиран западен свет, ете, денес, се срамам... Имам чувство дека ова парче земја, вечно место на крстарења на небројни завојувачи, место врз кое е растурена лакомоста на соседите преку кои големите наоѓаат своја сметка, заради што е подложено на страдања, тагувања и исчекувања, е единственото место каде човек само со пот го спечалува лебот насушен, а мир и покој нема да крајот на своите дни...

Долго и молчешкум ја гледав мајка ти и го запамтив секое треперење на нејзините образи и збрчканото лице на кое и покрај длабоката старост, меѓу брчките се уште се сочувани остатоци од дамна одмината убавина. Ми покажа некои делови од нејзината моминска руба... Не знам како успеала да ја сочува. На неа видов пафти сребрени, пари од разни времиња и владетели и вез рачно везен со црвен конец на бело платно...

Во ушите како најмила мелодија ми звучи нејзиниот глас кој ми се чини, сепак, дека е нејзино вчера и денес. А утре? Јас, драги Џим, навистина сум вџашен! Во разговор на затече ноќта. Седевме на прагот од опожарената куќа. Над нас безброј јадри ѕвезди, какви што никогаш досега не сум видел над американските предели. Тука се чини, небото е блиско до земјата, а најдалеку е од луѓето и од нивната судбина... До нас - скршена лулка. Вашата мајка ми раскажа дека во неа ве лулела додека бевте бебиња, вие нејзините три рожби... Ние си разговаравме седнати на прагот и за цело време низ селото поминуваше војска и се префрлуваше отаде трапот и реката. Од кај планините без престан допираа долги митралески рафали. Таму упорно се бранат едни и напаѓаат други, а ние разговаравме и разговаравме и не забележавме кога се помести месечина, кога се разретчија ѕвездите и пребледе небото. Од долната маала зарипнатото кукирикање го навести доаѓањето на денот. Каков ќе биде?

Џим драги,

Тука дознав за многу лаги но и вистини со што низ моите репортажи ќе се обидам да ја запознаам нашата американска јавност. За ова ми раскажуваа многу обични, најчесто неписмени селани. Имав трпение, преку преведувач, да го ислушам секого и да го запишам секој нивен збор. Избиени и голораки, под водство на комунистите, што е најлошо, станаа против државата која со наши пари и оружје безмилосно ги бие и ги треби. Во мојот бележник имам запишано дека нашата држава во рамките на Трумановата доктрина досега и даде на Грција: 142 авиони со седум илјади бомби, деведесет и седум илјади пушки, три илјади и осумстотини и деведесет минофрлачи и митралези, четири милиони топовски и минофрлачки гранати и триста милиони фишеци. Во мојот бележник има и многу податоци кои се однесуваат на големите бројки други видови неповратна помош... Толку е дадено досега. А уште колку ќе биде дадено до конечното истребување на славо-комунистите и комунистичките банди како што има запишано во својот извештај генералот Ван Флит, кој е главен американски советник на режимот во Грција? Во Грција, драги Џим, се води жестока граѓанска војна. Во неа се впрегнати и твоите Македонци. Според извори на грчкиот кралски генералштаб, а и според извори на комунистичкото раководство, на страната на комуншстите се бијат 25 илјади борци од кои, тврдат, 11 илјади се Македонци. Полуофицијални грчки извори тврдат дека во Грција живеат осумдесет илјади автохтони Словени, кои самите себеси се нарекуваат Македонци. Ако е така, тогаш секој осми е на борбена линија. А и целата позадина во костурскиот, леринскиот и воденскиот округ е мобилизирана од комунистите. Ужас! Америка ги сака бројките! За твоите сонародници, драги Џим, тие се ужасни! Твојот народ тука е толчен! Врз него незаситно се заканува разурнувачката моќ на омразата. Отворена е длабока рана, која ако некогаш се излекува, ќе остави лузна што ќе трае во душите на многу поколенија. Луѓето тука се фрлени на дното на човековата пониженост, ги дробат, ги раскинуваат. Врз нив државата има фрлено анатема. Сретнав и луѓе кои ништо не знаат да прават, ништо друго и не знаат да мечтаат освен да војуваат и само да војуваат. Со војна во очите заспиваат, со војна во очите се будат. Тука огништата ја изгубија топлината.

Ако изгубат комунистите, а тоа со американска помош е сигурно, тогаш на твоите Македонци само црно им се пишува...

Драг мој непознат пријателе!

Те оптоварив со бројки. Прости ми. Таква ми е професијата. Се враќам на започнатото. Додека мајка ти раскажуваше, јас непрекинато долго и молчешкум ја гпедав и го запамтиб секое треперење на нејзините образи и збрчканото чело. А во ушите се уште како најсмирувачка и најмила мелодија ми звучи нејзиниот глас кој ми се чини, сепак, дека е нејзино вчера и денес. А утре? Јас, драги Џим, сум уплашен и вџашен... И уште нешто: тука упорно трае сеопштото владеење на сонцето, меѓутоа, тука демонот пали и гори и од никаде нема спас ниту надеж, небаре ова место е место на проклетството... И се прашувам: кој го направи такво и зошто? Ништо не е случајно што се случува на овие простори, ништо не се прави без цел и одредени очекувања и никој и ништо не е без вината на многу кои ја наместија и ја местат судбината На ова место и фрлија врз него толку несреќи... Има ли бегање од ова? И каде Страдањето, мој пријателе, е она што покрај сонцето, тука најмногу го има!!! А изгревот на сонцето и заодот негов тука имаат најубави бои - од најбелата до најпурпурната. Сите мени ги носат утрата и примраците. Насладување и привилегија е да ги гледаш...

Вечно! Така во синџир се раѓа сонцето, велат, и заедно со него и страдањата. Дали само тоа? Ноќта е за одмор, велат, и пред заспивање - мигови за многу размислувања - каков ќе биде денот? И доаѓа тој со раѓањето на сонцето, сеопфатно и севладеачко... Така и треба да биде, меѓутоа, тука злото истечува и се шири по земјата како отров заедно со раѓањето на сонцето и со неговата топлина и жарот што се шири од него. И продолжува ноќе. Дали затоа што во мракот, некому се чини, е помалку видливо? И во тие кратки мигови на размислување пред заспивање, неодложно ми се врти в глава прашањето: сонцето, светлината, каменот, времето и човекот - што се? Моќ што заробува? А човекот овладеан од моќта, што е со него? Станува слепо оружје, живее ли во бунило неспособен да мисли и да ги оцени и преоцени сопствените постапки и да го сфати

сопственото однесување? А способен ли е во такви околности да оцени и да сфати кој го води и со кого тргнал?

Господине Џим,

Јас се уште сум скршен... Светот е исткаен од лошо што води кон безнадеж. Светот во кој досега се движев е без вера, но не и луѓето кои живеат во него и требаше да ја сретнам твојата мајка за да сфатам и да се уверам дека има луѓе кои знаат да веруваат и да се надеваат во продуховеноста на денот, ослободени од демоните. Така и јас мислам и сфаќам дека таму, каде што триумфира нихилизмот и цинизмот - таму надвладува животинскиот инстинкт и од земјата прави пекол. Тоа е жестоко, подло и... одвратно и за жал многу вистинито... Изненадувањето е многу поголемо кога во лицето на една старичка гледаш исчекување, а чекањето што е ако не е сигурност и неограничена надеж во постоењето? Зарем ова чувство не ослободува од сите пороци, омрази и колебливости? Честопати мајка ти ми велеше: “Дојдоа, синко, лоши времиња”'. Значи ќе мораат и да одминат. Бурите доаѓаат и одминуваат. Зарем така не било и со потопот? Но не е ли ова вера во некои нови времиња? Изгледа токму тоа е, бидејќи целиот нејзин живот бил само бура што носи и однесува, потоп и несигурност, а на кои секогаш им пркоси верувањето го носи и го праќа промислата. Некаква еврејска ли истрајност? Така си мислев, ама не, тоа е нешто друго, не еврејска, ами тукашна, ваша, велам, зашто и ти, господине Џим, верувам, се уште тука припаѓаш... Ова е ваша истрајност, истрајност македонска. И се убедив дека друг излез нема: само истрајност. Само трпение. Така ми рече и мајка ти... И не сум изненаден од тоа што многу луѓе тука ги носат имињата Трајко и Трајанка, Живко и Живка и имињата на сите православни светци и на апостолите Петар и Павле. Во тоа е се - и болката и надежта и... Боже!!! А кога таа се моли, кога таа се крсти, кога таа подига очи кон небото – кога светлината сончева и светлината од малендавото масленичe и го осветлува лицето, ох, каков отсјај има сонцето во нејзините очи, а молитвата нејзина - простодушна и срдечна, нескриено вознеслива и занослива, се чини Господа ќе го симне од небо... А јас, уште од самоти почеток неумоливо шибан од измешани чувства, во се посмирувачка одушевеност и

омаѓосаност, како да бев попаднат во некое длабоко урочување, вчудовиден и занемен ја гледав... Клекнав до неа, се наведнав, подигнав крајче од нејзината пола и го бакнав... ја бакнав и плочата пред олтарот што ја допираше мајка ти со чело, удирајќи метании... Не, немам сочувство и сожалување за таа старичка, ами само восхит... Само восхит за нејзиното чекање и истрајување, за моќта на нејзиното истрајување и големата надеж и тоа пред неа ме прави малечок и немоќен! И кога велеше - белки ќе дојдат други времиња - јас во тие штури, навидум сиромашни зборови, гледам само бесконечно траење, а во бојата на гласот – триумф! Одново и одново се загледувам во нејзините очи, во лицето и челото ишарани со брчки и покорно, наведнувајќи глава и бакнувам раце и ... занемувам од восхит...

Деведесет години, живее на ова исто место, на ова парче божја земја. Ми рече дека никогаш не мрднала и не се оддалечила подалеку од еден ден одење, никогаш во животот не се тргнала од топлината и добрината на земјата на која се родила и пораснала и по неа се движи, која ја копа и ора, ја обработува и облагородува, ја сее и собира плод. Меѓу неа и земјата е плодот. Таа, сонцето, плодот - рамно е на живот... Се оддалечи ли, тогаш се оттуѓуваат, разделница меѓу нив со широк јаз ќе настане и празнината ќе ја покрие коров. Кога детето се оттуѓува од мајчината града, тогаш престанува непосредниот допир со топлината на боската и млекото, се оддалечува телото мајчино. Се дотогаш мајката и детето се едно преку боската. Со одлачувањето - настапува делба, почетокот на разделбата и се создава нов однос и врски. Зарем не е така и со земјата и човекот? Се додека стоиш или лежиш врз неа, се додека ја чувствуваш под нозе, се додека ја допираш, ја обработуваш, ја облагородуваш, се дотогаш со неа си стопен. Зарем и со огништето не е така? Се додека во него тлее жарче и додека од него се откинува искра и се додека под прстите ја чувствуваш топлата спуза, се дотогаш тоа е дел од животот. Ако го снема жарчето, тогаш огништето станува само украс или останува во паметењето како далечен детски спомен... Во разговор и намнисување врви и завршува денот. Се свечерува. Намуртено надоаѓа сивото предвечерје и кога се чини дека мракот се ќе споплати, тогаш наеднаш зад нас се тргна облакот и зад него - половина од сонцето потпрено на ридот. Голем пламен го гори

небото и целиот срт го покрива пурпур кој преминува во кадифе, а топката сончева запаѓа зад ридот и со последното болснување, воздивнува и завршра денот. Така загледани, седиме ние на прагот од тоа што беше куќа, а јас се обидувам да се вгледам во очите на старичката и низ нивниот блесок да влезам во нејзината душа и да проникнам во нејзините чувства. И сфатив дека во ова време на грозомора, нејзината душа е како мелем на отворена рана... И тие нејзини очи!!! Цело време гледам во нив благородна вдахновеност, чинам, не денешна, ами пренесувана и љубоморно негувана од колено до колено и гледав уште искри на подбивност кон уништувачкото бреме на времето кое на овие простори истури толку омраза, лошотилак, кодошлук и подбуцнување... А кога ми ги подаваше писмата, кога ми покажуваше делови од рубите, кога ми ја покажуваше скршената лулка, кога... Пак облак покрива небо... Не споплати веќе квечерината и не забележавме кога падна мракот. Расте, се згуствува мрачнината со секој изречен збор, со секоја издишана издишка и во неа го чувствувам виежот на болката и осамата и стегањето на чемерот насобран ко грутка и тврд како кремен, чинам, го чувствувам во мојата сурова дланка... Воздивот нејзин ми зборува, ми прикажува... ама мене не ме напушта претчувството дека оваа голема густа мрачина навестува само зло... дека сме заедно, еден спроти друг, чувствуваме по дишењето и макарштo мракот е голем и густ, ми се чини дека и во него се гледаме... Наедаш од зад густиот облак се појави полна месечина, подувна ветер и небото се наполни со јадри ѕвезди какви досега никаде не сум видел. Сега се гледаме во синкастата светлина и во молкот ние одвај забележуваме дека сврти месечината, ѕвездите пребледија, а онаму високо - високо се губи Млечниот пат и тука долу, полека се ретчи мрачнината и зората надоаѓа бледо...

Зазорува, драги Џим,

И веќе е зора. Во сива замаглина споиена е Сињачка и над неа полека се појавува белузнава боја, се издигнува таа и по неа, во испреплетени партали се редат жолтеникави, розови, златни, црвени, пурпурни појаси. И пурпурен е блесокот и отсјајот во облаците... А ние се уште сме седнати на прагот и меѓу нас зборовите паќаат како скршени гранки, се ронат како лисјето

наесен. Тишина... Сонцето не затече вгледани еден во друг. И одеднаш тишината ја развеа лаеж. Од долу, па на кај горната маала се влече синџир од војници. Врват тие покрај тоа што некогаш беа куќи. Врви владината војска и многу од војниците на рамо носат наши, американски автомати. Мајка ти долго се загледа во колоната и тивко рече: "Оди аскеро нашите да ги бие..."

Останав нем и засрамен и се уште меѓу неа и мене ја чувствувам големата празнина и широкиот и длабок јаз. Сега дури си спомнувам дека не и одговорив кога ме праша зошто Македонците појдоа в планина заедно Грците. Не знам... Зошто? И како за оправдување на мојата немоќ и неукост во себе си велам: тука, драги Џим, секој си има свој крстоносен пат... Во текот на денот или утре ќе го довршам писмово и ќе се погрижам што поскоро да ти го пратам..."

Во ранецот најдоа и половина шише жолтеникава течност. Имаше мирис на подгорено и немаше вкус на онаа ракија на која се навикнати - печена од грозје и лута... Подавајќи го шишето од рака в рака, пивнуваат од чудникавиот пијалок. Чувствуваат дека се загреваат и секој во себе на свој начин го прераскажува и тажновито и болежливо го доживува тоа чудно писмо, зашто низ секој збор гледаат по нешто од својот дом, а најмногу болка ги спржува кога се обидуваат пред очи да го доближат образот на старичката, зашто им се чини дека при секое мигливо затворање на очите -ја гледаат својата мајка. И мислат на овој непознат маж, кој сега лежи ничкум свиткан во трапот и се прашуваат зошто ли толку упорно и страстно тој посакал да влезе во душата на старичката и зошто толку многу посакал да ги почувствува сите нејзини некогашни радости и да ја разбере нејзината болка, кога тука, наоколу, толку свирепо надвладеа омразата? Затоа не им изгледа чуден и тој туѓ неразбирлив јазик, ами топол и близок... И затоа пцости и горчини исплукаа кога комесарот, карајќи ги, му се изнавика на тој кој го читаше и преведуваше писмото.

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 4

Среде црква развален оган. Горат цепеници донесени од најблиските дворови и колци извлечени од селските плетови. Жари пламенот, ги подлижува и ги прегрнува цепениците, разнишано се извишува нагоре, се напластува дипла врз дипла, за миг се смалува и со поголема сила наеднаш расте и пругоре исфрлува роеви искри. Како сподавен крик се крши колец и налегнува жарта врз жар. Изземнати, покиснати, подаваат пред себе раце се поблиску до огнот. Остриот чад им истиснува солзи. Тие, кои седат поблиску до огнот, се поместуваат и потсобираат нозе. Топлината од жарта и пламенот им бие в лица спурени од ветрот и студот. Раседнатите околу огнот откопчуваат шинели, зеваат со широко отворени усти. Топлината тера на дремка, а над нив се подаваат раце, се туркаат за да најдат поблиско место до огнот.

Млада жена, некои рекоа дека е од раководството на Антифашистичкиот фронт на жените, а други, пак, дека е комесарка, со сарак го спотнува огнот и вели:

- Другари, борци, ајде, тргнете се, нека се стоплат и другите. Понатаму, понатаму, раширете круг. - Таа малку се помести. Лицето и е поцрвенето од топлината. Го откопча шинелот, го соблече и го префрли преку рамена. Со истиот сарак почепка во огнот и, воздивнувајќи, рече: -Ама жар, ама жар, само за печено...Ех, да имавме сега некој компир или...

- Костени... оваа спуза само за костени е...- дофрли некој.

- Да, костени... ту, бре, како сум заборавила дека тука, во оваа село, има костени. - Таа погледна наоколу и кога го виде командирот на одредот, замавна со рака и со глас на наредба, подвикна: - Командире, нареди некој да донеси нешто од компирите или од костените...

Командирот ја погледна намуртено и ја праша:

- А од чија куќа? Ние чекаме леб да ни донесат, а ти бараш мезе. Знаат моите борци што значи да се донесе нешто... - не се доискажа.

- Затоа си командир за да заповедаш, нели? - му префрли таа и се обиде гласно да се насмее.

- Јас сум за да заповедам за во бој, а не за носење костени за нечиј ќеф! - подвикна командирот со навредлив глас и го снема во олтарот. Таму половината шинел го посла под себе, а со другата половина се покри и набрзо заспа.

А другарката комесарка, како да не се случило ништо, седна поудобно и рече:

- Да. Има луѓе кои не знаат шега....

Таа сфати дека го навреди командирот. Во првиот миг сакаше да стани и да бара прошка, ама не и беше по волја тоа да го направи во присуство на толку луѓе. Си помисли дека тоа ќе го направи утре, а можеби уште вечерва во некоја подруга прилика. Разбра дека претера во својата положба, ама што да прави, зборот не е вол, та ќе го врзиш за дрво и ќе чека. И сите околу огнот, па и тие кои беа зад нив и чекаа ред да дојдат поблиску до топлината, ја почувствуваа горчината и многу од нив се погледнаа в очи. Својот командир го сакаа и го почитуваа. Неговиот остар глас и строгите барања до најмала ситница да бидат извршувани неговите наредби, па и острите казни, лесно и брзо ги заборaваа. Го сакаа и затоа што за време на тешките маршеви тој се наоѓаше секогаш до нив и одеше пеш, лично ја проверуваше преодноста на патот, прв загазуваше во студената вода и секогаш ги бодреше мародерите, а на оние на кои им беше најтешко, не еднаш им го даваше коњот за да го товарат оружјето и тешките ранци наполнети со фишеци и рачни гранати. Драг им беше и затоа што никогаш, барем досега, тој својата порција не ја оддели од заедничкиот казан.

Како да не беше ништо, таа рече:

- Има луѓе кои не сакаат шеги...

Видливо беше дека таа сакаше да ја ублажи горчината врз која падна молк и по некоја пцовка заедно со нечиста плунка. Чадот од зелените и наводенети цепеници што пред малку ги фрлија врз жарта, ги спови и тишината и молкот и презирот, ама не ги однесе до небото низ отворот во црковниот покрив. Се чинеше дека останаа меѓу нив како лишај, што не боли, ама под себе секогаш крие нешто болно...

- Кога ќе се ослободиме - таа ја прекина тишината и го скрши молкот, но со глас во кој сите почувствуваа тон на комесарско предавање - тогаш, другари борци, по сите села ќе изградиме толку домови на културата, колку шо сега има цркви. На времето граделе само цркви и затоа народо ни остана неписмен и некултурен. Така, другари борци, сакаа богатите, значи вурзуазијата.Така сакаа, другари борци, англоамериканцките имберијалисти кој денес се најголемото зло и затоа ние се бориме за да го искорениме, велам... Шо ми беше зборо?... Аха, културата.,. Како шо реку ќе изградиме, значи, такви домои во кои народо наш ќе учи... - прекина и се загледа во царските двери. Подзамижа со десното око, молчејќи измери се од горе до долу и како да беше малку измереното, им се обрати на оние кои и го скратуваа видикот: - Еј, вие, ја помрднете се малку понастрана - им рече со тон на наредба и замавна со рака. - Ете... па јаска - извика, сама чудејќи се - па јаска шо вела? Ете... па зошчо, си мисља сега јаска гласно, зошчо да градиме нови? Зошчо, бре, ве опитвам јаска вас? А зошчо, на пример, ваја церква да не стани дом на културата, а? Ете, скоро све како да е готово. Све шо е олтар ќе го трниме, ќе го исврлиме надвор... И ќе имаме готова сцена. А горе - таа погледна над олтарот и, мерејќи се што беше горе, рече: - Иконите шо се горе и тие ќе ги трниме и ќе ги фрлиме о бунишчето на историјата.... А на нимните места ќе и клајме кадрата на нашче мили и драги руководители: Захаријади, Сталин, Тито, Димитров и на сите други шо се водачи на меѓународнио пролетаријат...

- Шо рече? - ја прекина некој - Шо ти е тој како го рече?

-П р о л е т а р и ј ат... – таа ја цедеше секоја буква - најпрвин да завршам за тоа шо почнав, а потоа јаска убао ќе ви растолкувам

шо е тоа пролетаријат иако знам дека ти шо ме опита, знам дека нема да ме разбериш... - таа прекина за миг и се врати на прекинатата мисла. - Еден до друг, како шо се сега иконите и тие големите и тие малките... редум еден до друг - покажа таа со рака од едниот до другиот крај на олтарот. Се поднамести, дофрли во огнот неколку дебели суварки и откако се загледа во лицата и во очите на тие, кои седеа поблиску, ги праша: - Иљ ме разбервате аљ не? Така јаска виду о ено село близу Битоља. Кадро до кадро... - Подигна рака, покажа на олтарот и поместувајќи ја од лево кон десно, рече со наслада: - Туа, пушиш, Тито, со цигарата о р’ка и со ена пишчола, на, до туа, д’лга ем голема - таа се удри по колкот - а од левата страна Лелин, со подигната рака, на пролетаријатот му го покажва патот кон светлата и среќната иднина. Од десната тој, големио Сталин, со мустаците и како да му вели на англоамериканцките имберијалисти - еј вие там, немојте да ми ги гибате мојте пријатели, партизанте на Маркос, заш свите ќе ве обеса на ено влакно... И со подзамижените, ама многу мудрите очи, пули тој замислено и далеку пред него каде шо е комунизмо... Кадро до кадро. И пулиш подолу, како шо се тие помалките икони, Кардељ, Ранковиќ, па Лазо... шо да ви кажвам... цел иконостас... Ех, душата ќе ти е полна и срцето ќе ти се радва кога ќе си помислиш како ќе биде кога ќе дој слабодата... Така и ние ќе напрајме. А на камбанарјата ќе клајме ен звучник кој ќе го презева гласо од радјото и од таму од високо, ќе го шири над целото село, гласо на нашио мил водач и борбени песни ќе се слушаат... Така виду јаска о тоа битолското село за кое ви спомнав.... И нови празници ќе имме. Ма каков Свети Никола, Илија, Павле. Ќе создадиме ние нови светци и нови празници. Наместо, на пример Петровден, ќе славиме ден на комесарите, зашчо како шо поучваше тој, така денес поучваат и комесарите...

- Ама, ајде де... не си играј мајтап...

- Да, ден на...

- На овчарите! - викна истиот, кој сакаше да знае што е тоа пролетаријат.

- Зошчо да не? Ќе славиме денои на сите занаети, а не на светците. Еј, море, да знајте! Ново опчество ќе прајме и се разбира нови обичаи ќе имме. Старото со сите негови белези ќе го унишчиме, а и церквите, бидејќи од старото најстари се тие. И ќе напрајме еден народ. А тој народ ќе се вика пролетерцки народ. Нема да има Македонци...

- Е, токму тоа. Прво Македонците да ги снема! На многу им станаа коска в грлпо... да ги снема... - се одгласи некој, ама никој не му го виде лицето.

- Не е збор само за Македонците - побрза да објасни жената. - Нема да има Турци, Бугари, Срби...

- А Грци? - праша некој од мракот.

Жената се сврте за да го види тој кој праша дали ќе има Грци. По кратко молчење, таа продолжи:

- Сите ќе бидеме пропетери. Не народите, ами пролетарјато ќе владее преку својата пролетерцка диктатура.... Пролетерите од сите земји како шо рече Маркс...

- Кој?

- Па тој, Маркс... Тој е учител на пролетарјато и тој го измислил комунизмо...

- И!!! А јас, пак, си мислев дека Захаријадис ни е училтел!? Па нели пред некој ден така ни кажуваше комесарот?

- Захарјади ли? Се разбира дека тој ни е учител, ама и водач и ... кога ќе се обединат сите пролетери, тогаш ќе нема народи, ќе нема држави и граници. Ќе ти текне да одиш на пример о Русија, ќе си одиш...

- И ксде ли ќе стигнеме ако само така секој ќе си оди каде што ќе му текне? Каде ли ќе стигнеме, а?

- Во комунизмо, ре!!!

- Море ти остави го шетањето по светот и објасни што се тоа пролетери?

- Пролетери ли?

- Аха!

- Пролетери се тие кои имаат само две раце...

- Само толку? И ти сакаш јас да си останам само со две раце? Не! Сполајти, невесто! Јас не би сакал да сум без моите ниви, без овците и козите, воловите и кравата, Не! Подобро ми е да си останам селанец...

- А што се однесува на твоите кози и тие ќе ги нема. Кози нема да има. Тие се штетни за шумите. Таму, о Битоља, ми кажваа колку се штетни за шумите и затоа донесоа закон да се уништат и ги испозаклаа...

- Козите ли?

- Аха... Козите...

-Арам да им е... такви мирни, убави и мили животинчиња ги испозаклале ли? Изгледа тие што ги донеле таквите закони мора да се големи недомаќини! Козите! Луѓе, слушнавте ли? Козите ги испозаклале!!! Тфу!!!

- Ете ти ја душата на селанецот, другари борци. Селанецот не ја разбира револуцјата, та и колку сакаш ти нему објаснувај, тој пак ќе ти меле за волови, овци и ниви и... да ви кажам дека по победата нема да има селани, ами сите ќе бидеме пролетери со две силни раце со кои ќе работиме за големото дело на комунизмо...

- Значи ќе престанеме да бидеме селани?

- Па, да.

- Ќе си бидеме пролетери и тоа само со две раце?

-Иии, ама, шо убао...!

- Ама имашлии луѓе!!! Нема што! Јок, јас со такви не се дружам... Само две раце... каде, мори, невесто, си ги вишла ти таквите домаќини, а?

Жената само за миг прекина, со ококорени очи му се вдаде в лице и, правејќи широк круг со раката, викна:

- Па, цела Русија е таква, бре... бре ти!...- таа не се дорече, ама уште погласно викна: - Цела Русија е таква!!!.... Еј, Русија, бре, парвата земја на соцјализмо е таква, пролетерцка!!!... А знаеш ли ти, келку голема е Русија? И нема туа шо да се објаснува повеќе... шом Русија, големата земја на соцјализмо е таква, тогаш зош и ние да не бидеме, а? Разбра, аљ не разбра? И во Југославија, бре, така е... Таму дури и песна е пее... Чекај, како ли беше? Аха! Америка и Енглеска ќе биде земља пролетерцка... Па, да... се, бре, ќе биде пролетерцко...

- Русија нека си е таква.... Ние зар мораме да сме како неа? Не, ова не го разбирам...

- Па шо има туа да се разберва? Така рече другаро Маркс и шо има туа, прост и неук селанец да докажува, а?

- А јас, можам ли, невесто, пак да те прашам?

- Па, шом сме туа, прашај.

- Тие, пролетерите, што ги фалиш, кои си имаат само две силни раце и ништо повеќе и за кои велиш дека се големи борци, зошто ли ги нема таквите меѓу нас, а тука сме само ние селаните? Има ли некој таков меѓу нас? Ако има, нека стани да му го видиме барем суратот? Има? Нема? Ете, невесто, велат, дека нема. Зошто, а?

- Парво и парво, другаро Захарјади рече дека во Грција пролетерцката револуцја се ушче не почна... И... И доста ме давиш!

- Не те давам, туку те прашувам. Па и така да е, тогаш зошто не си барате за таа ваша револуција пролетери, туку не собравте нас простите селани? Тандаре - мандаре, ајце, дојдете вие селаните под пушка, гинете, нека ве јадат вошките, дајте се што имате, а вие, пролетерите, де, кои си имате само по две раце останете си дома, по кафеаните во градиштата. Од мене, домаќинот, кој си имам нивје, лозја, овци, говеда, овоштарник, воденица ќе прајте пролетер? Не, јас не сум за таа тајфа.

- Па нели ти реков дека нема да разбереш? Туку чекај, ќе победи револуцјата, ќе ја воспотавиме диктатурата на пролетарјато и тогаш...

- Е, и ова не го разбирам! Да не е тоа како она на Метаксас? Зарем ја заборавивте диктатурата на Метаксас. Заборавивте дека со неа ја имавме ренката, маслото, тепањето, срамотењето затоа што си зборувавме наши... Не, јас не разбирам...

- Што, бре, пак не разбираш?

- Па, тоа - диктатура на пролетаријатот?!

- Што брзаш, бре? Па добро ти рече: чекај, па кога ќе дојде, тогаш ќе видиш. Мајката, ама нестрплив човек... Чекај! Ќе дојди, па дури тогаш ќе разбереш!....

- Така е, другари, треба да се биде стрплив. Парво треба да победиме. Кога ќе победиме, тогаш ќе имме само еден празник, празнико на пролетарјато. Ќе се соберваме на плошчади, каде ќе ги слушаме говорите на наште руководители, ќе извикуваме пароли и ќе пееме борбени и пролетерцки песни, такашо од тоа ќе му се тресат полите на англоамериканцките имберјалисти, на народните непријатели и на целата реаксја... А и овие, иконите, де, ќе ги исфрлиме од церквите, као шо реку погоре...

- Не, јас си ги претпочитам нашите, домашните, обичаи од дедо прадедо што си ги славиме, што ни се наше вчера и дамнина, што се наш белег и не прават подруги од другите - со роднини и пријатели, со слатко и водичка, со винце, мезе, печено и варено, седнати околу софрата, со песна народска да славиме, да се веселиме и на вигната, сред село, оро широко да виеме... Како рече, дека таму некаде веќе не ги слават светите празници?

-Тие таму раскинаа со верата. Парви мај го слават, празнико на пролетерите и дено кога им се роди водачо. И да знаете многу се среќни и радосни. Тие денови не работат и само пеат и само се веселат. И ние кога ќе се ослабодиме, исто така ќе славиме. Во секое место ќе се слави Парви мај. Ќе ни доаѓаат партиските секретари, кои ќе ни држат говор, а потоа ние заедно ќе имме многу митинзи и ќе одиме во Солун, па дури и во Атина да го слушаме Захарјади кој ќе ни зборва за новите победи...
- А кој ќе работи?

- Сус, бре! Зарем затоа акаме по планините и се бориме против империјализмот, за да работиме? Белки пролетаријатот ќе заработи толку, што и за нас, борците, ќе оддели некоја пара за да не мораме да работиме. Ако и ние, борците, ќе мораме да работиме, тогаш кој ќе оди на митинзите?

Жената од АФЖ-ето се наведна до оној што седеше од нејзината десна страна и на уво му шепотеше:

- Оној, што многу опитва, имај го на око. Тој е контраш. Тој е од кулаците. Имај го на око. Ако остане меѓу борците, голема штета ќе прави...

- Велиш - неочекувано се слушна глас од толпата - иконите ќе ги фрлиме?

-Тоа е сигурно! - рече другарката афежитка.

- Значи на народот ќе му ја земеме верата? Така ли? Тоа ќе го прави новата власт, народната? Од срцата на луѓето ќе го тераме Господ Бог?

Таа строго погледна таму од каде стигнаа овие зборови и без да праша кој е тој што ги изговори овие зборови, рече:

- Другаро, срамота, рече дека новата власт ќе го истера Господ од срцата на луѓето. А јаска, другари борци, сакам тука пред вас да му кажам на другаро шо рече другаро Захаријади, нашио водач, за верата. Другаро Захаријади рече дека верата за народо е... чекај, како ли рече?... Баш туа, ете тучки, на врв јазик ми е... Аха, рече дека е темјан... море, каков темјан, ами нешто полошо, многу полошо, бога ми, шо значи многу, многу лошо...

- Значи лошо, а? - дофрли некој, а таа веднаш го прекина:

- Да, така значи и... ете, туа, баш туа на врв јазик ми е тој збор шо го кажа другаро Захаријади... и шо, мене не ми текнува така брзо, значи дека е некој гопем збор, а големи, зборои можат да кажват само големи луѓе и тоа такви како нашио водач Захаријади. Како е бре?... Тфу, на врв јазик ми е, ете, тучки, баш тучки... - таа покажа на јазикот со валканиот прст. - Ете, баш туа, токму туа...

- Да не е афион?

- Не. Не е афион, ама така нешто.

- Да не е катран? - погодуваа собраните.

- Сус, бре! И пази што зборуваш. Немој Захаријадис да го мешаш со катран!

- Па од афион се прави катран, а од катранот...

- Лепешка...

Општа смеа и во неа се слушна гласна закана:

- Ако ти ја пернам една преку очи, ќе ти кажам јас тебе лепешка! Види го ти него! Зарем мислиш дека другарот Захаријадис може да кажува такви простачки селски зборови? Молчи таму... Тфу!

- Де, бре, шо си се размавтал? Па така ние уф Воденско прајме. Шишката ќе ја потсечеме, а од неа тече сок и кога ќе се згусти го сушиме и прајме лепешка.

- Да не е опиум? - несмело праша некој.

- Опиум!!! Опиум е, другари борци, зборот шо го кажа Захаријади... Опиум! Да, опиум! - триумфално и со неизречива радост и гордост пак повтори: Ете, опиум е, опиум другари...

Телку ми требваше, ама сосема малку ми требваше да размислам за да ми текне... Уф, ама ми олесна... Опиум... така е, опиум! - се радуваше и го преповторуваше зборот за да не го заборави во понатамошното убедување. - Е, тоа, другари борци, тоа! Опиум! Опиум е верата за народо. Така рече другаро Захаријади...Да...

- Да не рече Маркс? - сомнително праша некој кој седеше со грбот кон распалениот оган, а на многу им се пристори дека е оној истиот, кој го кажа зборот што сите се трудеа да го најдат.

- Сус, бре, каков Маркс? Од каде па нему да е поумен од нашиот Захаријадис?

- Опиум, другари, е верата за народот! Со него, со векови ни го трујат народецо златен и сиромашен, та затоа ни е телку заостанат. Ние иконите ќе ги исфрлиме од црквите, значи ќе го исфрлиме... како беше?

- Опиум ли?

- Да, опиумо ќе го исфрлиме!

- Миспиш иконите се опиум и ќе ги исфрлиме?

- Сигурно! Тие се веќе минато. Обични шчици. Шо ќе ни се? Па ние ќе градиме само ново... Да.... Ние туа си муабетиме и не пулиме дека огно почна да ни угаснува. Ја понесите некое дрво од надвор, ајде, нека оди некој. Ај, оди ти, да ти, бре, ти...

- Јас ли? Не. Јас бев пред малку. Нека оди некој друг. Одвај се стоплив... А надвор таква вејавица вее, што прст пред око не се гледа. А може ли некоја од штициите, како што рековте, значи од иконите?

- Може, може, како не може. Во револуцјата се може. Фрли ја... фрпи ја ете, таа, големата...

Мита, стана, полека отиде до олтарот, наеднаш се сврте и со тивок, ама сигурен и строг глас, рече:

- Да не си се осмелил!

-А ти, мори, да не си некој командир или владика?

- Ниту едно ниту другото, ама скрнавење на црквата нема да има.... - рече со истиот глас и го помести шмајзерот. - Ако тебе ти држи - и се обрати на другарката – стани и фрли ја иконата во огнот... Стани!

- Па ти, па ти мори, ти си контра! - извика како попарена другарката... - Добро, нека е ... а ние утре на актив ќе го расудиме делото и ќе решиме шо ќе прајме со такви контри... Е, сега ќе ви кажам како се однесуеле о Русија црвените комесари со такви контри. Тоа јаска о Битоља го виду кога гледев ен руски филм. Вака беше. Црвеноармејците седее, ете, вака, како шо сега седиме ние околу огно и се топлее. А надвор зима, руска зима, студ голем. Влевга нимниo комесар, цел замрзнат и покриен со мраз и му вели на тие шо седее околу огно: - Аре, не пулите ка ви се смее подбивно тие од зидо? Не и пулите брадосани и со очите оџварени ка ви се смее? А знаете, му вели комесаро, жошчо така ви се смее? Затоа, му вели, шо не сакате да ја разберете револуцјата и поради тоа неразбервање, седите туа и мрзните. Срамота! - му викна комесарот и му рече:- Ја фрли ена од тие големите шчици о огно за да се стопла и јаска, му вели тој. И ен црвеноармеец, млад како тебе, со двете свои силни црвеноармејцки раце ја откина најголемата икона и пљас о огно. И пламен порасна до там горе и светлина голема им ги огреа лицата.... И сите многу се радвае... - Прекина и се загледа

наоколу, сакајќи да види каков впечаток остави нејзиното прикажување.

Понастрана од огнот, близу тронот владичин, стуткани еден до друг, разговаа двајца:

- Што мислиш, ќе ги изгорат иконите?

- Додека пред олтарот стои Мита, никој нема да се осмели.

- А некни; во црквата во која ноќевавме го изгоревме олтарот и иконите и со тоа, ми се чини, како да изгоревме дел од душата на народецот. Простите, сиромасите, болните, многучеледните и бесчеледните, сакатите, слепите, собирале париче по париче, од усти одделувале за да изградат црква. Скапо плаќале мајстори и зографи. Во малендавите пламенца на свеќите потулено и со стравопочитување да ги искажуваат и редат молитвите за исцелување, добрина и берикет и да чекаат во надеж дека Горниот ќе ги услиши и ќе им ги олесни маките, болките и болестите; да кажат сполај Господе, ако се роди берикет, ако се врати здравје, ако дојде принова, ако извор протече, ако дожд заврне... да искажат award молежливо клетва, ако... Да кажат - сполај Богородице, Свети Илија, Свети Никола, Свети Димитрија и загледани во нив со лес да здивнат и да таксат и пак да се молат и да чекаат, да се надеваат. Виде ли или си чул некој да ја моли власта за тоа што моли в црква? Не! А знаеш зошто? Затоа што власта само зема, затоа што е алчна, лакома, свирепа, бесчувствителна спрема сакањата и прижелкувањата на малечките и беспомошните, сиромасите, осамениците и немоќните. И ете, ние кои станавме за да смениме една власт, сега со нашата власт и сила го пзгоревме некни олтарот и иконите. И на малечките, беспомошните им ја изгоревме надежта... И сега, греејќи се покрај овој гопем оган запален сред црква, со опуљ лакомо свртен кон иконите не за да се молиме, ами за да ги изгориме, небаре ја уништуваме целата надеж ние, борците за народна власт. Ја слушам жената и си мислам: од каде ли толку расипаност во неа? И од каде ли им доаѓаат на такви тие луди мисли? Фрли ја, вели, големана икона во огнот и се радува затоа што така направиле некаде во други земји... Зарем по тамошните ветришта и снегови ќе ги токмиме

нашите умови? Нека си прават тие таму како што им е добро, ама нека неуки не ги подучуваат нашите неуки затоа што таму во далечните руски степи некому му текнало да изгори се што е дамнина, па и тука да ја снема нашата дамнина... Кога ќе си одиме ние, што мислиш каде ќе одат луѓето од ова село? Случајно да не одат кај нашата власт? Каде да ја најдат? Па таа цело време се крие по планињето и само ноќе поминува низ селата колку за да се најаде и да се стопли и наспие и тоа секогаш го прави скришум од народот. Само двајца или тројца знаат за нив, за куќата во која се сместуваат, за времето кога ќе си одат, ама освен нив никој друг не знае каде ќе одат... народецот знае само да ги нахрани, да ги стопли, топло да ги покрие кога спијат другарите од власта народна. Се кријат, другарите, како волци осаменици се движат ноќе. Се кријат, дали не од народот? Да немаш доверба спрема оној што те храни, што ти дава ќош и рогозина и веленце за да се стоплиш, ти подава вода, нозете ти ги мие и го дели лебот и солта со тебе!? И не оди народот кај власта, ами тука, тука во црквата доаѓа и се молат луѓето, та се надеваат дека ќе бидат услишени молитвите топли, тагите потајни, болките големи и присакувањата мали... - Прекина. Му се пристори дека гласно зборува. Замолкнаа за миг. Шараат со очи по таванот и ѕидовите. Врз иконите над олтарот и ликовите на светците простум застанати на ѕидовите - разиграна е мрежата на пламенот. Лесен одблесок на светлината налегнува во нивните очи. Едниот од нив вчудовиден прошепоти:

- Пули го оној : покажа со глава на светецот - како и да мрднам, од каде и да го погледнам, право в очи ме гледа. Види, дали и тебе така те гледа?

- Да, бре, мајката, право в очи ме гледа! Ја да одам понатака... Исто.Ниту мрда, ниту се движи и само ме гледа, та право в очи ме гледа! Како да е жив! Види дали и другите така гледаат...

- Така, право в очи... Како да се налутени, мислиш, штотуку не почнаа да не караат...

- Да не е некое привидение?

- Море, какво привидение! Погледни! Зарем намуртено не те гледа ли право в очи? Што му е, а?

-Ништо. Така се сликани. Зографот, сликајќи ги, право в очи ги гледал, та и тие него го гледале така...

- Храбар човек... - рече замислено и повтори: - многу храбар мора да бил зографот, штом имал смелост на светците да им гледа право в очи. Што мислиш, колку се стари ѕидовите?

- Да знаеше да зборува саѓата, ќе знаевме и ние. – Тој потсобра раменици, од чудење скрши веѓа и, воздивнувајќи, рече: - Лошо, многу лошо...

-Што?

Со очи покажа на другарката. Неа веќе ја имаше совладано дремка. Главата и беше насвалена настрана и од цепнатинката на устата и течеше врвца лига. И без да откине поглед од другарката, тој доврши:

-Кога в црква влегуваат расипани луѓе... И тогаш луѓето, народот колни. А клетвата народна, велат, е најголема, најтешка и најтрајна. Трае се додека е живо коленото, додека коренот има корен... додека сојот и родот трае. Како што колената не ги снемува, како што корените корен раѓаат, како што сојот не умира, така и лошото живее во клетвата народна што постојано се пренесува низ дамарите во народното паметење и како поука и како предупредување... ќе не колне нас народот, ќе не колне...

Само на неколку чекори од нив огнот се шири, се пласти жар врз жарта, пламенот ги споплати цепениците, вивнува нагоре и во партали - се кине. Се шири топлина. Борците распојасуваат појаси, откопчуваат шинели тие, кои седат поблизу до огнот. Други скраја од огнот, исполегнати на камениот црковен под и покриени со старите италијаснки и англиски шинели, спијат. Некој, со грбот свртен кон огнот, одеднаш скокна и се фаќа за рамо. Се шири мирис на изгорена крпа. Навалена па царските двери, задремува Мита. Болска, мижи и трепери синкаво пламенче врз цепениците под кои жарта блешти. Треперливо

блеснува и наеднаш пораснува, исфрла нагоре искри и го разбива мракот. Светлина се растури и се разлеа наоколу, се подигна до таван, го осветли лицето и очите на Пандократорот; се појаснија крилјата на ангелите и образите на светците. Догорува огнот и пламенот трепетливо се смалува, болска над жарта и ко воздишка згасна... Некој донесе уште две цепеници, ги фрли во огнот - облак искри како рој пчели стигнаа до таванот. Пламенот ја оближа цепеницата, оставајќи врз неа обгорени лузни, потоа ја обгрна и во себе ја спови. И врз неа, некој друг, фрли икона откината од олтарот. За миг во црквата се смрачи. Остриот чад истиснува солзи. Од под иконата крадешкум ползат пламени јазичиња. Спржува бојата и истекува окото на светецот, заигрува пламенче врз него, црцори, се стеснува и смалува и спржено се стопува во жарта над која пламен висок блесна, исфрли искри пругоре и светлина силна на ѕидовите разигра сенки. Се чини дека топлината ги маќепса сите и во тишината што настана, сал некои, молчејќи, го слушаат виежот на молкот.

Црковната врата нагло се отвори. Зад човекот што влезе, вејавицата истури внатре студенило и снег.

- Командирот, каде е командирот? - праша тој.

- Таму - покажа некој со глава на олтарот и во исто време излезе од олтарот командирот, опашувајќи го офицерскиот појас.

-Другар командир! Итна порака! – ја симна капата, ја распара од страна и му подаде ливче.

Командирот го свртe листот кон пламенот, мрштеше веѓи и мрдаше со усните. Ливчето го стави во офицерската чанта и потоа викна:

- Строј се! Гаснете го огнот и поаѓаме! Излегувај!

Пред црквата четата се построи, старешините на водовите ја проверија бројната состојба. По поднесениот рапорт и поставувањето мртва стража, четата, одејќи еден зад друг го

следеше куририот кој пробиваше пртина во густиот снег, влечејќи го зад себе во мракот живот синџир.

Другарката – афежитка, со главата втисната во високата јака на шинелот затропа на вратата на Кузе. Од внатре се слушна тивко шушкање и, вратата куцкајќи, се отвори колку за една педа. Во отворот се подаде разбушавената глава на Кузе.

- А, ти си? – без изненадување праша тој. – Блегувај, блегувај брзо... Ама студенило, бре, бре...

Кузе го запали кандилцето, се загледа во лицето на жената и со глас на извинување, изусти:

- Барем да си дошла порано, ќе вечеравме, а и за лебот што се однесува, барем да си дошла некаде барем пред приквечерина, ќе свршевме работа со лебот... Ама ќе биде... Како што си рекла: до третите петли. Пешници се печат во седум фурни. На, големи. Цела армија да нахраниш... – се пофали Кузе, покажувајќи со раце колку големи се пешниците.

Таа строго го погледна, го фати за нависнатиот подбрадок и, цедејќи го секој збор, го затресе:

- Војската си ми ја оставил гладна!

- Шо-што? Гладна? Каква гладна? Па седум фурни...

- Да ти се мочам во фурните! Војската, реков, остана гладна! Заминаа, разбра аљ не разбра!?

- Што? Замина? Ами, како така замина без леб? - Кузе дотрча до прозорчето, со дланките ставени одстрана, се загледа во мракот и со израз на огромно изненадување и разочарување, тивко рече: - Ту, бре, мајката, па тие навистина си отидоа? Ами што ќе му правам на толку леб? А ти, пак, од каде па ти сега тука? Ти, ти не си со нив?

- Не е твоја работа да знаеш каде сум јаска! Мојата работа не е за во колона. Пази лебот да го прибереш. Утре в зори, ќе

поминат други колони. И запамти! - таа пак го фати за брада, го растресе, стрвнички му се загледа во малите гурелави свински очи, му се закани со прстот од слободната рака, мавтајќи му пред нос: - Да запамтиш еднаш за секогаш! Ако не можеш да запамтиш, тогаш ѓе се најдеш во колоната и тоа пред неа! И слушај сега! Тие шо ќе поминат утре да ги нахраниш веднаш! И запамти: секогаш да имаш леб! Чувај го во амбари, во вреќи, каде сакаш, ама секогаш да го имаш при рака. Ама да го имаш, зашчо ако го немаш, тогаш јаска лично ќе те стреља! - му подвикна и му ја пикна под нос цевката на пиштолот што наеднаш го извлече од зад појас. - Ќе те стреља като бесно куче! Пиштолот го врати во футролата и за да не заборави пак му рече: - Като куче бесно ќе те стреља!

Таа ја подигна високо над ушите јаката од шинелот и со рацете длабоко пикнати во џебовите, се сврте, удри со војничкиот чевел на вратата, излезе без збор и зашлапа во замрзнатиот снег. А Кузе, кој стоеше на прагот, кога виде дека ја снема во темното сокаче што свртуваше лево, погледна на сите страни и тогаш со десната удри на лактот на левата рака и полугласно рече:

- Е, на, шо ќе ме стрељаш, натемате...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 5

Во искривена линија, чекор в чекор и еден зад друг одат наведнати, задишани. Крцка замрзнатиот снег. Се крши дебелата кора. Отвораат пртина длабока до појас, до рамена. Се пробиваат под високите намети, повисоките удираат со главите и врз нив се растураат купишта снег. Белее образот, боли и пече, горат ушите. Печат замрзнатите прсти, пече и боли голото стапало. Никогаш како досега снегот не звучи толку гласно. Се крши под нозете и со секој изминат чекор станува се позвучен. Крцка, се дроби под нивните нозе и чекорот станува се потежок. Горе бучат и вијат букиите. Од големиот студ - трештат и пукаат стеблата. Вее и завива силна и луда вејавица. В очи и лица залепува студен снег, пресечува издишка. Под нивните нозе крцка и се дроби замрзнатиот снег и се потежок станува чекорот.

- Напред! Држи се за тој што е пред тебе! Не стој! - од уста во уста се пренесува командата.

Одат наведнати, здишани, препотени.

- Не стој! Ќе заспиеш... оди... оди, не стој!

Циљка заостанува. Не може да држи чекор. И се чини дека под неа земјата се лизга и ја влече надолу и се станува глуво. Одвај влече нозе, подзастанува, колената и се прекршуваат... Некој ја фати под мишка, ја довлекува до себе и таа само чувствува дека некоја силна рака ја држи, ја стега и ја влече напред.

Фатени за раце, држејќи се за шинел, за пушка, за ремен, ја прегазуваат реката. Тежат водените алишта и смрзнуваат. Свтрднува а шинелот, блузата, панталоните и стапалата во цокули. Ранците влечат надолу, нозете вкочанети од студ и умор, се заковуваат за земјата.

- Станувај! Движи се! Напред! Не стој!

Се раздвижи колоната. Одат со замижеани очи, се држат за шинел, за појас, еден зад друг, грбот боли, дремката завладува, спијат во марш...

На одредиштето стигнаа во мугрите.

- Запалете оган! - паѓа команда.

Со вкочанети раце собираат суварки. Врз набиениот снег разгорени огнови. Под нив се топи снегот и огнот оди надолу. Собрани околу чадот што излегува од долу, пружаат раце, шмркаат и плукаат настрана...

Попладнето - марш на ново одредиште.

Во земјанката прибрани и стуткани еден до друг, потпрени на замрзнатите ѕидови од кои се цеди вода, гледаат во малиот жив оган. Потскокнува пламенчето. Остриот чад исцедува солза. Во топлата земјанка навираат спомените. Обременети се со своите мисли и заскитани некаде далеку... Имаат натечени десни и кога ги допираат со јазикот, им се чини допираат навлажнет памук. Се им е тешко - и нозете што ги влечат и очните клепки што им паѓаат врз очи и шинелите и капите, освен сувото парче леб и голтката вода...

Јани затвора очи и под клепките гледа полна софра и на неа најмногу грав. Во огништето, врз запалените дабови цепеници прскаат искри, разигран е пламенот, баботи во оџакот и блашена топлина одајата, а тој издолжува валкани и засмрдени нозе, ги пика во легенот со жешка вода. Мајка му дотурува од ѓумот... а тој срка густо запечен и лут грав, фрла в уста здиплени фелки леб... Легнува во топлата постела покриен со црвено веленце. Мајка му седи до него, го гали со рака, со очи, нешто му зборува, во чашата дотурува жешко млеко... Го совлада сонот и во него мора го мачи. Го исполнува целиот, а тој вика, се заканува, се подигнува, удира со тупаници, клоца... Отвори очи. Целиот е наежен и испотен... Циљка наведната над него, му ја брише потта од челото и вратот и го пои со жешка вода...

Во огништето ископано во ѕидот на земјанката згасна пламенчето и земјанката заедно со големите сенки расфрлени на ѕидовите, потона во мракот. Цијька навали глава врз рамото на Јани и како во полусон непрестајно и се премотуваат истите слики и ги слуша истите гласови и пцости... На сет глас вика Цана за помош... Лежи таа тешко ранета и вика, моли. Во разгорот на бојот никој не го слушна нејзиниот глас кој се исцеди и секна... Та само еден ли глас така молеше? Цијька широко отвора очи и се загледува во јагленчето што мижурка во спузата, Полека се подигна и, шлапајќи во насобраната вода на дното од земјанката, излезе надвор. Погледна нагоре. Во празнините над огромните буки, на црното платно што вишнее над нив, болснуваат ѕвездите. Подувна ветер, ги разниша гранките и го истресе снегот. Ветерот се засили: и вие меѓу стеблата, ги ниша врвовите, се трие стебло од стебпо. Се врати во земјанката. Тивок, зарипнат глас. Тоа е Коле, кој неодамна се врати од болница.

- Таму во болницата ја препознав. Потоа ја дебнев со денови. Еден ден, таму над стрмнината, застанав пред неа и се загледав во нејзините очи. И таа ме погпеда и ми се чини дека врз мене растура отров. И пријдов. Со двете шепи ја фатив за лице и одделнаш и ја свртив главата. Не издаде глас. Почувствував како олабаве во моите раце. Заедно со неа ја турнав количката прудолу. Ја најдоа приквечер. Рекоа дека се струполила во ендекот и си го скршила вратот. Само јас знаев како се случи и сега знаеш и ти... Колку ли наши момчиња и девојки настрадаа поради нејзините лаги, шпиунлакот и кодошењето... Де тој бакни ја, де таа него, де тој укради леб, а оној брашно... И така за пример стрелање пред строј или во мугрите - скришум... И секогаш кога ќе си спомнам, ми се гади. Фати ми ги рацете... Водени се од пот... Ниту со вода и сапун да ги измиеш... Пред малку ги мочав ама пак ми се потат...

Цијька тивко, без збор, седна до Зоја, која пред недела дена се врати во стројот. Во полумракот го гледа нејзиното огрдено лице и си мисли: - Колку е добра и мирна и зошто ли токму неа ја погоди шрапнел и толку лошо и го огрди лицето? Сака да и каже некој топол и нежен збор, ама знае дека нема да ја утеши.

И наместо тоа, таа почна тивко да се моли. Се моли за овие кои така истоштено и смрзнати сега дремат во влажната и студена земјанка и за оние кои се на стража и за оние кои не се вратија од бојот и за оние кои се на пат за в болница...

Зоја се помрдна, навали лице до лицето на Циљка. Со тивок и нежен шепот тие заедно се предадоа на молитвата. Со сета моќ и сила што е во нив го молат Семоќниот да ја слушне нивната молитва. Гушнати, со мисла и дух му се предадоа на Бога...

Во земјанкта влезе политичкиот секретар на четата и праша:

- Која од вас знае да става вендузи?

- Јас... - се слушна од ќошот срамежлив глас. Пред политичкиот се исправи Зоја, закопчувајќи го големиот и широк шинел. Политичкиот се загледа во неа и во шинелот, спушти поглед на нејзините нозе обуени во големи и извалкани цокули, а потоа и рече:

- Дојди поблизу.

- Таа застана пред него во став мирно. Пламенот што се превиткува во средината на земјанката го осветли нејзиниот десен образ огрден со дебела лузна во чија средина се уште е залепен загноен струп.

- Ова што ти е? - праша политичкиот, покажувајќи со прстот на нејзиниот образ.

-Јас... јас... - се заика Зоја - скоро сум вратена од болница. Бев ранета и се вратив во одредот со се уште незаздравена рана...

Тој уште еднаш внимателно се загледа во неа, ја измери од петици до глава и рече:

- Некоја од девојките научи да става вендузи - и се загледа по лицата на девојките. - Еве, оваа научија. А, ти - тој и се обрати на девојката на која покажа со рака – уште денес да научиш да ставаш вендузи. Ова е наредба. Разбра?

- Разбрав! - војнички се исправи девојката. – Веднаш да научам да ставам вендузи!

- Веднаш и потоа да се јавиш на рапорт.

- Разбрав, другар политички. Да се јавам на рапорт.

Собрана во рамениците, свиткана и посинета, Зоја стои на брегот од вирот. Гледа во бистрата вода, а во неа широко отворени очи, слични на очи на исплашена срна, лице огрдено од лузна, збрчкано чело, стегнати усни и вилици, прекршени веѓи... И токму сега сфати колку многу е понижена и колку многу таа навреда боли... Капнува солза во водата и отвора кругче, а тоа уште едно и уште едно и се шири, го зафаќа целото огледало на вирот, полека стигнува до брегот и се гаси, врз него згаснува друго кругче, носејќи го со себе огрденото лице на Зоја. Се смирува водата, во неа затреперува лузната и струпот, се искривуваат големите срнешки очи и таа наведната над водата, трепери се до нејзиното дно... И се пристори дека животот и личи на грст песок: некој го зеде в дланка и го мери, го превртува, го префрлува и го отсејува низ прсти...

Вечерта научената девојка го нарами ранецот во кој го стави торбичето со вендузите и му се јави во земјанката на командантот на баталјонот. Не остана долго да го лекува. По неколку дена доби прекоманда во штабот на бригадата. И таму има потреба од девојка која знае да става вендузи...

Во првите денови на март се отвори времето. Јужњакот го стопи снегот и водите стекоа - се наполнија суводолиците. На осојнините шарее снег. Дождовите на Грамос доаѓаат нагло. Им претходат секавици. Врзуваат тие ридови, ровји удираат на високите оголени карпи и на дрвјата - чолаци. Долго ечат траповите и клисурите. Дење, небаре се смрачува, поцрнува небото и како од црево - истура дождот. Матната влече лисје, гранки и трупци, тркала камење, во суводолиците матно и лудо клокоти дождовницата. Како штго почнува, така и се стишува. А има денови кога од облаците со денови и без престан се цеди

дождец. Во душата се стемнува, мозокот потонува во мрак, нервите напнати, секој е лут и гневен. Меѓу ридовите и клисурите се превалува магла и студи небаре е доцна есен. Рони дождец и човек се чувствува малечок, ситен, слаб, осамен, празен, скршен и немоќен. Во сончевата топлина и испарнината им олеснува на планините и... на луѓето.

Лескиte пуштија реси, расцути дренот, сипи жолта прашина. Пупките расат и тревата зазелени. Се распеаја птиците. И на лицата на девојките расцвета насмевка. Пролетта дојде наврапито. Небаре грмна и расцути...

Иљо, навален на сидот од ровот, на двајца оздравеници кои дојдоа од Сук им кажува:

-Во нашата чета нема постара девојка од дваесет години. Четири имаат седумнаесет години, седум осумнаесет, пет деветнаесет. Само една има дваесет години и таа е задолжена да води грижа за нив. Само нејзе и кажуваат кога имаат прање и други женски работи... Сега сите се одени на река да се мијат. Јас случајно чепнав во еден оставен ранец и од него извадив тетратка. Еве што пишува: “Политичкиот комесар на 587 чета има многу лош однос кон девојките. Секогаш на нив гледа потценувачки и за нивните маки нема разбирање Вели: -Јас:признавам само херојство. Кон таквите ќе се однесувам како татко. Злобникот пред еден месец дојде од Булкес. Тие кои се дојдени од Булкес, ги викаме Булќотес. Многу се омразени од нас. Се сметаат за образовани, се држат отмено и никому не веруваат. Сите им се сомнителни. Строги се и без човештина. Такви се командантите кои дојдоа од Булкес. Кога за некого ќе се рече Булќотис - се знае - чувај се од него... Кога на некоја девојка и се доверува нешто, тогаш тој се противи, велејќи дека политички не е изградена. Тој е лош и бездушен. Многу ми е жал за Ленка и Марика. Ги фати како јадеа зелена трева и нababрени пупки. На сите нам малку ни е храната. Јадеме по педесет грама мерен црн леб и скоро секој ден за ручек и вечера булумач - избурбатено брашно со топла вода. Многу ги искара. Некни за време на целоноќниот марш Ленка и Марика заостанаа. На смена тие го носеа митралезот. Кога главнината на четата фати позиции, девојките се уште се искачуваа по

стрмнината. Командантот се развика, а политичкиот рече: - Што си мислите, вие? Зарем мислите дека ова е селско корзо или одење на чешма по вода со стомне и ѓумче? - Не можеме, му рече Марика, тежок е митралезот и никој не ни помогна... До пред два месеца немавме униформи. И на вежби и во бој и во марш - со тоа што дојдовме од дома. Скинати фустани, голи стапала... Нема да пишувам повеќе зашто многу ми се плаче кога мислам затоа низ што сме поминале..."

Од долу, од трапот, пругоре се враќаат девојките. Ињо ја пикна тетратката во ранецот, ја турна капата над очи и се прави дека дреме. Во еден миг почувствува бодење во колкот. Сврте глава.

- Гледај!

- Бре, бре, мајката, зарем нашите се? - рече вчудовиден. - А бре...

- Де, де, наши се, ами чии!

- А, бре - викна Ињо и се поднамести - види ги колку се бели, румени...

- Чисти, Ињо, чисти...

Од рововите и митралеските гнезда се подадоа глави. Мита, најстарата од нив, со шмајзерот обесен на врат и со налактена рака врз него, оди понапред од другите. Исправена, румена. Капата накриво, црната коса развеана, две копчиња од кошулата откопчани, ветрецот ги фрла настрана полите од војничката блуза и под кошулата, во ритамот на чекорот, потскокнуваат јадрите моммински гради. Тврдо и сигурно тапчи, тревата легнува под најзините цокули, нането и планинското цвеќе, стапнати, шират мирис. Гледа скришум кон рововите и знае што мислат тие таму и кои делови од нејзиното тело ги гледаат и ги голтаат. Помина покрај првите неколкумина, лесно подигна рака во војнички поздрав, велејќи си во себе: - Што е, јунци, а?

По неа поминаа и другите и се растурија по своите водови...
Ињо длабоко воздивна, погледна на небото и, мрдајќи со глава, рече:
- Господе, немој да ми го земеш меракот...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 6

-Ама снег, ама вејавица.... - рече Стојан. -Ако, ако, нека врне... До половина, море до рамо, до глава. Нека ги покрие сите патеки, нека нафрли намет до над глава за да не можеме ниту ние, ниту тие да мрднат. Добро што навреме изградивме земјанки. Се жалевме тогаш, кога не тераа да копаме и да носиме трупци. Е, сега е благодет од потта, нели? Седете, лежете, мижете, тивко дишете, топлете се и молете се што повеќе снег да наврне. Нас да не отсече од нив и нив од нас. И тоа што подолго. И така не се сакаме, нели? - Јани, бре? Уште ли се валкаш со тоа огниште? Еве, на, суварки... Ајде, нека истреси некој од ранецот уште од суварките и тревата. Завали го, Јани, огништето. Да забаботи како пампур. И немојте да брзате да ги сушите смрдливите чорапи.

Земјанката се наполни чад. Од очи истиснува солзи, гребе во грлото. Јани, коленичејќи, па ченгелот обеси ѓумче и почна да дува во одвај разгорените огпичиња, плука настрана, со валканата дланка, ги брише солзите. Повлече оџакот и наеднаш порасна пламенот. Светлина се растури во земјанката и по черек време се почувствува блажена топлина.

Стуткани еден до друг, молчаливи и секој на свој начин оптоварен со мислите, изгледаат како свиткани гранки врз кои се повеќе натежнува снегот. На влезот се појави Мита и, тресејќи го од себе снегот, до огништето фрли цел прегграб кусо сечени цепеници. Зад неа во земјанката влезе студенилото и вревата на снежната бура.

- Од кај северот малку се отвори небото. Ѕвезди се гледаат - рече Мита и седна до Цињка.

- Ако се разведри, тогаш, луѓе, чекајте мраз, студенило. Се појави ја ли ѕвезди, огреа ли месечина - се ќе биде под мраз. Ќе стежне снегот. - Стојан воздивна, дофрли во огнот од доцесените цепеници. - Само да не им текне да речат: ајде, станувајте, тргнуваме...

Седат и молчат загледани во огнот и секој си ја тегне мислата, ја ткае - доткајува, во неа ги врзува своите желби и сакања... Седат и до нив стравот... Седат и до нив исчекувањето... Седат и до нив желбата... И копа, длаби, гризе копнежот... И во тишината - надвладува молкот, стежнатите воздишки, прскањето на искрите во огништето, а во нивните глави - цутат мисли и серојат мали радости, што секој ги има и љубоморно длабоко ги чува. Се радуваат затоа што ноќта нема да ја поминат под ведро небо и вечерва нема да легнат со наводенети чорапи и нема да се покријат со шинелите тешки од водата. И чекаат да им стигне вечерата.

Им донесоа варена пченка. Готвачот секому, со шепа, рамно им подели на сите. Јани фрла зрно над глава и го дочекува со отворената уста. Вели:

- Види, види само паѓа в уста, како крушка, како бонбонче, море како локум со ореви... Ам, ам, бре, што е слатко...

Клокоти водата во ѓумчето обесено на ченгел. Мита фрла во него грст планински чај и кога во целата земјанка се чувствува сладуњаво - горчлив мирис, таа го разлева миризливиот врелец во алуминиумските таски. Си ги греат дланките и со нив образите челата, дуваат во жешкото, српкаат гласно, си ги горат усните, непцата и грлата и чувствуваат како топлото се разлева по градите и желудникот. Ѓумчето го полни со снег и го обесува на ченгелот.

- Е, што би здробил во чајот една попара - вели Јани и покажа како би ја јадел.

Заморот ги совладува, врз очните клепала натежнува дремка. Мита навалува глава на Циљкиното рамо и се загледува во разиграниот пламен и искрите што прскаат. Допираат до нејзините уши тивки воздивнувања. Знае дека некоја од девојките тивко липа. Знае по воздишката која кружи како откинат како лист од бреза што го носи и разбејува ветерот и некаде го губи. Кога завладува тишина и молк, тогаш најмногу ги има липањата и воздишките. Погледнува на Зоја. Од сонцето, ветерот и дождот лицето и имаше боја на пресен мед. Во

нејзините замислени очи разигран е пламенот и зарумenетo е лицето од топлината. Погледна и на Велика. Ги гледа и и се чини дека врз нивните образи ту отсјајува радост, ту тага, ту болка и неотстаплива е мислата дека кај сите блика некакво задоволство затоа што и денес тука пак се сите заедно - здрави и неповрдени. Да ја снема вејавицата, да ја огрее сонце. Тогаш ќе излезат од оваа земјанка во која воздухот е тежок од гнилежот на лисјето и папратот, од војничките цокули, непраните алишта и немиените тела. Ќе легнат врз замрзнатиот снег и со затворени очи и црвенилото под клепките во себе ќе го собираат целото сонце. Гледа Мита во огнот, разговара со себе, го претрчува на брзина својот дваесетгодишен живот во кој и се чини дека има премногу изгреви и заоди, магли и дождови, маршеви и борби, денови и ноќи гладни и влажни и непреболни болки за блиските и пријателите од кои веќе многу ги нема. Одново се загледа во лицата на Циљка, Велика, Тинка, Зоја и во себе се радува кратко, зашто врз една мисла брзо се напластува друга, врз еден спомен налегнува друг. Се разигра наеднаш мускулот на левиот образ, се свиткаа веѓите. И се пристори дека го слушна гласот на политкомесарот кој скоро пред неполни четири месеци, таму на ливадите на Арена им велеше: - Ако не убиеш, тогаш тебе ќе те убијат! И тогаш и сега таа си мисли: - Зарем неоходно е да убиваме и да не убиваат? И кој знае колкупати си го поставува истото прашање: - Кој ли го измислил ова зло – убивањето? – дали некој ќе го искорени? Некојси, а велат тоа бил Христос, се нафатил да го корне злото, лошото, болното, грдото, ама со добро и правејќи само добри дела. И настрадал, кутриот, заради тоа што добро правел. И оттогаш, да до денес затоа го слават и го жалат убедени дека тој во име на доброто со својата смрт ја победил смртта.... И зошто луѓето кои веруваат во истиот Бог не престануваат да се мразат и да се убиваат? Длабока воздишка се откинува од нејзините гради - воздишка на немоќ. И можеби затоа, кога пак погледна на Велика и Зоја, забележа дека поттреперуваат нивните бради, дека во очите им виреат и се вртат солзи, тогаш кај неа во градите нешто се прекрши, ја фати грч и и се присака гласно, на сет глас да заплаче, да залелека, да заофка и коса да си корне. Притисна глава до Циљкиното рамо и се загледа во таванот на земјанката со очи на расплакан, ожалостен и несреќен ангел.

Циљка ја погали по глава. Од другата страна наземјанката се слушна гласот на Јани.

-Ти, Циљке, само молчиш, та молчиш. Од вчера глас не сум ти слушнал. Велат убаво знаеш да раскажуваш. Ајде, де, кажи, раскажи нешто?

- Уф, па ти, бре Јани, што да раскажам?

- Па, за дома, како што сите ние кажуваме за дома.

- За дома? - праша Циљка. Па...

- Аргир, ре, о Аргир! Спиеш?

- Не, не спијам...

- Па тогаш, не хрчи... Чуден човек си ти, бре Аргир. Уште глава не навалена, веднаш заспиваш и хрчиш.... –налутено рече Јани. И пак ја замоли Циљка: - Ајде, Циљке, кажувај, де...

Циљка се поднамести, фрли неколку суварки во огнот. Се искашла. И го почна раскажувањето:

- Во нашето село имавме две даскалици. Марија и Софија. Марија ме учеше кога бев нипја, а Софија кога преминав во првото одделение. Немаа постојано живеалиште, туку на два, на три дена спиеја и се хранеа во друга куќа. Се зборуваше дека државата немала доволно пари, та затоа селаните им даваа конак и храна. И така, несакајќи, тие го научија нашиот јазик. Честопати, во примракот, си седевме на чардак и тивко-тивко, колку за наши уши и наслада, си пеевме наши песни. Зборовите не ги разбираа, ама одушевени беа од гласот. “Имате многу убави песни” – велеа и си потпевнуваа низ нос се додека не заспиваа во нашата гостинска соба. Таму мајка и баба им постелуваа. Со старичките си зборуваа македонски, а со мажите, па дури и со старците, освен едно калимера, не правеа муабет. Ние, девојчињата, си ги сакавме и кога понекогаш, ама повеќе од навика им велевме добар ден, наместо калимера, тие не ни се лутеа и не не караа, ами ни велеа: - Дома, со мајките,

бабите и дедовците, секогаш да си зборувате само грчки, зашто само така ќе можете да бидете добри девојчиња и тогаш и Господ и Богородица многу ќе ве сакаат и секогаш ќе ве заштитуваат. Ако не зборувате така, како што ви велиме, тогаш секоја ноќ ќе сонувате само соништа во кои во густи шуми ќе ве бркаат волци, од матни води ќе излегуваат змејови и со пламени јазици ќе ве горат... и добрите ангели нема да ви дојдат на помош...

Јас од тоа се исплашив многу и уште истиот ден, враќајќи се од школо, пред порти го сретнав дедо и му прозборев грчки. Тој ме погледна и строго и жаловито и, ставајќи го прстот на усните, ми просаска:

- Сус, чендо... - и толку, повеќе ништо не ми рече и мене за тој ден и повеќе денови потоа ми беше доста. Арно ама, изгледа подзаборавив. - Еден ден татко ме праша:

- Што учевте денес?

Цело време ја учевме молитвата, а таа почнува вака: “Патер имон...” – тогаш дедо се искашла, јас го погледнав и во неговите очи ист укор како пред неколку недели. Не продолжив, зашто ја заборавив. А дедо ме зеде на колено и рече: По наше молитвата е вака:

**Отче наш иже еси на небесах,**
**да свјатитсја имја твое,**
**да приидјет царствие твое,**
**да будјет воља твоја,**
**јако на небеси и на земли.**
**Хљаб наш насушниј дажд нам днес**
**и остави нам долги наше**
**јакоже и ми остављајем должником нашим;**
**и не ввеги нас во искушение,**
**но избави нас од лукавого**
**и ниње и присно и во вјеки вјеков... амин...**

- Ја знам оваа молитва! - извикав, а дедо ме гушна и ми рече:

- И никогаш, чендо, да не ја заборавиш...

Циљка прекина, воздивна длабоко, погледна на околу и тивко, одвај чујно изусти:

- А дедо и баба и мајка и татко и сите ние рожбите нивни дома секогаш вака си се крстевме и велевме: **слава Отцу и Сину и Свјатому духу и није и присно и во вјеки вјеков... Амин.**

Циљка подигна очи кон таванот на земјанката и занемена трипати се прекрсти.

- Ете, така, ние се крстевме и се молевме дома секогаш од кога памтам за себе... – прошепоти Циљка и згасна и потона шепотот нејзин во длабоката тишина. Во огништето вкопано во ѕидот на земјанката гласно прсна искра; се размножи во очите на исполегнатите и навалени борци. По неа полета парталче пламен и веднаш потоа се распалија кратко сечените цепеници. Пламенот ги обвиткува, ги лиже, се префрлува од крај до крај и олеснувачка топлина ја исполнува земјанката. Во полумракот се откинува длабока воздишка и ја олеснува тагата и болката. Молк завладеа и само искрите и пламенот во огништето се разигруваат и ту ги лулаат, ту ги издолжуваат и скратуваат сенките раздвижени на ѕидот...

- Продолжи, Циљке – се слушна гласот на Зоја.

- Јас завршив само четврто одделение. И со него дојдоа сите селски работи. Станував со мајка во мугрите и така врвулица работите цел ден. Зарем малку работа има на село? По жетвата малку олеснуваа работите и си велев, ај уште малку, уште месец и ќе тргнам на школо. Во кратките летни ноќи, лежејќи на рогозина врз калдрмата во дворот (дома не спиевме лете зашто не јадеа болвите) и загледана во безбројните ѕвезди што мижуркаа на небото кое од едната страна беше заградено со куќата, од другата со тремот за овците и до него фурната, па натаму од високиот ѕид што не делеше од комшиите и од долната страна со високата порта и авлијата, си мислев: ете, уште малку и како што ми вети тате, ќе одам во Костур да учам

за шивачка. Не отидов во Костур... Четвртиот ден од август небаре онеме селото. На зајдисонце чупите и младите невести не отидоа со стомните на чешна по вода. Старците рано се прибраа дома. Мажите не се собраа на вигната на квечерински муабет. Младинците не се собраа сред село и не тргнаа долж широкиот селски сокак што се протега од горната до долната маала. И правдата рано ги прибраа. Мајка не викна дома, зад нас ја залости портата со долгиот и тежок дабов лост. Во големата одаја се собравме сите домашни: дедо, баба, татко, мајка, сестри ми и браќа ми.

- Дедо... – му се обратив на дедо, ама тој ме прекина, ставајќи прст на усните. Разбрав дека треба да молкнам, ама зошто, не можев да разберам. Стоев изненадена и вчудовидена. Дедо испружи рака и покажа да седнам до него. Седнаа сите. Веднаш си помислив дека некој е тешко болен или е на умирање и не дај Боже, да не умрел... Татко пушеше цигара по цигара, дедо со растреперена рака сакаше да го припали чибукот, баба со рацете скрстени на скутот, се нишаше напред-назад, мајка со образот потпрен врз десната рака, гледаше во растрепереното пламенче на ламбата.

- Дедо... – пак му се обратив на дедо, ама тој пак покажа со прст на усните и јас замолчав и се загледав во таванот. Татко го фрли опушокот во огништето, се искашла, плукна во пепелта и рече:

Ова и од Турците го немавме...

- Шо?! – со навредлив глас праша дедо и налутено рече: - Зарем Турчинот-агата ни спомнал некогаш да не зборуваме на наш јазик? Ти го памтиш, нели?

- Како не... – рече тате – добро го памтам. Нели, мајко - и се обрати на баба - кога си отиде бегот, јас имав дванаесет години?

- Ни спомна ли бегот? - праша дедо налутено. Јаска, ете, скоро седумдесет и пет години правам, а за такво чудо, некому да му браниш јазикот да го зборува, не сум чул. Иии, мајката, бре, таму, о Америка, кога бе, а бре шо јазик сакаш да слушнеш, ќе слушнеш и никој нишчо не ти вели. А туа, туа о нашето место...

- не се доискажа. Јас веднаш си помислив дека дедо пак ќе почне да раскажува за Америка. Сакавме да го слушаме кога раскажуваше за своите печалбарски денови. Знаеше толку убаво да раскажува, што нам се ни личеше на приказна. Детроит, еден голем град во Америка, како да ни беше тука некаде во близина на селото. Само што од нашето село се разликуваше со високите куќи, високи, ене до таму горе, до ридот, со широките сокаци секогаш полни луѓе, со големите фабрики... Е, тоа фабрики не можевме да го разбереме. И не можевме да разбереме дека има црни луѓе со дебели бузи и широки носеви, а и луѓе со коси очи. Целиот свет што беше во Детроит, ние небаре си го имавме дома. Толку не знаевме за Костур, колку што знаевме за Детроит... И сосема будалесто му реков на дедо:

-Ајде, дедо, раскажувај за Детроит - замолив и се наместив на неговото колено.

- Сус! - просаска татко и откако намуртено не погледна сите, и уште понамуртено и заповеда на мајка: - Донеси ја софрата да вечераме!

- Не се карај и да не ги караш дечките! - му подвикна дедо.

-Ами, бре синко - се вмеша и баба, гледајќи го татко право в очи - ќе зборве и ќе пее дечките... Зошто да не? Затоа што така му текнало на Гркот? Тој денес е тука, утре го нема. Како даскалите и даскалиците. Не оти ќе остани вечно? Беше Турчинот? Беше. Го има? Го нема! Дојдоа Френците и Ингилезите. Дојдоа и ги нема. Така ќе биде и со Гркот. Како што си дојде така и ќе си оди, само што е греота за људјето шо ги испоклаа андарите по востањето. Му текна на некој арамија и јајчар да ни го брани јазикот и ние му се исплашивме. И да не ми ги караш дечките...

- Добро те учи мајка ти - му рече дедо на татко. – Ќе зборве и ќе пее и зошто да не?

И оттогаш дедо честопати велеше:

- Шо ќе ми сторат? Јазикот ли ќе ми го посечат? Циљка прекина за миг, копку да се издише и продолжи:

- Јазикот не му го посекоа. Ама еден ден на порта чукна корофилак и откако мајка му отвори, тој праша на грчки:

- Дома ли е стариот?

Мајка не разбра и ме викна:

- Циљко, дојди да се разбереме со човекот!

- Кажи му на стариот да слези долу. Веднаш! – викна тој и удри со камшикот по кожената чизма.

Дедо излезе пред порти, се загледа во хорофилакот.

- Мене ли ме бараш? - праша на нашки.

- Појди пред мене.

Дедо се врати приквечерината. Беше истрижан на крст. Со наведната глава грчевито го стегаше мевот. Цела ноќ излегуваше понадвор. Баба гласно колнеше, а јас не можев да разберам зошто му го сториле тоа. И не можев да го гледам така затворен во себе, со засрамено спуштен поглед, со навреден израз на лицето, молчалив и потиштен... и не можев пак да разберам зошто даскалиците Марија и Софија не се вратија од Костур и зошто новиот даскал беше толку многу строг. Едно влегување во училницата, тој фрлаше врз мене опуљ и отсечно ме прашуваше:

- Како се вика дедо ти?

- Крсто, кир даскале... - велев јас со растреперен и исплашен глас.

- Не е вистина! - извикуваше тој. - Дедо ти, да му кажеш, се вика Ставрос. А како се вика брат ти?

- Крсте, кир даскале... - од устата името ми се откинуваше како липтеж и врз отворените тетратки ми капеа солзи. На дедо не му кажував што ми порачуваше даскалот, а дедо, кој почна веќе да се опоравува од пониженоста, еден ден ми рече:

- Чендо на дедо, дојди, седни до мене. Слушај шчо ќе ти кажи дедо. Крсто е име шчо го носел дедо ми и прадедо ми и дедојте на нимните дедовци. Секое прво машко во нашиот сој се крсти Крсто. Ете, затоа, мило, во нашата куќа се слави Крстовден.

Ама јас и понатаму не можев да разберам зошто даскалот со толку манија и пизма се нафрли врз дедо? А тој, даскалот де, конакуваше во една куќа, ама секои три дена се хранеше во друга. Така секои три дена куќата во која одеше на рана, молчешкум го пречекуваше, молчешкум го испраќаше. Уста пред него, се разбира, не се отвораше, а ако се изговараше нешто на грчки, тоа беше толку лошо искажано, што и самиот даскал од тоа ништо не можеше да разбери. Еден ден, кога пак му дојде редот да се храни кај нас, баба заборави да му стави лажица. Тој прво строго ја погледна баба, а потоа рече на грчки:

- Досе кутали, грија!

Баба застана сред одаја и, клептејќи, го гледаше налутеното и навредено лице на даскалот.

-Кутали, кутали, грија! - подвикна даскалот.

Баба ококори очи, вчудовидено стегна усни и, чудејќи се, рече:-

- Ами куталето заедно со кучката ојпе по овците...

Јас прснав во смеа и истрчав надвор. По мене дојде и баба и налутено проколна:

- У да не фтаса дома да оди и чрното да го голтне! Ами, зошто ли му треба куталето?

Бабо, не ти го бара куталето, туку ти побара лажица. По нивно кутали значи лажица... По нивно кутали значи лажица...

- У волци да го одерат и него и тие кои го донесоа тука - пак проколна баба...

Земјанката се исполни со смеа. Зоја и Мита, кои седеа најблизу до Циљка, се смееја најгпасно.

Кога смеата се потсмири, Мита праша:

- И што понатаму, Циљке?

Циљка се искашла и продолжи:

- Даскапот од дома излезе тивко, одвај чудо зад себе затвори врата, молчаливо го прегази дворот и зашлапа во тесното калливо сокаче. Лебот и манџата не ги допре. Ама затоа гласен и бучен беше кметот. Дојде пред да крениме софра. Кога се качуваше по скалите, на чардакот кучката и куталето ја довршуваа попарата што ја беше надробила баба од манџата и лебот што не ги изеде даскалот. Кметот долго се караше со татко.

- Сте го навределе даскалот – пиштеше тој – сте го посрамиле селото, ете, што сте направиле. Што ќе речат тие во Костур, а?

Дедо, кој цело време само слушаше, одеднаш викна:

- Кој бре, пезевенку, ниеден, ќе праша и ќе рече?! Тие ли, кои секој ден нас не срамотат и понижуваат?...

- Па, барба Ставрос... - не се доискажа. Дедо му се вдаде: -Што си рекол? Надвор од мојата куќа и на Крстовден да не си ми влегол в куќи... Море не в куќи, туку да не сум те видел покрај мојата куќа да си поминал. Надвор, ти грчки подлизурко! Така дедо отвори уште еден јаз на нетрпеливост. Ама јазот што се отвори меѓу него и даскалот, најмногу матно носеше за мене.

- Дедо ти - ми подвикнуваше даскалот - е тврдоглав и неумен човек. И затоа лошо ќе заврши. На - велеше, чукајќи со стапот

по масата - дрво, ден! - Застануваше тој пред мене, ми се загледуваше в лице и отсечно ми велеше: - Читај!

Јас уплашена, целата растреперена, се губев, ни збор да изустам, дури и здив не можев да фатам.

- Дланките! - наредуваше.

- И тогаш, да умрам ако лажам, јас без страв, како за инает, одеднаш пред него ги пружив двете дланки. А тој, наизменично, удираше со цел замав, влечејќи ја кон себе прачката и крвнички загледан во моето лице, чекаше да залиптам, да заплачам, да лелекам, да врескам, да молам... Ама јас го гледав в очи и во себе го собирав плачот и болката и инаетот и чувствував како прачката ми ја дере кожата од дланките...

-И ти си како дедо ти! - ми викна даскалот, небаре, како да ми плукна в лице. - За казна ќе останеш попладне, а за утре ќе напишеш илјада коси црти!

Дома му кажав на дедо. Тој ми рече:

- Велиш, чендо, за инает не си плачела?

- Аха...

- За инает, чендо, ти најмногу да учиш, најдобра да си ти од сите...

- Грцко ли?!!! - вчудовидено праша баба.

- Зошто да не? - рече дедо.

- Затоа шо се ушче ти се пули крстот на глаата, дедо... - одврати баба.

- Токму затоа и за многу други работи... - дедо не се доискажа заради кои други работи јас треба да учам. До доцна во ноќта јас влечев навалени цртички, а постариот брат за цело тоа време

ми се смееше, велејќи дека даскалот ме врати во прво одделение. Со дедо ги изброивме цртите и беа токму толку, колку што бараше даскалот. А тој утредента, откако ми ја виде тетратката, ми рече:

- За утре пак толку, ама на оваа страна да се навалени. Третиот ден нацртав илјада тркалца и така сосема го изгубив меракот за ука. Плачливо и инаетливо реков дека повеќе мојата нога нема да стапне дури и во училишниот двор. Ама дедо си остана на своето - треба да учам. Внука му, му се посакало да е прва, а мене ми се чинеше дека тој воопшто не разбираше колку јас патам... Дома го викна синот на поп Стефо кој имаше завршено гимназија во Солун. Му рече:

- Да те главам, синко, за даскал, правиш каиљ?

Тој се насмевна и праша:

- Шо, да не си наумил да учиш грцки?

- Не е за мене работата, туку за внука ми Циљка. Тој пезевенк, даскалот де, ми фрли пизма и внука ми ја дери. По една лира за месец, бива? - праша дедо и испружи рака за потврда.

- Бива, дедо Крсто, ама за лира и половина – побара попскиот син.

Дедо изненадено и зачудувачки искриви веѓа, му затрепери брадата, грчевито голтна насобрана плунка, па рече:

- Млад си, ама дерикожа си! Тоа ли те научиле во Солун? - Даваш една и половина или не?

Се подзамисли дедо, брчките на челото му се збраа во една. Се поднамести, се искашла. -

- Дај тока - рече дедо - Лира и половина, ама ќе почнеш од денес, море од сега, добро?

- А парите? - праша синот попски.

- По свршената работа - му врати дедо.

- Ме кандиса... - рече синот попски, му ја стресе уште еднаш раката на дедо и тргна да излезе.

- Чекај, еј, кај бегаш. Нели рековме од сега да почнеш! - му подвикна дедо.

- Па токму тоа и го правам. Седи со здравје и не бери гајле... Бабо Крстовице, остани ми со здравје...

- Господ здравје и ум, синко, да ти даде и носи поклони дома на сите... Со здравје, со здравје, синко...

Синот попски истиот ден одјава на коњ за Костур. Утредента, квечерината дојде дома и му рече на дедо:

-Дедо Крсто, ние вчера арен муабет си сторивме, ама не рековме колку време ќе трае работата?

- Па, да речеме...

-Тебе, дедо Крсто, важно ти е чупчето да не остани да повторува и даскалот да не ја “дери”, како шо рече вчера, нели? Зашто колку шо знам чупчето многу добро учи, нели?

- Море учиии - напевливо потврди баба - од неа подобро никој не учи. Како брат ми Митре, да му се миросаат коските и Господ златен да им отсече и раце и глави на тие шо го заклаа... - се прекрсти баба и потоа ја дофати фурката и почна да преде.

- Ами така им правеа Турците, бабо Крстовице, на нашите.

- Не, Турците, синко, ами клетите Грци, синко... Тие го заклаа... како јаре... го легнаа и ... - покажа со рака како го повлекоа ножот. - И тој беше даскал, ама наш... о Битоља учеше и дечките ги учеше така, како шо си зборуваме ние сега... македонцки...

- Не се мешај во машките муабети! - и подвикна дедо на баба, а таа поцврсто ја фати фурката и, вртејќи го вретеното налутено, излезе од одајата без збор. - Е, сега да го довршиме пазарот.

-Вчера, дедо Крсто, бев кај епитеоритијата и кај владиката. Му кажав све за даскалот. И едниот и другиот се налутија, рекоа дека таков човек само големо лошо и прави на грцката држава, дека со ендопјите треба кротко ама цврсто, ама не и така како шо прави даскалот. И за да не должам многу, сега ти мене дај ми 6 лири... - Шо!!! – викна дедо - па ти уште не си почнал, а веќе парите ги бараш?

- Јаска, дедо Крсто, ја завршив работата. Даскалот ќе го тргнат. Утре ќе дојди нов. Рекоа дека е многу добар. И така сега да ја направиме сметката и ти мене да ме исплатиш и со здравје пак да си поможиме, нели? Е, сега: две за владиката, две за епитеоритијата и две за мене, тоа се шест лири, а за тебе еве ено ќесе од најдобриот тутун... На здравје... - попскиот син испружи рака, гледајќи го дедо в очи.

Дедо пак изненадено и зачудувачки искриви веѓа и стегна усни, мрдајќи со глава, па праша:

- Даскалот, велиш за сигурно ќе го тргнат?

- Така ми ветија.

- Пезевенк си ми ти, момче... - стана, отклучи едно вратиче од мусандрата и, свртувајќи се, одврза црно платнено ќесе, му изброја шест лири и потоа му рече: - Како претходната, така и оваа држава ни е поткуплива... Гнило си ојде, расипано си дојде... Со здравје троши го лесно заработеното, поздрави го татко ти поп Стефо и речи му да ти удри едно четиринаесет неброени стапа за да ти дојди умот... Со здравје синко...

- Здравје да имаш, дедо Крсто, и немој да ги жалиш парите зашто ќе имаш внука учена... Остани со здравје, бабо Крстовице! - викна, слегувајќи по скалите.

Дедо, дали од вчудовиденост или од гнасење, подолго молчеше и мене ми се чинеше дека тоа што го доживеа тешко му беше да го прецвака. Тој седна покрај огништето и со прст ме повика. Ме седна на колено и ми рече:

- Учи кај новиот даскал, ама ќе учиш и кај дедо... Добро? - ми ја разбушави косата, галејќи ме по глава и гласно, некако нетрпеливо и рече на мајка: -Ајде, невесто, клај ја софрата да вечераме.

По вечерата дедо ме зеде на колено, велејќи им и на другите внучиња:

- Слушајте и вие, а ако на некој од вас многу му се игра, нека излези за да не пречи.

Од ѕидот, веднаш до огништето, извлекуваше една очадена тула и од дупката ваѓаше книга со поцрнати, излитени и измастени корици. Ја отвораше како да оддиплуваше кора за мазник и почнуваше со тој свој зарипнат глас, а јас трепетливо и некако исплашено, гледајќи во неговите насолзавени очи и во бузите и од тутунот подгорените мустаќи, повторував:

-Аз, буки, веди, глаголи...

Дедо префрлуваше еден или два листа, се искашлуваше и велеше:

- А сега ќе пееме заедно: “Мама меси”, “Баба пренди”, “Тате ора...”

Јас го гледав в очи и в уста. Кога тој го забележа тоа, ме искара:

- Не ме пули мене, туку во книгата пули!

-Ама, дедо, во книгата не пишра така. Ти тоа сам го измислуваш...

Шеретски ме погледна дедо, се потсмевна под мустак и продолжи:

-Така де, во книгата не пишува така, ама со умот треба да си кажуваш. - Тој ме погали по коса и откако испушти едно два-три чада, чукна со прст на маслосаната исчадена книга: -А оваа книга, мило, е стара и сам не знам од кој дедовци е донесена дома. Сите Рисјани во неа се колнат и се молат од неа и се надеваат и чекаат. Така и ние, бидејќи и ние сме Рисјани. - Дедо прекина и ете, вака, трипати, прекрстувајќи се, почна да чита, влечејќи го прстот под секој збор: **Царју, утешитељу, душе истини, иже вјездје сиј и всја исполњен сокровишче благих и жизни податељу, приијди и вселисја в ни, и очисти ни о всјакија скверни и спаси, блаже, души наши. Амин...**

Мита со широко отворени очи, сврте лице кон Циљка, подигна рака и, давајќи знак да прекине, ја праша:

- А да те опитам, Циљке... На чија јазик е тоа?

- На наш, ама на старинскиот нашински јазик. Така зборувале нашите предци, ми велеше дедо, а затоа нему му раскажувал неговиот дедо кој од својот дедо слушал и знаел. И поп Васил така велеше...

- Знаеш и други такви молитви? - пак праша Велика.

Скоро сите со кои дедо и баба и мајка се молеа пред домашната икона...

- Раскажувај, Циљке - замоли Мита. И допраша: - Те научи ли дедо ти и на старинскиот јазик да зборуваш?

- Не. Само молитви...

- Ајде, кажувај - се слушна гласот на Зоја.

Циљка се стокми, мислиш треба песна пред сите да пее. Дофрли дрвце во огнот, со стапчето што го имаше допрено на своето колено ги подбра недогорените дрвца. Се распрснаа искри, пламенот вивна, трештат суварките. Тие, кои имаа испружено

нозе близу огништето, ги подбраа. Во земјанката одново се разлеа топлина.

- Да раскажувам? - праша Цилька.

- Раскажувај - пак рече Зоја.

- Е, така - почна Цилька. - Не ми одеа зборовите. Јас од мала, си спомнувам, како велеше дедо: одешчем, плачешчем... И некои од зборовите што сум ги запамтила од молитвите. Дедо читаше од Светото писмо, а јас повторував. А тогаш дедо велеше: - Дедо ми, Бог, да го прости, книга од рака не испушташе. А јас повеќе сум се зафатил со мотика и со рало, отколку со молив и книга...

- Тоа, ами шо - наеднаш му дофрлуваше баба, откинувајќи око од плетилото. - Еве, за пример - не отстапуваше баба - го пулиш даскалот? Велат е писмен, ама шо му вреди писмото кога има крпени панталони?

- Сиромаштија е тој... како и неговата држава. Да го плаќаше државата повеќе, немаше да оди со крпени панталони...

- Сиромаштија, велиш? Ами даскал и сиромаштија не одат, домакине. И да знаеш, јаска, него, кутриот, дури и го жалам. Како да не е од мајка... Денес тука, утре таму. Јади по куќи што ќе му подметнат... На - покажуваше баба на својот мев - му се поду мевот од шо треска фасуљ. И кога се поминува покрај него, човек за нос се држи. А, ти домаќине, без макано, без прст лигда во тиганот, на софра не седнуваш...

- Сус!- подвикнуваше дедо. - Да молчиш, реков! - - - Не седнуваш, велам, на софра - продолжуваше баба, како да не слушна што и порача дедо. - Види го, ти него. Му се присакало молив и книга. Море - заканувачки шиштеше баба - држи ја мотиката зашто до гроб ќе аргатуваш како Пандето на Ленка. Ете, за пример, јаска ниту аз, ниту буки, ниту глаголи не знам...
- Не знаеш, ама глаголиш колку за половина село... Да си знаела малку од ова - дедо го тресеше пред нејзиниот нос Светото писмо - тогаш...

- Од тоа доста е шо знае попот - не се предаваше баба. - Кој поп?

- Поп Васил, ами кој друг?

- Е, така де, тој знае... Јас си мислев ќе речеш за кускулето што на човек не личи, ами каму на поп. Кутриот научил нешто од Светото писмо, секогаш го врти истото, а местото го бележи со сламка. Барем и тоа што го пее да е на грцки...

-А ти па, од каде знаеш дека не е на грцки? Не оти ти знаеш грцки, па да речеш дека тој не знае...? Море, домаќине, не ми се прави секаде умен... Ако си го знаеш тоа аз, буки, веди, глаголи и шо има понатаму...

- Е, тоа де, шо има понатаму - радосно извика дедо - тука те фатив шо има понатаму - се подбиваше дедо. - Тоа, стара, тоа понатаму... тоа е најважното.

- Можеби е така, ама кога велиш најважното ти најважното не го спомнуваш. Ами, домаќине, зошто не го спомнуваш брат ми, Бог да го прости и коските да му се миросат... - се прекрсти баба трипати и пак праша: - Зошто не го спомнуваш?

- Зарем еднаш сум го спомнал? - Дедо ме погледна, велејќи ми:
- Дедо ти Митре беше учен човек. Илјада деветсто петтата година андартите Грци го заклаа....Му стапнаа на рамо, го притегнаа со колено и ... како јаре... го заклаа... - Дедо се сврти кон иконата и се прекрсти: - Мир и царство небесно дај му Господе и прости му ја душата... Да.... дедо ти Митре беше учен човек... Како денес го памтам...

- Море учееен... - напевливо повлече баба, тегнејќи го зборот “учееен” - како него, чендо, поучен немаше – се фалеше баба. - Куп да се сторам ако мамам - и удираше со тупаницата по подот. - О Русија, така татко покојниот, коските да му се миросат и Господ да го прости, му велеше - учи, учи, учи, синко, о Русија, у рускио цар за владика да учиш ќе пушча.... Така му велеше татко... ама... крвници Грци дојдоа и го заклаа...

- А зошто го заклаа, дедо? - прашав јас.

- Затоа, чендо, што Грците не сакаа кај нас да се шири нашето словенско писмо, ами да го шират своето, грцкото. Ете, затоа...

Тивко залипти баба. Откако добро избриша нос и се изнакашла, рече:
-Ама уката е за машко, а не за женско. Да, и женското треба да учи, ама да готви, да меси, да сучи, да пренди, да крпи, да плети, да ткае, да молзи, да...

Дедо не издржа и налутено викна:

- Како ти, нели?

А баба без да му остане должна, му врати:

- Шо рече? Ако не ти чини моето готвење и месење, тогаш оди во крчмата на Јотето Вртенце!

Јотето Вртенце беше селскиот крчмар. Затоа што беше многу слаб и од заборавеност постојано се вртеше околу порачката - селските шегаџии го нарекоа Јотето Вртенце. А дедо и баба сакаа малку да си префрлуваат, ама никогаш не сум слушнала да се караат.Дедо го памтам по уште една работа. Тој в црква никогаш не отвораше уста. Ама ниту да зине. Во недели и празници двапати се молеше. Еднаш в црква, молчешкум, само загледан во Богородица и дома - гласно. Откако го запалуваше масленичето пред Богородица, ете вака се прекрстуваше и почнуваше да се моли. Молеше за здравје за сите дома и за роднини и пријатели, за берикет и спокој, а потоа отвораше книга и вака се крстеше и почнуваше одново да се моли: **- Оче наш, иже еси на небесах, услиши молитву мoју, внуши моление мое во истињаТвоеј, услиши мне в правдје Твоеј. Хвалим те, клањаем ти се, славословим те, благодарим те, великија ради слави Твоеја...**

Цињка стишува глас, за миг прекинува, па вели:

- Ете, така се крстеше дедо и се молеше со овие зборови:

- Господи - со тивок, скоро потулен глас изговара Циљка секој збор - кон Тебе викам, зашто Ти ќе ме чуеш, Боже; приклони го увото Свое кон мене и чуј ги зборовите мои. Покажи ја чудесната милост Твоја, Ти, кој ги избавуваш оние, кои се надеваат на Тебе - од оние, кои се противат на Твојата десница. Пази ме како зеница на окото; засолни ме под сенката на Твоите крила од лицето на нечестивите, кои ме напаѓаат - од непријателите на душата моја, што ме опкружуваат... Стани Господи, пресретни ги и собори ги; спаси ја душата моја со својот меч од нечестивиот... А јас пред лицето Твое ќе се покажам во правда, ќе се наситам кога ќе ми се покаже славата Твоја...

Циљка прекина за миг, воздивна, па продолжи:

- Тука дедо застануваше, ете вака се прекрстуваше и пак почнуваше вака, тивко да се моли: - Услиши ја, Господи правдата моја, прими ја молитвата моја што не излегува од лажлива уста. Господи, утврди ги стапките мои на патиштата Твои за да не ослабнат нозете мои. Кон тебе викам зашто Ти ќе ме чуеш, Боже; приклони го увото Свое кон мене и чуј ги зборовите мои... - И пак, ете вака, се прекрстуваше дедо и потоа продолжуваше вака да се моли: - Спаси ме, Господи... О, Господи, Ти ќе не одбраниш и ќе не запазиш од овој род сега и довека... Амин... - Така велеше на крај и вака се крстеше...

Циљка трипати се прекрсти и по долга воздишка рече:

- Ете така се молеше дедо пред иконата на Богородица... - Циљка наведна глава, го потфати стапчето и почна да чешка во огнот; ги подбира недогорените суварки, лесно ги подига и ги фрла врз жарта. Видела шири пламенот и ги осветлува исполегнатите во земјанката. Таа скришум распосла поглед и и се пристори дека се уште го слуша гласот па деда си. И виде како лесно се подигна кон челото раката на Тинка, како молежливо и заносно е озарено лицето на Мита и долго е закован во таванот погледот на Зоја... Циљка со истиот тон и боја на гласот, рече:

- И секогаш дедо сите свои молитви ги завршуваше вака: **Свјатиј Боже, свјатиј крепкиј, свјатиј бесмертниј, помилуј нас. Слава Отцу, и Сину, и Свјатому духу и нињa и присно и во вјекп вјеков амин...**

- Амин... - прошепоти Велика, повтори Тинка, прифати Мита и доврши Зоја и зацари тишина. Пораснува пламенот во огништето и врз ѕидот растат нивните сенки и одвај видливо потулени воздишки ја испрекинуваат тишината...

Во земјанката молк. Сал прскање на искри се слуша и дишење долго што распарува гради. Земјанката молчи; одделението молчи и сал мислата кружи и кружи и разбудува тага по доа. Во тишината глува, на Циљка и се пристори дека го слуша биењето не само на своето срце, ами и на срцата на сите кои се во земјанката. Во оцачето одново прсна искра, за миг ги осветли и ги зголеми сенките врз ѕидот и Циљка толку долго ги гледаше, колку што летот на искрата во чија светлина го виде бледото и питомо лице на Мита и десницата нејзина во одвај видливо движење крената до челото кое го допираше со трите прсти... Погледот кренат нагоре, небаре вкован во еден од неделканите борови трупци, траеше во покорно исчекување. Усните и затреперија и сал за краток миг се стопија и откако низ нос испушти долга, мачна и таговита издишка, таа тивко, одвај чујно, небаре се плашеше да не ја повреди тишината и молкот и никого да не растревожи, шепнешкум изусти:

- Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое, да дојде царството Твое; да биде вољата Твоја, како на небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес... - прекина само за миг небаре наслушуваше дали нејзините зборови стигнаа таму каде што ги упати. Топлото и заносливо молење, од срцето длабоко излезено само кон небото вивнуваше, понесувајќи ја со себе целата топлина на душата и исцрпената моќ на духот исполнет со липтеж... Личеше на лилија, која потпрена на тенкото стебло, со лисјето ширум раширени врз водното огледало, гледа во небото и за длабочина, ширина и висина на се моли... Личеше и на бор, кој високо извишен, намуртен и горд и со целиот свој спокај подава гранки небото и за светлина

се моли... Лесно, чиниш тивок ветрец, ја помрдна раката и таа се откина од челото и одвај со видливо движење се спушти кон десното, лесно се префрли на левото рамо и одново до увото на Циљка допре потулениот шепот на Мита:

- Господе, ако постоиш, чувај не од најлошото и стори полни да ни се ранците со леб и топли чорапи да ни греат нозе, цокули дај ни здрави за да не газиме на босо, панталони и топли шинели стори да имаме сите, маршеви по студено и врнежливо нека нема, од бој да се враќаме неповредени, куршум да не не фаќа и лесни да ни се пушките и стори, Господе, што повеќе топол граф да има барем и со малку мевце, комесарот нека не вика и стори кодошите да ослепат, да оглуват и онемат... Амин... И уште многу ќе те замолам, Боже, лебот наш нека ни го донесат веднаш и што побрзо врати не дома... - липтеж и го пресече гласот. Липти испрекинато, жаловито, тажновито, воздишливо, безгласно и без престан солзи по образите и течат... Трепери целата при секој изговорен збор и одново одзвучуваат скоро непознатите зборови кои во неа и стравопочитување и воодушевување и радост и длабока размисла. И над сево ова некаква непоимлива душевна радост и смирување кое надоаѓа истовремено не со страв што буди безнадежност. Секој збор што успеа да го запамти, го повторува иако целосно не го разбира. И токму затоа што не го разбира можеби во него се крие таа таинствена невидлива и сеопфатна моќ, сила која вдахнува, влева вера и доверба, окуражува, исполнува со смирување и остава надеж.... Можеби токму во тоа е моќта на тие зборови, што се непознати, а истовремено блиски, толку се маѓепснички и привлечни и можеби затоа Господ Бог преку нив е семоќен што тие секому не се познати? Зарем не е доволно што будат сеќавања, враќаат дома, зближуваат, смируваат, ја тераат душата да се радува ем тагува, срцето да заквичи ко осамена ластовичка и телото да чувствува дека некој чека во долгите зимски студени ноќи, дека некој е блиску на дофат, а толку далеку... - Господи, чувај и од голема болка и од голема радост... се засркна во липтеж и се стресе кога врз скрстените раце почувствува топлина од сопствените солзи...

Циљка се наведна и фрли во огнот суварки. Малендавиот пламен ги зафати и потфати, ги подбра, ги оближа, се разниша над нив, посина и кога се чинеше дека ќе згасне, наеднаш се исправи и ја осветли земјанката.

Никој не се помрдна. Мара со очи на уплашена срна гледа во растреперенoто пламенче; Јана скришум брише солза; Аргир, кој има очи на риба - ококорено, студено и безбојно гледа кон излезот, чиниш некого чека-исчекува, гледа со поглед на гладно прасе, упорно, засекливој дури во мракот погледот негов пронижува ко свредел и буди морници... Лакомите, студеникави, разиграни и љубопитни очи на Тинка, вковани во таванот на земјанката, се чини, со погледот ги потпираат гредите и камењето. Намуртено и магливо е лицето на Зоја; само левиот образ и поттреперува грчевито. Разигран е пламенот во широко отворените, бистри и недогледно замислени очи на Велика. Андонис, осумнаесетгодишно момче од тесалиските села, со главата навалена врз рамото на Јана, не разбира што зборува Циљка, сал слуша со богољубен израз на лицето. Го сака питомиот глас на Циљка и на сиве овие девојки со кои се сретна во планините и заедно со нив веќе половина година го дели ровот и земјанката, водата и лебот. Се држи за гради зашто таму нешто му свири; непрекинато долго се закашлува, посинува, се гуши и никако да ја откине и да ја исплука кашлицата. Очите секогаш му болскаат и секогаш во нив има вгнезден страв и оган. Стојан, кој се уште има отворена и загноена рана, со дланката го трие образот што вчера му побеле од студ. Секогаш е гладен. Со брадата втисната меѓу колената што силно ги има зграпчено со обете раце, се ниша ту напред ту назад и не откинува поглед од огнот и до болка чувствува како му се стега желудникот и тие, кои до него најблиску седат, слушаат како гласно му кркорат цревата...

Циљка сврте поглед кон Мита. Таа се уште на лицето има блажен израз на недоискажана молитва. Сега гледа во огнот. Очите и се полни пламенчиња и искри. Не молкот, ами душата и духот владеат со нејзините мисли и со чувствата на сите и кај сите одделно истиснува спомени, сакања и присакувања и така занесени го забораваат барем за миг болното стегање во стомакот, влагата и студенилото, печењето на плускавците,

болките во нозете и рамењата и неотстапната потреба да се наспијат... Стуткани еден до друг, навалени и прилегнати тело до тело, се предаваат на спомените, под стегнатите клепки се втиснува се што беше дома, што беше радост, што беше софра, игра и песна и смеа сред село. И пак само за миг се стоплуваат од блаженото чувство на преданост на споменот и надежта. Пред очите на сите, така барем на Мита и се пристори, Цијљка се прекрсти трипати, велејќи: - **Свјатиј Боже, свјатиј крепкиј, свјатиј бесмјертниј, помилуј нас...**

**-Амин...** - прошепоти Велика.

Аргир во тој миг стана, го стегна војничкиот појас, на глава ја втисна капата, ја подигна јаката од шинелот и, наведнувајќи глава за да не удри на нискиот таван од земјанката, молкома излезе.

- Спушти го ќебето, бре! - викна зад него Јана.

Цијљка со променет глас, во кој се чувствуваше и жал и прекор, ја фати нишката на своето раскажување и на сите им се стори дека во земјанката подувна некаков друг ветар и дека други звукови ја исполнија целата просторија.

- Ама еден ден дома влезе Дина, сосетката. Жената си имаше обичај в куќи да влегува без тропање. Дојде да позајми филџан шеќер и ... слушна како се молеше дедо. Устата и беше зборлива, па кажи тука, кажи таму , зборот не е магаре или вол, та ќе го врзиш? Стаса зборот до кај што не требаше да стаса и еден ден дојдоа хорофилаци и со нив ги поведоа дедо и тате. По десетина дена ги седнаа на судска клупа. Се разбира и мајка и баба отидоа во Костур на судењето. Утредента се вратија и мајка ми раскажа како беше.

- Шом влегоме - вели мајка - големио о судо му вели на баба ти: - Каце, грија..., а баба ти го погледна првин него, потоа нас и, свртувајќи се кон него, на македонски праша: - Ами, шо велиш, бре, чендо? А тој големио о судо и викна: - Каце, грија!!! - А баба ти, го опитва:

- Ами, де да кацна, де та летна, јаска кутрааа...? - залелека баба ти, вели мајка... - во земјанката грмна смеа. Циљка почека да секне смеата, а потоа, продолжи: - И во тој миг, вели мајка, да ти стани судијата, та да ти се развика: - Ексо пањо грија, гамото Хрисmо су ќе тин Панагија су!!!... Пендакосјес драхмес простимо! - И вели мајка, стана татко ти, извади илјада драхми и на судијата му ги кладе на маса. Атој му вели: - Реков петстотини, а не илјада драхми. - Нека останат тие петстотини, му вели татко ти - зашто ако се фатиш со старата, секој ден и за секој изговорен збор ќе и бараш да плаќа казна... - одново удри смеа, а Мита, кикотејќи се гласно, праша:

- Како му рече баба ти на судијата? ... Де да кацна, де да летна... ха-ха-ха, хо-хо-хо!!! Ама му рече! Ехе-хе-хе!

- Дедо и тате - продолжи Циљка - ги пратија сургун. И долго не сме ги видеде. Дома пусто и празно. Молк и поначесто плачои, Баба, веќе подвиткана и од годињето и од болката, одеше тивко и кроце до ќошот, нежно надолу го повлекуваше масленичето, принесуваше запалено чкорче кибрит и, засолнувајќи го со едната дланка растрепереното пламенче, го доближуваше до фитилот. Две ппаменчиња затреперуваа пред ликот на Богородица и во одајата и врз ѕидот растеше сенката на баба. И додека баба го запалуваше масленичето, мајка ставаше перници на прозорците. Една до друга тие кпекнуваа пред иконата на Богородица, ете вака се прекрстуваа, и откако трипати удираа метании, почнуваа да се молат со овие зборови: - **Нескверната, неблазнаја, нетленнаја, пречистаја, чистаја дево, богоневесто владичице јаже Бога слова човјеком преславним Твоим рождеством... јаже ненадежних едина надежда, и боримих помошч... и приими мое, еже о скверних устен приносимое моление... СлаваТебе, ниње и присно, и во вјеки вјеков амин...**

- Амин... - тивко изусти Мита, амин... промрмори Велика, прифати Тинка, доврши Циљка... и со амин здивна земјанката... И нескротено липа, копа и длаби споменот и боли...

- Мајка и баба секогаш заедно се молеа. Јас понекогаш стоев зад нив и најмило, најтопло, најтрепетливо, највозбудливо и

незаборавно ми остана нивното рамномерно молење: баба со зарипнат, а мајка со тивок, ама чист, речи си, ѕвонлив глас, возвишено изговараа: - **Пресвјатаја Богородице, нескверната, неблазнаја, нетленнаја, пречистаја, чистаја дево... слава Тебе, ниње п присно, и во вјеки вјеков, амин...** - И мене тука, под лажичката, тогаш ми стануваше така топло, топло и некаква радост, возвишено бликаше од мене... Ех!... Така во молитви и во исчекување да се врати дедо и тате, кои ги испратија сургун, поминуваше времето во нашата куќа, ама не и во селото. Селото како да се претвори во песна која постојано ја придружуваше труба, барабан, маршево чекорење и трчање од горната до долната маала. Новиот даскал сите младинци ги собра во ЕОН и им облече уриформи... И заедно со џандарите ги испоуби кучињата за да не лаат кога тие да прислушкуваат под прозорците дали дома се зборува...

- И кај нас така беше - дофрли Зоја.

- И јас бев во ЕОН... Па кој, во тие години не беше? - Кај нас - тивко рече Мита - сите беа...

- Исто и кај нас... - прошепоти Тинка.

- И најмногу се пееше за најголемиот војник, најголемиот, орач... нај, нај, нај, а тој нај...

- Беше Метаксас! - гласно рече Тинка.

-Така беше и кај нас – пак тивко дофрли Зоја. – Само за него се пееше, за него трубеше трубата и удираше барабанчето и на сабајле и на пладне и на зајдисонце. Марширавме по селските прашливи сокаци и се деревме на сет глас, величеј ќи го него, крвникот наш, големиот Метаксас. И се така, додека не почна војната со Италија...

- Е токму во тие денови некој донесе писменце од тате во кое тој пишуваше дека е ослободен од логор во еден остров на море, бидејќи се јавил како доброволец и дека верува оти додека стигни писмото дома, тој цврсто ќе ги бие Италијанците... И набрзо ни стигна писмо дека тате загина за

величината и славата на мајка Грција... Тогаш веќе ги немаше Грците, ама затоа беа дошле Италијанците. Од соседното село, каде влегле два или три дена порано, дојдоа и рекоа дека Италијанците не бранат да се зборува македонски и дека секој може да си зборува како што сака. И рече дека кај нив веќе сите гласно си зборуваат македонски и никој не се плаши дека поради тоа ќе биде казнет, како што казнува Грците. Кузе, кого до крв и безсознание го претепаа џандарите и добро го напоија со рицинус, затоа што на орање на воловите им зборуваше голе-долу, а не пано-като, кога виде како влегуваат Италијанците во селото, истрча да ги пречека. Застана на ритчето, што е пред селото и, викајќи **Вива Италија, аванти Италија**, и запеа: **Бандера роса ла триумфера...** Тие, Италијанците, де, веднаш го зграпчија и пред сите селани, собрани на вигната, го посраа од ќотрек... Од селаните зедоа шест јунци и заминаа за Костур. А Кузе, кој остана и без јунчето, дури наредниот ден викаше од својот чардак:

- Ебати слободата шо ни ја донесоа Италијанците... Циљка почека да престане смеата и продолжи:

- Два дена по доаѓањето на италијанската слобода, дома си дојде дедо. Куќата - полна. Скоро сите дојдоа да го посетат. Радост дома, што да ви кажам... Утредента, по сабајле удри камбаната и селскиот телал помина по селските сокаци и на сет глас викаше со инката:

- Еј, сељаниии!!! И машко и женцко, и старо и младо да се соберете на вигнатааа...!!! - викаше телалот, ама му се истопори дедо Наќе и му се развика:

- Аре, пезевенк, нели тиреков на вигната да се соберат само машките, а?! Трчај сега да ги викаш само машките!

Сиктер! - му рече дедо Наќе налутено и побрза кај дедо Лабро. А на вигната први излегоа и се поредија еден до друг Лабро, Јано, Ристо, Наќе, Пандо... Сите стари комити од времето на востањето и сите врсници на дедо. Откако се собраа скоро сите машки од селото, дедо Јано од торбата го извлече грчкото знаме, а Лабро, Ристо, Наќе и Пандо го фатија знамето од

краиштата и го раширија на училишниот ѕид. Јано од зад појасот го извлече чеканот и почна да го заковува знамето на ѕидот, вбивајќи по една шајка на секој ќош. Откако заврши со ковењето, се тргна настрана и се загледа онака, како да гледаше на добро оптегната штавена кожа. Се сврте кон собраните и, покажувајќи со рака на знамето, рече со глас во кој имаше нешто од гласот на нашиот комесар:

- Ајде, Лабро, со Господ напред, почнувај ти прв зашто тебе за малку што не те задавија со оваа шарена крпа. Лабро без да чека двапати да му речат, го одврза учкурот и со едната рака, држејќи ги шалварите, а со другата рака ...., се истопори пред ѕидот и од лево кон десно, па нагоре и надолу, го мочаше знамето. Кога му заврши шурката, Лабро се искашла и плукна со гнасна плунка и пцовка, велејќи:

- Господ да даде никогаш под нашето небо оваа крпа да не се вее! - тој се сврте кон ѕидот, напучи газ и гласно прдна.

- А сега Ристо, па Наќе, Пандо, јаска зад него и сите зад мене да се стројте еден зад друг и да го измочаме и исплукаме...

Дедо му се доближа на Јано и му рече така за да слушнат сите:

- Јано, така не чини... срамота е да се моча знаме...

- Срамота, велиш, Крсто?! - му се вдаде Јано на дедо. - А не беше срамота шо не ловеа по ниви, по градиње, под прозорци, на армаси, на свадби, на пазар, на патишта и друмови и не срамотеа со тоа нивното рицинус и ренката? И не тепаа, коса и мустаќи ни корнеа по недели,и празници затоа што ова не сме го беселе на балкони - чардаци? Пуљам ти порасна косата и крстот на оваа глава што не сака да собере ум, не ти се пули, ама со тоа не значи дека е скриена срамотата, понижувањето и навредите! Или таму, кај шо си бил сургун, случајно да не ти го променија умот, а?!!

Јано, Пандо, Лабро, Ристо и Наќе, сите почнаа да се расправаат со дедо, викајќи еден преку друг.

- А јас велам дека така не чини... - помирувачки пак рече дедо.

-Ами, како чини, бре Крсто, ајде кажи ни ти шо имаш направен крст на глаа со ножици за стрижење кози? Ајде, да те чуеме, кажи?

- Со ум - покажа дедо со прстот на чело - а не со ...- и покажа под папокот...

- Луѓе, не слушајте го Крсто... нему таму о топлите и суви острови изгледа или многу му се стопли умо или сосема му се исуши, та затоа така кутрио си зборува. Ајде, народе, одврзвајте учкури и напред да го изваjме инаето! - викна дедото Наќе и додека стигна до ѕидот, си ги измоча пачовиците...

Ќебето што истовремено беше и врата, нагло се подигна и во земјанката се втурна бран студен ветар и по него влезе Аргир. Тој со себе внесе снег, студенило и завивање на снежната бура што лудуваше надвор.

- Спушти го ќебето, бре! - му подвикна Мита. - Целата топлина ја одвеа. Спушти го реков!

- Де, де - одврати Аргир - прибери нозе да поминам. Си се распиштолила, небаре целата земјанка е твоја... Прибери нозе! - остро и отсечно просаска Аргир. Тој се уште не беше седнат, кога во отворот се појави глава и се разнесе остра, пресеклива наредба:

- Мирно! - тоа е политичкиот комесар. Со џепната батериска светилка ги осветлува лицата на исправената десетина. - Слушам - рече испресечено - наместо да одморате, да спиете, вие од земјанката црква сте направиле... Молитви, слушам, аминувате, та се молите, нели? Така ли е, Велике?

- Не, другар комесар...

- Ами?

- Си раскажуваме...

- Си раскажувате? Што си раскажувате? За мрачната страна на мракот? - подбивно праша комесарот.

- Спомени, другар политички...

Комесарот ја подигна батериската ламба, одново ги осветли лицата и нареди:

- Сите надвор и во строј по еден! Марш! - прв излезе тој. - Строј се по еден! -ја повтори наредбата и подвикна. - Од војничка земјанка црква сте ми направиле, а?! А ти, Циљка, од борци и боркинки - богомолци и богомолки правиш! Си раскажувате? По вчера чепкате и копате? Затоа, гледам, ровот, што вчера требаше да биде готов не сте го доископале и го оставивте без одвод. Сега знам зошто. Брзавте да се приберете во вашата црква, а? Аргир, Коле, Велика, Панајотис, трк по копачите и лопатите! И за еден час да го видам ровот таков, како што му личи да е ров... Тука, тука да копате и тоа што подлабоко, а не по спомените. Длабоко копајте, длабокиот ров утре ќе ве спаси, а не спомените и молитвите... Гамото Христо сас! Тин Панагија сас ќе то ставро сас!!! Колопеда!!!

Студен, леден ветер ги развејува пцостите на комесарот. Од горе, од кај голиот врв на планината, ветерот дува во бранови, носејќи гранки, откорнати дабови фиданки и пластови снег. Вее вејавица и завива ко бура, налудничаво се спушта прудолу и се крши од ѕидот на столетните борови. Удира врз дебелите стебла, прекршува гранки и се враќа како тешко и болно офкање. Нов и нов бран со завивање се спушта прудолу и снегот го напластува таму, каде не успева да го одвее. Бие, завива и го брише отворениот простор, го подбира снегот, го развејува над шумата, го сее во неа и носи нов...

- Аргирис, - одвај се слуша гласот на комесарот – ти си одговорен за копањето. А вие - тој вика на сет глас, сакајќи да ја надјакне вејавицата - тука, тука копајте, а не по спомените. Копајте до рамо, до гуша, до нос, до глава, над глава. Колку подлабоко, толку посигурно, а не по спомените, гамото Христо

сас!... Аргирис! Кога се ќе биде завршено, како што наредив да дојдеш во мојата земјанка и да ми рапортираш! Јасно?!

- Јасно, другар политички?

- На извршување! - удира тој нога од нога, тапка со тешките чизми врз замрзнатата земја, крие лице од студениот ветер, и свртува грб на лапавицата. Во мракот ја наоѓа Циљка. –А ти, Циљка - со лутина го впери во неа прстот - три стражарења преку ред! Разбра!? - Ветерот го однесе неговиот веќе зарипнат глас и тивкото, исплашено “разбрав” на Циљка. Тој не слушна ништо во новиот бран на вејавица, и се доближа и, дишејќи и в лице, викна: -Три стражарења преку ред, реков Разбра ли? И да си срeќна што е отсутен командирот... - Циљка го слушна сега неговиот глас, кој личеше на змиско шиштење.

- Разбрав - викна Циљка колку што можеше погласно, а и се пристори дека одвај прошепоти. Нејзиното “разбрав” го потфати ветерот и го однесе вејавицата, го растури меѓу боровите и го изгуби долу во трапиштата.

Копајте! - ја повтори тој наредбата и, потскокнувајќи, удира нога од нога, чиниш така сака најбрзо да го истера студот. - Аргирис! Кога ќе ископаат до тука – тој покажа со стапот - врати ги во земјанката. Сега оди и најди го десетарот и кажи му дека наредив Циљка да стражари трипати преку ред! Разбра! И да му кажиш на десетарот утре да ми се јави на рапорт. - Не чека одговор. Се стрча пред себе со ситен чекор, како да газеше по скршено стакло и го снема во мракот.

Копаат, удираат со казмите во замрзнатата земја, откинуваат парче по парче, го отфрлуваат настрана. Вејавицата го пополнува ископаното место.

Десетарот, кој дојде по черек време, откако дозна за се, со рака и даде знак на Циљка да оди по него. Тој во мракот пробива пртина во дебелиот снег, со дланката штитејќи го лицето од лапавицата. Застана за миг, копку за да провери дали Циљка го следи. Ја праша:

- Се плашиш?

- Од што?

- Од мракот, од ноќта, од студот, од диви ѕверови...

- Не, од тоа не се плашам... Страв ми е од луѓе...

- Ако, сакаш, можам да останам со тебе или повремено да доаѓам. Сакаш?

- Сакам, ама подобро не... Можеби ќе проверат и кога ќе видат дека те нема, кој знае како можат да те казнат... рече со растреперен глас. – Изврши смена на стражата и врати се. Можат и тебе да те казнат. Поаѓај...

Пред нив намет, висок до глава.

- Да заобиколиме? - несигурно се оѕва десетарот.

- Оди низ наметот, зашто во мракот и виулицата можеме да го згрешиме патот... - рече Циљка. Десетарот ја фати за рака, наведна глава напред, вчекори во наметот и до гуша пропадна во снегот.

- Не оди – подвикна здишано – ќе заобиколиме... Слушаш? Свртија в лево. Висока карпа им го заградува патот. Се вратија на истото место.

- Ке морам, низ наметот - несигурно и со страв во гласот рече десетарот и почна со раце да го исфрлува снегот. Од другата страна вејавицата им удри в лица. За миг како да им снема воздух. Се свртиіа со грб. Останаа така толку, колку за да наберат воздух, се свртија и, држејќи се за раце, маченички влегуваа се подлабоко во наметот. Застанаа за миг, колку за да вдишат воздух и одново со сета сила, сега расфрлувајќи го снегот, не со чекор, ами со шепа се мереше нивниот пат. Со очајнички напор се пробија низ наметот и излегоа на бришан простор.

- Стој! - остар, заповеднички глас ја пресече виулицата и се одби од карпата.

- Застанав! - се одгласи десетарот.

- Парола! –

- Ливада!

- Коса! Врви! - заповеда истиот глас, сега мек и пријателски.

- Смена на стража - рече десетарот.

- Најпосле. Целиот се смрзнав. Ама време... - се пожали стражарот. - А кој ќе ме замени?

- Циљка - рече тивко десетарот.

- Циљка? Па таа е.... - прекина и малку потоа рече: - А бре, по вакво време, зарем најдовте девојките да ги терате на стража? Ајде - рече - враќај се! Јас ќе продолжам. Уште еден час ќе издржам. Ајде, враќајте се...

- Не се будали - тивко просаска десетарот. - Нејзе не и е редот, ама ќе стражари за казна. Разбра? Наредба на политичкиот! И немој да ја жалиш...

- Булкиотис, еба го... - опцу стражарот. - Тие, кои дојдоа од Булкес најколнати се. Се некои команданти, а најмногу комесари... Божем некои учени, вешти, искусни, верни, а сите... - не се доискажа. Наведнат извлекува нога од дебелиот снег, се навалува настрана за да ја извлече и другата. - Мајката, лошо време. Ниту волк по вакво време од дувло муцка не помрднува... А да те прашам. Нашиот командант, дали и тој е од оние што дојдоа од Булкес?

- Не. Тој е од оние кои биле во Бригадата... - дообјасни десетарот.

-А тие, булкиотите, погани луѓе! Се зборува дека тие таму, во Булкес, учеле како да се биде командант, а најмногу како да се биде комесар и.. И кодош... А зошто, те казнил? - и се обрати на Циљка.

- Ќе ти кажат другарите кога ќе се вратиш – одврати Циљка.

- И јас сум слушнал дека учеле за команданти и комесари, ама, изгледа, во таа своја ука заборавиле да бидат луѓе. Знаеш ли што и направи комесарот на нашата десетина?

- Пак ли измислил нешто?

- Целата десетина ја истера од земјанката и нареди по вакво време да копаат... А јас, пак, тогаш бев во соседната земјанка...

- Е, братко, си надробил. И што нареди?

- Нареди да копаат ровови...

- "Копајте - викаше - се вмеша Циљка во разговорот - тука, а не по спомените". А ние само си раскажувавме.... - со тон на вина рече Циљка.

- Белки не е луд?...

- Луд можеби не е, ама е комесар. И командантот му се плаши. Му можеш ли нешто?

- Белки ќе се најде некој што му може, а?

- Белки ќе се најде... А сега, ајде, да одиме - рече десетарот. - А ти, Циљке, ако ти е страв кажи...

- Не грижете се... Страв нестрав, мора и толку. Само кажи ми каде повеќе да обрнувам внимание? - го праша оној што стражареше досега.

- По ова време, Циљке, и ѓаволот рог нема да извади надвор...

Зарем не гледаш дека ништо не се гледа? Чувај само од оваа страна, од трапот. Слушна ли нешто, пали... пукај...

Појдоа и Цињка сама остана во мракот. Застана под високиот бор, под кој местото беше избришано од снегот и вејавицата се уште го немаше пополнето. Се навали на дебелото стебло, наслушкува. Вејавицата како што нагло надојде, така наеднаш ја снема. Меѓу стеблата, зад неа и високо над неа, во бранови завива ветерот и ту се смирува, ту одново завива и само шушлек сипе та сипе и спржува образ. Подмрзнува снегот, крцка под скинатите цокули.

- Оди на цикна, на смрзнување... - тивко изусти Цињка и за чекор-два се помести лево, потоа десно и се подаде напред. Се додека и се чинеше дека се уште се блиску двајцата мажи, таа беше мирна и се чувствуваше сигурна. Ама кога нивните гласови сосема ги снема, и се пристори дека во мракот е сосема изгубена. Иако не и е првпат ноќе да стои на стража, овојпат, дали поради немирот што ја опфати кога комесарот сите ги истера од топлата земјанка или поради тишината што настана со наглото престанување на вејавицата, таа почувствува некакво нејасно студенило и трпнеж. Ја нарами пушката, силно истри дланка од дланка, дувна во шепите неколкупати, зачекори до стеблото, се врати назад, се подигна на прсти и се обиде да погледне преку високиот намет.

Ниска е за толку високо нафрлениот снег, та затоа таа првин со раце, се дотаму до каде стига, го исфрли снегот, а потоа го доисфрли со кундакот. И се додека пред себе отвораше видик, таа се загреваше и толку се стопли, што ја откопча јаката од излитениот шинел, го олабави појасот. Се навали на наметот со грбот и откако одмори малку, го истапчи снегот на десетина чекори од стражарското место и така отвори партина. И почна - десетина чекори натаму и толку наваму. Под цокулите крцка снегот и и се чини толку гласно е крцкањето, небаре цела чета чекори зад неа. Се обидува да гази полека, одвај чујно и поначесто гледа зад себе. Тишина. Наслушкува. Високо шумат боровите гранки и сеат шушлек. Дише тивко и уште потивко зачекорува чекор, па неколку чекори. Иста тишина. Напрегнува слух. Околу нешто зашумоли. Зрджа здив. Се стресе. Подигна

пушка. Се скамени. Наслушкува. Нечујно длабоко вдишува, само за миг здржува здив и под дебелата волнена и густо плетена фанела што и ја испрати мајка и пред некој месец, чувствува како силно и немирно и тупка срцето. Грстови снег заронија од гранките и зашумолија сувите лисје. И олесна. Испушти здив, се олабавува, зачекорува до боровото стебло, навалува глава и здржано дишење наслушкува. Ништо. И одново - десетина чекори натаму, десетина наваму. Тишина. Само снегот под скинатите цокули крцка та кцрка и од гранките, по секој посилен повев на ветерот, се рони студен шушлек. Високо над Бел Камен за миг се отвори небото. Зад парталавиот облак се шмугна бледото лице на месечината и го снема. Циљка сврте глава на спротивната страна и сега виде како отаде трапот - небото почна полека да се разведрува. Од таму поддувна ветар и ги олесни гранките. Врз неа паднаа шепи снег. Северњакот сега удира во бранови, ги меша облаците, ги раздробува и распарталува и ги развејува по ноќното небо. Погледна на Бел Камен. И над него во партали се кинат облаците и засветува полна месечина и ги издолжува сенките на високите оснежени борови. А под нив и далеку-далеку пред нив, голем, непрегледен синкастобел чаршав. Наместа врз него прелетува темната сенка на облакот и се губи понесена од ветриштата што лудуваат таму на височините. Десно - прошарена со црни дамкп и стегната во снегот - бучи и зарикнува боровата шума. Сега северњакот дува посилно и стежнува снегот. Ветерот, удирајќи на карпите и дебелите борови дрвја, се крши од нив, му се одзема силата, ама новиот бран со уште поголема лутина и сила бие и зарикнува и фучи и стенка меѓу стеблата и високо над боровите. И пак подзасилен бран поттурнат од друг што навева зад него, нанесува облаци ситен правлив снег и пред неа одново за миг расте наметот, ама новиот бран ветер го разметува, развејувајќи го снегот прудолу по трапиштата. Високо небото се разведрува, појасно свети месечината, сивилото преминува во белина и ширина се отвора пред очите на Циљка. Ветрина навевува сува студенина и се повеќе стега мразот во студенливите повеви на северњакот. Циљка се загледува во белината што се повеќе расте и се префрлува отаде трапиштата зад кои во ноќната ведрина и под бледо - синкавата светлина на месечината, погледот и потонува во ридиштата кои, се чини, допрва никнуваат од мракот.

Студениот ветер и студенилото од очи и истиснуваат солзи низ кои белината ја гледа како низ прозрачна магла. Се стресе. Нов повев на студенило. Морници и трептеж и го зграпчуваат целото тело и сега и се чини дека со голи стапала гази по мравјалник. Прстите стегнати врз леденото стебло на пушката и трпнат и полека и копнеат. Удира нога од нога, размрдува прсти во скинатите цокули. Штипат ушите и образите. Нарамува пушка и трие и дланки и прсти и образи и уши. Остро студенило болежливо ја пронижува, и го стресува целото тело. Таа се наведна напред, удира со раце под мишки. Дува во дланките, врвовите од прстите одвај ги смлачува со издишка, ама не чувствува допир, туку само трептеж и многу, премногу мравки и лазат по стапалата и по рацете, по образите, челото и ушите. Од долу, од кај трапот, допира силен поединечен грмеж - од голем мраз пукаат дрвјата. Со шепите заграби снег и со едномерни движења трие и образи и уши. Одново се загледа во недогледната бледо-синкава шир. Се е под снег и стегнато од студ. И колку повеќе мисли на студот, толку повеќе студот е неподнослив толку повеќе ја пронижува, се разлева по целото тело и ја стега и и се чини дека и ја пивтосува крвта. Одново подига очи и се загледува во бескрајната снежна шир облеана со синкавата и бледа светлина на полната месечина. Ветерот лесно поддувнува, размрдува гранки и врз неа паѓа ситен шушлек. Пред нејзините очи се мати далнината и натежнуваат очните капаци. Шумолењето на боровите и снегот што се рони од нив ја тераат на спиење. Навали глава врз пушката и одеднаш - ја совлада некаква незнајна сладовина, неспозната леснина и рој мисли и ја наполнија главата кои нескладно, една преку друга се превртуваат, претуруваат, се мешаат, клокотат. Се стресе. Се созеде. Врз очи фрли грст снег.

Подигна нога за да се помести, ама и се стори дека толку длабоко загази во мравјалникот, што не може дури да ја подигне. Стапалото од левата нога скоро не го чувствува. И трпнежот почна да ја боли, да ја гори, да ја пече. Тупа наизменично, удира со петиците и не чувствува ниту допир и ниту слуша удар на цокули. И одново целото тело го прошиваат и го пронижуваат морници. Ветерот се потсмири. Снегот посилно крцка под нозете и толку е бел. Ја стегна јаката и појасот, помрдна рамена. Некаде таму, далеку во котлината и се

пристори дека болсна светлина и таму го сосредоточи погледот. Упорно, без трептеж гледа во магливата далнина и неосетливо се губи, ја совладува сон, клепките натежнуваат и некаде длабоко во главата искрат мисли на свеста: една дека мора да е будна, а друга - барем малку да дремне, само толку, колку за да и олесни, да го истера сонот кошмарен и малку да закрепне, малку да спушти клепки дури да изброи до пет, само малку да дремне... Натежнатите клепала се спуштаат полека, ја совладуваат свеста и упорното противење и почнуваат полека да се губат во маглата најблиските ридови и... грмнува долу во трапот. Силниот мраз ги крши буките. Се стресе, растресе глава, со замрзнатата дланка протри очи. Само за миг се созеде и пак се загледа во далнината. И одново неумоливо ја совладува дремка, ја изморува, истоштува, ја тера да легне и да се предаде на заборавот и рамнодушноста... Навалува глава врз кундакот и, нишајќи се, полека затвора очи и во неа се раѓа желба не да дремне, ами да заспие со вечен сон, да се изнаспие не само за оваа ноќ, ами за сите ноќи поминати во долгите војнички маршеви под снег и дожд, во магла и во жега и во долгите бдеења на исчекување да почне бојот и за сите долги неспиени ноќи по бојовите; да се изнаспие и за себе и за сите кои мечтаат да спијат, заборавајќи го лебот и не мислејќи на вода... Долу во трапот пак силен тресок и стравот ја подига сал за миг. Се стресува. Вкочанетите прсти одвај ја држат пушката, а нозете веќе како да не се нејзини. Има чувство дека со колената допира нешто, ама што е, не може да сфати. Свртува глава и во тој миг и се стори дека под нечии чекори силно крцка снегот и и се измолкна:

- Шшшшој! - и се стори дека на сет глас викна “Стој”. Вилиците како да и беа врзани, заковани една до друга. Во обид да се помрдне, од раце и падна пушката и, не можејќи да додржи рамнотежа, падна врз неа. Простре рака да се фати за нешто за да стане, ама колена не може да свитка. Неколкупати се обидува да се сврти, да се преврти, да се фати за нешто, да се прибере, да застане на колена, да се исправи, ама со секое движење станува се послаба, се поистоштена и чувствува дека мракот околу неа станува се погуст, дека ја притиска кон земјата, ја стега за грло, ја дави. Со остатоците од свеста и текна дека треба длабоко да дише низ нос, да не се исплаши, да

одмори, со плеќи да се трие од нешто тврдо и да не заборави без престанок да движи и нозе и раце. Се соседе. Продолжи да дише длабоко. Ја прибра левата, па десната нога. Се сврте и, коленичејќи, стана. Ја подигна пушката. Потпирајќи се на неа, направи чекор-два таму-ваму. Се врати на претходното место од каде имаше најдобар видик на оснежената околина облеана со бледо-синкавата светлина на месечината. И за да не мисли на студенилото и на сонот, почна да ги брои оснежените елки што се извишуваат лево, на угорнинката. Кога стигна до триесеттата, тогаш и се пристори дека една од нив се заниша, се оддели од другите и онака бела од снегот, стројна во сета своја висина и убавина, со гранките спуштени надолу и целата во бела долга руба со небројни мали светленца кои болскаат толку, што ослепуваат очи, тргна кон неа... Чекори лесно, исправена, стројна, бесшумно се доближува до неа со тивок, лесен, рамномерен достоинствен чекор. Како во "Невестинското" или во "Бајрачето" - сигурно и свечено. Лесно се наведнува над неа, и подава рака и полека ја извлекува од снегот. Тргнуваат фатени за раце. Чекор в чекор, една покрај друга лесно газат по мекиот снег и зад себе трага не оставаат. Го снемува ветерот, пред нив нешто го рине снегот и прави широка сува партина.. Тапчат како по дебело веленце, како по мека росна зелена трева. Наеднаш пред нив се појави селото. Куќите варосани во бело, високо над нив се издига сив чад. Црвен петел кацнат на плетот раширува крилја, ширум отвора клун, ама глас не пушта. Кучката Белка, се растрча, се гали, потскокнува, трча пред нив и некаде се губи, а лаеж нема.. Вчекоруваат во тесно селско сокаче, свртуваат и пред неа дедовата куќа: на чардакот мајка и, до неа баба и, зад нив по миг на сета висина се исправува дедо Крсто. Цињка се стрчува и кога пречекори праг, забележа дека покрај неа ја нема високата и стројна самовила облаечена во бел фустан. И мајка, и баба, и дедо насмевнати, ама никој не се стрчува од чардакот. Стојат, ја гледаат, кон неа подаваат раце и ја викаат да дојде горе, на чардак. Оди полека кон нив на секое скалило за миг застанува небаре проверува дали ќе ја издржи нејзината тежина, се доближува до милите, а тие свртуваат грб и влегуваат дома. Оди зад нив, ама наеднаш се губат зад врата.. Влегува во гостинската одаја. Широк кревет послан со црвени веленциња. Разваленият оган шири топлина од оџакот. Дедо Крсто седнат скрзнозе, запали чибук, влечи полека, испушта

мирízлив чад, а баба Крстовица стави пред неа топла погача и веднаш зад неа влезе мајка со бокал топол течен пекмез. Олабавува појас, раскопчува шинел. Седнува и крши од погачата, мака во пекмезот. Во одајата е топло и мириса на зрели јаболка и дуњи. Баба ја набоди фурката под мишка, ја оптегна каделата и одмерено го врти вретеното и сучи бел конец. Мајка префрли на врат црн конец и заплетува. Во огништето трештат сувите цепеници, распрскуваат златни искри, во одајата е светло, тивко и топло... - Колку е убаво... - си мисли. И мислата, гонејќи мисла - повторува - колку е топло, колку е тивко... Трошките од погачата ги собра, ги врза во валканото шамивче. Врзопчето го втисна длабоко во џебот на војничкото палто. Мајка стана, ја потфати под мишки, лесно, чиниш се плаши дека ќе ја разбуди, ја подигна и полека ја легна на широкиот кревет, Јаболковина мириса перницата, на печена круша и дуња мирисаат веленциињата; на пресен леб штотуку изваден од фурна, мириса целата одаја. Крцкаат пружините, а таа се стресува и и се присторува дека тука близу слуша рафали... И се подигна. Пред очи – широката насмевка на дедо. Милно ја гледа и со погледот ја гали. И пак тежнеат клепките, за миг затвора очи и одеднаш си помисли дека во чистиот кревет легна сосе војничките цокули. Се обидува да стане, да се помрдне, ама нешто ја влече, ја заковува за креветот. Тешка воздишка се откинува од нејзините гради, сака да отвори очи и си мисли дека некој камен ставил врз нив. Се буди. Станува. Ја фаќа мајка за рака и заедно одат во другата одаја. И тука е топло. До ѕидот наредени четири сандаци. Невестински. Ги крева капаците. Од првиот - еден по еден ваѓа и оддиплува фустани. Стои пред огледало и ги мери. Првиот ден од свадбата - ќе ги облечат другарките. Овој, зелениот, и го такса на Марија... Марија, Марија, која ли беше таа? А, Марија, кутрата Марија, на Копанче граната и ги скрши нозете. И се слушна дека во болницата во Елбасан и ги пресекле... Како ли без нозе ќе игра на нејзината свадба? Жолтиот – е овој многу добро ќе и прилега на Цана.. Цана? Ах, да, ја фатија неа владините војници. Ја испоганија. Ќе излезе ли на мегдан и ќе заигра ли па нејзината свадба така осрамотена?. Овој, со цветчињата - таксан и е на Дина. Дина...заедно се во истата чета. Автоматичар е и се уште нема добиено панталони. Се уште ја носи малината. Излитена е и на многу места крпена. Одново ги дипли, ги враќа фустаните

во сандакот. Последниот фустан го мери пред огледалото. И си спомна дека го има таксано на Лина. Тогаш, кога беа собрани девојките да го гледаат приќето, на Лина и велеше: во овој фустан најубаво ќе изгледаш и сакам прва да го водиш “,Бајрачето”. Лина? Ах, таа Лина како молеше, како викаше за да ја спасат. Беше ранета во колкот и нозете и беа скршени. Под дождот куршуми и гранати сите бегаа, се криеја да спасат глава и зад себе го слушаа болниот, ужасно исплашениот, молежливиот и проколнувачки глас на Лина. Жива ли остана? Каде ли е сега? Го отвори другиот сандак. И тука фустани. Овој, црвениот за Коца. Ех, бре, Коцо, Коцо, зарем не можеше да претрчаш побрзо? Таму, на отворено те погодија... глас не ти се слушна... Падна и не стана... А овој, зелениот, со широка јака и го вети на Софка... Софка? Да, Софка ја закопавме на Свети Илија. Загина во првиот бој. На челото имаше само мал, скоро засушен струп, ама темето и беше растурено... Раздиплува и здиплува и врз диплите ги гледа девојките кои не стигнаа да ги облечат фустаните и да станат невести, туку останаа под чуките, под буките, во реките матно надојдени, сакати по болниците и мрзнат во долгите маршеви, во рововите и во земјанките и на стража... И дали сега им требаат невестински фустани? Постојано од командата им ветуваа топли цокули и чорапи, панталони, блузи и фанели... Лежат во студената земја. Блазе им, не чувствуваат ништо, лесно им е, боси, голи... зашто цокулите, па дури и искинати, фанелите волнени и шинелите излитени, изедени од молци и издупчепи од куршуми им ги соблекоа и им ги зедоа живите... Не за спомен, ами за да не се боси, фанелите за да ги стоплат, а шинелите за постела или покривач... И одеднаш - грмеж. Се свртува и наслушкува: тоа буките трештат од студ. Од девојките високи и стројни се рони белината и одеднаш од горе, од планината надоаѓа бучава и заедно со неа се тркалаат топки од снег и растат и се поголеми се нафрлуваат врз белите самовили, а тие се свиткуваат, налегнуваат, се кршат, остануваат под снегот. Над нив облак - снег фучи и грми, ги покри и ги израмни и трапиштата и ритчињата. Бучавата се уште се истура прудолу и се губи во клисурата. И пак тишина, ниту шум, сал молк... Во оџакот одново се разигрува пламенот, баба ја остава фурката и стана. Со чкорче земено од оџакот го запали масленичето пред Богородица, се прекрсти и се моли. А Цињка клекнува пред

софрата и крши од погачата и шепоти: - ова заВелика, ова за Мита, ова за Зоја, заАргир, за Андонис и за Панајотис... крши, а трошките ги собира. А мравките без престан и лазат по нозе, по плеќи, по образ. Подига рака да истрие чело, да истера сон, а толку многу и се спие, толку тешки се клепките... До неа застана мајка и сака да стане, да се потпре на неа, да ја гушне, а таа е далеку, се подалеку и се губи во белата одаја. И гледа во одајата која станува се побела, широка и понедогледна. Одедаш затвори очи и и се присака да легне, да се покрие со белото веленце и се чуди, зошто ли веленцата се толку бели и толку студени. И зошто не може да запамти што сон сони, што сон ја мори и чувствува дека паѓа врз белите веленциња и дека некој ја вика, ја тресе, ја буди, превртува и собува....

- Соблечете ја реков и тријте ја со снег! - паѓа врз неа острата наредба на комесарот.

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 7

Севезден деновите минуваат во одбрана и под дожд од оган. Рано наутро во бранови долетуваат авионите. Со митралези ги бијат рововите и со ракети и бомби - бункерите. Бранот менува бран. Одлетуваат. И тогаш топовите и минофрлачите го дотолчуваат тоа што не успеаја да го столчат авионите. Додека грмежот се уште се растура во клисурите и чадот уште не паднат, во напад тргнува пешадијата. Така до квечерннната. А ноќите, барем по полноќ, се едно непрекинато копање.

Командантите вршат проверка и се исто велат и повторуваат:

- Кој не копа длабок ров, тој брзо ќе си најде гроб...

И копаат до рамена, до глава и над глава; подобро што подлабоко жив в земја, отколку мртов во неа. Беа навикнати на постојано движење. Сега закопани в земја. Најмногу небо гледаат, а од светот и просторот пред нив толку гледаат, колку што може да се види од пушкарница и мушицата. Се чувствуваат како орли во кафез, на кои им се потсечени крилјата. И мачно им е за тоа противникот ги бие кога сака и со што сака.

Втопено во црвенилото на заодбата која преминува во пурпур, виси сонцето над Бел Камен. Толку е црвено што се чини дека ќе препукне, а румената и парталава замаглина де пожолтува, де руменее и побледува, а потоа се втопува во мракот. Тажни се заодите на Бел Камен. Болка и тага навева погледот кога се постелува на костурската шир и отаде на Вичо и Сињачка. Над нив појас облаци со боја на сив мермер. Треперат и шумолат лисјето на младата бреза до чии корени Циљка го ископа ровот и со целата своја висина ја мери длабочината. Неподвижна е сенката на брезата, а под неа, се ројат мислите исплашени од тоа што допрва ќе дојде, се растураат, летаат некаде зад ридовите, далеку од ровот и итаат таму каде што може да стигне само надежта.

Наредено е и Циљка извршува наредба. Копа. Копа длабоко. И да не мисли. За неа мислат други. Таа треба да копа длабоко,

потоа добро да го сокрие ровот. Нејзино е само да мисли затоа дека не смее, без наредба, да направи ниту чекор назад. Отиде само чекор назад, тогаш пред неа ќе биди стрелачкото одделение или само командантот – под ѕид или навалена карпа или на стебло, бам и... - тесен, плитко ископан гроб - со малку ,земја, малку камења, лисје и гранки. И никој никогаш нема да знае кој е под нив... Го продлабочи ровот. Над градникот стави неколку камења, довлечка гранки за да го покрие ровот и свежо ископаната и израмнета земја. И пак копа, што подлабоко, за да сочува позиција. Се секира ли некој за нејзината глава? Важна е позицијата, а не нејзината глава, која не треба да мисли за денес и за утре, туку во ова злодоба да мисли само за тоа како да ја задржи позицијата, противникот да не помине. Тврда е земјата и коренот длабоко вжилен во неа е цврст; не се подава. Тврда е земјата не само затоа што ја бијат авиони и топови, ами и затоа што ја бие и човековата несреќа и пизма... Ја стегна грч на болка и сподавен липтеж затоа што вчера стрелаа еден од борците... Попушти, не издржа, се повлече само за една должина од својот раст и за тоа бам... Падна ничкум со свиткани колена и лицето удри во трвдата каменеста земја. Дали успеа нешто да помисли? Нешто да си пожели? Таа виде, како пред тоа, му треперееа прстите, му се тресеше брадичето, му се разигра мускулот на левиот образ. Бам... и смрзнаа сите мисли, гавраните, кои чепкаа и колваа црви во земјата пред рововите, полетаа грачејќи... Само за миг на усните и залепи мислата: дали срцето му е топло? Морници по телото и стравот истисна студена пот...

- Копај и ниту чекор назад!!! - и се пристори дека некој заори над неа. Подигна глава. Високо - облаците поцрнуваат.

Излезе од ровот. Отаде пожар. Како ламбади горат столетни борови; во лединката договоруваат планинските цвеќиња, се спржува синиот цвет на Јановото цвеќе, испарува сладуњавиот мирис на шумските јаготки. Во заодот небото ја губи висината, врз ровот легнува сенката на брезата. Седна на крајот од ровот и гледа во заодот. Седи и само во тоа кратко чекање успева да се праша: зошто е ноќта? Си спомна: денес е недела и ден молитва и почивка... Биење на камбани не се слуша. Отаде Бистрица, бијат топовите и над планините кружат авиони...

Погледна на небото и прозбори: Господи, услиши ја молитвата моја ... - го покри лицето со дланките - и помогни ни да дочекаме ден и денови...

Ноќта, тука под Горуша, е ведра и топла. Дише разораната и ранета земја. Од кај Морава, црни облаци и некаде по полноќ - заросува. Ситно - колку прашина да испере, зароси дожд млак и летен. Во клисурите се превиткува маглата. Додека во котлините и трапишатата се уште владее мракот, тука на Горуша, Круша и Бел Камен рано надоаѓа зората - пројаснета и румена. Ветерот ги издува испарините и замаглините и видик се отвори до немајкаде. Над Сињачка побелува небото и само миг потоа врвца од сончев зрак се шири од горе надолу и нежно ја допира земјата. На Копанче, Свети Илија, Круша, Горчша, Бел Камен, Арена, Грамос... денот секогаш доаѓа од кај Сињачка. Најпрвин таму пребледува небото, станува розово, црвено, набабрено со пурпур и чиниш одеднаш ќе потече црвенило и ќе ја облее засенчената страна на планината. Полекака израснува дискот на сонцето и со белузнава светлина го поплавува Костурското Поле.

На небото се појавија три црни точки и постојано растат во очите на стражарот.

- Авиони!!! - викна тој, повтори и го снема во бункерот.

Во низок лет растоварија оган и откако го посеаја -стравот, ги снема. Се огласија артилериските батерии.

Циљка, купче легната на дното од ровот, со колената втиснати до брада, со рацете на глава и облеана од страв, чека. И мисли дали наредното ѓуле ќе ја одмине или ќе ја погоди и дали ќе почувствува болка или веднаш ќе ја разнесе. И веднаш и се залепи мислата на вчерашниот ден, кога во раните утрински часови, две артилериски батерии, нивните позиции ги биеја без престан. По одбиениот пешадиски напад, почнаа да ги поправаат рововите и бункерите, собираа делови од тела на своите соборци. Нема ли денес неа да ја соберат дел по дел и да ја закопаат во заедничка јама? Уште повеќе се вкопа во земјата и чека и не може да ја истера лошата и злокобна мисла. Се

залепи како лишај. Прсти пикна во ушните шуплини и стега за да не го слуша заглушувачкиот и развлечен свиреж на ѓулињата. Под неа се стресува и тапо татни земјата. Во ровот, врз неа паѓа топла земја испомешана со парчиња од камен. Се повеќе се стегнува во себе, се склопчува и чека. Не мрда и не дише, плашејќи се дека дури и најмалото движење и воздив ќе ја открие, ќе ја издаде... Упорно трае во неполвижноста. И одеднаш тишина. И се чини дека тишината и ѕвони во ушите и навестува нови удари. Наслушкува. И слуша нови грмежи и татнежи и тапо удирање на крвта во ушите, стегање во грлото. Се плаши да помрдне глава. Вчера за малку што не ја изгуби. Доволно беше тоа што со главата ја помрдна ракатката зелени гранки со кои беше покриен ровот. Доволно беше само тоа движење, Истрелот не го слушна. Над левото уво запржи. Од ѕидот на ровот се одрони земја. Ја облеа пот и ја обзеде страв. Кога одвај се смири, дури тогаш се осмели да подигне рака. Шепата и се наполни со изгорена коса. Во тој миг куршум просвири над нејзината глава и веднаш потоа цел рафал. Разбра дека е откриена и и се присака гласно да викне, да заплаче и во тој миг слушна згрчено офкање и довикување на ранети. До крв ја гризеше раката за да не испушти глас на страв. Седна на дното на ровот и главата ја покри со шмајзерот. Свиткана, со лицето пикнато меѓу колена, остана до мракот. Кога во ровот завладеа црнина - таа се осмели да се исправи и виде како од своите дувла излегуваа момчињата и девојките и опиени од свежиот воздух легнуваа на земјата изорана од гранати. Потоа, ниско наведнати, се оддалечуваа неколку метри наназад и таму зад карпите, во трапот и долот - се празнеа.

Земјата престана да татни. Малечок зрак на тивка надеж. Воздивна. Вовлече воздух испомешан со изгорен барут. Стресе глава, се подигна на лактот. Наслушкува. Грмежите од артилериските ѓулиња ехото ги разнесе по трапиштата. Внимателно подигна глава. Молк. Гори кутнато стебло. Чал над рововите. До неа се искашла Мита, захрчи, плука. Понатака - гласот на Јани. Пцуе. Тој излегува од ровот и вика:

- Има ли живи?!!!

Хивнуваат рововите.

Блажен, оживувачки, неискажлив бран на радост во душите и срцата; блика радоста од очите, од солзите, од образiте, избива од секој збор и довикување, од плачот и :воздишките, напојува, озрачува, исполнува и овладува...

Убиени нема. На петмината ранети им ги преврзаа раните, ги изнесоа и ги сместија во земјанката отаде трапот.

Циљка се врати во ровот. Сега ослободена од стравот, се навали на топлиот земјен ѕид, вдишува воздух, истресува земја од коса. Почувствува жед. Го побара ранецот. Покриен е со земја. Го истресе и го извади пагурчето. Со одмерени голтежи - пие со очите вперени во синото небо. Сврте глава. Од каi Вичо се нададоа бели облаци. Таму далеку тие се претураат и се преливаат, ниско висат над планините. Слушна чекори. Командантот на четата поминува долж рововите и наредува да го чистат оружјето. Циљка се наведна да го побара шмајзерот. Со раце ја исфрлува земјата од дното на ровот и во тој миг во ќошот забележа врапче. Полека, за да не го исплаши, нежно го фати и го стави на широко отворената дланка. Топло е и зашеметено. Во него одвај тлее животот. Циљка го стави во скутот и полека му го отвори клунот. Се наведна и му дува во грленцето. Повторува, му го трие мешето и пак му вдишува топлина. Пердувестото клопче затрепери. Мрдна крилце. Размрда канци. Циљка го зеде меѓу двете дланки, го топли и полецка му дува во отвореното клунче. Со сламка му капнува во грленцето капка вода. Уште една и уште една. Отвори очи. Лесно растресе крилца. Застана на слабникавите нозе. Гледа со зашеметено и матно. Свртува главче. Се разбриструва поглед. Циљка му погали грбче, му намести разбушавено перје и подигна дланка над ровот. Врапчето се помрдна и закопча канџи за прстот на Циљка. Погледна тука и таму, подигна главче и полета... Циљка гледајќи го како со низок и разбранет лет се оддалечува, рече:

- Ех. да имав и јас крилја...

Во текот на денот противникот двапати тргна во напад. Цел ден се до квечерината се бранеше Горуша. Се уште горат приодите

и врвот е во оган. Гори бршленот обвиткан околу стеблото на буката и до самоти врв се истрчува врвцата на пламенот. Цепнатинка во каменот и во неа - цвеќенце. Треперат листенцата во топлите повеви на ветерот. Циљка, со испупчени усни дува. Ја издувува прашината, а потоа долго го гали со погледот. Се плаши да го допре со прст... Се плаши да ја допре и карпата... Надоаѓа примракот, зад нивните грбови гасне пурпурот на сонцето. Многу го дочекуваат свртени кон исток, кон небото, лежат ничкум или свиткани така, што не фаќаат ниту една страна на светот. Лежат така, како што ги легна куршумот, парчето граната или бомба. Сега тие се само број во тефтерот на командантот...

Ноќта - мирна. Топла. Лесните повеви на ветерот распостелуваат спурнина. Полутемно небо, со броени ѕвезди. Навеви на мирис од Јанобо цвеќе. Едни раседнати на грбот од рововите, други легнати во нив. Со лицата свртени кон ветерот што поддувнува од кај Бистрица, вдишуваат свежина. Шумоли спрженото лисје и високите подгорени стебленца на тревата, Земјата се смирува. Мажите пушат, криејќи ги цигарите в шепа. Распарувачки воздивнуваат...

Во ровот, долго кашлање, а потоа тивко потпевнување:

Митревица чеканката
рано рани на утрина...

Од соседниот ров - дебел, неделкан глас, скоро тропа пукната штица:

Овци паса габер лежа
Вечер ќе ти дојда...

Замолчува, небаре наслушкува одговор и одново затропува:

За татко ти, колај бива,
Едно луле тутун...

Гласот прекинува и по миг прашува:

- О, Којо, шо прајш, ре? Да не спиеш? Не спиеш? Е, тогаш фрли го ќесенцето со тутун за да свиткам ена...

И додека тој ја витка цигарата, се разлеа воздишка - ноќно мечтаење на полна месечина:

Дојди ми Магде,
твојто бело лице,
твојата рамна снага
само те Магде мори сонувам...

Од другата страна, некој дофрлува, молејќи:

Оф, аман, аман мори Елено,
оф, аман, аман, умирам за тебе...

... Излезе песната од ровот и се растури во мракот...

На самоти почеток одвај чујно, речи си срамежливо, тивко како лесно треперење на крилја на вилино коњче, едната ја гони другата и се нижи во синџир, а во него - студените кладенци каде моми студена вода налеваат, прстенот меновник, долгите години на чекање, високите чардаци, белата пченица и деветте гулаби што високо над ширно поле летаат, јадовите момини и либето кое под прозорец, пред порти, под чардак чека... И во пеењето – спомен, ја има Фанка која бери грозје лисичина и падарчето кое ја фати, а не сака бакшиш пендолира, туку сака, леле, црни очи... и калеш Донка и Калината руса коса како тељови за тамбура и лулашката на Ѓурѓовден и... Се уште недоискапи меракот, кога од горе, втората одбранбена линија, деци крчицки, лобаницки, косинцки, папрадцки, д’мбенцки, бабчорцки, езерцки, запеаја:

Мори чупи костурчанки
Раширете го орото,
Раширете го орото,
Да ви виме фустаните
Да ви виме фустаните,
Чиј е фустан дамкалија,
Чиј е фустан севдалија...

И навираат спомените, а гласовите ги подзема ветерот и ги сее од ров во ров од бункер во бункер, од таму ги презема и ги префрлува над трапиштата, ги разлева по ридиштата, ги подига до врвови. Во овие мигови песната сите нив ги враќа дома, на вигната, на лозје, на пресно косена ливада, в градина и бавча, на долга седенка, на шедба... Некој длабоко воздивна, друг скришум избриша натежната солза. Фанка, ранета во левата рака, потстенкува, ама песна не одлепува од усни. Во топлата ноќ, низ широката пушкарница, ветерот фрли грстови гласови во бункерот и го разбуди нишанџијата. Молат машките гласови:

Не прусај, прусај
Пред мене мори лепа,
Не ми го гори срцето!
Стига е само горено, мори лепа,
Горено, пепел сторено.
Лапка ќе фрла по тебе, мори лепа,
Да се завртиш, да видиш,
Да ти го вида лицето, мори лепа,
Лицето бело црвено.
Да ти го пиша на тефтер, мори лепа,
Кога ќе ода на аскер,
Кога ќе ми текни за тебе, мори лепа,
Да го отвора тефтеро.
Да ти го вида лицето, мори лепа,
Лицето бело црвено.
Да ми помини мерако, мори лепа,
Мерако голем по тебе...

Вдлабочена во срцата, го буди споменот, вивнува кон небото, чиниш ќе ги допре ѕвездите и плавно се разлева. Едниот глас се издигнува трепетливо, а другите здишано, гонејќи го, се придружуваат, се долепуваат и дружно се дополнуваат. Машки се гласовите, тврди, длабоки, сигурни и доаѓаат од соседниот ров. Им се придружуваат женските - топли и блиски како мајчино шепотење и галење. Сал за краток миг прекинуваат и само толку, колку за да земат здив, колку за да падне песната во уво, да се вкови во душата. И додека една длаби во душите, друга надоаѓа нежно - певливо. Се чини дека секој збор е

бележан со сите младешки желби, копнежи, тагувања, пасакувања и болки и е извезан и украсен со коприна и мониста. Лево, рој женски гласови се ѕваа и, чиниш со лесен лет на пеперутка, ја пробиваат темнината и кратко, задржувајќи се меѓу осакатените дрвја, јагленосаните гранки, подгорената трева и овенатите полски и шумски цвеќиња - ја отпеваат изгубената младост, убавината и недоживеаната љубов...

Бело лице љубам јас,
Црни очи љубам јас,
Гајтан веѓи љубам јас,
Фајде нема...

...Ех!... - воздивнува ранетиот, крие лице во дланките и залиптува. Боли раната крвјосана и боли овенатата и се уште недорасцутената младост. - Фајде нема ле душо... - прекинува гласот, секнува и кој знае, се прашува ли, дали фајде нема од шеќерната калеша чупа која е неверна или од утехата што самиот си ја дава. Пеат рововите и земјанките и ширум ја разлеваат тагата-копнеж за Тина, Тинка, за Тана, Фана, Донка, Севда, Маре...

Оф, оф севда пуста по една,
севда голема по сите...

Гласовите недосекнати, одвај стишени, ги наткрилија други:

Изникнало цвеќе во момини дворови
Ран бел босилек, црвен каранфил...

Одеднаш стивнаа гласовите. Кавал ги наткрили. Заплака со лелек, плач и липтеж на мајка која изгуби дете и свиреж - извик извишува до врв планина, изговара се што в душа се крие, се стишува, трепери во воздухот и стивнат легнува врз меката трева... Се изжалува и се издавува во себе изговорливото свирење; завива кавалот, се потсмируа и заличува на шумолење на зрело пченично класје, се разбранува како немирен лет на сокол, се шири, ту паѓа, ту се подига, разбранува, согорува, истиснува солзи и незапирливо тече, лета кон домашните прагови, кон кратките лъчбовни мигови, топлите и незаборавни

скришни бакнежи. Се има во него - сета жал и надеж, стремежите и мечтите и неизмерливата тага, вчерашниот бој, лелеците и довикувањата на ранетите и живите...

Во рововите и во земјанките од песната станува потопло и понежно онаму горе, во високото, мижуркаат ѕвездите. Во полумракот што повремено го расечува слабникавото жарче на запалена цигара, болснуваат солзи и се слуша по некој тежок издив и засрклив липтеж. Над ридот полната месечина загледува во рововите, бункерите и земјанките во кои расцутува младоста на овие седумнаесет, осумнаесет, деветнаесет и дваесетгодишни момчиња и моми... кои растат и созреваат во долгите ноќни маршеви под дожд и снег, во мракот на густите магли, во студените и влажни земјанки, меѓу карпите и камењето, во рововите и бункерите, во непрестајните борби во кои од студенилото и вжештената цевка на оружјето, ја изгубија нежноста и топлината на дланките...

Ех, анасана!...

Политичкиот комесар на бригадата, кој пред половина час стигна на овие позиции, навален на дебелото борово дрво, му рече на командантот на баталјонот:

- Убави се вашите песни... Фаќаат за грло, за срце, ама не се за ова време. Сега ова треба да се пее:

Врондај о Олимбос, ќе се стравти и Ѓона...
(Бучи Олимп и болска Ѓона)

или онаа вашата:

Во борба, во борба, во борба
Македонски народе...

- Цињка! - викна командантот на четата. - На стража!

Месечината сврти на кај Бел Камен. Врз подгореното лисје и трева и свежо доископаните ровови паѓа ноќна, болсклива, бисерна роса. Отаде Бистрица болсна небото. Одблесоците и

глувите татнежи кажуваат за жестокоста на битката што почна... Топовите бијат долж планинскиот венец. Клисурите и траповите исполнети со чад.

Педесетина чекори напред и толку назад во мракот одмерува Циљка. Натаму има други. Влажен, студеникав и маглив е мракот. Ја стресе студенило, удри заб на заб. Чекори и чува, ама најмногу чува во неа да не влезе стравот. Срце и замрува, одвај дише, одвај собира и испушта воздух за да не крикне стравот. Во себе го собира, го стега со заби, го сподавува и го здржува грчевито... Во ушите и одѕвонуваат, песните испеани пред да оди на стража. Колку ли беа? А колку се чште не се испеани ол тие што ги памти од баба и мајка? И се чуди: како ли, кога има толку многу страв, толку многу крв, толку убиени и ранети, толку многу плач и лелек, може ла се пее? Можеби затоа, тука, во планините на Грамос се уште не е испеана песна за нас...

Одмерува чекори напред и назад. Година дена е под оружје. Во изминатите месеци ги запозна границите на човековото величие и понижување. Се убеди дека и во сенката има многу мени. Во земјанката, во ровот и во бункерот, во долгите, најчесто пелтечени дрдорења на довчерашните говедари и овчари, а сега самоуверени и самобендисани политички комесари, кои човека го прават роб, перејќи му го умот и мозокот само за да го ослободат од обидот да размислува, да не мисли и расудува; ги запозна чекриците низ кои тие, млади и недопечени, поминаа за да станат голема сепаленица. Само тогаш кога таа е сама во длабокиот ров, може да размислива и да се радува. да биде со себе и со се што и е блиско, туку и тогаш погледнува слччајно некој да не ја прислушкува. Знае дека во единицата има поткажувачи. И преку нив, исто така, јакне системот на оглупување, во кој партиските секретари и комесарите се првоучители.

Смена на стража. Циљка се врати во својот ров. Се навали на влажниот ѕид и дремнува. Под неа се стресе земјата. Брзо се подигна. Не успеа да види што се случува. По тешкото бомбардирање, ја најдоа онесвестена...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 8

Над свиокот од тесната козја патека – висока карпа. Од неа се распостелува широка глетка на околните ридови и трапишта. На самоти врв - бункер - противавионско гнездо и набљудилница. Пругоре стрмнина обрасната со ниска сочна трева и млеч и погоре – гола се извишува планината. Наспроти карпата - разгранета бука со откинат врв и осакатени гранки. Долу, длабоко, бучи планински поток, надојдеп од вчерашните дождови. Распенетите води одблеснуваат во сонцевината. Дваесетина чекори понатака, до самоти удолница -ливада -ја полева влага што се цеди од ридјето. Иако е среде летна жега - раззелени тревата и цутат бели маргаритки. Понатаму се простира густа букова шума. Под широките гранки на дрвјата, во дебелата сенка, ту испоседнати, ту исполегнати во ладовината, почиваат жени. Молчаливо, како да им стана навика, чекаат да згасне денот. Често погледнуваат на небото. Вслушани во бучавата на авионот што кружи над ридјето, чекаат да одлета. А Тој кружи. Виси над ридовите и шумите и нови кругови врти, гледа од високото, јавува и снима. Добиците растоварени, врзани за стеблата, штипат од тревата што им е под муцките. Топло и зелено е во котлинката.

Фимка, со поглед закован во двајцата мажи, кои седат отстрана, напнува ум да си спомне каде ги видела. И текна. Истите се тие, кои пред триесетина дена ги водеа, често менувајќи ги патеките. ту фаќаа угорнина, ту се спуштаа, свртуваа, влечејќи ја зад себе колоната од жени и добиток. Тогаш Фимка разбра дека тие намерно така ги водеа за да не запамти никој, освен нив, кои патеки водат до магацините со орухје. Таму стигнуваа ноќе, во мрак товараа и во мрак заминуваа.

Жените, скоро сите облечени во црно и забрадени со црни шамии, тивко зборуваат, намнисуваат, дремат. Доволно е некоја да го спомне загинатиот маж или чедо и тогаш очи наглотува солза. Испрекинато липање стегнува грло. Стежнува болката, гори и копа та раскопува споменот. Од горе, од планината, поддувнува ветрец. Нежно затреперуваат лисјето и шумолење расејува шумата. Одвај видливо треперат листенцата на маргариткпте, лесно се навалува високата трева, бранува. Над

неа – разиграни пеперутки. По повевите на ладникавиот ветер, се чувствува заодливиот здив на денот. Одвај забележливо, полецка, со лесните повеви на разиграното лисје и нискиот лет на птиците, во котлинката се спушта свежа и лесна шумскопланинска квечерина. Надоаѓа лазурно-розова, шареникаво-сина, питома и тажна. Вцрвенети облаци над планините. Полусветлина - распостелува шаренило, кое потемнува и потемнува, ја покрива ливадата, невидливо дотекува. се згустува, натежнува, ја обгрнува котлинката, во сивило ги втопува дрвјата и околината. Високо - го снема пурпурот на заодот и во последните издишки на примракот, дотече мракот. Одвај забележлив, некаде под тревата исплашено и испрекинато се одгласи цврткот на штурец. На неколку чекори понатамѕ - срамежлив одглас, еден па друг и се повеќе. Живнаа штурците. Плашливо, срамежливо, исчекувачки, наслушкувачки пуштаат глас и чекаат одглас. И како по нечиј даден знак. котлинката се распеа. Молежлива, блиска, маѓепсничка и волшебна, умилна, заносна и ожална, ту гласна ем тивка, мека и смирувачка, страстна и вдахновена, побожна и трогателна, заводлива и нежна, радосна и слатка, ветувачка и измамничка, се разлева по ливадата песната на штурците, го преполнува воздухот, проникнува под секоја тревка, прекинува колку за да присобере здив и одново се разлева, одекнува, тече, се шири, се издигнува и лета и постојано без прекин и престан моли: - дојди - дојди - дојди... И наеднаш еден друг глас небаре ко гром се растури над ливадата:

- Станвајте!!! - падна зарипната команда, се испокрши од стеблата и се изгуби во шумата.

Во мракот живна ливадата и шумата. Добичињата начулија уши, жените брзешкум бришат натежнати солзи, се прибираат, а тие кои се задолжени за добитокот, ги товараат, а другите стегнуваат ремење на рамо и половина за да се држат поцврсто сандаците и вреќите на нивните плеќи.

- Тргнувај!!! -наредува истиот глас.

Живиот синџир од луѓе и добиток, чекор в чекор, нога зад нога, вчекорува во ливадата покриена со пресна роса. Главнината ја

расечува и по неа стотици нозе и копита ја разгазуваат росната трева. Се свиткуваат главичките на маргаритките, болежливо се исправува тревата и уште недоисправена ја гнетат други нозе и копита и по нив други. Молчешкум црната редица набрзо ја фаќа угорнината. Колоната виулесто, здишана се искачува по стрмнината. А долу, во ливадата, се до пресна зора, цела ноќ, неуморно ќе се довикуваат штурците. Добитокот шлапа во редица и не греши пат. Патеката еднаш изодена ја препознаваат и во најгустиот мрак по мирисот на лепешките и мочката. Држат чекор и растојание и знаат кога да подзастанат, кога тежина да префрлат од нога на нога, да приберат здив... И жените, држејќи се за узди и за коњски опашки, пред нив и покрај нив - чекор в чекор - одат. Колкупати ли ги изодиле горе и долу со ист чекор, воздишка и издишка патеките - врвулици? Секое камче и секој корен изникнат над земја, скоро познати и знаат по кој чекор да го прескокнат...

Лево од патеката се извишуваат голи и распукани карпи. Во пукнатините, џуџести борчиња, длабоко вжилени, растат и опстојуваат на студот, ветерот, дождот и снегот. Десно - длабока темна бездна што почнува веднаш при влезот во тесната патека. Во мракот се слуша бучава на вода. Фимка, силно држејќи го коњот за узда и гривна, милно и молежливо му шепоти и полека, скоро притисната на неговото ребро, го води по патеката што виси над мрачната бездна. Сандаците со патроните, мините и рачните гранати допираат, гребат, удираат на карпата, шараат по неа, се тријат, тропаат. Наеднаш прелетува лиљак. Злогласно, грозничаво зави був.

Чекор в чекор, нога зад нога, виулесто пругоре се движи во мракот долгата колона. Завршува голината и главнината влегува во боровата шума. Мракот згустува. Меѓу стеблата и високо над врвовите завива ветерот и макарштo небото е исшарано со партали облаци меѓу кои свети по некоја ѕвезда, се чини ќе има бура. Само од време навреме болснува батериската светилка на предводникот. Стега стомакот, од болка вие рамото, грбот, плеќите, нешто болежливо се вжилува во крстот, потсечува нозе и колена. Се врежува ортомата, натиснува штицата...пече стапалото, пукнува фултак, спржува пета,

крвави рана... Уште малку и завршува шумата. Таму високо нал ридот пребледува небото.

- Забрзај!!! - паѓа команда.

Фимка за миг подзастана. Сврте глава. Далеку на исток - белузнаво небо. Долу - се тоне во бела магла. На запад пребледнуваат високите врвови, а горе, пред неа, небото се румени.

- Забрзај!!! - остро, врескливо заори истиот глас.

Стотина метри пругоре, излегоа на голо. Широки и длабоки дупки. Наоколу испокршени камења. Мириса на горено и изгорено и на барут. Пред три дена оваа угорнина не беше вака раскопана и осакатена. Кој рече дека е од бомби? Зарем стигнаа дотука тие кои некни пукаа од отаде ридиштата?

-Забрзај!!! -истиот глас ја прекина мислата на Фимка и таа го спотерува коњот.

Пред колоната се исправи карпа. Некој гласно и сочно пцуе. Се заканува со воен суд. Предводникот го згреши патот. Колоната свртува лево, ја заобиколува карпата, се дели на три и тргнува на три позиции. Зазорува. Над Сињачка планина црвенее небото.

- Стој!

Предводникот и стражарот разменуваат нишан и веднаш потоа жените одрамуваат сандаци и вреќи, растовараат добиток. Исправуваат грб, бришат пот и длабоко вдишуваат утрински воздух. Издишуваат чемер, плукаат густа, леплива и пенлива плунка. Кратка почивка. Над Сињачка зазорува. Пурпур над врвот. Ранетите веќе се товарени на коњи и носилки, а жените распоредени по четири на секоја носилка и по една на коњ.

- Тргнувај!!! - сега прудолу, брзо, што побрзо, пред да набелеат планинските врвови, пред да се изгуби црвенилото над Сињачка планина под која Костурското Езеро белузнаво се одлепува од

распосланата црнина. Утринската запурнина насобрана во мали облачиња, навлегува во траповите. Колоната - сега се лизга прудолу, што побрзо мора да стигне до првите борови - да влезе во шумата, да ја снема во неа, да биде невидлива, а потоа ако сака нека кружи проклетото што долетува од Рупишта.

Во сивата мугра виулесто се издолжува прудолу разовканата колона.

- Пополека, мајче... - моли ранетиот. Молежливиот шепот се губи во болното офкање, замолчува, одвај се насетува неговото дишење и кога му се враќа свеста, тогаш со глас што одвај се слуша, тој пак моли, проколнува, пцуе...

Од ќебето заковано на два кола, се цеди крв. Капките паѓаат врз тревата и зелените лисја на Јановото цвеќе. Стебленцето на тревата затреперува под тешката капка која полека пифтосува во утринската ладовина.

- Забрзај!!! - распалив глас на команда.

- Пополека, мајче... - издишка на молба.

Осакатените офкаат, молат. Од засушената крв завоите се црни.

Фимка наведнува глава, се загледува во лицето на ранетиот, скришум и капнува солза.

- Не се секирај, мајче - мрмори носилката. Во неа нешто како да е живо, цело завиткано во валкани завои. Само лицето и очите откриени. Како трупец е оптегнато и сал мрмори. Одвај врзува збор со збор.

- Ич не му бери гајле, мајче... - вели и воздивнува длабоко. - Не му бери гајле... така ми рече и командирот. А на што да нему берам гајле? На ридот? Го задржавме... Издржавме. Со што ли не фрлаа... Со што ли не биеја... Колку оган изгоре врз нас? И кој може толку да издржи?... - Захрчи, се засркна, воздивна, тивко нешто промрморе и во широко отворените очи се замати небото. Му се изгуби гласот. Две зелени муви се залепија на

неговите усни - струпови. Во стаклените зеници одблеснуваат парталчиња сино небо и перпелкаат сенките на лисјата.

Таму, некаде на челото, на острата удолница некој се сопна, се слизна, падна, испушти носилка. За неколку минути запре колоната, се разофкаа носилките... Фимка и жената пред неа за миг ја спуштија носилката, колку за да избришат пот од чело и длабоко да се издишат.

- Тргнувај!!! - падна команда.

Тргнаа. Со секој изоден чекор забележуваат дека носилката станува се потешка. Нивниот ранет беше студен. Него и уште двајца и една девојка, ги симнаа од носилките. На ќебето заковано на два кола, префрлија друг. И тој разовкав и блед. Градите му се подигаат високо и со мачнина се обидува да фати воздух. Преврската крвави. Од крајот на устата тече поројче крв. Мажи во одминати години, некадарни да носат пушки, ама со нарамени лопати, одат долж колоната, ги собираат оладените. Ќе ги закопаат во јама, претходно ископана близу дебелото стебло на буката. Врз свежо истапчената земја фрлаат гранки. Така по секое враќање од боиштата...

На носилката што ја носат пред Фимка, зборлест ранет.

- Тука - вели тој - тука ме прободи...а од каде ли во мене толку крв? А комесарот, ѓубрето, цело време ме теши та ми вели - не се плаши, бре. Има ли некој кој од куршум не се плаши? А јас се плашам... Стравот е голема работа... Голема, велам... Ако не се плашиш нема да се чуваш... Јас и се плашев и се чував и ете ме на носилка...Таму горе, во ровот... - зборува тој мачно и испрекинато и капе та капе под него крв - во бункерот, мене, кого го нарекоа херој, стравот, ужасот секогаш беа до мене,.. - Тој се понаретко дроби за стравот, кратко и болежливо се искашлува. вика во бунило, моли. И кога му се повраќа свеста и дишењето станува полесно, тој вели: - А јас, кутриот, цел живот бев несреќен и сиромав и можеби затоа... - Малкуте живот што му остана - истече заедно со крвта што клокотеше во неговите гради и со недоречената мисла. Имаше широка пробојна рана.

Фимка ги запамти и овие негови кажувања:

- Ако бомбата пукне до тебе, тогаш - крст, ако бурето со оган што паѓа од небо, падне до тебе, тогаш - пепел. И не смееш да се поместиш... така ни е наредено - да гинеме до еден... Ти можеш да паднеш, ама позицијата, ридот, не смее да падне... Така... - И тој и згасна пред очи. На носилката товарија друг.

На лединката запре челото на колоната. Под густата сенка на боровата шума ги спуштија носилките...

- Растоварвај!!! - истиот глас фрли команда. Се развика и се растенка лединката и сенките. Млала девојка. Во војничка униформа и со торба со знакот на црвениот крст обесена на рамо, оди меѓу ранетите. Се наведнува, поправа завои, тивко и брзо нешто вели, теши.

Фимка го спушти на земја ранетиот, седна до него и со крајче од црната шамија полека, со одмерени движења, како аргатка на жетва, ја брише потта од лицето и челото. Ранетиот, младо момче, не изгледа на повеќе од осумнаесетина години, тивко потстенкува, подзатвора очи и се чини дека за нешто ја моли. Во грч стегнува вилици. Јадра солза се откинува од крајчето на левото око и по валканиот образ се издолжува тенката врвца на топлото поројче. Низ полуотворените усни вовлекува воздух, клепти и одвај видливо дава знакови со долната усна. Моли. Моли, ама за што моли, Фимка не може да разбере. Го праша:

- Те боли?

Ранетиот длабоко воздивна. Во грч се стегнаа усните.

- Сакаш да јадеш?

Тој одречно климна со глава.

- Сакаш вода? - Во неговите очи Фимка забележа потврда. Од торбата го извади букленцето, го растресе. Празно е.

- Лежи си, синко - му рече. - Јас ќе одам по вода.

Стана и појде. Прудолу, во трапот. Оди полека и наведната, повеќе држејќи се близу дебелите стебла. Кога излезе од кругот, дури тогаш забележа колку луѓе се исполегнати на лединката опкружена и покриена со високи борови. Првпат виде толку многу мажи и жени со преврзани глави, раце, нозе и гради. Лежат мирно под сенката на високите борови. Завиткани во крвави, валкани завои, одмораат од истоштувачките деноноќни борби и од долгото ноќно патување растресени на коњските грбови и носилките. Продолжи. На самоти крај од лединката - густеж. Слушна удари на копачи и исфрлување на земја. Помисли дека копаат ровови или земјанка, ама кога виде легнати млади мажи и жени со бледи лица, подуени и неподвижни - разбра - копаат заеднички гроб. Наеднаш сврти понадесно и со забрзан чекор слезе во трапот. Со левата рака го притисна букленцето во водата, а со десната црпи и пие од дланка. Пругоре се враќа вјасаница. Покрај густежот веќе нема никого. Погледна таму каде копаа. Освен испокршени гранки, нафрлени една врз друга и малку свежа земја растурена меѓу тревата, ништо друго не виде. Се зачуди што толку брзо се беше завршено. Забрза чекор, сакајќи што побрзо да се оддалечи од ова место. Кога почна да оди пругоре, почувствува стегање во градите. Пред очи и заиграа светулки, и се стемни. Подзастана колку за да земе подлабок здив. Заслабна, клекна и врз лице и чело фрли грст вода. И пак погледна на гранките и свежо израмнетата земја и во тој миг за грло ја стегна грч. Залипти тивко и потоа заплака - за оние непознатите, кои во непознато најдоа место за вечен почин... И ќе дознаат ли мајките каде им лежат чедата? Оваа мисла и истиснува солзи и ја исполнува со болка. И откако ги исплака непознатите кои лежат неколку чекори од неа, Фимка стана и полека појде. Оди право пред себе без да гледа наоколу. И се чини дека срцето и крвави. Оди меѓу ранетите право кај својот ранет кој гори од жед. И во еден миг, небаре доаѓа од далеку, слушна момински глас:

- Мајко... Мајко... - молежливо и кротко допре до неа гласот. Не се сврте. Си помисли дека некоја од ранетите, осакатените девојки, одболувајќи ја својата болка на помош и за олеснување си ја вика мајка си. Секогаш кога боли и кога се има дури и

најмала грижа, се вика мајката. Целата сигурност е во тој краток збор - мајко!... Фимка оди пред себе, во пазувите со обете раце го стега буклнцето. чиниш на градите носи доенче.

- Мајко... - пак го слуша истиот глас, ама овојпат сосема тивок, многу молежлив и уште подалечен. Забави чекор, подзастана за миг и шепнешкум рече:

- Кутрата...мора многу да ја боли штом толку жалосно си ја довикува мајка си... - И оди Фимка. И гласот упорно ја следи. Застана. Сврте глава. Погледна на ранетите исполегнати наоколу. И на жените - раненосачките.

- Мајко... мајко... - сега гласот допре до неа од поблиску и разлечен е, молежлив и плачлив. - Мајко! - пак замоли девојчинскиот глас. И сега на Фимка и се пристори некако познат. Се стресе, забави чекор, и се чини дека целото тело и го споплавија мравки, на челото почувствува ладна пот, нозете и се прекршија во колената и со сета сила што и беше останала, полека се сврте со целото тело. Се загледа таму од каде допира гласот и во себе се помоли - Господ да даде уште еднаш да го слушне тој глас што пред малку и се пристори дека и е познат... Чека, исчекува, а гласот како да секна. И во мигот кога сакаше да се сврти и да појди, таа уште еднаш погледна. Очите и се насолзени и како низ магла виде дека некој мафта со рака во окрвавен завој. Избриша солзи и погледна на кај подигнатата рака. Девојка во војничка униформа, потпрена на левиот лакт без престан и мафта со десната рака и ја вика да дојде. Ја повикува и довикува не со гласот, зашто гласот се беше претворил во липтеж, ами со дланката завиткана во бел окрвавен завој. На Фимка си повеќе и се чини дека гласот и е познат и, гледајќи ја девојката од оваа оддалеченост, таа се чуди и не може да се изначуди, та се прашува, зошто ли токму неа, непознатата ја вика и упорно ја довикува? Со колеблив чекор оди на кај девојката. А таа се обидува да седне, но не може понадесно да се сврти и не може да се потпре на земја со десната рака. Навалена на левиот лакт продолжи да и дава знак на Фимка да дојде поблиску. И кога Фимка се доближа и скоро застана до неа, девојката подаде кон неа рака обврзана со

окрвавен завој, погласно залипти и низ липтежот одвај чујно изусти:

- Мајко.., мила, мајко моја... таа толку тивко прозбори што се чинеше дека ветерот некаде од далеку донесе само шумолење од глас, го удри од карпите и стеблата и го растури меѓу тревјето во лединката распослана под сенките на високите борови и само делче од него стигна до Фимка. А во воздухот се уште лебди подадената рака со дланката во окрвавениот завој и вика - довикува, та пека: - Дојди... дојди.... дојди... мајкооо...

Мал чекор отчекорува Фимка... А чекорот тежок небаре олово некој на нозе и врзал. И се доближува загледана во полулегнатата девојка, подзастанува, некаков сомнеж ја гризе и кога се доближи на дофат на рака, застана, и се загледа во лицето и во очите големи и црни, молежливо вгледани со вкован поглед во неа. Вирее, расте во нив солзата, набабрува ко бисер, се откинува и врвца – синџир го шари образот валкан од земја, барут и чад. Девојката подаде рака кон Фимка и болно - молежливо, пеколно изусти низ литеж:

- Мајко... мајко мила... - скршен шепот и липтеж.

Фимка се вкочани, се стаписа, и затрепери долната усна, се разигра мускулот на образот, пот студен ороси чело, немошница ја совлада. Падна на колена и пушти глас - пискотница:

- Циљкооо... чендо!!!... - над лединката за миг нависна крик. Исплашена птица се вивна в небо.

Гушнати - прегрнати липтат, одболуваат болка стежната и непреболна, и се предаваат на радоста што небесата само еднаш ја даваат... Фимка за миг откина лице и одново се загледа во големите црни очи. И во овој миг и се пристори дека глас потаен и шепна: “Таа е”...

- Чендо на мајка... - шепна Фимка и дури сега удри да плачи, а плачот нејзин се растури по лединката и меѓу стеблата борови,

ги растажи ранетите - осакатениците и жените собрани, та седнати под борје.

Секогаш доаѓа тој миг, распараното и скаменето од секојдневните ужаси, од чемери отруено и оболено мајчино срце - и во најтешките времиња, ќе го слушне и ќе го препознае гласот на својата рожба...

- Јас сум, мајко... - Циљка го урна сомнежот и дури сега смогна сили да се насмевне.

- Жива си, Циљко? - молежливо ја праша Фимка, гледајѓи ја право в очи. Ја гушна нежно, плашејќи се да не ги раздели некој.

- Жива сум, мајко, жива...

Една од жените - раненосачки, одврзувајќи црна шамија, рече:

- Фимка си го најде чедото...

- Ами да знаев - дофрли друга - дека чупата е нејзина, уште таму горе, кога ги преземавме ранетите, ќе и кажев... Ние - таа ја допре жената до неа - заедно ја носиме на носилка...

Фимка се подослободи од прегратката на Циљка и се загледа во нејзиното лице. Долго ја гледа небаре сака да ги открие сите оние белези и црти што единствено се својствени на Циљка и уште еднаш да се увери дека девојката која сега ја држи во својата прегратка навистина е нејзиното чедо. Годината што измина ја научи на претпазливост и недоверба, секогаш да биде на штрек и многу да не прашува и да издржува повеќе отколку што крепат дури и исцрпените сили. Тешко поминатите месеци ја научија да ги поднесува самотијата, стравот, гладот и студот, ама таа не научи да поднесува кога ги гледаше момчињата и девојките во излитени војнички униформи, парталави, гладни и вошкосани и не можеше да ја поднесе глетката на ранети и убиени. Тогаш, колку и да сакаше, колку и да се опираше, мислата и леташе кон Циљка и двајцата синови - Ристо и Ташко. Секој миг во денот и беше исполнет со мислата за нив.

Откако ги изора и ги посеа нивите, набра шума и подигна два лисника и ги пренесе дрвата за зима, веќе не се делеше од чикрикот и фурката. Влачеше, ткаеше, плетеше. И кога стигнуваа вести дека партизани ќе поминат низ село или ќе останат на конак, таа секогаш излегуваше и, стоејќи скраја од патот, гледаше како минува колоната и прашуваше дали некој ги знае нејзините Ристо, Ташко и Циљка. Во торбата, што постојано висеше зад врата, секогаш имаше здиплено фанели, чорапи, нараквици и по нешто за јадење.

- Да им е топло - си велеше - да не им се водени нозете кога ќе одат по дождови и снегови. - И сега, гледајќи ја Циљка, се потсети на едно такво свое стоење скраја од патот. Во нејзиниот спомен се врежа тој миг, ама никогаш не го проколна ниту денот ниту луѓето. Профрчи споменот како врапче што прелетува над двор. Остана само горчината на измамата. И сега се потсети како лани, во доцна есен, пред да паднат големите снегови, застана скраја од патот, прашуваше двајца:

- Ами, бре деци, да ве опитам?...

- Прашувај, мајче, прашувај - рече едниот од нив, со накривена капа и валкани цокули. - Прашувај. ако знаеме ќе ти кажеме. Да чујам што те мачи...

-А бре, чендо - му се обрати Фимка на оној со валканите чевли. - да не знаеш некој Ристо, некој Ташко, некоја Циљка?...

Запрашаниот се сврте кон својот другар, тивко го праша:

- Ара, како се вика ова село?

- Крчишта - одговори тој со пригушен глас.

- А што ти се тие, мајче? Деца или внуци?

- Деца, чендо, деца...

- Јас, јас знам еден Ташко, ама тој е од Крчишта...

- Па ова село е Крчишта, синко...

- Така ли? Па не сум знаел, мајката. А велиш Ристо и Ташко, а? Не, за Ристо не сум слушнал, ама за Ташко од Крчишта, сум слушнал. И велиш, мајче, Ташко од Крчишта, нели? - тој подигна глава и ја погледна право в очи. Фимка забележа дека во неговото бледо, подуено лице болскаат мали, тркалезни, безбојни, натрапливи, превртливи, проникливи и студени очи, слични на очи на гладно прасе. Меѓутоа, желбата да слушне добра новина за своите деца беше посилна од црвецот на сомнежот што загриза во неа. - Ташко, велиш - пак се одгласи момчето, неоткинувајќи поглед од нејзините очи. - Да не е малку понизок од мене? - праша и ниту се обиде да стане. Фимка се загледа во него, го измери од валканите цокули до самоти капа.

- Не, малку ќе да е повисок од тебе. Спрема Ташко мој, ти си кускуле...

-Толку повисок од мене? - тој подигна рака над глава.

- Така ќе е... не... малку повисок.

- И со излижана коса над челото?

- Така...

- И мустаче?

- Така - пак потврди Фимка.

-Тфу, бре - плукна тој настрана - ами така речи, мајче... Тој и тој со подлижаната коса над чело и со мустачето...

- Го знаеш? - Недоверчиво праша Фимка.

- Дали го познавам? Их, мајче, па ти прашуваш дали го знам! - тој му намигна на другар му, велејќи: - Кажи, Кољо, колку другари сме ние со Ташко? Ајде, ајде де, кажи и на мајчичката, кажи и...

Фимка чепна во торбата и извади рало чорапи и нараквици. Замоли.

- Да му ги дадеш чорапите и нараквиците и да го поздравиш многу... - не доврши, тој ја прекина:

- Од мајка му, нели?

- Од мајка му, синко, од мајка му...

- Така и си мислев. Јас уште кога те видов, нешто каќо да ми шепна на уво, како да му подрече на моето срце: глеј – пази, оваа женичка сигурно е мајка на Ташко, ама не можев да те прашам. Знаеш, мајче, командантите нам ни збрануваат да прашуваме и да кажуваме кој е и што е и каде е и што прави... Војска сме... А јас, како да не, ќе му ги дадам... задолжително ќе му ги дадам и голем поздрав ќе му носам. Кажи, Кољо? Ете, Кољо ќе ми биде сведок. Кажи, Кољо?

- Синко, кажи му здраво-живо од мајка му... И сполајти...

Фимка ги погали чорапите, ги допре со образот небаре сакаше својата топлина преку нив да му ја пренесе на чедото и, свртувајќи се, тивко појде. Наеднаш слушна смеење и подзапре чекор. До неа, како удари со стап допираа зборовите:

- Е бре, лајнар - тоа е гласот на Кољо, си помисли Фимка - секогаш така ги мамиш кутрите жени...

Фимка почувствува омалаксаност и болка на разочарување. Во првиот миг сакаше да се врати, ама се поколеба во намерата, забради црна шамија и со срцето стегнато во грутка, појде дома со наведната глава. Посивена од времето и прерано остарена од векот, истоштена и ситна, малендава, згрбавена, зад себе го влече синџирот на животот. Зад неа завеа ветар, ги потсобра сламките, ги подигна и ги расфрли по селското сокаче. Прашината подигната од развлечениот чекор не успева да ги покрие трагите што како лишај се втиснати во селската калдрма. Зад неа сега - посилно дува и завива ветерот и се чини

дека зад аголот на трошната куќичка некој липти и тивко потстенкува и плаче... Тоа вратичето недозатворено удира и крцка и на намерникот му се присторува дека некој липти и плаче. Лесно поттурна дабова порта, влезе во дворот. Во мракот и тишината се почувствува омалаксана и сосема осамена. Седна на скалите, навали лице на налактените раце и заниша глава. Ја совладаа рој најлоши мисли и по нив дотекуваат други. Никоја не навестува радост. Стана и влезе дома. Во топлата одаја го разбива мракот малендавото кандилце чие пламенче трепери пред ликот на Богородица - иконата стара што од памтивек виси во ќошот. На Фимка и се пристори дека Богородица плаче. Натажениот и продорен поглед на двете жени се сретна некаде во средината меѓу нив. Фимка, со вкован поглед во ликот на Богородица, се прекрсти и рече:

- Мајко Божја, чувај ми ги чендата...

Трепери пламенчето на масленичето, трепери и раката на Фимка подигната до чело. Во зениците се разигрува пламенчето и низ набабрените солзи го гледа замаглениот лик на Богородица. Две жени - две мајки... Од нивните очи зрачи и блика длабока размисла за судбината на рожбите и страв и исчекување и огромната и насушната желба чедата да се живи и здрави. А меѓу нив – трепери пламенчето, го разбива мракот. Фимка го подигна фитилот и пламенчето пораснува и светлина растура во одајата и таа, Фимка, одеднаш голема пораснува на ѕидот... Кандилцето пред Богородица светеше се до изгревот и кога големата светлина на сонцето влезе во одајата, пламенчето се изгуби во неа, ама одблеснуваше малечко - малендаво и на Фимка и се пристори дека тоа е раздвижена солза на Божјата мајка.

А таму крај патот, седнати на влажната земја, пријателите се расправаа:

- Ами како поинаку? - праша Иљо. - И затоа обуен сум и топло облечен.

- Обуен и облечен - просаска Коњо - ама со измама, а не сакаш да знаеш дека сето тоа се само солзи и болка... Со солзи и со

болка ти си обуен и облечен, ти, ти кучешки измету, така да знаеш...

- Добро де, ќе знам. А ти терај чесен и затоа ќе мрзниш, а јас ќе терам арамија и измамник и топли ќе ми бидат нозете и мевот полн...

- Со туѓ чемер, чемер да те фати... Ич човештина нема во тебе.

- А ти мислиш дека човештина има во сето ова што го правиме? Човештина ли има во тоа што Зоја, а бре, погледни ја, девојче е уште, мрсулот, гледаш ли, како и виси, а таа го носи пушкомитралезот... Погледни ја - девојче - војник! Ако толку си жаловит, зошто не го земеш од неа пушкомитралезот? Ајде де, зошто не го земеш, што чекаш? Никој тоа не го прави. Тешко се оди по кал? Болат нозете и рамото? Оди, земи го... Носи го... Ти си расипан, Кољо, а не јас. Расипан си затоа што гледаш само кривовштини. И воопшто не мислиш каква радост и направив на кутрата женичка, каква надеж и оставив... Цело време ќе си мисли колку топли ќе му бидат нозете на тој, како ли рече дека се вика? Ташко ли? Нека му е и Ташко... Можеби првпат по многу непроспиени ноќи, вечерва таа ќе си заспие со блажен сон? Не бери гајле... Можеби уште денес, а утре сигурно, таа ќе почне да плети нови чорапи ако не и го собрале преденото во име на народната револуција и во име на народот... Расипан сум бил? Види го ти него... јас сум бил расипаниот. А зошто, бре, те прашувам јас? Затоа ли што на кутрите женички им оставам надеж? Затоа ли што ги тешам, што им влевам малку радост? Еј, Кољо, Коњо, чукни се малку по теме за да ти се разбистри видикот, додека не те чукне некој друг... расипан сум бил... А што не е расипано денес? Сум бил расипан... Како да не... тфу!

Времето протркала многу слични постапки и во помнењето на Фимка тие останаа не само како засушена лузна, ами и како неизлечив лишај. Каде и да беше, што и да правеше, секогаш ја чувствуваше горчината на измамата и тоа ја болеше. И сега, кога во својата прегратка ја држи и ќерка си, се потсети на тој разговор. Споменот го загуши со долга воздишка и одново се загледа во лицето на Цињка. Дури сега забележа дека таа има

подгорени веѓи. И забележа дека десната нога и е неподвижна. Ја праша:

- Многу ли си удрена? - се помрдна и виде дека преврската од коленото се до колкот е покриена со засушена крв.

- Па... така...

- Те боли? И таму си удрена? - со болка во гласот праша Фимка.

- И таму, мајко... - болежливо изусти Циљка.

- А дланката многу е удрена?

- Не... само изгребана... Ќе помине, мајко... - воздивна и се обиде да се подигне. На нејзиното лице се појави грч на болка. Не кажа дека прсти не чувствува.

Фимка почувствува непријатен мирис на пот и крв. Од торбата извади крпа и рече:

- Да те подмијам малку... - ја наводени крпата и почна полека и нежно да и го брише лицето, вратот. - Да те потсоблечам малку за да те подмијам... - Ја откопча. Со наводенетата крпа ја трие по плеќи, по гради, под мишки. Така, како сега, полека и нежно ја миеше кога на жнеење, во густежот, далеку од очите на жетварите - аргати, ја пови. Со заби ја прегриза папочната врвца, со влажна крпа ја изми, се испра сама и дури потоа повика некој да дојди. Ја виде само воловарчето, кое на вратна нос потрча во селото и задишано, чдирајќи со стапот на дабовата порта, на сет глас викаше: - Бабо, бабо, дај ми муштулук, тетка Фимка пови чупче!

И уште се потсети Фимка на жената, која пред неа го тераше коњот со ранетиот кмандант, на кој му велеше:

- Има мајка, синко - велеше жената и во нејзините зборови истовремено со тивкото тропање на коњските копита одзвучуваше и шушкањето на опинците по планинската правлива патека што змиулесто се спушта прудолу по голата

удолнина. - Има мајка и големи и мали чеда - раскажуваше жената. - На големите не стигнав да им дадам ниту топли чорапи, ниту топли фанели. Така, како што беа, ги собраа и ги одведоа во шумата, во планината и нивјето ми останаа неорани, несеени, скапа грозјето на прачка... Малите чеда ги обув, ги облеков во пљачки нови - како за празник и за црква, погача и кокошка им испеков и со молитви - благослови ги допратив до граница... И од кога ми ги зедоа и големите и малите чеда, јас сал се молам, Господ и Богородица ги молам, да ги чуваат и што побрзо живи и здрави на порта да ми тропнат... Душата отвори ми е полна, устата молитви и умот чекање... леле... И сега, вардејќи од коњ да не ми паднеш, леле... И за раните твои да не болат, се молам и секогаш кога на носилки ранети носам, се молам и сал си мислам, кутрите мои да не стасале дома, чедата мои, големи и мали? Дома останав сама, како камен среде пуста рамнина, како црна бреза без гранки, избиена од сите ветришта и измиена од сите дождови и бури... И стори, Боже Господе, секогаш се молам, лошото на порти да не ми тропне, леле... И освети ме, Боже да знам за денот кога ќе ми се вратат чедата големи од бојот и чедата мали од туѓо... Да ми тропнат, леле, на порта, по дворје и одаи да ми се растрчаат, да ми се распеат во бавча китна, во лозје зрело и ливада зелена, Господе златен, семоќен, та тапан да удри и зурли да писнат за свадби, за првачиња и мераците да потечат ко река, леле... Кога ќе ми се вратат, леле, кога? Направи, Господе Боже и Твојот гнев да се смири и мојата болка и тага во радост да бликне и раните на сите што ги носиме на носилки и на коњи да исцелат. И матното однеси го, отвори ширум патишта, премости реки, разведри небо - да ми се вратат чедата големи и мали како што се враќаат ластовичките, оф леле, леле, мајко, лелеее... оф!

Одејќи прудолу по голата планина, слушна Фимка воздишки болни и липтежи и плачои слушна. И виде Фимка солзи на мајките кои чекаат - исчекуваат, воздивнуваат и ги оплакуваат и живите и мртвите чеда... И Фимка има големи и мали чеда тука во планините и таму по државите, во туѓите земји...

А жената, непознатата, небаре на Фимка се и зеде од уста... И во ноќното одење, тука по угорнините и удолнините планински

и таму - во туѓо, која болка на Фимка е поголема и на жената - непознатата? Која болка е поголема? Која?

- Лелеее... - залелека плач мајчин и се стресе колоната што прудолу змиулесто се спушта и плачот го презеде планината, го голтна трапот, го однесе далнината... Ќе го слушнат ли големите и малите чеда на мајка? Ќе го слушнат ли? Лелеее!!! Оф...

Така се уште во ушите на Фимка одѕвонуваат мајкините лелеци... Срцето се стегнува во грч...

- А сега да ти ги собујам чевлите... Нозете малку да ти здивнат... - Фимка одвај видливо се насмевна и праша: - Од кога не си ги собула?

- Ами да знам...Таму горе, мајко - Циљка со очи покажа на планинските сртови - таму нема собување... Уф, ама смрдат. Покриј ги брзо зашто местото ќе се наполни муви - горко се насмевна таа.

Фимка го подигна буклето за да ја наводени крпата. Во буклето немаше повеќе вода. Истекоа само неколку капки. Стапалата и ги завитка со влажната крпа, се забради со црната шамија и тогаш забележа дека на големите прсти од нозете Циљка нема нокти.

- Што? Ноктите? - се насмевна тажно.

- Не само ноктите, туку и прстите ти се потсечени.

- Ми беа замрзнати...

Фимка воздивна и, станувајќи, рече:

- Ќе одам до потокот да наполнам вода и да ги заперам пљачките. Сигурно нема да појдеме додека не падне мракот. Чекај - рече вчудовидена - ами, Циљко, каде ти е плетенката, чендо?

- Ми изгоре, мајко, кога и јас горев...

- Ако, ти да си жива, пак ќе ти порасне. - Долго се загледа во неа. Од градите и се откина долга и тешка воздишка. - Полепа плетенка од твојата о цело село никоја чупа немаше. Како тељои космата, а плетенката дебела како ракатка. Ено влакно - ен флорин. Кога јаска те пуље кога се врнваше од чезма со стомната кладена на глава, секогаш си веле: - Мојта чупа има најлепа плетенка. - Фимка подигна раце над глава и, покажувајќи како Циљка ја носеше стомната, рече: - Одеше како ерембица, исправена како ламбада и само плетенката на колкојте - фрт ваму, фрт таму. - Се насмевна тажно, потсетувајќи се на нешто што беше неоткинлив дел без кој сега се чувствува посиромашна. Умилно се загледа во големите и црни очи на Циљка. Се насмевна и таа и за првпат во овие неколку череци од времето, ги огреа радост. Фимка го извади од торбата иззабеното чешле. - Да ми те исчешлам, чендо. - И ја мазни косата, ја гали, ја бакнува и, не можејќи да прифати дека и ја нема плетенката, со ожалостен и разочаран глас вели: - Никоја чупа како твојта плетенка немаше... Оф... ќе ти порасне космата и па ќе имаш лепа плетенка...

По скоро половина час Фимка се враќаше од потокот со буклето полно вода и со испраните пљачкиI на Циљка и по пат, на ранетиот што го носеше, му даде да се напие. Олејќи на кај Циљка слушна машки глас и се сврте. Ранет, седнат и навален на дебелото борово стебло, замоли:

- Дај ми мене да се напијам...

Фимка виде дека тој нема раце, ами нешто завиткано во окрвавени валкани завои. Му го пренесе буклето до уста. Тој пиеше полека, со големи голтки и лакомо.

- Полека - му рече Фимка - ќе ти донесам уште.

Донеси, мајче, донеси. А да те опитам. Да не имаш тровче лепче? Не? Немаш? Ако. А цигара, ќе се најде ли кај некого цигарче? Прашај, прашај, мајче, најди кај некого... Ќе прашаш? Ајде, прашај, замоли...

Фимка се распраша и му донесе запалена цигара. Му ја стави в уста, а тој влече и гледа во високото небо кое во партали синее меѓу врвовите на буките, часкум губејќи се над густежот на гранките.

- Придржи ми ја малку цигарата, мајче. А да те прашам. Троа лепче, велиш, немаш? Не ќе се најди? Не? Ако. Белки со мракот ќе стигне и лебот. А што ти е девојката? - тој покажа со глава.

- Керка, ќерка ми е... И таа е ранета...

- Ранета, велиш? - праша тој и замислено и длабоко воздивна. Подобро тоа, мајче, отколку засекогаш да останеше горе... - тој со очи покажа на планинските сртови. - Таму, мајче, многу останаа. А требаше и јас... Принеси ми го бukленцето. - Пие лакомо, со големи голтки. - Е, сполајти, да си жива... Така... мда... - рече одолговлечено и замислено. - А требаше и јас да си останев таму горе за секогаш... Така ќе беше најдобро. Ме гледаш? Двете раце... - ги мрдна рамената, сврте глава настрана. Зениците во неговите очи пливаат во солзи.

Фимка го погали по глава, молејќи го:

- Не, не прави така, не чини, не очајувај...

- Ами како да не правам така, како да не плачам, јас кутриот, сакатиот - липти тој - како ли, како да не плачам, јас несреќникот? Како ли и со што ќе си ги гушнам дечињата и невестата, како ќе си ја прегрнам старата мајка, а? Тфу, бре, што лошо ме најде... Зарем мене мораше така да ме погоди, мене ли, што никому лошо не сум сторил?

Не знае како да го теши. Не може да најде зборови за да ја скроти и ублажи неговата болка и страдање. Го погали по глава. Стана и отиде кај Циљка.

- Што ти е, мајко? Што си толку овената?

- Имаш ли малку леб?

- Ти се јаде, мајко? Гладна си?

- Кога ве гледам сите така - рече Фимка со длабока воздишка - само чемер се собира во мене, чендо...

-Тука, мајко, во џебот има едно парче. Земи го... Ти се јади? Многу ли си гладна?

- Не, не Циљко, не е за мене. Таму има епен ранет, без раце е, кутриот, му се јади... Уф, што ми е жал... - со крајчето од црната шамија избриша солзи што и навирија очи.

- На, дај му го...

Непознатиот со испупчени усни, небаре очекува бакнеж, го прифати сувото парче леб. Се разиграа неговите вилици, живнаа очите. Голтна и ја погледна в очи.

- Малку е - рече - ама најслатко лепче што сум го јал досега. Сполај Богу и тебе, мајче... да си жива и здрава...

Фимка го гледа и не знае да најде збор за утеха. Досега таа виде многу ранети, а многу од нив сама ги пренесуваше на носилки или товарени на коњ и честопати, гледајќи ги, плачеше, секогаш мислејќи на своите три чеда. Ете, скоро година дена само прашува, чека вест да стигне. Денес таа е среќна. Сретна барем едно од нив и макарштo е ранета, срцето и се исполни со радост и среќа, ама и болката и се зголеми. И се додека седи покрај Циљка, додека зборува со неа, без престан и се наметнува прашањето дали знае нешто за Ристо и Ташко, да ја праша за другите момчиња и девојки од селото. Нема храброст. Се плаши од лоши вести. Во разговорите со жените, со кои носи муниција и храна и пренесува ранети, а понекогаш и се случувало и да закопува убиени, најчесто се велеше: - Лошата вест сама брзо ќе стигне и ќе те удри тогаш кога најмалку се надеваш.

Фимка се врати кај Циљка. Дури сега забележа колку е изменета од ланската година кога ја собраа партизанка заедно

со сите девојки од селото. Седи, ја гледа и во мислите го брои времето од нејзиното повивање до денес. Изброја осумнаесет жетви, ама без годинашнава. Така таа ги брои годините на своите рожби: по жетвите, по гроздоберот, по сеење и по лошите времиња. Тогаш кога Фимка ги повиваше своите рожби времињата најчесто се памтеа по лошото. Се помести, седна до неа и рече:

- Си пораснала, чендо...

- Сум пораснала, велиш... - се насмевна Циљка.

- Си пораснала чендо, по планињето - пустињето...

- Сите, мајко - Циљка покажа со глава на ранетите исполегнати на лединката - сите ние тука и тие таму горе пораснавме и можеби созреавме по планињето. А дома, како е дома, мајко? - праша Циљка.

Дома...

Дома за Циљка пред се беа баба и дедо и помалите сестрички и братчето, кон кои беше така приврзана, како водата кон брегот и како птиците кон небото, а кои, ете, скоро година дена ги нема видено; дома беше и огништето, кое најмногу го сакаше тогаш, кога надвор врнеше снег со големи партали или кога завиваше северњакот зад прозорецот, а во спузата се печеа костени и компири и во полуосветлената олаја единствено се спушаше прскањето на искрите и тивкиот глас на дедо кој им раскажуваше приказни и тие, внучињата загледани во него, едно подруго заспиваа со убавите самовили и со лошите змејови под клепките. Циљка заспиваше последна. Со скоро замижани очи таа напнато вслушана во дедовото раскажување, се гледаше себе си како добра самовила која им помага на сакатите и слепите, на гладните и жедните, заскитаните ги изведува на пат, се гледаше како во шумата си игра со зајачињата и верверичките и како со долга расплетена коса и со бел фустан до пети - игра по ливадите и лединките и собира цвеќе. Се оттргнуваше од таа занесеност кога до неа допираа, како далечно шепотење, зборовите на дедо:

- И кога дојдов до претсело, враќајќи се од пазар во Костур, каде за секого купив подароци, тогаш истрча тоа пусто куче на Нановци и гав од тука, гав од ваму, јас брани се со стапот, ама тоа а да ме касни, а да се фрли врз мене, пат не дава ла поминам и јас, видов не видов, му го фрлив фустанот што го имав купено за Циљка и така си дојдов дома жив и здрав и вас ве најдов уште поздрави...

Е, тогаш Циљка се враќаше од занесеноста и, лутејќи се, му се жалеше на дедо:

- Е бре, дедо, зарем мојот фустан најде да му го фрлиш на Нановцкото куче? Мамо, ма, речи му на дедо да му го земи фустанот и да ми го даде...

А, дедо, за да не оди чупчето расплакано да спие, се враќаше до пред куќата на Нановци и ја завршуваше приказната:

- И скришум поминав одоколу, одокопу, олоколу... - тој зборуваше се потивко, додека Циљка не заспиваше во скутот на мајка си. Дедо, удирајќи го чибукот од керамитката што секогаш ја држеше до огништето за да си ги топли со неа студените нозе, и велеше на снаата: - Ај, невесто. клај ги дечките да спијат...

Дома...

Дома за Циљка беа и полните амбари со пченица и брашно и ношвите и кр’нгот и тепсијата и черепната и сачот и сукалото... Одвај пркната и заодена, секогаш се врткаше околу мајка Фимка и од неа научи од вечера да зафати леб - во земнено черепче подновуваше квасец, а утредента, во рано утро замесуваше во ношвите. Потоа чекаше начнатото, завиткано во тенко ткаено платно, да порасне или да збруни или да фтаса. За делнички и аргатски денови леб се месеше од мешано - пченично, ‘ржано и пченкарно брашно и пешниците се печеа во добро загорената фурна, поставена скраја од дворот. А за баба и дедо, бидејќи немаа заби - киселица, по мерка две шепи пченично и по една – ‘ржано и пченично брашно и се печеше во

черепна под сач. За добрите денови - за црковни празници, именденови, крштевки и селски панаѓури, за гостти и за праќање аскер и во туѓина, од чисто брашно, само пченично, се месеа погачи, кравајче, пред Велигден - леб наутлија и за в црква - прескури и пупчиња - жените им ги раздаваа на децата по завршената богослужба. Питите и одеа малку потешко. Ама со годините и времето научи да го стегне кр'нгот и в раце да го заигра сукалото под кое добро измесеното тесто се сучеа кори за пита со пресул, со праз, со кастици, со кромид и свинско пржено, пита со тиква, со урда и праз, со коприви, со корки мешани со урда и јајца... сучеше и кори за бурек плескан со по четири или пет кори со урда, сирење, бурек виткан окол-закул со сирење и кори за бурек - плетениот... И за саралија со шеќер или со мед, за мазник - кори печени на сач и клавани една врз друга, та попрскани со млако топена маст, кори за оризник – и тие печени и попрскувани со маст и ориз или кори за лешчалник и фасулник, пак печени на сач та поливани со леќа или грав омекнати во млака овча маст... Печеше и турипечи, араслана со пченкарно попарено брашно густо поп-латено со свинско пржено и мамалике и млечник. Ум, прсти да оближеш и излижеш...

Дома...

Дома за Циљка беа и гребените за влачење и фурката и чикрикот и разбојот на кој во долгите зимски ноќи, баба Крстовица и мајка Фимка влачеа и предеа и на смени наведнати над разбојот ткаеја честопати до сури зори. Растеше платното за власеници и ѓурдии, за бечви и клашни, за покривачи и черги, за веленциња и килими... Врз бела основа - црно до црвено, па бело до црно и црвено до бело предено вткајуваа во белата основа и во неа радостите и жалостите и желбите и тагите и маките вткаени беа... И сандаците што макотрпно се полнеа со приќе и дарови невестински, за Циљка дома беа... И седенките, кога чупите од село се собираа и со шега и песна плетеа чорапи, фанели, капи, нараквици и малини, а беќарите - мајтапчии, вртејќи синџирче на прст, ги задеваа оние девојки кои имаа фрлено око. И тоа беше дома... И овците и козите и дворот полн јагниња и јариња; и воловите Баљо и Сивко и кравата Белка и двата коња и мачката и кучето Шарко и крушата до авлијата и

бадемите и оревите и костените во Стара Ливада, бавчите, лозјата и благотата во каците и виното во бочките и песните пеени на седенки и ората виени во широки кругови на вигната и тоа беше дома.. А по нивјето, ливадите и лозјата, во бавчата и градината, во дворот и во одаите - певливо, заносно, ѕвонливо, солзливо, таговито - се пренесуваше пеењето на Фимка. Од сета душа и од длабочините на срцето излегуваше таа нејзина и љубов и дарба во која беше внесено се што со себе со векови носеа старите и го пренесуваа на новите колена. Добрината и беше песна и тие две особини беа смирување, галење, олеснување и радување за сите кои ја слушаа. А во селото и околината луѓето не еднаш велеа:

- Кога запева Фимка, сонцето некако појасно и потопло свети, појот нејзин ја грее душата, ја смирува лутината, аргатската мака ја олеснува, ги полни срцата со некакво таинствено блаженство и замајување, маѓепсува, скротува, смирува, зближува, воздигнува и возвишува, а чучулигите губат лет во висина и славеите замолкнуваат, слушаат и љубоморат... И тоа беше дома...

Дома...

Дома беше и старата исчадена икона на Богородица обесена во ќошот и масленичето што без престан гореше пред нејзиното лице и молитвите тивко шепотени – за здравје и бериќет... Дома беше и гнездото ластовичино под стреата и цврцорењето на пилињата... Дома беше и џунџулето и опојниот мирис на црвениот трендафил врз чии лисје зората секогаш оставаше капки роса... Дома беше и што ли уште беше?...

- Дома, мајко, како е дома?...- повторно праша Циљка.

Под лажичката Фимка почувствува болка, небаре сите чемери и горчини што ги носи, се стопија во грутка и стега пустата ко навиван чембер и неизречиво ја заболува - здоболува душа. Воздивна. Од очајното движење на раката, Циљка свати дека некаква страшна бура завеа и со себе се понесе.

- Нема дома, ќерко... нема... Се е изгорено, ќерко, пепел сторено... - Распарлива воздишка и поду и и развали гради, се испомешаа мислите, а измореното и истоштено срце трепери, замрува, се стега во болката на очајот. Звуците, гласовите, тивките лелекања, болежливите потстенкувања и молежливите довикувања на ранетите веќе не допираат до неа. И се стресоа рамената и Циљка виде како меѓу прстите на мајка и, потекоа солзи. Навали глава на нејзиното рамо, ја гушна, се пригушна до неа. Заплака. Липти тивко и во тој липтеж е целиот очај и нескротливата болка. Фимка откина раце од очи и уплаканото лице го навали врз главата на Циљка. И пак рече:

- Нема дома, чендо, нема...

- Ниту дедо, ниту баба, ниту дечките? - праша Циљка со глас скршен од плачот.

- Баба ти ја сместив кај тета ти во Лабаница... Дедо ти го собраа аскерите, а мене ме собраа партизаните за да носам со добитокот... и на плеќи. Селото го изгоре аскерот два месеца откако ве собраа вас чупите. Фрлаа со топовите од Четирок и од Нестрам.

- А дечките? Дечките, мајко!? - со уплав во гласот праша Циљка.

- И нив ги собраа...

- Што? Кој ги собра?

- Ами доаѓаа од куќа в куќа, не викаа на собири тие од НОФТ-а и од АФЖ-ето и ни велеа дека ќе почнат големи борби, дека местото ќе гори, велеа, водите од реките и бунарите, велеа, ќе испарат од многу оган, а небото ќе го покријат ароплани кои ќе фрлаат бумби и жив оган, такашто се ќе изгори... велеа. А децата, велеа, аскерот ќе ги собери и ќе ги прати по острови, како на сургун и таму ќе ги учат мајките и татковците и браќата да си ги кодошат и дека од нив ќе направат најлоши зулумџии и кољачи кои од крв мајчина ќе се ситат и сестрите ќе си ги поганат, велеа... И дека чупките, ни велеа, ќе ги направат алајки

по куќите на богатите... Затоа велеа, треба да ги дајме децата од две до четиринаесет години. Ни рекоа ќе ги носат по државите, таму, велеа, ќе имаат да јадат, ќе бидат обуени и облечени и ќе учат, велеа... ќе станат, велеа, учени, лекари, даскали големи луѓе ќе станат, ни велеа. Ами се дава дете о чужи раце? Кој знае по кои патишта и каде ќе го носи? На кој да му верваш?...

- Ами, како ги даде, мори мајко?.. - со прекор во гласот праша Циљка.

- Како ли ги дадов? Зарем ги дадов? Те дадов тебе, ги дадов ли Ристо и Ташко? Ја прашува ли некој мајката кога тре-ба да се дава?.. Ве собраа... ги собраа...

- Ами тие се мали... каде ли се сега?

- Мали се, ќерко... Зарем ти си била голема? Знам јас, Циљко, знам јас колку тоа боли и се се опитвам зошто ли тоа ни го сторија?... Изгледа некој многу, премногу сакаше така да биде...

Разговорот им секна. Молчат. Погледот им скита по дрвјето, по парталите од облаци што високо бродат над боровите. Скришум се погледнуваат и се чини се прашуваат:

- Која грижа е поголема и кој страв е помал? Има ли поголеми?

Фимка се прекрсти, зарони солза и со стегнато грло, ја врза прекината нишка на болката:

- Како ли ги дадов?... Зарем мислиш ги дадов?... Земаа та земаа... Прво ни зедоа чеда, а потоа ни зедоа овци, на три една, ни зедоа кози, на пет две... И благота и ‘рж, пченка и пченица до половина амбар и повеќе потоа... Се за борбата, ни велеа... А стрина ти, затоа што Лаки не се врати од Костур во селото, кога беше отиден по книгите за да си оди во Канада, ја викнаа и ја затворија. И се му собраа, се. Гола куќата. Ја затворија како народен непријател, рекоа, затоа што не го викна Лаки да си дојди, а тие да го соберат како тебе... Местото наше, Циљке, го испоганија... А дедо ти, кога ги собраа дечките, најмногу... - во липтежот и секна гласот. Замолча малку и потоа рече: - Тој

најмногу плачеше... Плачеше, кутриот, и велеше: - Нема повеќе да си ги видам мнучишчата... - И колнеше... - Фимка избриша солзи со крајчето од црната шамија и во тој миг на нејзиното лице Циљка забележа одвај видлива ведрина.

- А черешите, Цињко, годинава, черешите најмногу росија... На, товарени гранките. Повеќе череши отколку лисја.

- Ами нема кој ла ги јади... ги нема дечките...

- Ги нема... - Фимка испушти болна воздишка. – Ги нема... - повтори со скршен глас. Скраја од нив прелета бела пеперутка и во настанатиот молк на Цињка и се пристори дека го слуша треперењето на нејзините крилца.

Долгиот молк го прекина Цињка, која замислено и исплашено тивко прозбори:

- Знаеш, мајко, пред петнаесетина дена во нашата чета донесоа осум млади партизани. Речиси деца. Некој рече дека ги донесоа од државите. Јас не разбрав што значеше тоа. Тие од второто биро се распрашуваа кој го рекол тоа. Не знам дали открија нешто, ама знам дека првите денови момчињата изгинаа. И немој многу да зборуваш зашто тука во планињето и дрвјата и камењата имаат уши. - Прекина. Погледна наоколу и по кратко молчење, со олеснување рече: Нашите се малечки... Белки нив нема да ги донесат...

Со здравата рака Цињка ја фати стврднатата дланка на мајка си, ја принесе до усните, нежно ја бакна неколкупати и со насмевка полна тага, се потсети на нешто многу блиско, сакано и драго:

- Мајко - рече тивко, гледајќи ја в очи - порано секогаш дланките ти мирисаа на топла погача и леб, на млеко и сирење, на сено и пченица, на зрело јаболко и печена круша, на вино и на мед, на џунџуле и босилок, на свежа ораница и на пепел од нашето огниште и од фурната. А сега... - не и кажа сега на што и мирисаат дланките. Спушти поглед и сврте глава. Не сакаше мајка и да види како и навирија очите.

Фимка ја погали по глава како тогаш, кога ја држеше во скутот и почувствува дека топлината на нејзините усни и го затоплува срцето. И во времето што одмина од ланската година кога и ги собраа трите чеда и им нарамија пушки, таа дури сега, за првпат, се опушти, и олесна и единствена желба и е овој миг да потрае, да се одолжи во денови и да се развлече во години.

- Станвај!!! - заори гласот на предводникот. - Станвај, кревај, товварај!!!

Живна, се раздвижи лединката. Затропаа копита, шумата се наполни со женски гласови, молежливи стенкања на ранети, долги коњски ‘ржења и остри команди.

- Поаѓај во колона!!!

Жените, кои ја носеа Циљка од горе, од преврзочниот, пункт, дојдоа и застанаа на чекор од неа.

- Ајде, мила - рече една од нив, прва се наведна и се фати за носилката.

- А ти, сестро, да не си и мајка на чупата? – праша пониската, цела во црнина.

- Мајка ми е - се одгласи Циљка.

- Касметлија... касметлија си, сестро. И не бери гајле. Ќе ја носиме чупата најлесно што ќе можеме... Оди, оди кај твојот ранет за да не не караат. Ајде, оди - и без да ја погледне се наведна и ја подигна носилката.

Појдвај! Појдвај! - одново се слушна команда.

- Со здравје. Циљко, со добро - Фимка се обиде да се насмевне. - И чувај се, чендо на мајка, чувај ми се... – се наведна, лесно ја гушна. Не заплака, ама во себе длабоко ја сокри големата болка и немирот што само мајчиното срце може да го има.

- Со здравје, мајко... - врати Циљка и се загледа во челото на колоната. Не сакаше мајка и да види солзи во незините очи. По треперењето на рамената, Фимка разбра дека плаче. Покрај неа врви долгата колона осакатеници. Тропаат на тврдиот планински камен коњските копита, шушкаат опинците и босите стапала на жените, кои загледани во разофканите ранети, се сопнуваат од издадените корења и камења. Фимка сврте лице на кај челото на колоната и, подавајќи пред себе раце, како да сака да прими пеленаче, со сета сила на својот дух и срце, прошепоти:

- Со здравје и со добро и чувај се... - и долго, долго гледа се додека од нејзиниот видик не се изгубија главите на жените кои го носат нејзино чедо. Одврза шамија, подигна раце и очи кон небото и, стоејќи како скаменета, се помоли: - Боже Богородице, Кои знаете што е болка по рожбата своја, чувајте ми ги чендата...

Пурпурот на западот ги запали врвовите и сртовите на планините, а зад парталавите облаци, ниско нависнати над небосклонот, вишнеат кон темникавото небо остри и оладени црвеникави зраци. Распламтениот диск на сонцето полека се спушта и, облевајќи го небото со алов пурпур, тивко згаснува зад ридот и во расплаканите очи на Фимка. Покрај неа се уште врви колоната. Во сивкавиот полумрак близу до неа поминува носилката со ранетиот без раце и покрај него уште еден маж, со очи вковани в земја. Тешко се движи на патерици. Чолакот сврте глава кон оној со патериците и, покажувајќи со брадата на Фимка, рече:

- Мора, кутрата, да си има голема болка, штом толку многу страда...

- А што, не си ја познал ли?

- Што рече?

- Те прашав дали си ја познал?

- Кого, бре, неа?

- Неа, де...

- Не... А која е таа?

- А бре, волу, таа е жената која лани есента си ја измамил, велејќи и дека го познаваш нејзиниот син. Не памтиш? А бре, онаа на која си и ги зел чорапите, не ти текнува?

- Чорапите? А, да... чорапите... волнените, дебелите црни волнени чорапи, нели? Памтам, како не памтам. Многугу топли чорапи. До пролет ги носев. Памтам, ама неа. жената, не ја памтам... На, жими...

- Не се колни - го прекина. - Греота е и немаш со што да се прекрстиш...

- Велиш дека е таа? Мајката, а бре, еј, чекајте, бре... Па таа денес ми даде вода! бре, и цигара и лепче. А, бре, еј, чекајте, застанете... Викнете ја бре, да дојде да и речам... Тфу, бре, па дури не ја прашав како се вика, а толку добра женичка... А бре, еј, застанете, застанете реков... Ех!!!

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 9

Политкомесарот, на крајот од излагањето, од офицерската чанта извади хартија здиплена на четири. Извалкана е и излитена.

- Другари борци! А сега ќе ви прочитам едно многу интересно писмо од кое ќе видите колкава поддршка има нашата борба кај народот. Почнувам... - тој се искашла, погледна на луѓето раседнати пред него.

“Ние, сите селани од село Герман, членови на нашата организација НОФ - АФЖ, собрани на свечен митинг, ви испраќаме најтопли и борбени поздрави... Нашите мисли се секогаш со вас. Колку што можеме тука, во позадината да наравиме, ние правиме се за да ви помогнеме, да не останеме поназад од вас.

Вие борете се посмело. Исполнувајте ги со срце заповедите на генерал Маркос за конечното уништубање на монархофашистичкиот ѕвер. Секоја грмушка и секој камен на Грамос претворете го во гробница на монархофашистичките орди за да се осуетат поробувачките планови на англо-американските империјалисти, за да стигнеме до победата...”

- А, газот му, мајчин... - викна Јани. - Некој кератаја, го составил писмото... Како многу учено ми изгледа. Колку што си ги знам нашите селани, тешко дека тие го напишале. Можеби само се потпишале...

- Молк!!! - викна политкомесарот. - без коментари... Срамота! Молк, реков! Зарем не гледате, не чувствувате дека писмото е инспирирано од борбениот дух на народот и од раководната улога на партијата на чело со големиот син на грцкиот и на славомакедонскиот народ, другарот Захаријадис?! Така. Тоа е факт, другари...

- Да живее другарот Захаријадис! - викна некој од задниот ред.

- Продолжувам да читам, а вие погрижете се да го запамтете секој збор кој нас не окрилува... Читам:

“Грамос ќе стане симбол на нашата народно-ослободителна борба.

Ние, вашите родители, вашите жени и синови, ја сфаќаме како народна чест помошта до вас, борците на ДАГ и, изразувајќи ги нашите скромни чувства кон вас...”

- Е, нема што ... другар политички - пак се одгласи Јани. - Навистина многу трогателно. Читај, само со поголеми прекини за да можеме ние простите - припрости, неписмените, де, да ја сфатиме оваа длабока содржина на длабоки и продохувени мисли на нашите драги од селото Герман... Продолжи, те молам, и со малку повеќе чувство во гласот...

Комесарот кој досега во никоја единица не се сретна со таков потсмелшлив однос, се засркна, поцрвене од лутина и просаска: -Тој што така мисли, другари, ми изгледа дека е нездрав елемент... Ама ќе процениме ние во штабот дали јас сум во право... продолжувам да читам и немојте да ме прекинувате. Срамота... Молк! Одиме подолу... каде застанав?

- Кај скромните чувства, другар политички – дофрли Мита.

- А, да... “скромните чувства кон вас, ви ја праќаме следнава помош: 9 глави голем добиток; 156 глави ситен добиток; 136 оки и 500 грама волна; 134 оки и 100 грама сирење; 8 парчиња злато;25 оки и 100 грама маст; 54 оки и 150 грама сало; 218 оки и 300 грама жито; 936 оки и 100 грама граф; l47 рала чорапи; 32 торби; 20 метри шајак; 310 јајца; 46 кокошки; 22 кошули: 3 фустани...”

Некој се закикоти, а Јани му шепна на оној, кој седеше најблиску до него:

- Од фустаните сигурно еден е за комесарот... А дали забележуваш колку точно селаните од Герман се измериле на кантар?

- Пушти, жити Господ... Ми се плачи од возбуда... Забележувам, како да не... Да - тивко рече тој - не само во оки, ами дури и во грамови... Ама не слушнав дали некој дал некоја коза или овца? Ти слушна?

- Не слушнав... Можеби ги дале за борбата и напишале во некое друго писмо... Стрпи се, ќе видиме.

- Претпоставувам дека порано ги дале... Така ми кажа еден од моето село. Уште лани, есента...

- Тишина! - викна комесарот. - Ама, најпосле, имајте малку чувство на сериозност и немојте да се смеете со народната помош... Продолжувам да читам: “12 елеци; 8 панталони; 2 шала; 4 пешкири; 9 рала гаќи...”

- Машки или женски? - праша некој и водот удри во долга кикотлива смеа.

- Молк! Тишина! Сите ќе ве пријавам на рапорт! Тишина! Завршувам: “10 оки тутун; 361 илјада драхми;264 кошници пчели.

Одговорни за НОФ-АФЖ
1. Михаил Гогаров
2. Софија Гакова”.

- Ова е се. А тие, кои се смееја, нека се срамат. И не само тоа. Јас некого запамтив, па дури и сега гледам смеа и подбив во некои очи и нека бидат сигурни дека ќе бидат преземени соодветни дисциплински мерки, а можеби, дури и многу строги. Здраво, другари борци. Сите на оружје, се за победата!... - комесарот ја извика вообичаената парола, се сврте и се изгуби во густата шума.

Јани плукна настрана и рече:

- Мајката, ами што остана за тој народ? А тој, пак, се онесува така, како да не е војник... Нарамил човекот чанта и трк од единица во единица... Тука, вошко една, остани со нас... Тфу!

- Таквите ги знае партизанско-војничкото око... Добро е што си отиде. Секогаш кога го гледам ми се чини дека нешто многу смрди наоколу...

- Да, отиде да им го чита писмото на други, небаре тоа среќа им носи... Дедо мраз, ебаго...

- Дедо мраз, ама не од своето. Тоа е се од нашите селани. Ги соголија и тоа не од сега. Лани, мислам ноември или почеток на декември беше. Откако од стадото одделивме овци и кози, ми пријде една женичка и ме праша:

- А, бре, чендо, види шо пиши туа?

- Што ти е тоа? - ја прашав.

- Ами, таму - покажа таа со прст - еден ол вашите, вели, на сите шо ни земаат овци и кози, дава вакви...

- Дај да видам - и велам. На ливчето пишуваше на грчки јазик: "Аподикци", значи "Потврда" и подолу: "Се потврдува дека доносителот на оваа потврда доброволно даде за потребите на народната револуција пет овци и три кози. По победата на револуцијата и востановувањето народно-демократска власт, народната влала ќе и плати." Толку пишуваше. И го вратив ливчето, а таа молежливо ме погледна и, покажувајќи со прст на ливчето, ме замоли:

- Види, бре, синко, шо пиши? Знаеш да пееш?

- Не, не знам реков - не сум писмен... - и таа ме погледна така, како јас да сум арамијата и сожалувачки ми рече:

- Ако, синко, ако... Белки коа ќе дој слободата, со неа ќе дој и некој шо ќе знае да пее, некој поучен, шо ќе знае да види шо има во писулчето, а не само да бери...

- А, ти, стрино - и реков - застани, ене, таму, на ридот и чекај го писмениот, ама и чувај го писулчето за да ти го пее тој учениот што ќе дојди...

- Е, ама си безобразен лајнар... - налутено му потфрли Јани.

И во тој миг се слушна растеажениот глас на Кољо:

- Е, ре, Трајко, шо работа не чека...

- Што? Зарем малку трупци нанесовме цела ноќ?

- Не зборувам за тоа.

- Ами за што?

Кољо го откина двогледот од очи и рече, подавајќи му го на Трајко.

- Од тука, од Горуша, се ти е на дланка. На, гледај, да видиш... Гледаш?

- Ама што да гледам?

- Долу, бре, гледај, долу. Селата гледај ги...

- Ма какви села, само урнатини...

- Е, токму тоа, тоа е тоа што не чека... Почни од лево. Калевишта... гледаш? Оди натаму, десно, десно реков... Ново Село, потоа Крчишта, па преку - Лабаница, оди десно - Косинец, па Д’мбени, отаде Долно Папратско, ваму - Желегоже, Чука, Граче, Света Ана, Лудово, Езерец... Да не ги набројувам сите. Урнати - изгорени, пепел сторени...

А колку ќе изгорат уште?

И?

- И нас тие не чекаат.

- Ја, мајката!

- Да, Трајко, нас...

- Нас, братче, тука во овие ровови и бункери се знае што не чека.

- Ами, јас не зборувам за сега, туку за тоа што ќе биде по бојовите. И си мислам дека со овие раце ќе ги подигнеме. Само да најдеме некој учен, кој на хартија ќе ни прази цртежи на куќи, а ние со скепарите и со мистриите... - мечтателски воздивна Кољо. - Со нашите скепари, чекани и мистрии ќе го разубавиме векот... Камењата, море Трајко, под твојот чекан и глето ќе добијат сјај и облик - куќа што ќе се вика, а во неа живот, љубов... радоста ќе се вглезди, дечки ќе се растрчаат... ех!

Јани, кој досега незаинтересирано слушаше, наеднаш живна и рече:

- Море што ве слушам и гледам... А, бре, да не сте сосема луди? Да не сте полуделе, бре, браќа? Зарем мислите дека јас по војната ќе работам? Та затоа акам толку години по планињето? Дождот ме исцеди, снегот ме мразоса, ветерот ме исуши, та затоа да работам? А, бре, тоа ќе биде комунизам, а во комунизмо...

- Сите ќе ојме на казан... - се вмеша Кољо. – Нели така ни велеше зимоска другарката Вера? Ете, како сега...

- Море - се слушна поспан глас - само нека го донесат казанот, та цел ден би се вртел околу него... Еј, кога ќе слушнам казан, тука нешто ми потскокнува - покажа тој на стомакот. - И мислам дека нема ништо поубаво од зборот - казан. Замислете: полн казан со грав... Има ли нешто подобро, а?

- Е, па ти! Најде што да спомнуваш. Ајде дреми таму и повеќе не го спомнувај тој проклет казан...

Кољо почека да се смират гласовите, па ја продолжи мислата:

- Сите ќе ојме на казан, како сега. За пример, во тој твој комунизам, Јани, најленивиот, прв ќе застане во редот. Си имавме ние во нашето село еден Лазо. Секогаш со сакото префрлено на рамена. Шета, кутриот, гледа и вели: - Коа ќе дој тоа палежнио комунизмо, тогај никој, ре, жими госпу, нема да работа. Ќе работе само машинте. – А јас му велам: - Ти, Лазо, белки од сега да не се подготвуваш за тоа? - А тој ми вели: - Ти да малчиш, заш ако на партицкио секретар така му зборваш, тогај веднаш се пули дека си реаксја и контра и дека со вурзуазијата си играш о ено оро. Така да знаш... И да знаш - продолжува да поучува Лазо - о комунизмо нема да е така, ами ќе биди вака: на секој келку шо ќе сака, а не келку шо ќе работа. - А јас му велам: -А зошто така? –А тој ми вели: - Затоа шо ако е инаку, никој нема да го сака комунизмо. Кој е, ре, тој луд, будала и врлав да работа и малку да добива? О комунизмо ќе биди обратно - малку ќе работа, а многу ќе добива. – И јас му велам: - А ти да не се подготвуваш за тоа? - А тој ми вели: - Аре јаска ак сакаш да знаш, јаска цел живот се токма за о комунизмо! Само на тоа мислам и чекам и пуљам по патишчата кога ли ќе стигне, златниот тој, комунизмо, да дај госпу шо побрзо да дојди. Пуља другите ка работе, а јаска, с'лде мисља цело време само за комунизмо. И се опитвам: кога, бре, мајка му низаедна ќе дојди шо побрзо тој комунизмо, та и ние сиромасите да се виме като људје и да се омрсиме на богата маса? А јас му велам: - Ти, Лазо, и сите кои го имаат твојот ум и разум и во комунизмот ќе си бидете пак сиромаси, голомешковци и парталковци. Лошото ќе биде во тоа што и ние имашлиите што лебот го заработуваме со рало, со вила, со мотика и срп, ќе станеме како вас - парталковци и ленивци. Тоа ќе биде лошото. – А тој ми вели: - За вас имашлиите о комунизмо ич нема да ми е гајле. Цел живот имате, барем еднаш да вите шо значи да немате. И ак прајте поинаку, тогаш ние ќе ви најме место - ќе ве клајме да прајте друмовишча, камен да кршите и да го делкате за палати... И да знаеш, Кољо, ми вели тој парталкото, де, - така не му се зборва на партицкио секретар, како шо ми зборваш ти мене. Со тоа покажваш, вели Лазо, келку голема контра си. - А да знаете дека партиски секретар во селото не беше некој лруг, ами другарот Лазо,

ленивецот и мечтателот селски... А, бре и ти - му се оцвари Кољо на Јани - да не си некој како Лазо наш, а'? Види го ти него... по војната тој нема да работи... Море, бери ум зашто некој Лазо ќе ти го собери...

Јани итро се поднасмевна и, чукајќи се со прстот по – чело, рече:

- Еј, чукнете се по лејките... зарем заборавивте што ни велеше пред некој ден политичкиот комесар за тоа што им зборувал на политичките комесари другарот Захаријадис? Зарем ќе противречите на тоа што рече другарот Захаријадис? Ех, Кољо, Кољо... ако не му веруваш на другарот Захаријадис, значи не и веруваш на партијата и борбата. Така ли? Молчиш а?

- А ти, многу си го видел, та...

- Ех, Кољо, Кољо... добро ти вели Јани - рече Аргир, штом така е речено таму високо, тогаш нема “та...”. Штом така рекол другарот Захаријадис, значи е така како што рекол и нема зошто да не му верчваме. Тој е умен, а на умните им се верува, нели? Што сме ние, бре, селаните? Умот не е кај нас, ами кај партијата, а партија е Захаријадис. Нели така ни рече политкомесарот? Ум има другарот Захаријадис и сите ние нему треба да му веруваме, нели... тргнавме по неговиот ум...?

- Доста треси, бре... - подвикна Трајко.

Јани се поднамести, се навали и рече:

- Вие, како сакате, ама јас по војната ќе си седнам на сонце пред селската таверна, ракиче, салатче денес, утре винце и печено пиленце и ќе си гледам од далеку, од далеку ќе гледам на планињето, ќе си спомнувам за ноќите неспани и тогаш ќе дремам, мајчината, ќе дремам се додека не ги оддремам сите непреспиени ноќи..., а кога ќе се разбудам, тогаш ќе ве гледам вас, будалаците, како кршите и делкате камен, како градите куќи или палати и тебе како одиш не по свој ум... Со еден збор ќе одморам во потта и крвта што ги пролеав во борбата против англоамериканскиот империјализам и домашните предавници,

во борбата, велам, за народната слобода и светската пролетерска револуција. Токму како што рече другарот Захаријадис. А штом така рече другарот Захаријадис, така мора да биде, зашто ако поинаку направиш, тогаш не си со Захаријадис, значи не си со партијата и станувааш предавник на оваа наша антиимперијалистичка и народно-ослободителна борба...

- Добро ти рече Кољо, бре Јани. Што си се заикал со тоа тој та тој. На тој негов Лазо ми личиш ти. Не оти во главата тој си има свој ум? Туѓ ум, кутриот носи. Нему така му рекол некој, па така и си мисли. Не оти мисли со своја глава? Доволно е што ја има на врат, барем да се гледа дека има глава, а што има во неа, знае само тој, кој му ја полни... со лутина рече Мита. - И ти многу ми личиш и мислиш на оној негов Лазо, нели? Види го ти него, ќе дремел, човекот... да сме живи, па ќе видиме...

Јани не одговори, ами ја продолжи прекината мисла:

- А вие, кои ќе тргнете со скепарите и мистриите, тогаш ќе бидете антипартиски елементи затоа што ќе заборавите што рече другарот Захаријадис. Јас така ќе направам, а вие, будалаците, ојте со скепарите и мистриите по селата... Одвај чекам да заврши војната и штом заврши, јас ќе се женам. И ќе си лежам под дебелата сенка на селскиот чинар а младата невеста со прачка добро обрасната со шииироки лисје, ем ќе ме лади, ем ќе ги тера мувите од мене... И тивко, така, колку за свој ќеф и мерак ќе си потпишувам и ќе си потпевнувам:

Пилето ми пее рано на сабајле
И ми ја буди младата невеста...

Така... Јас ќе си лежам, ме разбираш, под дебелата сенка на чинарот, а таа, младата невеста, рано на сабајле, разбудена од пилето - билбил, фрас вака, фрас така со гранката - ќе ги тера од мене досалните мувишта... А кога ќе падне мрак и на небо ќе изгрее полна месечина, ќе се перпелкаме во покосената трева и ќе правиме деца. Така де, деца кои ќе живеат во тие ваши куќи...

- А кој ќе ги храни тие деца, бре Јани, штом ти цело време ќе лежиш под дебелата сенка на селскиот чинар? - потсмешливо праша Мита.

- Кој ли? Па таа, работничката класа, која денес си седи во градските кафеани. Штом таа денес не се бори. Утре таа ќе мора да работи... А, вие, будалаците, би рекол, жими вера, опашајте ги мистриите и скепарите и ајде, ојте по селата камен да делкате, куќи да градите... И да знаете кога вие, денес јунаците од Копанче, Свети Илија, Горуша и Круша, утре кога ќе појдете да градите, да знаете дека потта ќе ви ја мерат само такви селски партсекретари како Лазо негов. А јас, велам, видов такви како вас и такви како Лазо твој, та затоа така ви зборувам...

- Де, бре, Јани, зарем одново ја фаќаш та ја менуваш песната? - праша Аргир. - Е, море, Јани, сал ни попуваш со некои големи, та празни зборови...

- Јас, ли? - налутено праша Јани.

Аргир сврте глава кон него, се загледа во неговите очи и со тон што мириса да кавга, рече:

Ти, ами кој друг... Да не е случајно стрина ми?

- Де, де - се вмеша Мита - уште тоа ни треба да почне некоја караница. Доста, бре Аргир. Денес си ми некој зајадлив...

- Остави - рече Јани. - Сакате да слушате или не?

- Ајде, удри штом си почнал, ама без големи зборови - пак се одзва Аргир.

- Вие знаете дека јас бев со бригадата. Е, откако ги завршивме борбите со арнаутските балисти, не собраа надвор од Гостивар...

- Каде е тоа? - праша Трајко.

- Абре, во Вардарско е, зарем толку не знаеш? - дофрли Аргир.

- Ја расформираа бригадата. Мене - продолжи Јани - како и многу други, ме викнаа во командата и по долго распрашување, ми рекоа:

- Ти, другар, или во ОЗНА или во УДБА... Одбери...

Не сакав ни таму, ни ваму, Ми рекоа:

- Непријателот, другар, се уште не е дотолчен, треба да го дотолчиме. Мораме да го дотолчиме народниот непријател...

Прифатив. Зошто да не. Си реков: па јас затоа нарамив пушка, за да се борам со непријателот. Штом командата бара, значи сум потребен. Добро. Ако се уште има народен непријател, тогаш во борба. Војничката униформа ми ја заменија со милиционерска. Црна. Скоро сите ние, и прости војници и команданти и комесари од расформираната Егејска Бригада - на служба против народниот непријател. Кој во армијата, кој во ОЗНА, кој во УДБА, по некој во народните одбори на власта... Значи сите во народната власт против народниот внатрешен и надворешниот непријател. Некои добија нови униформи и чизми, чисти и болскливи - суратот да си го видиш како во огледало. И така едни потслушуваа, други поткажуваа и кодошеа, трети сослушуваа, четврти казнуваа. Под најголема контрола, се разбира, нашите од овој цел. А тие, кои се сторија главни пак си останаа главни и тропаа секаде: ние Егејците. та ние Егејците, такашто од тоа дури им се згади на Вардарците. Народот се подели. Беа Вардарци и Егејци. а меѓу нив Власи, Ѓупци, Цигани, Срби, Арнаути. И од сите се ловеа народни непријатели.

Мене на почеток, ме пратија на служба во Тетово. Во касарната, ги чував грчките комунисти кои, бегајќи од прогоните на грчката власт, преминуваа во Југославија. Беа многу. Скоро сите офицери на ЕЛАС. Еднаш стигнаа дури двесте. Се наполнија касарните. Една ноќ ги товаривме во вагони и ги испративме во Булкес. Таму ги населивме.

- Чекај, чекај, Булкес велиш... Тие булкиотес што ги викаме, тие ла не се од таму? - праша Кољо.

- Да, тие се. Од селото Булкес, си го добија и името. А Булкес, ако сакате да знаете, е едно многу убаво село во Банат, близу романската граница. До пред три години таму живееле Шваби, значи Германци. Југословенската влада ги протера од цела Војводина и Банат. Таму и во некои други села, како Гаково, ги населија бегалците Грци и нашите - Македонци, најмногу од леринските и воденските села. Во Булкес Грците отворија голема земјоделска задруга, основно училиште и гимназија, имаат своја власт и свои пари, па дури и милиција, печатница во која печатат весници и книги и скоро сите кои беа борци на ЕЛАС таму учат да бидат политички комесари. Со еден збор Булкес е мала грчка комунистичка државичка во југословенската држава. Јас до таму ги спроведував бегалците. Таму, во Булкес, ми кажуваа, честопати навраќаа Захаријадис и Маркос. Јас не сум ги видел. Потоа ме тргнаа од таа задача и ме испратиј во Отешево. Каде е? Крај, море какво крај, веднаш до езерото. Преспанското. Тука ме пратија во името на народот да ги чувам народните непријатели. И јас во името на народот ги чував народните непријатели добро да кршат камен, добро да го делкаат и со врвот на иглата мерев да видам дали добро налегнува камен врз камен ... дури - како што велеше командантот - воздух да не пропушта. А каменот што излегуваше од рацете на народните непријатели беше употребен за градење вили за народната власт. Ги нарекоа “Југославија”, “Сутјеска” и се некои имиња од преку... Најпрвин го изградија хотелот “Југославија”. Всушност тоа беше одморалиште на Комунистичклата партија на Македонија. Таму никогаш не сум влегол, ама дознав од други дека има 12 одаи, една голема сала за состаноци, кујна. Дванаесетмината другари од Политбирото тука работеа, јадеа и спиеја. Народната власт доѓаше во Отешево со лимузини, а пред тоа целото место, па и патиштата што водат до таму беа чистени, демек случајно народниот непријател да не излезе, па да ја види народната власт. Народните непријатели, под строгото око на народните одмаздници, како мене, нели, целото место околу вилите фино го оградија со плетена жица, висока едно две метра и повеќе и најгоре врзаа и два - три реда бодликава. Случајно, ако му текне

на народниот непријател да посака да влезе внатре, демек, на неа да се набоди. А забрането им беше дури и на овчарчињата и воловарчињата од околните села да гледаат низ мрежата. По недели и празници, таму, крај брегот езерски - ТАА, народната власт. Тогаш уште кокалосани, значи слаби и суви ко коска, пиеја ладна бира, што алајките во мрежа ја спуштаа длабоко во езерото; поткаснуваа од јагнињата што се вртеа на ражен и од млечниците и питите што се печеа под сач. Селанки од околните села, во старозамански руби, народните, де, месеа и печеа пити; понатаму завиваа народни пеачки, гласот им се слушаше до под половина Галичица..., а им свиреа свирачи донесени од Битоља... да и биде весело на народната власт. Жените, на тие од народната власт, дебелкасти, газлести и цицлести, на колковите и месиштата, само сало, жими вера, седеа под големи и широки омбрели... чуваа лица, демек од сонцето, да не поцрнат. А тие, пак, кои тазе имаа ставено златни заби, само мус - цус, правеа или со нокти чепкаа по зинатите усти за да го извадат комачето месо што им се зари меѓу заби... А јас, лева - десна, од едниот до другиот крај на жичаната ограда... лева – десна, исправен со германскиот шмајзер обесен на врат, чував и пазев, не дај Боже, некој пезевенк од народните непријатели случајно да не ја вознемири народната власт. А народните непријатели кои ги градеа вилите, тогаш, кога доаѓаше народната власт, ги теравме подалеку, во една котлинка среде шума. Таму, други како мене, ги чуваа и ги казнуваа... И си мислев јас: мајката, ете, јас, простиот од најпростите, чиј ли сум пријател и чиј ли сум јас непријател? И кој ми е пријател, а кој непријател?

- Абе ак си народен непријател, се знај шо се прај сос тебе... До ѕидче, бам и под земја. Нели е така, а? - се одгласи Аргир.

- Ајде, бре, шутрак ниеден, што знаеш ти за народните непријатили? Ете, на пример, како народната власт направи народни непријатели. Донела закон да ги снема козите...

- Што да снема? - праша Аргир.

- Козите, глупчо..

- Козите ли? Зар има толку будалаци луѓе шо се против козите? Има ли, а? Е, мајката, шо расипано време дојде... А, бре, знајш шо е коза? Коза, бре, уф, ум...

- Трај, бре, козоебец, нека зборува човекот!!! - подвикна Трајко.

- Сокрил човекот една коза во келарот колку за да има млекце за дечињата, попара барем да им дава. Гладно време. Козата – хранителка. Е, затоа што ја сокрил козичката - хранителка, тој станал народен непријател. Ама пред да го одведат народните одмаздници, пред очи на гладните дечиња му ја заклале козичката, го пратија во Отешево - за казна - камен да крши, со игла да го мери, а јас, будалиот, како што сте вие сега, кои мислите како што мислите, со шмајзерот вперен во неговиот тил, го терав посилно да удира со барјето - 12 кила тешко, и му бранев да гледа долу кон езерскиот брег, каде се мезеше народната власт. Во недели, реков, и празници доаѓаа партсекретари, команданти, комесари. Еполети на рамо, на широки, како дланката моја; светат од сонцето златните ѕвезди. А јас кога ги гледав низ жичаната ограда, ми се чинеше како да гледав кавалеристи. Некои од нив имаа криви нозе. Не оти многу јавале коњи.. Не, туку, може ли човек орач кој со еден чекор држи две бразди, да има исправени нозе? Еве за пример, ти... цел живот си бил орач. Едната нога во едната, а другата во другата бразда. И свиткан напред. Тоа што имаш криви нозе и дека малку си свиткан напред и шијата ти е втисната во широките раменици, многу не се гледа. Ама, ако човек подобро ти се загледа, тогаш се ќе види. А кај нив човек не мора добро да се загледа, направо се се гледа. Обуени во пленети германски или бугарски офицерски чизми, ама облечени и во скроени униформи, веднаш им се гледа каде се криви и каде се прави... Ете, погледнете го нашиот комесар на четата...

- Остави го него, кутриот - рече Кољо. - Тој е свиткан и грбав затоа што цел живот до пред да стане комесар, молзел овци...

- Или, да речеме, командантот на вториот вод на првата чета. Вистински кавалерист!

- Е, море, ако сакаш да знаеш тој од кога се запаметил, постојано бил момок - измеќар, аргат, болвар и вошкар ...

- Бил, ама сега не е, нели?

- Не е, затоа што со помош на Кољо го зазеде бункепот. Херој, рекоа е тој, ама не рекоа дека веднаш после борбата, во трапот си ги переше гаќите. Потоа го испратија на некој курс за водници и ете ти го командантот на вториот вод на првата чета... Или да речеме заменикот политкомесар. Велат во Булкес завршил некој курс, научил што научил и ете ти го сега заменик комесар. За пример да кажам, број му ги зборовите и нема да изброиш повеќе од десетина. Само слушаш борба, партија, водач, империјализам, монархо-фашизам, капиталисти, револуција, агенти народни непријатели... Тоа ли се зборови. Тоа се плуканици – валканици... И јас можам така и не значи дека можам да бидам и заменик политкомесар. И политкомесарот мора да има мозок, нели?

-А, бре, така наистински, ако му се загледаш, тогаш ќе видиш дека има криви нозе. И кога трча, тоа најдобро се глерда.

- Не! Тој нема криви нозе, туку чизмите му се криви. Еднаш, кога некој за шега му рече дека тие германските чизми што ги носи, му се многу криви, тој најсериозно одговори: - Баму мајте на Немците... од многу одење, марширање и тупање со нозе, ги искривиле чизмите, а кај се најде баш мене да ми паднат среќа?...

- Аре, зошчо така зборвате? Зошчо, ре, погани лафои на својте другари фрљате? Зарем не е срамота? Јаска веља е срамота. Какви са такви са, ама народни, борци са... Утре мож ќе се сторе и големи људје, а народната борба сама такви родва...

- Море, ти таму немој многу да мудруваш. Се знае нашето. Еве ти на, што ќе бидеш ти голем човек... Море пули да не завршиш ко нашите во азиската. Се борел, на пример татко ми, не за некоја таму Мегали Елада, ами против Турците. Ама, како што велеше татко ми – секогаш бевме, вели коњоводци и на офицерите им ги перевме посраните гаќи...

- А дедо ми, кутриот, во малоазиската за малку што не настрадал. Офицерот, мајор бил, мераклија по жени и голем бекрија, им раскажуваше дедо на другите дедовци во селото. Се погодило, велеше дедо, мајорот пезевенк да ти го фатил дедо со некоја негова љубовница муабет да си прави и за малку што офицерот не го скопил...

Јани го згмечи опушокот со петата и го продолжи своето раскажување:

- А имаше меѓу нив и стројни мажи. Офицерските шинели, Господе, како им стоеја!!! Капите накриво ставени, како им личеа!!! Сте го виделе Постоли Granити или Насо Гарефи? Е, само такви... Високи, стројни, дури и кобилите опуљ вртеа, а камо ли моми... Мажи, а не како тебе, ебате, кускуле...

- Кускуле, ама не сакаш да си ги мериме,.. Ајде, де?

- Не пречи. Остави го човекот да раскажува.

- А јас ги гледав нив и си велев - море 45-та да ни беше цела војска и сите команданти такви, му ебавме мајка на сите заедно и на секој одделно на оние од 1913 година! Таква една мисла на гордост растеше во мене, ми ги дуеше градите и ми го матеше разумот.

- Бре, бре... Ова како онаа песната... чекај, како ли беше мајката... А бре, онаа што ја пееја чупите во тоа битолско село кога влеговме четириесет и четвртата? Не ти текнува ли?

Јани накриви капа, се навали на карпата, повлече од цигарата, испушти облаче чад и зарипнато запеа:

Не се чудам, мила, моја мајчице...

- Оваа ли?
- Е, баш таа... - И продолжија двајцата да пеат:

Не се чудам, мила моја, мајчице,

Што е војска многу,
Мила моја мајчице,
Што е војска многу!

Тук се чудам, мила моја мајчице,
Како ја земја држи,
Мила моја мајчице,
Како ја земја држи!

- Хи -хи - хи... - потсмешливо се засркна оној чиј дедо за малку што не бил скопен.

- Што хи - хи - хи, бре зелен-нестасан! - му подвикна Јани. - За народот војска беше... негова војска и затоа му се пулеше дека беа многу и затоа што беа негова војска, чудно му беше на народот како ја држи земја... Пули, да видиш... зошто, да те прашам јас тебе, народот не испеа такви песни за туѓите војски, а? Молчиш? Молчиш зашто не сакаш да мислиш... Можеби војска не беше многу, беа пет или шест партизани, ама стремежот народен беше голем и радоста беше уште поголема затоа што, ете, си има своја војска... Е, море, зелен - нестасан, кога народот ќе запее, тогаш песната останува за навек како... како оваа карпа, како, како... Светото писмо. Така да знаеш! И да не сум те слушнал повеќе да се потсмеваш. Потсмевот е сомнеж. Јас, да знаеш, таму, во Отешево чував и такви кои се смееја, се потсмеваа, како ти што се смееше пред малку. И немој повеќе... разбра? Да памтиш и да не заборавиш. А оние нашите, кои се испикаа по ОЗНА и по УДБА, не испикаа по списоците во кои напишаа од каде сме и кои сме, од кого сме, каде бевме и зошто бевме, ни најдоа баба и прабаба... И народната власт на луѓето бегани од овие наши краишта им одреди места каде да живеат и да работат и им рече да не мрдаат од таму на друго место без пропусница... А ако ќе им се присака да одат да посетат свои роднини или пријатели, мораат да се обратат до народната власт за да им издаде дозвола, значи пропусница за движење и со поздравот “Смрт на фашизмот - слобода на народот” се движеа со ливчето в рака или в џеб, сеедно... Е, таму, во Отешево имаше и едно тројца кои широко ја разбраа слободата за движење... Отидоа подалеку од местото каде живееја, а брзо се најдоа под мое око. Еден ден нив и мене

не викнаа. Тие, казнетите, кои се осмелија послободно да се движат, народните непријатели, де, и јас, народниот одмаздник, се најдовме во една одаја, се гледаме накриво. Тие во своите партали, а јас во униформа, ама сега без шмајзер. Влезе командирот, испеглан, чизмосан и опашан со неколку ремени и ни вели:

- Знаете ли вие, дека таму во Егејот нашиот народ крв проплука од тие клети Грци и крв лее, а вие седите тука, особено ти, ми вели мене, седиш, читаш “Нова Македонија” и “Титов пионер” и сеир си правиш?

Јас го гледам, си мислам и се прашувам: - Мајката, што му е на човекот? Вчера беше здрав?

- Срамота! - подвикна тој, стана и се подигна на петици.

Море - си мислам, и на стол да се качиш, пак повисок од мене нема да бидеш!

- Срамота! - полвикна пак и рече: - Нашите браќа таму се борат-крвават - тој покажа на кај Бела Вода – а таа Бела Вода - планината над Герман, а од таму, од Отешево како на дланка се гледа и Лунѕер и Врба - Јани покажа на широко отворената дланка - како да ги имаш на дланка, така се гледаат... Јас без да барам дозвола. го прашав:

- А јас, командире што правам тука?

- Ти? Тука? Голема работа! Шеткаш лево-десно, се топориш пред народните непријатели, јабана кинеш ѓон и дневно добиваш три порции леб, а таму во Егејот истовремено нашите браќа... Мирно! Стој мирно, глупчо! -тој толку многу ми се доближа, што мислев дека ќе ми врзи некоја, ама се сврте и седна.

А јас се налутив и лутежот го истурив, удирајќи со тупаница на маса. Бокалот со вода потскокна, се навали и водата се истури во скутот на командирот. Бесно, крвно, волчјо ме погледна, потоа се наведна и притисна копче. Влегоа двајца. Се разбраа со

погледите. Ме фатија под мишки и тогаш тој стана, полека ми пријде и ми врза едно два или три, а можеби и повеќе бокса. По седум дена самица, ми дадоа дрвени цокули и варје од 12 кила. А народните непријатели наместо да ме презираат, тие ме сожалуваа. Да се жалам? Кому? Казната ми траеше еден месец. Ме вратија во стројот, одржаа говор во кој пред останатите ме истакнаа како пример што не треба да се прави и одново јас лева - десна ја чував оградата. Една ноќ решив да го направам тоа што решив. Шмајзерот го оставив во спалната и до него ливче на кое напишав дека јас тој и тој, другар командире, си одам кај браќата кои крвават и на сабајле, во мугрите фатив пат за Албанија. Денот го поминав во шумата кај Стење и ноќта ја преминав границата. Во Нивици ме прифатија нашите и ...еве ме сега меѓу вас, жив и здрав. Се прошчам, кршам вошки и велам: ако и ние утре за една коза или за едно глупаво и невино хихикање, како овој што се смееше пред малку, ќе го клајме народецот да крши камен, е, тогаш... Тогаш вас, кои ќе градите куќи, за лошо поставен камен, малку накриво или, пак, недај Боже, ќошот малку да е крив или ако под покривот ќе видат како се шмуга сонце, е тогаш, да знаете - ќе ве прогласат за народни непријатели и ќе кршите камен... И некој, да речеме, како овој или оној, така како јас, лева - десна покрај жица, ќе ве чува. Чувајте се, јас ви го велам ова, зашто јас го видов и го правев тоа... Чував народни непријатели кога таму во Отешево едни кршеа камен, а други пиеја ладна бира и пееја:

Стани, стани да не станиш
О Битиоља ќе ојме,
Ладна бира да пиеме...

Таму крај езеро, под сенките на широките бели омбрели, пиеја и коњаци и црвени и бели вина. И тогаш, наеднаш си реков: - Ех, што е слобода!... И, гледајќи ги нив со чашите в рака и тие, со дрвените цокули, решив и му ја спраштив во слободата, та неа, кутрата, си мислев ќе ја најдам во планињето што немаат крај, во височините до под небо, во далнините и во шумите зелени и ширни, во видикот до кај што ти око гледа.... Како орли сме: од високо гледаме далеку, окото ни е полно и стомакот празен... Само да не е пукањето, смртта, гладот и вошките. Барем така, преку рид, преку трап, со пешник леб во едната и парче сирење

во другата рака, да се пцуеме, да се караме, а не да пукаме и да се убиваме... Да... Таква војна би сакал... И ви велам: мистрија, чекан, шајка и метро никогаш повеќе нема да фатам. Само ќе одморам. Сега ми велат - херој ќе бидеш ако се бориш до последната капка крв, ако умреш, ако загинеш со пушка в рака...

Јани прекина и долго трае тишината. Во тревата подгорена сал штурци потпевнуваат и одвај чујно лисјето шумоли. И со друг глас, како да не беше негов, Јани рече:

- Изгинаа сите, го нема веќе водот... Сега врвот е понизок за педа или две...

Сите сфатија дека зборува за вчерашната битка и никој не се обиде да му се вмеша во зборот, ами слушаат:

- Од осакатените борови ко солза тече смола и од лисје лепи венци и ветерот ги постелува врз земјата што гори... Говорот што го одржа командирот, го крена ветерот и го растури низ клисурата, го разби од карпите и го одвеа по трапиштата ко песок меѓу прсти... Гранки фрливме врз нив ветените за крунисување пред олтар... врз гранките земја крвава и ја притегнавме со крш - камења ко вечен запис што во времињата сегашни и идни ќе ги мијат дождови и ветрој ќе ги сушат, ќе ги топлат воздишки и во бели зори ќе болснуваат ко бисер што болснува на гради момини... И над сето тоа наш рој од желби: пламењето од сите ридишта ветрот да ги наведнува во поклон и врз вдлабнатите гробови крстовите од црн бор и бела бреза да болскаат во пурпур, а пламењето на Грамос да имаат круни и секој од гробовите да има лик на крал... Со времето ќе никне гороцвет и синчец во пресни зори ќе тагува над нив: ќе израснат млади фиданки на бели брези со гранки спуштени ко долги плетенки со одблесок на сребро... лете роса од пресна зора да ги лади, зиме со златно лисје да ги тажи и на пролет јата славеи да се збираат во нив и на сето грленце песни да им квилат... И без престан благиот шум на борјето над нив да шумоли ко пеење и паметење и вечен запис врз стеблата и каменот под кој лежат ветените за кои сал дабот, чамот, кленот, карпата, ридот, парчето ‘рѓосано железо и штикот скршен ќе раскажува во

времињата што допрва ќе дојдат... И наместо знамиња осакатените гранки ќе шумолат; и наместо свечени плотуни - ровји и секавици ќе ечат...

Гаврани не грачете, секавици не секајте од рид до рид, славеи за миг замолкнете и молчете додека земјата не налегне врз младоста што ја прими... И не пренесувајте глас - црна чума, нека мајките ткаат руби невестински, во ковчези нека збираат приќе, нека месат колачи - покани и дарови за свадби нека токмат и нека диплат пелени и лулки од таван нека симнат... Чекајте.... чекајте и чекањето е надеж... Во очите момини ѕвездите се уште не згаснаа и се уште не секна момчешкиот здив... Макаршто црквите се во урнатини и камбаните искршени, не завршија молитивите на мајките... Изгинаа сите... го нема веќе водот... сега врвот е понизок за педа или две... На вечна стража останаа на Копанче, Свети Илија, Котелце, Гупата и Горуша, на Бел Камен и Круша тие, вчера безобразно храбри и пред раѓање ветени за крунисување пред олтар... Осакатените борови ко солза точат смола. Од лисјето подговори ветерот плети венци и ги постелува врз земјата што гори... А пламењето на Грамос би требало да имаат круни и секој од гробовите да има лик на крал... Камбаните да бијат и кандилата да светат додека светот светува, додека векот векува... Ете, така би напишал, барем случајно малку да бев поет...

Јани небаре се засркна и на сите им се стори дека во липтеж му секна гласот. Прекина. Молк. Сите и секој одделно, молчаливо и прибрано, во себе ги здиплува и оддиплува мислите што навираат и болат и стегаат ко обрач. Молк, чиниш, застанаа сред пат на својата штотуку расцутена младост. Седат прибрани и потопени со мисла и душа во тоа што беше вчера и во тоа што ќе го донесат најблиските часови. Прелета пчела и кацна во чашката на Јановото цвеќе. Со крилцата ја проширува чашката на цветот, чепка со нохенцата, зуе во него... Во мигот кога најмалку очекуваа, пак прозбори Јани:

- Сега би сакал да сум под домашната стреа, во дворот или во одајата или на нива или под зрелите цереши или под дебелата сенка на чинарот, па дури и во нашето бuниште, ете, вака легнат - навален, загледан во далнината и висината и во очите

на љубената... И така загледан, да дочекам старост и стар да си одам... А не така, бам в чело или в гради или тело ти разнесе граната или оган те изгоре што паѓа од небо и си отиде со пламенот, со чадот, со ветерот... Ни трага ни белег од тебе. Има ли умор во убивањето и крај на омразата? Зошто ли човекот со толкава манија се предава на убивањето? Ете јас, ти, оној, ние тука и тие таму заемно се осакатуваме и се убиваме. И утре некој ќе рече ти си ми го убил братот или јас ќе му речам така. Значи сум убиец. А што е тој кој ми ја даде пушката? Што е тој, кој ја чува во магацин, кој секој ден во тетратка запишува толку и толку пушки, гранати, митралези, мини, фишеци, штикови се дадени... А не е ли тоа толку и толку ранети и убиени токму со тие бројки запишани во неговата тетратка? Што е тој? А што е тој по чија наредба се издава оружјето? А што е тој, кој ја измислил пушката, топот, митралезот, мината, бомбата? А што е тој, кој ја произвел, тој, кој ја пакува, тој кој ја чува добро подмачкана, тој кој издава наредби? Цел синџир убијци кои викаат од близу, а најмногу од далеку: - Слобода!!! Се биеме за слобода!!! Така велат и едните и другите... А таа, слободата, небаре, легната меѓу двете борбени линии, опијанувачки не задушува нас, кои во нејзино име се колиме, бодиме, осакатуваме, распарчуваме, а таа, слободата, сакана, прижелкувана, сонувана, мечтаена, во нејзино име, во име на нашите желби, мечтаења и сонувања, не поттикнува што посвирепо и пожестоко да се биеме, осакатуваме и убиваме за неа, како два елена, како два коња за женка и не голта, мамејќи не со надежта и возвишените желби и стремежи. А ние од двете страни во нејзино име јуришаме, паѓаме ничкум, со лице удираме во окрвавената земја, ја гриземе за да си ги олесниме болките, да испуштиме последен крик и здив. Со очи смрзнато вгледани во небото, баздиме под жешкото сонце ослободени од се... меѓу два фронта, на ридот, во ровот, во бункерот, пред цевката и штикот, пред ножот и камата е таа - слободата... Како фрлена коска - чека да биде глодана... Слобода... Нивна слобода - нивна желба и наш пораз и понижување... Наша слобода - наша желба и нивен пораз и понижување; нивна слобода - наше уништување; наша слобода - нивно уништување... Чија слобода е слобода? Слобода - и от таму и оттука омраза... И некој друг, кој гледа и поттикнува од страна, трие раце, проверува сметки и во омразата дофрлува омраза... И можеби некогаш таму, во

некое друго време, раце ќе се подадат над нашите коски, ќе ги израмнат гробовите и врз нас мислите ќе полетаат високо до небото... И ќе дојди еден ден од деновите кога ќе треба да се праша и одговори: - зошто и со кого се отишло, зошто и во чие име се гинело?.. Која човекова особина денес најмногу се цени? Таа ли кој прв сопствениот живот ќе го претвори во пепел, јуришајќи на бункерот и ќе остане таму? Ги изброја ли некој таквите кои такви станаа и останаа? Ќе им испеат ли песни за да останат низ песните во споменот на потомците или само камен поцврсто ќе заријат в земја или со кама и штик подлабоко ќе изрежат белег во стебло?... Вчера изгина, го снема водот и ние сега сме толку, колку што сега сме тука... Толку сме, колку што изгинавме некни, вчера и денес... толку сме, колку сме сега плус тие, кои изгинаа за да не падне ридот, ама паднаа тие... До последниот здив, до последниот куршум, цедејќи ја од себе и последната капка крв - јуначки да изгинеме сите во име на ... зашто нема што да изгубиме освен главата што не мисли... Таму, во Отешево, меѓу народните непријатели имаше и еден таков, како нив, ама различен од нив. Велеше: - Продолжиш ли да им ја кажуваш вистината на тие, кои малку се подруги од тебе, па нека се мали и понижени, онесреќени, ама малку подруги од тебе, па макар да ти се бliskп по друштво и по мисла, доволно да си малку поумен од нив, тогаш биди сигурен дека тие истите ќе те замразат и толку долго ќе те кодошат, додека не те уништат. Најподли се тие, кои малку лизнале од ука и од богатите маси собираат трошки... И власта таквите најмногу ги сака... Што сакаше да каже, кутриот, се уште не ми сечи умот. А можеби некој од вас ќе ми растолкува? Аргир, о Аргир! Можеби ти, а?

- Море замолчи, та не дрдори толку! - свртe грб Аргир и го покри лицето со капата.

Мита се поднамести, долго се загледа во лицето на Јани, потоа навали чело врз стегнатата дланка и по долго молчење, рече:

- Таква ни е судбината. Тркалото ни ги потфати нозете и не влече во себе, не фрла ту ваму, ту таму, не држи, не стега. Ќе не остави тогаш кога ќе паднеме пронижани или распарчени... Само тогаш ќе не остави и нема да престане да се врти. Ќе се

врти, ќе се тркала и под себе ќе собира, ќе гази, ќе згмечува... Никого не моли, не жали и не прежалува...

Од нејзината уста тече горчина и секој изречен збор е чемер. Во нив се вткаени сите нејзини мисли и драги лица на блиските и нешто што остана зад неа и кои во секое време - било во марш, кратка починка, украден миг за сон, во ров или земјанка, во јуриш, на носилка и под земја – се никнува пред нејзините очи... Мита наведна глава и молчешкум, со поглед на осамена срна, се загледа зад себе, во изодениот пат, во она што е нејзино вчера и вели - повторува:

- Не подбра тркалото, не вкова во себе и со секое вртење ни го мери - измерува животецот, поначесто земајќи делче од нас, капка или цела локва крв изсцедува од нашите жили... Едно свртување на тркалото и колку ли отпаѓаат и остануваат надвор од стројот? Кој и кога ќе им јави на тие кои чекаат? Можеби на нива, во бавча или лозје, на ручек или вечера ќе ги пресече веста болна? Недопрена до усните, полна ќе остане чашата со вино, наполу подигната ќе остане раката на мајката подигната за молитва... Кој ли ќе писне најгласно, кој најмногу ќе корне коса, кој најпрвин ќе се скамени од болка и чија болка ќе биде потешка и поголема? Чија солза ќе биде најјадра и чие срце најдолго ќе издржи? И велам, си велам јас, кога си помислувам за нив, колку повеќе нив си ги спомнувам, толку повеќе ги сакам, копнеам и болам, се топам и смрзнувам и се губам во мислата во која е собрано се она што беше куќа и сите во неа, што беше семејство и родбина, нива, лозје, градина, смеење и тажење, радости, болка и фален да е Господ Бог, затоа што се ни даде!... И страв и ќотек и овие автомати и пушки и пушкомитралезот на Зоја и го даде, не мислејќи дали кутрото девојче ќе може да го носи на своите слабички девојчински раменца. Кога Господ и даваше висина, тогаш сигурно не мислеше дека по таа мера некој друг Бог ќе и одмери и судбина. И судбина и е на Зоја да го носи пушкомитралезот и да пука, да убива, непријателот да го држи под оган... Знае ли Господ дека некој друг Бог ја смени врвцата на Зоиниот живот? Знае ли? И велам, пак ќе речам, среќа е што вчера ранета ја однесоа. Викаше, стенкаше, плачеше од болка. И ми се чини дека и викот и плачот и лелекот и личеа. Застанав над неа, и намигнав,

а таа одвај најде сила да се насмевне... Ја бакнав в чело... Да веруваме дека стигна до болницата. А таму лекарите ќе знаат што да прават... нашиот сосед, поп Васил, секогаш ни велеше дека Господ еднакво ги сака своите чеда. Да ми е сега тука, право в очи би го прашала: - А зошто, попе Василе, нееднакво ги вооружи со моќ, со издржливост, со храброст и плашливост и зошто така го направи светот во кој е обезличена Зоја и многу други Зои?...

- За да владее подобро - се ѕвва Аргир, кој барем од кога го познава Мита, никогаш за никого добар збор не рекол.

- Сите се криви и никој не сака да признае... – пак дофрли Аргир.

- Амин - рече Мита. Потсмешливо проѕвони нејзиниот глас.

- Ти, Мито - Јани впери во неа прст - ама ич нејќеш да разбереш дека во тоа твое тркало, што толку многу го спомнуваш, свој дел и тоа најголемиот и најсудбоносниот, има вградено и оваа нова Света Троица...

- Која, бре, троица? - праша Мита.

-Ај сиктер, ре! - налутено викна Аргир. - Само дрдорите и човек да дремне не може. Ајде, доста, ниту збор повеќе, зашто ќе се налутам...

- Многу ми е гајле - дофрли Мита.

- И да знаете - ја потфати Јани прекинатата нишка. Бојата на неговиот глас предизвикува почит и внимание. - Цел човечки ум е впрегнат во тоа за да измисли што подобри оружја за уништување на сличниот на себе. Чудни се луѓето... прават се за да се уништуваат и потоа на големо ќе слават... А јас, без разлика на се, сакам мечтата слатка да ми се исполни: кога ќе си одам, крај мене да има полн бокал вода, полна чинија, а вие будалаците, опашајте ги во меѓувреме мистриите и чеканите и метрото. Ама пред тоа мене да ми земете метро - по должина и ширина и најдете ми добро, проветриво место, со широк поглед

во далнина и висина, на врв рид, каде ветерот на зајдисонце меѓу дрвја и лисје приспивни песни ќе ми свири, во рани зори славеј ќе ме буди и дождец во спарни долги лета ќе ме лади... Земете им метро и на тие кои веќе лежат по ридиштата и трапиштата; земете им метро и на момите и момчињата кои вчера ги закопавме во една јама. Ископавме плитка јама, без метро мерена, ама со болка измерена... Не кладовме метро ниту на момче, ниту на мома - сите со едно метро и на сите рамно им фрливме свежа земја со по некоја солза скришна. И врз мене со иста мерка земја фрлете, зашто не сум подобар од нив. Или можеби затоа што ти и јас овој ден или десет дена подолго ќе проживееме од нив? А вие, кога ќе градите, метрото в рака и очите четиринаесет. Измеривте криво, па дури криво погледнавте, нема да ви избега некое тукашно Отешево. И да не мислите дека ќе имате оправдување во борбите што ги водевте, во крвта што ја пролеавте, во живите рани, во лузните и во страдањата... Партијата не греши, а ако погреши, таа си ги признава грешките и продолжува да греши. А вие, ако погрешите, нема да имате време да се оправдате пред партијата зашто со направената грешка ќе бидете народни непријатели. Па дури и не морате да погрешите. Доволно е некоја вошка, гнида, болва кодошка да ве накодоши... Чувајте се ... спомнете си што сте направиле пред две, три или повеќе години, кому што сте му рекле, што сте му стокмиле или сте му токмеле... Народната власт се ќе открие, само да дојде до власта. И кој знае дали и мене, ако останам жив, нема да ми залепи нешто затоа што правев во Отешево и дека сега ви кажувам за Отешево... Кој знае? Различно доаѓаат работите. Ете, како дедо му... Му ја потфатил љубовницата на мајорот и потоа олеле... јајцата...

Јани прекина и лакомо влече од цигарата. Тишина, штама, колку за прездив. И кога почувствува дека догорчето му гори прсти, ја истресе пепелта и како да се жалеше некому, рече:

- Навикнавме на кал, на студ и дожд, на глад и жед, на магла и виулица, на вошки и нечистотија, на тресокот на бомбите и рафалите, на страдања, на крв, на болка и на ранети, на сакати и мртви, да не убиваат и убиваме. Како ли ќе одвикнеме од тоа и како ли ќе му се вратиме на ралото, на чеканот, мистријата... на

тишината, на топлината под топло веленце и на меракот, а мерак е и тоа - да знаеш да гледаш и ѕвезди да броиш и во сено да се прпелкаш и меѓу снопје да се валкаш, на момина коса да погледнеш и длабоко да здивнеш - воздивнеш и да се радуваш - изнарадуваш затоа што си жив... А ти Мито и ти Циљке и сите други како вас, ќе навикнете ли на фустани? Камо ли да дојди што поскоро тоа време, тој час кога од себе ќе ги истресите овие вошливи блузи и панталони и ќе е облечете како што им личи на девојки... Што поскоро нека пристигне тој час кога пак ќе бидете девојки, а ние кутрите ќе лудуваме по вас. Прајте што ќе прајте, ама мене сакам ме избере некоја од вас пред да изберам јас друга...

Тишина. Во подгорената трева сал ветерот шумоли. Во широко отворените очи - вгнездени желби. Привршува денот. Во заодот на сонцето, небото над Бел Камен гори во пурпур. Таму и отаде ридиштата како да има пожар над кој гори целиот небосклон. А долу тече Бистрица и мие, трие, глади, превртува и исфрла на брегот камчиња, а кога вода прибира сал малку повеќе, тогаш ги прибира во себе и одново ги прегрнува, ги мие, ги мазни и ги превртува, та превртува. Така со векови и кој знае колку векови така везден и катаден. Во деновите изминати и денес тече матна... На брегот дебнат црни пијавици набабрени од крв човечка...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 10

Ване - викна командантот. - Редот ти е да одиш по вода.

Излезе од ровот. Откако пагурите ги собра и ги врза за појасот, го провери шмајзерот и појде. Влезе во шумата. Папрад висок и густ и под негоројови шумски јаготки. Црвени. Како бисери висат на исправените стебленца. Шират опоен мирис. Клечејќи, со обете раце собира - откинува јаготки, ја полни шепата п ги фрла в уста. Со јазикот ги притиснува до непцетс, ги гнети, цедејќи го сокот. По целата уста и грлото чувствува сладовина, затвора очи и со наслада полека голта. Слаткиот и миризлив сок во него предизвикува неопишано помрачување. Үсните му се црвени, а прстите се лепат од густиот сок. Пред него само чекор-два разретчен папрат и јаготки - како килим. Се подигна и... - истрелот не го слушна. Падна со лицето врз јаготките. Крвта тече во поројче, се разлева врз црвените јаготки. Во сенката на папрадот и меѓу стеблата, тој изгледа мал. А почјанката, папрадот, јаготките, поточето што шурка скраја – големи, огромни, бескрајни. Истрелот дојде од своите. Занесен во берење јаготки, не го слушна гласот на стражарот. Во плитко ископан гроб остана Ване во високиот папрат. меѓу јаготките...

Квечерината Мита и Цана купчето свежа земја го покрија со Јаново цвеќе. Расте тоа на Копанче, на голите падини на Горуша и Круша и отаде - под ридовите. Не сака сенка. Расте самољубено. Љубоморно е и за светлината и за местото - затоа околу него не расти трева и друго цвеќе. Доста му е утринската роса иповеќе влага не сака. Убавината на пеперутките ја привлекува со својот опоен мирис. Најмногу опој шири во зорите и кога има најголема жега. Трипати на ден го менува мирисот: наутро, се додека пука зората и додека врз јасносините и белузнави листенца во капки истрајува росата; на пладне, кога вршник е жегата и квечерум, пред заодот на сонцето - до првиот мрак и првата вечерна роса. До наредната зора мирува, прибира листенца, спушта цвеќе и дреме во мракот...

Комесарот влезе во земјанката на командантот и јави:

- Фативме агент. На борците им велеше дека владините војници секој ден јадат бел леб, варено и печено месо, чоколади, дека наутро пијат млеко, чај со рум и кафе.

Командантот ја сврте рачката на полскиот телефон и откако доби врска, слушалката му ја подаде на комесарот.

- Повели. Јави во штабот на полкот.

Од таму наредија:

- Фатениот агент да ни го пратите. Ние тука ќе му судиме и ќе го стреламе.

- Јас, команданте - вели комесарот - не би се согласил да им го пратиме. Ние го откривме, ние го фативме, па според тоа редно е ние да му судиме и да го стреламе. И тоа пред сите борци... - Прекина за миг и продолжи: - Денеска сослушував еден. Знаеш што ми рече? Слушај. Јас, вели, секогаш сум гладен. Лебот што го добивам не ми е доволен. И уште вели дека ние нема да победиме ако не ни помогне Русија или ако не почне третата светска војна. Партизанштината вели, за нас Грците, не е добра. Таа е добра за Славомакедонците, бидејќи ним им се брани јазикот... Што направив? Го врзав и заедно со оној другиот го затворив во една земјанка... А кога доаѓав наваму, слушнав како разговараа во вториот вод. Борецот Вангел им вели на другите:
- Знаете, јас секогаш сум гладен. На Вичо, вели, нашите имаат бол јадење. Море таму, вели, јајца ми сакаш, печени кокошки и јагниња, а леб колку што сакаш. А Тодор, пак, мрда со глава и одобрува... Во Псодери, вели добро ни беше. Јадевме многу. Жените од селата ни носеа леб, пити, сирење, пржени јајца со свинско. А еден друг, Митре го викаат, не престанува да се жали. Вели: јас за една ноќ би го прегазил патот од тука до Вичо. Некој му рече: - Зарем не ти е страв? А тој вели: - Море страв ми е само од нашите. Ако ме фатат не ми бега куршумот. Дезертер, ќе речат. Ти велам, команданте, лошо се зборува во рововите. А мој човек во истиот вод ми рече дека некои кога треба да одат на стража, се прават болни и тој, мојот човек ми го даде и ова писменце. Еве што пишува. "Драги братучед! Ти се бориш за туѓи интереси и против мајка Грција. На крај ќе

изгубите. Никој нема да ви помогне. Дојди си кај нас и јас ќе ти помогнам и работа да најдиш и властите да не те прогонуваат...” Се разбира, на мојот човек му реков да го има на око и во случај да се обиде да бега, да го убие. - прекина, се загледа во лицето на командантот и чека да слушни што ќе рече тој.

Командантот пак ја заврте рачката на телефонот и му ја подаде слушалката.

- Молчи. Изгледа линијата- е во прекин. Нема врска - рече комесарот.

- Да, навистина нема. - Од офицерската чанта командантот извади тетратка, скина лист и му го подаде. - Напиши што сакаш да јавиш во штабот на полкот и прати го по курир.

Комесарот го стави листот на својата чанта и напиша:

“Во нашата чета фативме двајца агенти. Стоп. Денес ќе им судиме. Стоп. Ќе ги стреламе пред стројот. Стоп. Борците се жалат дека имаат многу вошки. Стоп. Што да правиме. Стоп. Смрт на фашизмот - слобода на народот. Стоп. Сите на оружје - се за победата. Стоп. Политички комесар на чета. Стоп.”

Командантот на полкот ја прочита телеграмата и на обратната страна напиша:

“До командантот на четата. Стоп. Фатените премести ги во друг вод. Стоп” Вошките да се уапсат и да се стрелаат. Стоп. Комесарот врзи го и под стража прати го во штабот на полкот. Стоп. Изврши наредба. Стоп.”

Командантот постапи слоред наредбата, а потоа ја викна Мита и Јани.

- Вие двајцата одете долу во селото и проверете која е таа жена што веќе две ноќи вика и плаче.

Во селото влегоа кога падна мракот. Жалосен, молбен и молитвен глас вика, довикува и плаче меѓу урнатините.

- Еј! - викна Мита. - Која си ти?

- Жена...

- Зошто викаш и плачеш?

- Страв ми е...

- Ајде, излези!

- Страв ми е...

- Од кого?

- Од сите...

- Со кого живееш?

- Со мачето... Гладна сум... И мачето е гладно...

Се вратија, му рапортираа на командантот и застанаа во редицата. Над црниот котел - испарлив мирис. Готвачот, со големата лажица меша и претурува.

- Е, море, никаквец - му префрлува Јани - барем би можел да фрлиш некое зрно повеќе... мешаш и сал мешаш небаре е најубавото јадење...

- Па е - вели готвачот. - Јадењето треба да го мислиш...

- Да го мислиш. Ете вака: ќе погледнеш во порцијата и што гледаш?

- Ништо... - вели Јани. – матна, млака вода и едно зрно граф...

- Е, токму тоа, зрното што плива, е главното и него треба да го мислиш дека е големо парче месо... Е, море гладотијо, јадењето

треба да го мислиш, а само лакомо да го голташ. Така прави кучето, а не човекот. И волот кој пасе, а не знае што пасе. Да знаеше сигурно немаше да биде вол, туку...

- Туку готвач - дофрли некој.

- Ама немој... ја море..

- Па, можеби и помошник, нели?

- Ама немој! - налутено извика готвачот. - И да ти кажам, ти голтар низаеден, така лапајќи, можеш само стомак да си расипеш, разбра ли? На што разбра... Мисли го јадењето, а ќе биде ем бол, ем слатко. Што велиш? Не ти е доста лебот? Мисли го ова парче така, небаре цел пешник држиш в рака. Можеш? Не можеш? Тогаш немаш ум. За да мислиш треба да имаш ум. Парчето мисли го како да е пешник, а пешникот мисли го како да е фурна. Зрното што го виде, мисли го како да е јагне набиено на ражен и го вртиш над жарта, а тоа полека зацрвенува, мириса, ете, до таму, до оние карпи. Ти мириса ли?

- Аха...

- Ете, гледаш, си почнал да мислиш... Ете, така, така треба да го мислиш јадењето, особено ова нашето, партизанското, а не лап - лап и пак гладен. Тука - тој се чукна по чело, а потоа по стомак - тука треба да го имаш, а не тука. Како што се пие виното - со мерак, со наслада. Е, овие две работи треба и мора да одат со јадењето, а не лап – лап... а не кланк - кланк...., како ненаситените лакомџии и пијаниците. Јадењето, велам, не треба да оди само во стомакот, ами и во мозокот. Затоа тие кои клаваат само во стомакот, постојано стомак ги боли, а тие, пак, кои клаваат и во мозокот...

- Се големи лажговци, како тебе - налутено рече Јани. - Види го ти него... Ќе ни продава тука шикли и шипинки. Јадењето вака, јадењето така... Море наполни ми ја порцијата со таа твоја помија и најди некое зрно повеќе. Ти пливаат, море, зрната, како што ти плива умот, море, шутрак шиклест...

- Пливаат, ами што. Тоа што плива е вкусно. Е, замисли да е риба... Пули, пули тука - тој ја подигна лажицата и од високо истура во порцијата - јадете, јадете јунци, јадете... оф-оф-оф што е слатко... О, што гледам? Дами. Повелете, мадами, за вас по некое зрно повеќе... На здравје...

Командантот, му се доближа на Јани и му рече:

- Еве, земи ја мојата порција и со Мита појдете во селото. Однесете и да јаде. Одете...

Лебот и манџата ја оставија на каменот пред куќата - урнатина.

- Жено! Излези. Ти донесовме да јадеш... Излези...

- Страв ми е... Одете си...

Така секоја вечер секој од својата порцпја дели по една лажица и малечко парченце леб за осамената жена и за мачето. Еден од борците слегува во селото. Со камен удира на камен, го остава јадењето и си оди. Жената излегува од урнатините. По неа и мачето...

Облаците наиудуваат од кај Морава. Тешки, црни, стуткани, оловни. Од таму ветерот навева ладовина и мирис на бура... Грмна, светкавици расекуваат небо, врзуваат врв за врв, премостуваат клисури. Удираат ровји, расцепуваат стебла, кршат карпи и долго одѕвонуваат во траповите, И наеднаш - истури. Вода дождовница ги полни рововите. Шлапаат во матната и ја месат со калта. Командантот излезе од земјанката и откако оцени дека бурата ќе трае, се упати кон најблиското митралеско гнездо. Нишанџијата седи на камен стуткан во ќошот. Спие. Нозете до глужд во вода.

- Дремиш, а? Стани, бре, ќе се удавиш! - му подвикна. - Земи лопата и копај тука за да истече водата – тој покажа со валканата чизма. Рововите полни вода. - Слушај ја наредбата! - викна тој. - Лопата в рака и копај додека ја истече водата!

Одново засветка. Дождот се засили. Истура, а ветерот, силеn и налудничав, косо ги носи јадрите капки.

Во Четирок, во шаторот на командантот на артилериските батерии остро заѕвони телефонот.

- Мајоре, што правиш? - праша бригадниот генерал.

Го позна по гласот. - Врне ли?

- Да, господине генерале, роси.

- А погледни горе. Што гледаш?

- Горе, господине генерале, светкавици расечуваат небо, грми, а ровјите бијат како вистинска артилерија...

- А што прави твојата артилерија? Зошто ти, мајоре, со твоите топови не им се придружиш на ровјите? Наредувам, мајоре, половина час со брз оган, распали од сите цевки. Да видиме чиј грмеж ќе биде посилен. небесниот или нашиот? Оган, мајоре!

Јани почувствува силен удар и пржење во левиот бут. Усвитено парче од топовска граната му го расече левиот бут од над коленото до колкот. Пикнат меѓу два камена, чека да завршат грмежите. Ја соблече кошулата и се обидува самиот да ја преврзи посекотината. Не може да ја запре крвта. Викна. Дотрча болничарката. На носила го пренесоа отаде трапот, во големата земјанка. Легнат на носилка, две жени, во одминати години, цела ноќ го носат прудолу... Омалаксан е и само моли да му дадат вода.

Над високите борови, под кои е сместена главната болница - само небото е далеку. Блиску се карпестите планини и шумите. Половина ден пат одење - е првата линија на фронтот и смртта. Погледот никаде не стасува подалеку од стрмните ридови, а дозволениот простор за движење го обележуваат сенките на боровите и бреговите на двете рекички. Дење е забрането секакво движење. А ноќта живнува. По тесната патека се влева цела врвулица – коњи, мазги, носилки. Тешко ранетите ги

сместуваат во бараките, а потоа на стол. И со истите коњи и мазги, во долга релица, за натамошно лекување, тешко ранетите ги префрлуваат во Албанија. Во болницата никогаш не се оладуваат креветите. Ноќе и само ноќе, од болничките бараки ги изнесуваат мртвите. Во ќебиња и легени - посечени раце, нозе, прсти, скршени заби, извадени очи. Се во една јама. Заедно со оние кои не го доодија патот до болницата и кои починаа во болничките бараки, на лединката, отаде рекичката, еден до друг - ги закопуваат. Тука тие имаат сбој гроб и крст со име и презиме. Мажи, во одминати години, меѓу кои е и Ѓорѓи, а кои тука ги донесоа кога во мај завршија со копање ровови, градење бункери и земјанки на Аљавица, Амуда, Николер и Чарно. Тие копаат и закопуваат. Ѓорѓи, кому веќе му зарасна скршената нога, делнува со балтичето во сувиот боров пен, отцепува борина и со ножот делка прави стапчиња, иста должина, ги реди, ги врзува во китка. Боринка - свеќа, трепетливо свети пламенчето во планинската лединка, ту се исправува, ту потсобира, се чини ќе згасне и одеднаш пораснува и шири малендава светлина за тие, кои лежат тука, да имаат светло и човеково паметење...

Од болничките бараки никогаш не се одделува боровата сенка. Тешкиот мирис на крв, гној и хлороформ, без престан го раздувува ветрецот што дува од кај ливадите на Долна Арена и со себе го влечат двете рекички што се сретнуваат на крајот од котлинката. Ранетите дремат, мрморат, стенкаат, хрчат, викаат во бунило, пцујат, реват во тежок и болежлив полусон.

Јане лежи на плеќи и чувствува како пече бутот. Во одајата, во која има дваесет ранети, влезе маж во години, облечен во бел мантил. Оди од кревет до кревет, кратко се задржува. Јане се загледа во неговите дебели и свиткани веѓи, а тој, лекарот, го одвива завојот, се загледа во посекотината, со прстите го допре натеченото место од бутот и почувствува нешто тврдо. Многузначно климна со глава. Јане ококори очи и извика:

- Да не си се осмелил да ја сечеш!!! Разбра?

Лекарот рече нешто на унгарски, а потоа на руски:

- Ранетиот во операционата сала - рече отсечено и излезе.

По извршената операција Јане го легнаа во друга одаја. Печењето во бутот веќе го нема. Првпат тој е наспан и се чуди за тоа што никој не вика, не наредува, нема истрели, туку само шум на планинска река... Мирно е, тивко... Во одајата влезе истиот лекар. Во неговата дланка стави парче забесто железо.

- Ну, как? - го праша на руски.

Јане сфати или барем така му се стори дека го прашува како му и на брзина рече:

- Добро, добро, многу добро. Ја мрдам и не ме боли... - со очи покажа на ногата.

- Ете - извика лекарот на руски- ете уште еден со кој може да се позборува. Јас, другарче, многу добро те разбирам, Ти си Македонец, да?

- Аха - радосно извика Јане. - Македонец. Од Вишени. А ти?

Лекарот го тргна, ќебето, го одврза завојот и се загледа во закрпената песокотина.

- Хорошо, хорошо... Молодец - рече задоволно и се оддалечи.

Кога лекарите и сестрите излегоа од одајата, Јане му се обрати на ранетиот кој лежи до него:

- Што му е, бре тоа хошошо, шо - шо- шо, а?

- На руски ти рече дека е добро.

- Русин е?

- Не - рече ранетиот. - Унгарец. Велат се борел во Шпанија...

- А-а-а!!! - замислено изусти Јане.

- Се чудиш? - праша истиот.

- Не, а зошто? Се борел, па и јас се борам, ама од тоа не правам споменик...

- Да, ама тој се борел во Шпанија, еј?! За спас на шпанската република!

- Па и јас се борам во Македонија за македонските работи и никому не сум му рекол дека сакам поголемо парче леб...

По две недели, Јане сам, повеќе од љубопитност, го тргна завојот. Раната е заздравена и останал само долг испукан струп и црвени кругчиња од конците. Сестрата налутено го погледна, целиот бут го премачка со јод и отиде да го поткаже на лекарот - хирург. За време на визитата лекарот - Унгарец внимателно ја погледна заздравената посекотина, со дебелите и меки прсти притисна на бутот. Се насмевна и рече:

- Хорошо, хорошо... Молодец, молодец... Завтра на фронт... Так решили командири... Греки...

На стемнување Јане замина од болницата. На Горуша стигна на полноќ. По два дена, со длабока рана во градите и со откината нога, го донесоа во болницата. Не стана од операционата маса. Во истиот окрвавен чаршав, пред разден, го однесоа на гробишта. Чаршафот го вратија и го фрлија во купот за перење...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 11

Шарко најмногу не го поднесува политичкиот комесар. Каде и да се појави тој, во ровот, во редот пред казанот - лае по него, ‘ржи, покажува заби, на грбот му се наежува влакното, го гледа со крвјосани очи.

- Лефтеро! - Вика комесарот - земи го ова чудо и стрелај го во трапот. Поплати го со земја за да не смрди.

- Не може... Штета за куршумот. - вели Лефтера.

- Не? Па тогаш врзи му ја ова жица на врат и обеси го, ако ти е жал за куршумот.

- Лефтеро! - вика комесарот. - Колкупати треба да ти велам што треба да правиш со кучето?

Лефтера го зема Шарко во скутот, го гушка, свртува грб кон политичкиот. А Шарко, небаре благодарен, и го лиже лицето, челото, се свртува кон него и така преку рамото на Лефтера го гледа намуртено, покажува заби и исплашено крие муцка под нејзината мишка.

- Другар политички - му вели Лефтера - барем еднаш погали го, па ќе видиш дека ќе те засака. Еве, дај му го ова парче леб. Ќе го прими твојот мирис и ќе те засака...

- Лефтеро, па ти си луда! Мене, куче да ме засака? Па ти не си токму. Реков да го нема!

- Точно е, рековте да го нема, ама никој не нареди!

Шарко е миленик на водот. Порасна меѓу нив. Ги следи в чекор и кога доаѓа политичкиот, лае со некакво чудно цвилење. Трча по рововите, копа со шепите, ги гледа со накривена глава и со прашалнички израз во очите н кога никој не му прозборува, налутено лае. Внесува смеа, ги расположува. Секој сака да го погали, да му даде парче леб, да го повлече за уши, а тој враќа со весело мрдање на опашот и се обидува да им лизне лице.

Знае да се гали, да лизне со целиот јазик, со што предизвикува општа смеа и, исплашен кога почнува да се пука, цимуоли, се втрчува во бункерот и легнува во ќошот покрај Лефтера. Навикна и на топовските и минофрлачките гранати и на фаралите. Кога го снемува пукањето, со лаење се растчува по рововите.

Претпладнето го снема. Лефтера го довикува, го довикуваат и другите. Ставре, соселанецот на Лефтера, се посомнева во политичкиот.

- Лефтеро - и вели и потсмешливо ја гледа – Шарко твој, изгледа гризи земја...

Лефтера не го трпи. Не го трпат и соборците. Секогаш се врти околу командата, нешто шепоти, скришум погледнува, покажува со очи... Честопати е болен. Со шалот час врзува врат, час врзува лице и се жали дека ту грло, ту заби го болат.

- Лефтеро... ме слушна ли? Велам дека Шарко твој...

- Молкни! - просаска таа и си го спомна денот кога, лани, во јуни го мобилизираа Ставре.

Баба му, ниска и подгрбавена старичка, излезе на вигната и првите партизани кои ги сретна, ги праша:

- А бре, ченда, кој тука ви е големио?

- Ене, тој таму.

-Тој опашанио со ремените? - праша таа и појде кај него.

- Ти си бре, чендо, капидано - војводата, а?

Тој вчудовидено ја погледна, ја измери од глава до пети.

- Јас сум. А зошто?

Старичката погледна наоколу и кога виде дека никој не ја гледа, прошепоти:

- Дојди, дојди, наведни се, баба да ти кажи... Наведни се… Немој да ми го зеваш внуко...

- А зошто да не? - праша капиданот - војводата.

Старичката се подигна на прсти и, ставајќи рака на уста, му шепна на уво:

- Моча, моча во постела... - рече тивко и погледна да види некој да не ја слушна. - Моча, знаеш... - повтори таа и избришаа солзи.

Капиданот - војводата одеднаш се исправи. Строго ја погледна.

- Што?!

- Моча... моча, чендо, о постелата моча...

- Па што ако моча! - налутено рече големиот. - Планините и шумите се големи и широки. Нека моча мочлото, нека моча... што ако моча... Случајно да не ми го измоча килимот?!!!

Не е некој друг, ами самата старичка во доверба и го раскажа случајот на сосетката, а таа му го прераскажа на целото село...

Ставре во водот не е некој сокол што високо лета. Секогаш приземјен и пред неговото прво борбено крштевање, прв во пеење и оро и секогаш на услуга. Де вода да подаде, цигара да припали на командантот и на политичкиот. Не го трпеа многу. Еднаш, на враќање од борба, седнати на почивка, му пријде Мита, седна до него и му рече:

- Почуден човек од тебе, бре Ставре, не сум видела. Како бре не можеш да разбереш, не можеш да забележиш ништо што се случува околу тебе? Глеј, бре, тревата се раззелени, цвеќето расцути, лисјето треперат, ластовичките летаат, билбилот се растури од пеење, потоците се наполнија вода, пчелите се

разиграа во устите на цвеќињата, ментата мириса, а ти само - другар политкомесар тој и тој рече вака и вака, кодошиш, плукаш, се фалиш лево и десно демек непријателот го уништивме, му убивме и му ранивме толку и толку, а наши како да нема...како, бре, нема? Зарем не виде дека половината вод вчера ни остана обесен на бодликавата жица?... Само ти и никој друг не е јунак во единицата... - Јани не му спомна за тоа што му се случи по првата борба. Кога се враќаа; едно време Ставре го немаше. Помислија дека дезертира. Ама не. Мита, која беше отишла по голема потреба, виде како Ставре во трапот си ги переше гаќите. Таа им кажа само на Лефтера и на Јани и од тогаш таа уште повеќе го одбегнува.

- Еј, еј, луѓе - некој викна, покажувајќи со рака. -Глејте, еј, глејте. Таму!

На стотина метри од позициите, седнат на опашот и со подигната левата нога, вие и завива Шарко. Просторот е бришан и под окото на противникот.

- Шарко! На, Шарко, дојди, дојди Шарко! - вика Лефтера. Шарко сврти само глава, ја подигна нагоре, болно и плачливо зави...

- Лефтеро! Ти ли го донесе Шарко?

- Јас.

- Е, сега оди да го земеш!

Лефтера ниско наведната го прескокна ровот,

- Каде, мори? - се слушаат гласови.

- Молк! - рече таа, влечејќи се во насока на Шарко. Таа гледа пред себе и со втисната глава во земјата, се влече. Застана. Не мрда. Глави се подигаат над рововите. Исто и на противничката страна. Тишина. Лефтера се подигна, се исправи и исправена оди. Се поблиску е Шарко. А тој зацимуоли, исплази јазик, се оближа и со обесена нога, закуцка на кај неа. Таа се наведна, го

подигна, го притисна до градите. Шарко тивко залаја, и оближа лице и прибра глава под нејзината брада.

- Браво! - се слушаат гласови од противничките ровови. - Браво!!! - И рафал во воздух. Шарко сокри глава под мишката на Лефтера.

Вечерта, кога раненоносачките на носилки ги однесоа ранетите, го зедоа и Шарко. Една од жените го влече зад себе врзан со ортомче. Шарко потскокнува и куцка, врти глава, молежливо гледа зад себе небаре сака да каже:

- Ами сега кој ќе ви лиже муцки?...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 12

Во првиот напад - велеше - најважно е противникот што повеќе да прокрвари, да претрча што помал простор, а да не заземе ништо што има важно значење - ниту камен, ниту грмушка, ниту карпа, ниту дрво зад кое би можел да скрие глава. Да му остане само толку време колку што ќе му треба за да се врати, се разбира, ако успее да извлече глава. Потпуштајте го на блиско растојание, на дофат на автоматите, а митралезите нека почнуваат први и нека прекинуваат последни. Пешадијата за нас не треба да претставува опасност. Таа ќе биде изложена на жртвување. Опасни се авионите пред кои немаме заштита... И нивната артилерија. Затоа копајте длабоки ровови, покривајте ги со по неколку редици трупци и камен. Тоа барем го имаме во неограничени количини. Рововите и бункерите поврзете ги со тунели. Исто така со тунели поврзете ги и резервните ровови за да можете лесно да се префрлувате од едни во други. Секој приод, секоја патека, секоја гола лединка, просто, се што не е во наши раце, а го гледаме пред нас, да се минира. Секоја мина одделно поставена и секое минско поле се наша голема предност. Мини да се постават и на дрвјата. Само со повлекување на жицата, врз противникот да паѓа дожд од мински парчиња. И дрвјата да им станат опасни. Да сфати дека долго ќе мора да гледа на овие ридови кои треба да им станат кошмар и на јаве и на сон. Тука на овие ридови, на овие карпи, на овие чуки ќе се пресметаме со непријателот. Денот на големата пресметка наближува! Нели сме готови за одбрана на Грамос? Нели Грамос ќе го направиме гробница на непријателот? Нели Грамос е непристапна тврдина?

Во пет и половина наутро, на 16 јуни 1948 година, на целиот Пинд, од стотици батерии почна артилериската подготовка на владината војска. Превалувајќи ги ридовите, по шест во една линија, авионите ја прелетаа првата одбранбена линија, се навалија на левото крило, направија полукруг и во низок страничен лет го митралираат и ракетираат незаштитениот грб на противникот. Не свртуваат. Отвораат простор за бомбардерите. Цел - разорување на рововите и бункерите. Зад нив долетува нов бран и така цел ден со тричасовни прекини.

Лефтера втисната до ѕидот на бункерот, се згрчи, се собра во себе и чека каде прво ќе ја здоболи, ќе ја спржи, ќе ја згмечи. Под ударите на тешките авионски бомби, крцкаат дебелите борови греди, се кршат. Меѓу нив се рони земја, бункерот се полни прав. Врз нејзиниот грб удираат здробени камења. Над неа се повеќе се напластува топла земја засмрдена со мирис на барут и фосфор. Топол и силен воздушен бран и парчиња од бомби удираат во бункерот. На десното рамо почувствува топлина и трпеж на прстите. Дланката во крв...

- Ранета сум? - исплашено изусти и во тој миг ја облеа страв. Свртe глава. Помошникот со вбиена глава во ѕидот на бункерот, клекнат небаре се моли. Таа испружи здрава рака, го фати за рамо и го стресе. Викна. Молк. Слуша само грмежи и чувствува како и се суши грлото. Од забите и непцето цеди плунка и со врвот на јазикот навлажнува усни и чувствува дека и се прекршуваат колената, ја облева пот, и се смрачува пред очи... Силен удар со глава. Тоа и ја врати свеста и ја постави на нозе. Нема грмежи, не се тресе земјата. Слуша долги автоматски и митралески рафали. Бесни викотници на командантот на четата:

- Митралезот!!! Дејствувај!!!

Митралескиот кундат го притегна до здравото рамо. Испушти цел рафал. Нов шаржер и сега бие со кратки рафали. Од пушкарницата гледа како бегаат прудолу владините војници. Истрелите се поретки. Одбиен е првиот противнички напад. Таа истресе земја и прашина од себе и дури сега почувствува силна болка. Болничарот ја преврза раната, а командантот оцени дека Лефтера не е за в болница.

Ноќта пристигнаа жени кои на мазги и коњи донесоа муниција и храна и на враќање со себе ги зедоа ранетите.

Мртвите во една јама. Тивко и брзо. Без поп и без камбани. Врз јамата зелени гранки.

Генералот Зафиропулос, со двоглед набљудува само дел од фронтот. Гласно пцуе. Неочекуваниот отпор го изненади. Наредните денови не ги донесоа очекуваните резултати. Падна

Копанче, но двесте метри од него, жесток отпор. На секторот Амуда - Николер - Петрепелени – Буф тотален неуспех. Ниту чекор напред. Бројот на жртвите огромен. Со шифрината телеграма ја известува повисоката команда. Од таму стигна наредба - повлекување од овој дел на фронтот и враќање на почетните позиции. Генералот смирено ја прими наредбата за повлекување, меѓутоа, вчудовидено и со уплав ги гледа долгите колони ранети п камионите полни со убиени. Тој е вчудовиден и од истрајноста на противникот и од тоа што бункерите издржаа едно толку жестоко бомбардирање. Војниците се повлекуваат исцрпени и исплашени, а над се збунети. На полигоните постојано беа убедувани дека ќе им требаат само два - три дена, најмногу пет за да го скршат и поразат противникот. Беа убедени дека ќе тргнат на простор уништен од силните авионски бомбардирања, артилериската подготовка и поддршката на тенковите. Ним ќе им остане само да го прочешлаат теренот, да ги испофатат славо-комунистите. Така им велеа. Пред шест дена тие тргнаа во напад бодри, сигурни, најадени и напиени и додека не стигнаа на дофат на куршумот, се корнеа од смеа, раскажувајќи си шеги на сметка на грчките бандити и славомакедонските комунистички банди. И додека одеа и се наоѓаа на две и илјада метри, пред нив стенкаа ридовите и планините од силните грмежи на бомбите и гранатите. Гледаа горе и си велеа, Господи, само нас таму да не нема, само ние да сме подалеку од таму. Беа сигурни дека целата работа веќе ја завршија авионите и топовите, а ним ќе им остане да стигнат до таму и да го развеат знамето. Зарем беа потребни толку вежби исполнети со маршеви, трчање, скокање, ползење? Авионите и топовите, велеа, ни ја завршија работата. Штета што е толку голема горештината. Сега испокасапени, проретчени, исплашени и изненадени, се враќаат таму од каде тргнаа. Седат, лежат во сенките на шаторите и прашалнички гледаат на Амуда, Николер, Петре Пелени, Буф, Алексова Чешма, Оресafката, Остри Врв и Аљавица, на Свети Илија и Горуша. Таму се уште бијат авионите и топовите, местото гори и буди морници. Се прашуваат: - Ќе одиме ли пак? Теос филакси! (Господ да чува!) - шепот и се крстат...

Наредниот ден, по авионското бомбардирање и артилериската подготовка, како на вежба, баталјоните тргнаа во напад.

Простум, пред командниот пункт, генералот набљудува со двоглед. Отпорот попушти на десното крило. Владините војници, прескокнувајќи ги оние кои паѓаат, грабат напред. Првиот бран во јуриш стигна до подножјето. Долг ѕид од потсушени и зелени гранки. Под нив бодликава жица. На неа налетуваат. Се враќаат за миг, со гранати ја дигаат во воздух.

- Напред! - паѓа остра команда и... влегоа во минското поле... Замре првиот ешалон, викаат ранетите, здравите исполегнаа, со лопатките копаат толку длабоко, колку за да скријат глава. Противничките ровови молчат Цевките на митралезите и автоматите - ладни. Чекаат наредба.

Командантот на четата го зеде пликот од куририот, го отвори и чита:

“Забранувам без наредба секакво повлекување. Наредувам позициите да се бранат до последниот човек, до последниот куршум, последниот здив. Ако непријателот удри во средината, тогаш потпуштете го што е можно најблиску, а потоа нападнете го со левото и десното крило. Секој што ќе се повлече за чекор, не, за сантиметар, на воен суд и стрелање пред строј. Помош не очекувајте. На располагање немам ниту еден човек. Судбината на Круша и Коруша е во ваши раце!”

На крај нешто нашаркано што треба да личи на потпис.

Четата притаена во рововите и бункерите чека наредба. Командантот гледа низ пушкарницата и брои:

- Петстотини... четиристотини... - пот оросува чело, се откинува капка и тече по образот. - Молк... пренеси никој да не пука до наредба...

Противникот застана и се притаи на тие претпоставени четиристотини метри. Пладне. Тишина и горештина. Од кај Костурското поле загрме.

- Во бункерите и земјанките! - нареди четниот командант.

По петнаесетминутната артилериска подготовка - јуриш и оган од горе.

Мита бие ту поединечно, ту полурафално. Така како што ја учеа лани. Пред секое притиснување на јазичето, таа затвора очи, стега заби и усни. Густината на рафалите најави дека противникот е се поблиску. На оддалеченост од педесетина метри - шлемови и гласни закани и пцуења. За миг замолкна нејзиниот митралез. Стави нов шаржер и распали. Шакнато се раздрдори митралезот од левото крило. Бие со долги рафали. Тракаат автоматите. Скрши јуришот. Владините војници залегнуваат. Со поддршка на тешките митралези и лесните минофрлачи, се повлекуваат.

- Генерале! Целосен неуспех... Какво понижување! - просаска командантот на бригадата. - Не испокасапија неуки селани, говедари и овчари. Ебати академии и ... - Уплав го фати кога пред него помина долгата колона со ранети носени на носилки, а зад нив се влечат лесно ранетите со окрвавени завои на главите. Тие гледаат со крвјосани очи, полни омраза и истоштеност. - Страаотно! - изусти тивко.

Пораките од командата на дивизијата се заканувачки. Командантот најавува воен суд и лично извршување на казната доколку до планираното време баталјоните нема да се средат и не тргнат во нов напад. Бригадниот генерал, стегајќи ја слушалката, си ги замислува разлутените и од бес искривени лица на командантите од таа страна на жицата. Си замислува како тие таму, далеку од пеколот, со стапчињата под мишките, загледани во големите топогафски воени карти, очекуваат да с помести стрелката, да падне црвеното знаменце и на негово место да се забоди сино; да се избрише пцрвената иззабена одбранбена линија и да се нацрта нова - сина. Тие не гледаат луѓе, ами само знаменца, линии и стрелки и до нив не допираат човечките крикови на ужас...

Десеттиот ден од почетокот на големата битка за Грамос, со одобрение на генералот Ван Флит, шеф на американската воена мисија во Грција, авионите фрлија напалм бомби... И фронтот не се скрши, не се помести...

Нападот на владините баталјони, со поддршка на авиони и артилерија - жесток и крвав, во четата направи пустош. Од деведесет и осум, способни останаа само петнаесет. Командантот откако ги испрати ранетите, седна на подот од бункерот и нервозно ја врти рачката на полскиот телефон. Во слушалката само шушкање. Одново и одново врти. Најпосле има врска. Рапортира во штабот на баталјонот и бара засилување.

- Што?! - се развика гласот од другата страна. – Да не си полудел? Од каде да земам? - слушна пцуење, а потоа наредба: - Дури и сам ако останеш мораш да го задржиш ридот.

Гледа во глувата слушалка и во тој миг се потсети кога пред неколку дена викаше:

- Има ли живи?! Има ли некој жив!!!

Ја тресна слушалката и го повика куририот. Му нареди: - Сите викни ги на собир!

Во мракот се собираат околу него. Се на се, заедно со него, петнаесет...

- Строј се! - нареди и откако се построија, со мек глас, ниту да се жали ниту да моли, рече: - Ете, само ние останавме од целата чета. Наредбата гласи: ридот да се брани до последен. Толку. На позиција!...

Горуша и Круша живнуваат само тогаш кога на нив се јуриша. Потоа молчат и притаено - чекаат...

И... дрвото погодено од шрапнел, прво се стресува, се навалува, миг стои, небаре размислува на која страна да падне, потоа полека - паѓа и се побрзо паѓа и пред себе и околу себе собира се што му стои на патот: бучи шумата, се слуша кршење, завивање и тресок. А понекогаш потсечено, потскокнува и наместо со врвот, паѓа со потсеченото стебло и стои... или погодено во средината, се цепи и само тресокот го продолжува

неговото живеење се додека не падне и кутнато не се навали врз друго стебло... А човекот?...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 13

- Мојот одред, одред ли е? - се жали. Рашири лева рака и редум, свиткувајќи прсти, брои: - Осум офтикосани... Петмина плукаат крв... Дванаесетмина со незаздравени рани. Ами тие лекари, таму по болниците, немаат очи? - прашува, ококорувајќи во него очи и додава: - Аре, навистина ти велам, скоро со отворени рани ми ги пратија. Таков не ти е ниту за трупец да дигне за да го префрли над бункер, ниту копач да стегне, ниту лопата да размрда... Позицијата, лево од тука, ритчето што го пулиш - осумнаесет старци го држат. Тука се, пред шеесеттата... на повеќето пимпилето не им држи. Некои ми ги доннесоа од Албанија, насилно мобилизирани, а повеќето се од оние кои цела зима и пролет копаа ровови и земјанки и градеа бункери. По пет и осум редови дебели букови и борови трупци долги до десет метри. Каде ли се најде кај нив таа сила во зимски услови, по студ и снег, виулица и лавини да работат по цели денови? Ако издржавме досега, благодарение на длабоките ровови и моќните бункери. Кутрите мочката не можат а си ја задржат. Им забранив да мочаат во рововите. Го глелаш, се враќа од мочање и веднаш потрчува назад небаре таму нешто заборави.... Очите уште не затворени и почнуваат да хрчат така што се слуша да онааму... Одред ли е? Па, замисли си, во наредбата што ми ја пратија некни, пишуваат: “За да се зајакни борбениот дух кај новододјените борци, кои доброволно стапија во Демократската армија на Грција, во слободно време, офицерот за културно-просветна работа, задолжително да почне да ги учи да пеат револуцинонерни и борбени песни. За таа цел ти праќаме песнарка во која има и многу песни од репертоарот на славната Црвена армија”. Какви песни, бре! Какво слободно време? Одвај ќе зливнеш, ќе ти долета авион, ќе ти ги растараши и рововите и бункерите и ајде поправај ги додека непријателот не тргна во напад. Тука тогаш има само една наредба: брзо!!! И ги гледаш, кутрите, мои борци, жал да те фати... Ајде, бре, и мене ми падна одред да имам... И јас сум ти некој командант. Ете, оној таму, го гледаш? Оној, бре, што е навален, еве оној сега зева... да, тој, кутриот, само дреме. Дреме и хрчи... Хрчи и со отворени очи и не знаеш дали спие или за инает хрчи... почекај малку, па ќе видиш што ќе направи. Е, гледаш?

- Што прави?

- Моча, моча во ровот, тоа прави. Им дозволив да мочат без да излегуваат од рововите. Не оти во нив ќе останат вечно! Некои, бога ми и останаа. Куршум или парче од граната го погоди и што мислиш дека имаме време да ги закопуваме и да им пееме химни? Најчесто останува за навек таму каде што падна... Ако самата земја го покрие, тогаш нема прекин, туку наредба непријателот да не помине, да не стигне до ова или она место. Кој падна, нека му е слава. Таму во некое време ќе го спомнуваме со добро. Ете, вчера, на пример, иако наредив - никакво движење по целата линија на одбраната - не ме послушаа. Ми ранија двајца. Некој си пезевенк, мора да е добар нишанџија... Кератајата низ дуљбија мора да видел дека тука имам мажи во години. А тие, будали велам, надвор од ровот клекнаа за голема потреба и за несреќа, едниот беше погоден срамно... Се дереше, кутриот, на сет глас. Откако го преврзавме и му е смирија болките, се расплака и рече:

- Ах, копиле, да ти е... мајката таму каде ме рани! Зошто, бре, не ме погоди в глава? Барем ќе ме спасеше... Кај сега ќе одам со гол газ, а? Зошто ли не ме уби, туку ме -посрамоти?

Сите ние, кои бевме покрај него, го тешевме, а еден дури и му вети:

- Немој многу да се секираш, пријателе. Јас ќе го одмаздам твојот газ...

- Знаеш - продолжи несреќниот командант - во нашиот речник за се што лошо ќе ни направи противникот, прв збор ни е - одмазда... Ти велам, имам и двајца болни. Оган ги изгоре... Вчера, по телефон и рапортирав на командата на баталјонот. Им велам дека многу се болни и треба да се лекуваат во болницата. А знаеш што ми рекоа тие од таму? Ми рекоа: - Само ранетите, другите не смеат, ќе им помине. Така ми наредија. Ете, оној таму под дрвото. Веќе два дена лежи. Се најал нешто зелено - недозреано и само повраќа. И за него јавив. Ми рекоа да го оставам на позиција... А некни еден ми умре. Печурка потпекол

на жарче. Болката го изеде. Пред да умри, липајќи молеше, ах како молеше, некој да го држи за рака. Тфу! Умре од печурка! Ајде сега пеј му химни, држи му говор над гробот, напиши во извештајот дека херојски го положи својот скап живот пред олтарот на слободата. А го извалка целиот ров и од повраќање и од... Уште мириса, море базди. И кажи ми, ти ако си умен, што да напишам до повисоката команда? Дека во одредот имам само јунаци? Дека херојски... Ама какво херојски кога ми го извалка ровот? Изгледа, пријателе, мене ме казнија, ама не знам зошто, не знам... Позицијата, ете, дваесет и шест дена ја држам. Ми праќаат по некој нов од оние пребегнатите во Албанија. Од тие со кои почнавме, има се помалку. Се истрошија. Голема беља си имам. Да им подвикнеш? Како? Зарем тие се криви што се офтикосани, што не им се заздравени раните од кои тече гној; да ги терам болните да копаат, да пренесуваат сандаци со муниција? Да ги терам тие кои мочаат крв да одат да ги поправаат бункерите? Да го пуштам по вода тој кој плука крв? Ех, море, никој не сака да ми ја знае маката. Е, да ти кажам дека во одредот имам и седум девојки. Збор за поплака од нив не сум слушнал. А меѓу нив имам и една која скоро е дете, жими мајка... Некни една удри да бега. Ја виде стражарот, ама ја видоа и тие од другата страна. Пукаме ние од тука, пукаат тие од таа страна. Наредив: по неа! Се стрчаа двајца од моите и по половина час ми рапортираат: другар командант ја фативме дезертерката, ама е ранета... Што можев? Наредив да ја однесат в болница. А во командата на баталјонот дознаа и по телефон се раскараа со пцости и ми се заканија со воен суд, демек ќе ме стрелаат, ако јас неа не ја стрелам. Како да стрелам осумнаесетгодишно девојче? Ајде, кажи? А јас по телефон им реков: другари, за стрелање секогаш има време, мислејќи дека случајот ќе се заборави. А тие од таму: требаше веднаш да ја стрелаш пред строј за поука и страв на другите. И слушај и добро запамти - ми велат - кога ќе се врати од болница да ја стрелаш! Реков разбирам и сега чекам таа да се врати... Разбираш?...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 14

На 2 август падна Клефтис. Во Главниот штаб на ДАГ веста е примена со молк. Генрал Маркос застана пред големата топографска карта обесена ѕидот. На неговиот врат заигра дебелата вратна жила, затрепери левиот образ. Се сврте кон присутните и побара цигара. Запали и одново долго гледаше на иззабената крива црвена линија и на црвениот круг со кој беше обележан Клефтис. Неговата стегната тупаница се разлабави. Прстите му треперега. Од маса го зеде црниот моливи и полека, како нешто да откинуваше од себе засекогаш, врз црвениот круг повлече две линии во знакот “х”. Воздивна длабоко, небаре сакаше да откине болка. Цели четриесет и пет дена Клефтис беше не само негова грижа, ами и надеж. Целото негово внимание беше свртено кон овој рид. Во неговата земјанка беше поставена специјална телефонска линија која директно го поврзуваше со Тамбулидис, командантот на 105 бригада која го бранеше Клефтис. Во сите негови разговори и размислувања во овие изминати четириесет и пет дена, единствено име, збор, поим и судбина беше Клефтис. Во него беше опфатено се она што тој го нарекуваше битка за Грамос. Сега, стоејќи пред големата воена топографска карта, тој се потсети на непријатните зборови што пред неколку дена ги слушна од Захаријадис:

- Маркос - му рече Захаријадис во текот на разгледувањето на дневната состојба на фронтовите - ти премногу си се внел во тој Клефтис. А јас мислам дека денес сите ридови на целиот Пинд се Клефтис.

Не одговори. Само косо го погледна и во себе си рече: “Клефтис е само еден”. И се потсети на својата дневна заповед што ја испрати кога Клефтис беше одбиен и одново се најде во рацете на 105-та бригада на ДАГ:

“Преземањето на Клефтис не исполнува со ентузијазам. Сега треба да го држите до крај по секоја цена. Во вашите раце се наоѓа клучот на целиот јужен фронт. Продолжете ја одбраната со истата херојска самопожртвуваност. Повторно ви велам,

Клефтис да се држи до крај, бидејќи тој е градите на Грамос или неговата тупаница”.

Во Атина, како во Генералштабот, така и во владата паѓањето на Клефтис беше примено со големо олеснување. Долго биеја камбаните во атинските цркви, а утредента сите грчки весници со големи наслови ја објавија веста за големата победа. Паѓањето на Клефтис не само што го подигна моралот на Првиот корпус, чии единици цели четириесет и пет денонокија крвавеа на неговите приоди, туку ја охрабрија целата грчка владина војска. Клефтис – во рацете на владината војска сега ги отвори вратите на јужниот фронт. Со клучот, што толку денови цврсто го држеше ДАГ, се отвори вратата кон север.

Маркос се сврте кон присутните и тивко, одвај чујно, скоро разочарано, рече:

- Практично јужниот фронт го немаме. Тој веќе не постои. Сега за противникот е отворен патот за север. Само и единствено жилава, беспоштедна одбрана на линијата Голио - Каменик - Тамбури. Подвлекувам и наредувам: целото внимание на Тамбури. Падна ли Тамбури... - не доврши. Тој веќе знаеше што значи паѓањето на Тамбури. И паѓањето на Каменик и на кота 1957. - Другари - им се обрати на присутните - пред нас се судбоносни денови...

- Не е толку трагично - одненадеж го прекина Захаријадис - И зошто една таква малодушност? Непријателот допрва ќе си ги крши забите, допрва ќе прокрвари. Погледнете - тој се доближи до топографската карта и продолжи: - Погледнете уште колку недопирливи тврдини има пред него. Допрва, другари, почнува борбата. На запад - тој покажа со рака на картата - се Голио-Каменик, а на север Грамос - Скирца - Ќафа-Црн Камен - Горна и Долна Арена. Тоа се врвови со над две илјади метри надморска височина, на исток се Пиргос - Боруша - Гупата - Бел Камен и отаде реката Бистрица се Буф - Алексова Чешма - Петре Пелени - Амуда - Алевица и повнатре Чарно и Краставец. Се се ова недопирливи тврдини на Грамос. - Тој прекина за миг и му се обрати на Маркос: - Маркос, не губете глава... - Во неговиот глас имаше и потсмев и закана.

Генералот Кикицас, кој уште од младини, од деновите на школувањето во воената академија, таму во далечните триесетти години, беше близок пријател на Маркос, со кого го формира Главниот штаб на ДАГ, значително, но одвај забележливо погледна на Захаријадис. Него го погоди сарказмот во тонот на партискиот водач, а уште пред тоа, неговата сигурност во висината на планинските врвови му се стори смешна и лекомислена. Немаше намера да учествува во расправата. Просто сметаше дека ова е прва неформална размена на мислења по паѓањето на стратешки многу важниот Клефтис, што и тој, Кикицас, не само жалеше, туку го сметаше за почеток на крајот. Тој во тоа го гледаше поразот. Се навали на својот крлук од кој не се разделуваше (дури и кога спиеше го ставаше под перница или во ровот и земјанката под глава) и се врати на излагањето на Захаријадис.

- Битката за Грамос, другари - продолжи Захаријадис - нема само стратешко, ами и политичко - меѓународно значење. Успеавме ли да го задржиме Грамос, барем еден негов мал дел, тогаш нашата позиција меѓународно зајакнува. Грамос, другари, стана симбол на нашата борба. А значењето негово не е само во тоа дали ќе се добие битката на бојното поле или не. Самиот факт што цели четириесет и пет дена жилаво, достоинствено и беспримерно храбро се држиме, со нашиот борбен дух и нескршливата волја, го натеравме светот, па и нашиот противник, со здржан здив да ни се восхитува. И... ти Маркос, тука, пред сите нас велиш, дека сме го изгубиле фронтот, дека е отворен патот, со што навистина потврдуваш дека почна во овие, како што рече ти самиот, судбоносни денови, да, судбоносни, да губиш глава... да, Маркос, губиш глава....

Захаријадис, се чинеше, го дочека денот, овој критички ден, за да го каже тоа, што во него одамна беше созреано, што тлеејќи, се собираше и навираше. Сарказмот, одвај видливата насмевка на крајот од усните, блесокот во стеснетите очи, одмерените движења на рацете и честите шрекини со менливата боја на гласот, оставија силен впечаток кај сите присутни. Барѕотас и Гусас, неговите најблиски соработници и послушници, се

погледнаа скришум. Маркос, исправен на сета своја височина, длабоко влечејки од штотуку запалената цигара, гледаше на картата. Првин со погледот ја опфати целата. Долго се задржа на Коница, Тука, лани, во очи на Нова Година, го доживеа својот прв воен неуспех, свој и неуспех на целото движење. Сите мали партизански успеси во текот на 1946 и скоро целата 1947 година, со исклучок на крвавата битка за гратчето Гревена, како да беа проголтани од осумдневната битка за Кониц. На боиштето, пред непријателските ровови и бункери околу Коница беа погребани сите надежи и, секако, сигурноста за способноста на Демократската армија на Грција ол партизански одреди да се претвори во регуларна армија и да почне да напаѓа градови, силно утврдени позиции, да отвори фронт. Маркос во овој миг се потсети на своите зборови што ги изрече на советувањето по трагичната битка:

- Денеска одиме по една тесна патека. Тоа е преминувањето од партизанска борба во борба на редовна војска. И прво што треба да направиме е да ги оспособиме и усмериме нашите кадри... Секој ден мора да се менува нашата свест и знаењата, што ќе рече овладување на воени знаења и вооружувањето... Научивме да се бориме како партизани, ја совладавме партизанската тактика и имавме големи успеси...

И си спомна дека тогаш уште рече:

- Другари, владината војска се прилагодува на партизанската тактика на војување, а ние сакаме да се откажеме од неа...

Не, не успеа да го убеди политичкото раководство дека тој е во право. Тактиката на партизанското војување прилагодена на планинските предели даваше резултати. Командниот состав, борци очеличени во времето на италијанската и германската окупација, некои со завршени подофицерски школи, други само со основно или гимназиско образование, ги водеа своите одреди против полковници и генерали. На првото фронтовско крштевање не беше доволна храброста и јунаштвото. Тука владееше и одлучуваше знаењето и силата на оружјето.

- Преминувањето во редовна војска треба да си дојде природно, без брзање, со триеливо совладување на методите на редовната војска, а не со промена на табелата.... - И ова го рече тогаш на советувањето и си спомна уште дека посебно подвлече: Преминувањето во класична војна за партизанските кадри кои неопходно ќе се судрат со спручњаци и воени специјалисти, за партизанското движење ќе биде катастрофа...

Маркос беше практичар. Воени знаења имаше толку колку што добил во подофицерската школа што ја заврши во триесеттите години. Во војната со Италијанците беше поручник, а за време на отпорот стана - капетањос. Така тогаш ги викаа командантите на одреди на ЕЛАС. Сите беа капењи - војводи и на малите и на големите партизански одреди кои пораснаа во бригади, дивизии и корпуси. И тогаш кога Маркос командуваше со групата таканаречени македонски дивизии во Македонија, пак беше капетањос. Капетањос беа и легендарниот Велухиотис и Сарафис, главниот командант на ЕЛАС, кој чинот генерал го носеше уште пред војната. Таквите капетањи, кои товарот на војната и отпорот го понесоа на своите плеќи, Захаријадис не ги трпеше. Тој целата војна ја помина во логорот во Дахау. Во Грција се врати со англиски авион. Во мај 1945 година. Низ цела Грција веќе лудуваше белиот терор. Новата влада, потпомогната од Англичаните, ги прогонуваше учесниците во движењето на отпорот. Вонредното издание на “Ризоспастис” што се појави во утринските часови на 29 мај, продавачите на весници за миг го распродадоа, викајќи: “Се врати Захаријадис”. Веста протече како долго очекувана надеж. Улиците, плоштадите, кафеаните, тавериите, ечеа: “Се врати Захаријадис”. И не се плашеа луѓето од “Хитите”. Големата вест како молња се растури низ цела Грција, создавајќи клима на небаре штотуку ослободени од логори и затвори. Со солзи радосници измачените маси ја искажуваа својата радост и возбуда и, прегрнувајќи се, изговараа возбудено:

- Се врати Захаријадис!

Враќањето на Захаријадис чиниш ги окрили надежите на борците на отпорот и небаре зацрта нови патишта за партијата,

за новите борби и надежи, зашто и за време на окупацијата неговите другари, комунистите и борците на отпорот, го опеаја големиот водач:

То будруми ден тон лига
И скепци ту февги горга
Стус синдрофус пу полемун...

За нив враќањето на Захаријадис значеше отворање нова страница. Окрилени со надежта очекуваа некој да ги поведе кон надежта. Долго го чекаа разочараните оставени на сопствената немоќ, долго го чекаа и несигурните кои сакаа да бидат водачи... Долго го чекаа и тие кои беа затворени и интернирани и тие кои ноќе беа грабнувани од дома и чекаа судење или беа задушувани со обична жица и тие кои се криеја во шумите и само ноќе скришум навраќа дома. Сите поверуваа дека враќањето негово се ќе измие. се ќе обнови и народот ќе заживее слободно.

- Захаријадис се врати! - одекнуваа улиците и плоштадите, градовите и селата. И одново на сет глас се пееше:

Захаријадис архигос ...

Маркос во својата лична архива се уште чува исечок од весникот “Махи”. Му го донесоа во неговата земјанка што беше ископана длабоко во шумата во падините на Олимп. Беше јуни 1946 година. И секогаш кога навраќа со споменот во деновите кога само ноќе излегуваше од скривницата, тој се потсетуваше и на тоа што пишуваше весникот. И сега се оддиплуваат во него спомените и брзо се реди објавената вест:

“Западна Македонија во овој миг претставува невралгична точка во нашата земја. Завладеа дивиот терор... Жандармерија и подвижни воени одреди тесно соработуваат дури и со бандите на поранешните соработници на окупаторот. Страв меѓу жителите сеат подвижните воени одреди. Нивната појава денес во селата на Западна Македонија предизвикува страв и трепет...Сите мажи бегаат да се скријат, зашто тешко на тие кои би паднале во рацете на таквите одреди...”

Тогаш и подоцна се почести беа вестите за тоа дека селаните ноќе чуваат стража за да се бранат од бандите пљачкаши, кои кружеа по селата и ваму-таму ги пресретнуваа џандарите со истрели; дека особено Македонците, кои страдаа и заради учеството во движењето на отпорот, а најмногу заради своето потекло, веќе имаа почнато да се организираат во групи за самоодбрана. Во март 1946-та прогрмеа партизанските пушки и никој не можеше да каже каде токму пукна првата. Гонетите итаа да им се придружат на партизанските одреди. Меѓутоа, до тукушто формираниот штаб на партизаните стигна партиската забрана:

“Никакво појавување, никаква дејност. Дури и во случај на крајна опасност, да се одбегнува оружен отпор...”

Потписот беше на Захаријадис. И не оти левицата немаше начин со што и како да се бори. Имаше и оружје и луѓе. Целата левица во Грција ја имаше оваа сила. Ама... Став беше - само самоодбрана. А Захаријадис од никого не спречуван крстареше од Атина до Солун убеден дека создава сенародно движење, најавувајќи на големите собири збратимување, јакнење на партиските редови и дисциплина, а ноќе дофрлуваше:

“Ако продолжи десницата така, одново ќе загрмат пушките “.

Ова им го рече на оние три илјади борци на ЕЛАС, кои најдоа скривалиште во Булкес, северно од Белград. Тогаш, Захаријадис, враќајќи се од Прага, се задржа во Белград, а од таму во логорот во Булкес. На големиот собир извика: “Во Грција ќе се вратите со пушка..” А два месеца подоцна, зборчуајќи на собирот во Атина, на кој учествуваа демобилизираните офицери на ЕЛАС. Тој предупреди:

Досега грчкото движење прими многу удари од страна на англискиот империјализам. Но, треба да знаете дека таквата состојба има крај. Од сега па натаму ќе се најдеме на исправена линија со народните републики на Европа...

И им забрани да се активираат.

Тие, кои емоциите ги ставија настрана и знаеја да мислат, ова го сфатија како најава на големи и бурни настани, а другите, просто, како најава не војна.. Што носеше Захаријадис од своите патувања во Белград, Прага, Букурешт и Москва?

Маркос се потсети на жолчниот разговор што го водеше со своите соработници, тогаш потпоручници и поруници на предвоената грчка армија, за време на движењето на отпорот – капеѓос, а сега унапредени во генерали (не од него) Бланас, Кикицас и Ласанис, со кои го формира Главниот штаб на партизаните. До усвитеност стегаа тупаници, кога до нив стигна веста од Атина, дека само еден месец по формирањето на Штабот, Властас, најверниот од верните на Захаријадис, на затворен состанок во Пиреа се закани:

- Тие, кои сакаат да одат в планина се кукавици и се плашат од вистинската револуционерна борба во градовите и фабриките!

И одново специјален курир донесе партиска директива, која беше наредба:

- Во партизанските одреди да не се примаат повеќе доброволци; да ги враќате дома, а на заробените владини војници и офицери да им ги земате униформите и по гаќи и боси да ги терате да се враќаат....

Партиската дисциплина не им дозволуваше да прашуваат и да знаат зошто така прави Захаријадис? Ама затоа одговорот го знаеше лордот Балфур, шеф на Интелиџенс Сервис, кој во добро чуваниот атински кабинет, му велеше на генералот Вендирис:

- Па, токму ова е потребно. На Захаријадис да му помогнеме да прави се што сака!....

И правеше. И никој не се сомневаше во неговата мудрост и авторитет. За средниот партиски кадар и за оние од неговата најблиска околина тој беше непогрешлив. А тој, Захаријадис, за себе и за сите имаше само еден учител и авторитет: Сталин! А

кој од обичните партиски членови, нискиот, средниот, па и до највисокиот партиски кадар имаше храброст да се посомнева во авторитетот на Сталин? А штом Захаријадис секогаш се повикуваше на Сталин, тогаш тој беше во право. Тие, кои беа околу него и тие кои беа околу оние кои беа најблиското негово окружување и се така до најнискиот во партиската хиерархија, го создаваа тој неприкосновен авторитет на Захаријадис. Него никој за ништо не го прашуваше. Напротив, нему сите му одобруваа. Тој беше партија и нему му припаѓаше последниот збор на кој сите веруваа...

И уште се потсети Маркос на средбата со Захаријадис во јули 1946-та. Тогаш Захаријадис, во подолгиот разговор, подчувајќи го како да го организира партизанството, му рече:

- Мобилизација треба да се врши исклучуво врз доброволна основа. Да се одбегнува примање во партизанските одреди единици на владината војска кои ќе посакаат да преминат во партизани. Воената активност да има одбранбен карактер и да се придржуваш на воени судири само со парадржавни организации. Да се чува линијата за "збратумување". Партизанските одреди претставуваат само средство за притисок спрема владата...

Захаријадис не дозволи Маркос да му постави прашања, да побара објаснувања. Сите го послушаа. Илјади доброволци, војници и офицери ги вратија дома, а од дома владини органи ги собраа и ги пратија сургун. И кога партизанското раководство, Главниот штаб, оцени дека потребите на движењето стануваат се поголеми, тогаш одлучија да му се обратат на Централниот комитет на партијата. И напишаа:

"Пратете ни политички кадар, членови на ЦК да дојдат в планина. Барајте од партиските организации да му помогнат на партизанството, да праќаат храна, борци и кадар..."

Захаријадис одговори:

"Ве поддржуваме со средствата со кои располагаме. Меѓутоа, најважно е организацијата на секојдневната борба на

пролетаријатот. И да не забораваме дека ние се бориме за “збратимување....”

Маркос се уште во својата офицерска чанта, од која никогаш не се разделува, покрај многу други работи, го чува и исечокот од весникот “Манчестер Гардијан”. Јануари 1947 година. Американскиот новинар Роберт Блејк пишуваше:

“Џандарите се најдобрите мобилизатори на партизаните. Кога во било кое село влегуваат, младите селани бегаат кај партизаните...”

Во септември 1947 година, по партиска одлука, Маркос веќе ја имаше завршено мобилизацијата. Ноќе влегуваа во куќите, ги извлекуваа младинците и ги собираа сред село. Кој успеваше да избега првиот пат, вториот пак го наоѓаа. Момчиња од Леринско ги праќаа во Преспа, а од таму на собиралиштата на Северен Пинд. Таму веќе се наоѓаа момчињата од Костурско. Воденските момчиња - на Кајмакчалан. Кон крајот на август ги собраа и девојките. Скоро сите беа испратени на Пинд. По завршувањето на мобилизацијата, Захаријадис го свика Третиот пленум на ЦК. Во рамките на пленумот одржа одделно советување на кое ги изнесе своите лични воени предлози:

- До пролетта на 1948 година Демократската армија на Грција да ја достигне бројката од шеесет илјади борци. Во реонот на Вичо - Грамос да се создаде резерва од петнаесет илјади борци и во текот на зимата да се тргне во заземање градови...

По партиска, а не по воена проценка и наредба, Маркос прво удри на гратчето Гревена. Изгуби. Иако пред тоа се обиде да му укаже на партиското раководство дека ДАГ не е способен да заземе утврдени позиции. Исто така настојчваше да докаже дека во одредениот период нема никакви можности да се зголеми бројот на борците на ДАГ и дека е самоубиство да се тргне на заземање градови. Не го послушаа. Захаријадис остана на своето - да се создаде географски простор “Слободна Грција”. Таму сакаше да ја смести владата што допрва требаше да ја формира, да созаде институции и потоа да бара меѓународно признавање. И пак се потсети Маркос дека неговите укажувања

не убедија никого од високите врвови. Захаријадис, исфрлувајќи ги на површина директните политички цели, ја наметна стратегијата на “регуларни судири” со владината војска. Маркос одолеваше на притисоците се до ноември 47-та. Неговиот маневар со кој тој успеа да го одбегне директниот судир со владината војска, го спаси партизанското движење од целосен погром. Одредите ги разби и нареди во мали групи да тргнат на југ, додека противникот со целата своја сила - тргна на север. Таму наиде на празнини и кога се дозна дека партизанските групи стигнаа во “Тесалија, а во кои имаше најмногу такви кои не зборуваа и не пееја грчки, ами македонски, тогаш на врат на нос, противникот се сврте на југ. И му јави на светот дека МарКос во своите одреди има странци кои не зборуваат грчки. Беше веќе доцна. Маркос своите луѓе ги врати на север. Битката ја доби со мали жртви, меѓутоа, стопати повеќе изгуби во битката за Гревена. Притисоците врз него да удри по градовите се повеќе растеа. Гусјас, Властас, Барѕотас, партиските генерали и најблиските соработници на Захаријадис, настојуваа, притискаа, кодошеа. Маркос удри на Коница. И изгуби. Трагично за ДАГ. По ова Маркос му напиша на највисокото партиско раководство:

“Зачувувањето на создадената регуларна армија што ја формиравме за да го отстраниме монархофашизмот, како што е одредено со партиските одлуки, го сакаме тоа или не, ќе не принудат да се држиме на духот на одбраната и да се залепиме за одредени непријателски позиции, со што ќе биде сиречена решителната партизанска активност со сите последици... нашите одреди да водат борби со непријателот таму каде нам ни одговара, а не таму каде тоа ќе го посака непријателот...”

Захаријадис сакаше армија која ќе се бори против англоамериканскиот империјализам, како што имаше обичај да се изразува, но не без одредена причина; тој сакаше армија која исклучиво ќе се определи кон оние основи, кои Захаријадис уште како младинец ги беше донел од Москва... Тој јавно велеше:

- И кај нас, како и на меѓународен план се спротивставени и судрени две сили: империјализмот и монархофашизмот од

едната страна и народната демократија и националната независност, од друга. Трета можност и “трета сила” тука нема не може да ја има...

Од ова гледиште не се разликуваше и ставот на грчката влада:

“Во Коница - пишуваа грчките владини весници - очигледно се спротивставија неколку стотици мажи на грчката раса. Всушност се судрија силите кои претставуваат мостобран на два спротивставени света - на Запад и Исток, кои тукушто ја почнаа вистинската битка...”

По двете изгубени големи и добиени многу мали битки а пред се после честите теоретски изживувања и докажувања на Захаријадис, Маркос и неговите најблиски соработници, во долгите ноќни разговори, водени по маршевите и битките, се прашуваа: дали оваа војна не ни е наметната? А во меѓувреме Захаријадис патуваше во Белград,Тирана, Будимпешта, Букурешт, Софија, Прага, Варшава и сите тие негови патувања го водеа кон крајната цел: Москва. Таму тој бараше и добиваше.... ветувања.

- Москва - им велеше на најблиските од партискиот врв - ќе ни помогне. Лично Сталин ми рече: вие само тргнеше, а ние ќе ви ја дадеме сета потребна помош... Чехословачка, другари, ќе не снабдува со пушки и топови, а ќе ни даде и тенкови. Во Прага ми рекоа дека први ќе ја признаат нашата привремена влада. Полска ќе не снабди со авиони. Другарите од Варшава готови се да примат наши пилоти за да се запознаат со авионите. Ние треба што побрзо во полето на Преспа да почнеме со изградба на аеродром. Үнгарија и Романија ќе ни праќаат храна, облека, лесно вооружување и муниција. Посебно Романија ќе не снабдува со мини и гранати. Албанија, Југославија и Бугарија ќе прифаќаат се што ќе доаѓа од спомнатите земји, потоа се ќе префрлуваат во нашите магацини што треба и нив забрзано да почнеме да ги градиме, најдобро да копаме тунели во планините. Исто така тие ќе ги прифаќаат нашите ранети и бегалците...

Маркос за ова случајно дозна, ама не се осмели да разговара за тоа со Захаријадис. Маркос слушна уште од Захаријадис дека ДАГ “и покрај тоа што е револуционерна армија, во техниката на водењето на војната е роб на буржоаски предубедувања кои во поголемиот дел својот корен го водат од ЕЛАС. А ЕЛАС како војска имаше одредени негативни страни што ги презеде од предвоената грчка буржоаска армија...” А Захаријадис, кој не учествуваше во движењето на отпорот во Грција, не можеше да ја процвака улогата на ЕЛАС, бидејќи отпорот го водеше без него...

И токму сега, стоејќи пред воената карта и, набрзина копајќи по спомените, додека зборуваше Захаријадис, Маркос јас сфати целата игра. А во неа тој беше страната што губи.

Захаријадис за миг прекина, а потоа рече:

-Точно е дека ситуацијата е сериозна, ама тоа не значи дека е безизлезна. Направете план за противнапад...

Последните зборови за сите прозвучија како наредба. И за првпат, сите кои го познаваа, во неговиот тон и во движењето на раката, почувствуваа наредба и ... нов човек на чело на армијата...

Маркос, повлекувајќи се во својата землјанка, му даде знак на Кикицас за да го следи. Седнаа на клупата направена од делкан трупец. Запалија. На ѕидот матно светеше батериска светилка. До нив допираа одгласи на трештење на артилериски гранати. Тишината и мачниот молк го прекина ѕвонењето на полскиот телефон.

- На линија сто седмиот.

- Те слушам сто седми - тивко рече Маркос.

- Забележувам довлекување нови сили на мојот сектор. Очекувам јуриш на противникот, генерале. Ваши наредби?

Маркос, држејќи ја слушалката со рамо, ја осветли картата и откако се загледа во линиите, рече:

- Сто седми, денес падна Клефтис. Сега, изгледа, на ред е Амуда. Знаеш ли што значи паѓањето на тој рид? Значи брз продор на противникот кон Алевица, во продолжение продор долж границата и затворање на северниот излез. Наредувам, сто седми, по секоја цена да го браниш твојот сектор. Наредувам: по секоја цена! Отстапување нема.... Повикај ги сите команданти на единиците и пренеси им ја лично мојата наредба....- ја спушти слушалката. Откако му пренесе на Кикицас што рече сто седмиот, го праша:

- Се сеќаваш ли за планот што си го изложил пред еден месец на советувањето во Главниот штаб во врска со евентуалниот продор на југ, доколку се најдеме во тешка ситуација?...

Кикицас ја изгаси цигарата и рече:

- Во оваа ситуација тој предлог е веќе задоцнет и не постои никаква реална можност за негова реализација, па дури и за спомнување. Неговата евентуална реализација сега би значела тотално уништување на силите на ДАГ кои се наоѓаат на Северен Пинд. Јас, Маркос, сега очекувам брзо напредување на Деветтата и Десеттата непријателска дивизија. - Стана, се доближа до воената карта. Треба да се очекува дека за неколку дена овие дивизии ќе стигнат на линијата Грамос - Ќафа - Арена. Ако веќе Петнаесеттата непријателска дивизија доведува нови сили на фронтот Буф-Амуда-Алевица, тогаш сосема се разјаснува нашата ситуација Едноставно ни претстои заокружување...

- Што предлагаш? - долго се загледа Маркос во лицето на Ќикицас.

- Напуштање на Грамос и префрлување во реонот на Вичо. Тоа е спасот за ДАГ. - Кикицас ова го рече мирно, чиниш се работеше за обично префрлување на мала единица заради нејзино преместување. Настана долга, мачна тишина.

Маркос се доближи, се загледа во неговите малечки очи, го фати за офицерскиот појас и со развлечен и возбуден глас го праша:

- Готов ли си да го образложиш планот и да го убедиш Захаријадис и неговите генерали - пријатели?

- Ако ме поддржиш, мислам дека ќе успеам...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА – 15

Во доцните вечерни часови, на осумнаесетти август, во просторната земјанка се собираа командантите на големите единици на ДАГ. Тоа е резервното седиште на Главниот штаб и на Централниот комитет на партијата. До него води козја патека што се губи во густата шума. Само наблизу поставените стражари, вооружени со автоматско оружје, навестуваа дека тука некаде има нешто важно и нешто поважно треба да се случи. На педесетина метри од влезот во земјанката, висок офицер на ДАГ, опкружен со вооружени подофицери, за миг ги задржува дојденците, кои ја кажуваа договорената парола и еден по еден ги пропушташе да продолжат по патеката. Пред самоти влез - уште една стража. Тука, под замаглената светлина на батериската светилка, ги проверуваа воените и офицерските книшки и потоа со тивко шушкање се подигнуваа гранките и ги пропуштаа дојденците во тунелот осветлен со две газиени ламби. На крајот од тесниот тунел, поширок влез. И тука двајца стражари. Без збор уште една проверка и може веќе да се влезе во земјанката. Подот послан со штици. Ѕидовите обложени со дебели делкани трупци. Таванот опкован со широки штици. Висат две запалени електрични светилки. Од некаде одвај чујно допира брмчење на агрегат. На ѕидот, лево од влезот, голема воена топографска карта. Под челниот ѕид - долга маса. Од двете нејзини страни, поставени долги клупи од талпи. На десниот ѕид карта на која се набележани сите детали од последните минути на дејствијата на фронтот. Во десниот агол маса со неколку телефонски апарати. Врз нив залепен натпис со бројот на воената единица. Во земјанката е студеникаво, влажно и мириса на мувла. Дојдените команданти се поздравуваат, прегрнувајќи се, со очи и движења на рацете се прашуваат што треба да значи ваквото нагло собирање. Наеднаш тишина. Сите присутни застанаа во став мирно. Влезе Захаријадис. Се поздравуваат со него војнички. Тој цврсто им стега рака, гледајќи ги право в очи, разменува по некој збор, се шегува, тивко се смее. По него - генералите и членови на Политбирото - Взандас, Барѕотас, Гусјас. По неколку мигови влегува генерал Маркос, висок мустаклија, опашан со ремени и оптоварен со две офицерски торби. На десниот колк - пиштол. Зад него - генерал Кикицас. И тој мустаклија и за неколку педи

понизок од Маркос. Поздравите меѓу нив и командантите на бригадите се срдечни, можеби затоа што почесто се гледаат на позициите. во рововите и во бункерите.

Захаријадис седнува на клупата, близу воената карта. Потпре подбрадок на десната рака и со поцзамижаните очи, замислено гледа во лицата на командантите: облечени се во стари излитени чешки офицерски униформи. Лицата, дали од сонцето или поцрнати од барутот и топлиот ветар што го веат експлозиите на бомбите и гранатите... Лица загрижени, со нетрпение чекаат во длабока размисла. Кај некои забележува посивена коса иако од него некои се помлади десетина, па и петнаесетина години.

Кон големата воена карта пристапи генерал Кикицас. Се потпре на својот неотсапен крлук и почна:

- Заклучно со сознанијата што ги имаме добиено до пред еден час, другари команданти, положбата на фронтовите е следна.... - тој направи подолга пауза, редум погледна на присутните. - 107-та бригада држи позиции на секторот Краставец - Чрно; 14-та бригада го држи секторот Пиргос Котили - Горуша - Синорите; 16-та бригада - Горна Арена - Црн Камен и 103-та бригада Ќафа - Скирца - Грамос. Долна Арена ја држи една двочета, а офицерската школа е ставена како резерва во Суфљака. На располагање имаме три батерии ридска артилерија. Истовремено противникот не бие со следните сили: на секторот Алевица се 61-та, 45-та и 73-та од составот на петнаесеттата дивизија. Првата непријателска дивизија со 51-та, 77-та и 3-та планинска бригада го бие секторот Горуша - Пиргос Котили. На секторот Паљострунга - Греко напаѓаат 21-та, 22-та, 52-та и 53-та бригада од составот на Втората дивизија. Секторот Ликорахи - Петра Мука го напаѓа 10-та дивизија со 35-та и 37-та бригада. Секторот Ставрос – кота 2520, тоа е Грамос, го бие Деветтата дивизија со 41-та, 42-та и 36-та бригада и секторот Коница - Дољани Осмата дивизија со 75-та и 76-та бригада. На овие сили треба да се додадат девет баталјони на националната гарда, поголем број единици на жандармеријата и територијалната одбрана, а да не зборувам за военото воздухопловство, тенковите и борните коли што на

сите нам добро ни е познато... за жал, ги немаме. Како што гледате, ние скоро сме во обрач...

Прекина, се искашла во дланката, со погледот ја измери целата карта и продолжи:

- Ако сакаме да ги споредиме силите на непријателските бригади со нашите, треба да истакнеме дека односот е еден спрема десет. На пример силата на еден наш баталјон во просек не е поголема од 250 мажи...

- И жени - дофрли некој.

- Да. И жени... Значи од гледна точка на аналогијата, непријателската војска, мораме тоа отворено да го истакнеме и признаеме, има огромна воена надмоќ над нашата, се разбира, без да го сметаме тука военото воздухопловство, артилеријата и тенковите, кои, како што реков и пред малку, воопшто ги немаме и поради нив трпиме најголеми загуби... По една обопштена проценка, односот во оружје е 1 спрема 50. Главниот штаб на ДАГ оцени - тој покажа на картата на која беа исцртани црвени и сини линии кои ги означуваа позициите на двете војски - како што гледате, натамошното опстојување на лозициите што ги држиме е невозможно. Просто тоа би значело самоубиство. Јас, другари команданти, морам да кажам, дека на едно советување што се одржа во нашиот Главен штаб, меѓу другото го поставив и прашањето: што да правиме ако дојдеме во ситуација да бидеме потиснати од Пинд? И предложив тогаш да ги разбиеме нашите бригади на мали единици и да се пробиеме во позадината на непријателот. Замислете, седум до осум илјади наши борци да се најдат зад грбот на непријателот?!... Што би правел тој? Би продолжил ли да ги освојува карпите и ридиштата на Пинд? Како би се извлекол од тука со сета своја артилерија и механизација и огромниот број натрупана војска? Да, тогаш, другари команданти, на почетокот на непријателската офанзива, тоа беше можно. Сега би било самоубиство... Тогаш проценките од некои другари беа други. Тие сметаа дека карпите и ридовите на Пинд се неразрушливи тврдини и сега, како што гледате, имаме нова ситуација која ни налага нови проценки и нови решенија... Оттука, Главниот

штаб заедно со Политбирото на партијата внимателно, најодговорно и во детали ја проанализира целтата ситуација и заклучи: повлекување на сите наши единици од реонот на Грамос...

Прекина и погледна на командантите. На нивните лица - загриженост. Врвот на стапчето, со кое генералот ги покажуваше на картата позициите на двете војски, се задржа на крајниот северен дел од тесниот простор, на кој беа концентрирани силите на ДАГ. Удри на кота 1435, северозападно од Алевица и продолжи:

- Тука, другари, треба да се пробие обрачот. Низ теснецот меѓу Алевица и границата треба да поминат нашите сили. Зошто токму тука и зошто повлекување на Вичо? Тука - тој и натаму го држеше врвот на стапчето на ридот Гинова карши селото Калевишта - затоа што во реонот на Алевица противникот нема формирано позадина. Во текот на ноќта имаме можност со сите единици да преминеме во реонот на Вичо што ние го контролираме. И зошто токму на Вичо? Затоа што таму месното население е на наша страна. Илјади негови синови и ќерки денес се борат а Грамос. Таму со наше крајно ангажирање и со помошта на тоа население во најкратко време ќе можеме да ги прегрупираме и да ги снабдиме со оружје нашите сили и да почнеме нови акции. Маневарот, да не речам повлекувањето, ќе се изврши ноќта на 20 спрема 21 август. - Тој погледна на часовникот. - Значи точно по два дена, сметајќи од овој миг. Во текот на овој временски период мораме да ги извршиме сите неопходни подготовки. За оваа цел Политбирото и Главниот штаб имаат донесено и соодветна одлука и наредба. Додека вие, другари команданти, доаѓавте тука, на вашите заменици им се дадени наредби да ги зајакнат одбранбените дејствија на позициите на кои скоро без прекин и со големи сили напаѓа непријателот. Формиран е специјален одред кој веќе го врши извидувањето на непријателските позиции во реонот на Алевица - Гинова. Истовремено, нашите единици посебно треба да го зголемат отпорот на линијата Грамос - Скирца - Ќафа - Суфљакас - Скала - Чрно - Краставец со цел противникот да се задржи, поправо да се спречи колку е можно подолго време да ги заземе овие планински врвови. Значи на непријателот да му

се одземе иницијативата да се вдаде во јуриш и да ги гони нашите единици, а да се добие впечаток дека ние одиме во јуриш. Според наредбата на Главниот штаб распоредот на силите и редоследот според кој ќе се повлекуваат единиците изгледа вака: уште во текот на оваа ноќ, 103-та и 16-та бригада, оставајќи на позиција по една чета со цел да дава што посилен отпор без да ја жали муницијата, просто да пука со непрекинат оган, офицерската школа на Главниот штаб и артилеријата на 670-та единица под една команда да се концентрира во реонот на селото Слимница и шумата Белца. Утре, во мугрите, акцијата за концентрација мора да е завршена. Цел ден овие единици остануваат во овој простор неподвижни и без врева. Не смеат да бидат забележани ниту од авиони, ниту од евентуални непријателски набљудувачи. Се мора да се одвива во строга тајна. Секој обид за бегство најстрого да се казни тивко и само со ладно оружје. Утревечер, во 20 часот и триесет минути, ќе тргнат во акција за пробивање на непријателскиот обрач, тука, во Гинова, кота 1435 и по пробивот, без никаква задршка, трчаница и само трчаница во насока Калевишта - Ревани - Шак - Ново Село – Крчишта - Лабаница - Смрдеш. На 21 август, во утринските часови челото на колоната мора да се најде на ридиштата на селата Лабаница - Косинец, каде ќе се поврзи со единиците на 18-та бригада од Вичо, чие командно место се наоѓа на врвот Орлово. Исто така во текот на оваа ноќ, 107-та бригада и телата на артилеријата на Штабот на Западна Македонија и по можност и 14-та бригада под општа команда да се концентрираат во реонот Гинова - Пиљкати - Краставец - Чрно, да обезбедат силна одбрана на линијата Гинова - Слепецумено - Краставец - Чрно и тоа се до 21 часот на 20 август. Со сила на една чета поддржана со целото тешко оружје на бригадата и едно пододделение на артилеријата утре во 20 часот и 30 минути да преземе ноќен напад во насока Стеницка и да продолжи се до утринските часови на 21 август. Кога челото на првата фаланга ќе помине покрај караулата на ридот Гинова, останатите единици да се повлечат од своите одбранбени позиции и веднаш да формираат фаланга која ќе продолжи, држејќu се за опашот на првата фаланга. Во рана зора на 21 август да заземе одбранбени позиции на ридиштата во околината на Гошово - Бошковец - црквата Свети Јован Теолог (кота 1017)...

Генералот Кикицас прекина за миг, се загледа во картата и, неколкупати покажувајќи со стапчето каде се наоѓаат ридиштата, тој продолжи:

- Потоа да се поврзи со единиците на 18-та бригада. Во случај непријателот да преземе дејствија од Фалцата (Стените), фалангата да продолжи, држејќи се за единиците на првата фаланга. Четиринаесеттата бригада, во исто време, во текот на ноќта да тргне во насока на Пиргос - село Виделушче со крајна цел да се префрли на планината Сињачка, газејќu го полето јужно од Костур.

Кикицас зборуваше тивко, но убедливо и секој изговорен збор присутните го сфаќаа како наредба. Во кратката тишина што настана, се слушаше шушкањето на моливите по хартијата. Командантите, секој за својот сектор запишуваа, потпирајќи ги тетратките на колена. Тие ги запишуваа сите податоци и макаршто до педа ги знаеја секторите на кои дејствуваа, имињата на местата ги проверуваа на своите карти.

- Двете чети - продолжи генералот - на 670-та единица под заедничка команда, на кои веднаш да им се обезбеди голема количина минуција и поддржани од голем број митралези и минофрлачи, да обезбедат силен отпор во текот на целиот ден и ноќ на 20 и 21 и без оглед на жртвите да ја бранат линијата Грамос - Скирца - Кафа - Суфљакас - Скала. Не успеа ли да ја задржат оваа линија, непријателот ќе успее со брз продор долж границата да го затвори обрачот и за последиците нема потреба да објаснувам... Потоа ноќта, на 21 август, двете чети да преминат во задницата на непријателот и да почнат партизанска војна.... Ова е во главни црти суштината на наредбата на Главниот штаб на ДАГ и редоследот на изведувањето на маневарот... - рече Кикицас, ја отвори табакерата, запали цигара и се повлече до масата покрај која седеше Маркос. Во тој момент стана Барѕотас и му се обрати на Кикицас:

- Командата на Главниот штаб реши...

Кикицас, гмечејќи ја цигарата со дебелата петица на поткованата чизма, тивко, но доволно гласно за да слушнат сите, рече отсечно:

- И јас сум член на командата и ништо друго не ми е познато што реши таа освен ова што пред малку го изнесов...

- Командата - продолжи Барѕотас, преправајќи се дека не го слушна гласот на Кикицас - командата реши, ти, Кикицас, утревечер да заминеш за Вичо. Командата оцени дека ти најдобро ќе ги организираш сите подготовки за успешно прифаќање на единиците што ќе преминат од Грамос...

Кикицас со дланката испегла мустаки и кратко праша:

- Во која смисла? - во неговиот глас сите почувствуваа навреда.

- Прво - прифати Барѕотас - во таа смисла, што ти добро го познаваш теренот и располагаш со способности да организираш еден таков потфат кој бара преземање сериозни чекори за да се спречи евентуалното праќање бојска од Костур, која би можела да ја пресече колоната... Значи, треба да се помисли како да се обезбеди преминот, а ридот Фалцата да не го заземе противникот, нели?

- Па тоа и за обичен војник е сфатливо и не разбирам зошто токму мене ми се упатуваат такви поучувања или инструкции... - дофрли Кикицас со тон во кој сега изразито ја искажа својата навреда. Погледна на присутните и откако забележа дека никој не го поддржува, праша: - Имаш ли нешто позначајно да ми кажеш?

- Се разбира дека имам и не гледам потреба да се лутиш... - одврати Барѕотас.

- Другар Захаријадис - веќе налутено му се обрати Кикицас. - Зарем е потребно да ме потсетува на тоа што пред малку го образложив и ...

Захаријадис без да му обрне внимание, рече:

- Продолжи, Барѕотас...

- Значи треба да ги определиш местата каде единиците ќе се снабдат со оружје и муниција и да поведеш сметка да има доволно храна за сите... За сите... – последните зборови ги искажа развлечено и потврдно.

- Дали ова треба да значи - се вмеша Кикицас – дека сето тоа токму јас треба да го обезбедам? - И не чекајќи одговор, продолжи: - Да потсетам: не некој друг, туку јас бев тој, кој го проучи и образложи целиот план за маневарот. И тој, кој ги предвиде и изнесе сите можни мерки, пак сум јас. За ова знае Маркос колку време сме разговарале пред да бидете вие - направи мала пауза - пред да бидете вие запознати. Затоа, токму затоа, сметам дека таквите укажувања што ми се упатуваат крајно се несериозни, а одлуката на Главниот штаб јас да не командувам со текот на операцијата, туку прв да го напуштам Грамос и да заминам за Вичо, во најмала рака, другари, е навредлива и потценувачка...

- Смири се - го прекина Захаријадис. Во неговиот глас имаше смирувачки, но и заканувачки тон. Познат беше по тоа, што секогаш знаеше да се појави тогаш, кога почнуваше да врие. - Не дозволувај со тебе да завладеат емоциите. Тоа сега на сите нам најмалку ни треба. Нам сега пред се ни треба ладнокрвност и одлучност. И треба да знаеш дека ако така одлучи Главниот штаб тоа не значи дека ти со тоа си потценет. Напротив... - Захаријадис зборуваше се потивко. На овој начин ги тераше соговорниците и присутните напрегнато да го слушаат.

Кикицас, се уште притиснат од сомнежот што се појави кај него, нервозно праша:

-А кој ќе командува со операцијата?

- Јас, Ѓорѓи, ќе командувам - рече Маркос.

Видливо изненаден, Кикицас смирено погледна на Маркос и по подолго молчење, праша:

- Има ли други наредби?

- Нема - рече Маркос и стана. Полека се упати кон Кикицас. Застана на два чекора од него. Се гледаа в очи. Не им е првпат така ла се гледаат и да се разбираат без збор. Премногу долго се познаваат за да не можат меѓусебно да се разберат. Секогаш кога се појавуваа одлучувачки моменти, тие стоеја еден спроти друг. Напрегнато мислеа и расудуваа. Ретко грешеа. Се разбираа и најчесто другите, особено тие од политичкиот врв на партијата, не ги разбираа и се обидуваа да посеат раздор.

- Нема други наредби, генерале Кикицас - ја прекина тишината Маркос.

- Можам да одам? - замоли Кикицас.

На извршување... - рече Маркос со глас во кој повеќе прозвучи молба, отколку наредба.

Кикицас војнтички поздрави, се сврте и појде кон излезот.

Стражарот во став мирно, на само неколку чекори од влезот, гледаше во небото. Кикицас го прекори:

- Глепај долу и пред себе! Каде се куририте?

- Онаму - покажа стражарот со рака.

- Курири! - викна Кикицас и зачекори на кај нив.

Еден од нив притрча. Генералот му рече:

- Ти ќе дојдеш со мене. Викни ги личните курири на Маркос и веднаш подготви ги коњите.

Четворицата курири кои секогаш во чекор го следеа Маркос и никогаш на отворено не отстапуваа од него, внимателно го слушаа Кикицас:

- Ова што ќе ви го речам сега е и молба и најстрога наредба. Маркос секогаш ќе го држите на око. Ниту за миг да не го оставите сам. Каде и да се најде, каде и да оди, па дури и по нужда. За неговата безбедност ќе ми одговарате со сопствените глави. Му се случи ли нешто на генералот, стрелање без суд... Се до нова средба лично ќе ми одговарате!

Кикицас погледна на часовникот. Еден часот по полноќ. Под високите борови - мракот густ и непрониклив. Поддувна планински ветар - студен и влажен, лесно размрда гранки, певливо разшуме шума. Високо - се разиграа врвовите на боровите. Долу, десетина чекори од тука, шумолат водите на Бистрица, надојдени од неконежните дождови. Од време навреме допира остар заповеднички глас, коњско ‘ржење и шлапање.

Кикицас ја откопча батериската светилка. Три кратки светла се откинаа од испружената рака и од спротивната страна стигна едно - долго.

-Да одиме - рече генералот и одново им се обрати на куририте: - Вие да не заборавите што ви наредив! Чувајте го Маркос! - Им стегна рака. Зашлапаа во мракот и кога излегоа од кругот што беше строго чувана зона, Кикицас застана. Седна.

- Цел ден ме стега чизмата - се пожали куририот. - Морам да ја истријам малку ногата. Изгледа старата рана ме пече. - Тој по десетина минути ја обу чизмата, стана, удри со ногата неколкупати, небаре пробаше дали е земјата доволно цврста и одеднаш престана. Во тој миг ноќната тишина ја помати долг митралески рафал и потоа се одгласија други митралези.

- Од кај Алевица... - тивко рече Кикицас.

- Не. Поблиску... - несигурно промрморе куририот.

- Мора да се нашите. Имам впечаток дека противникот се обидува да се пробие до Пиљкати. Да побрзаме и немој повеќе со таа чизма. Толку време изгубивме! – остро прозвучи прекорот. - Во Слимница нема да влеземе. Стражите ќе ни

одземат време. Ќе заобиколиме. А, ти, ги знаеш ли патеките што водат за Видехова?

- Како сопсвтениот џеб! - се пофали куририот.

- Тогаш врви ти напред.

По половина час пешачење наместо ги вкопа остар глас на стража. Наидоа на голема единица. Куририот го побара командантот. Низок, збиен маж се доближа во мракот и откако се претстави себе и бројот на единицата, посоветува:

- Не е препорачливо, генерале, да продолжите. Претстражи на непријателот душкаат наоколу...

- Велиш душкаат - остро го прекина - а зошто ти не преземеш нешто за да ги спречиш?

- Јас добив задача, до нова наредба, тука да се зацврстам и да ја бранам позицијата до последен човек... Ако вие мислите поинаку, молам, наредете, ама на писмено... - отсечно рече командантот и откако малку почека, праша: - Има наредби?

- На извршување! - нареди Кикицас и потоа праша: А истрелите, митралеските рафали?

- Наша единица се уште се брани на Гинова. Се чини дека непријателот има намера да ја затвори границата.

Генералот се поздрави со командантот и го праша се додека му ја држеше раката:

- До границата колку е далеку?

Тој од офицерската торба извади карта и, осветлувајќи ја со батериската светилка, покажа со прст:

- Сега ние сме тука...

- А Видехова? - праша Кикицас.

Кругчето светлина се помести на север.

- Тука е... ете, отале границата. Во Албанија – појасни командантот. - Најблизок пат до Видехова е овој - пак покажа со прст. - Треба да свртите лево. На патот се уште има мои одреди. Ќе ви дадам двајца мои курири кои ќе ве одведат до границата.

-А колку е далеку?

- До границата половина час.

- Команданте - тивко рече Кикицас - јас одам на специјална задача...

- Разбирам...
- Половина час пешачење во случајот е многу. Имаш ли коњи?

- Ќе се најдат.

Командантот му се обрати на својот курир:

- Оди доведи два коња и нека дојдат уште двајца кои генералот ќе го пратат до... - сакаше да каже до границата, ама брзо се сети и доврши: - до одредиштето...

Куририот ги довеце коњите и му шепна на командантот:

- Јавија дека Гинова падна.

Командантот веста му ја пренесе на Кикицас.

- Го очекчвав ова - рече тој. - Држете се на наредбата, а ние мораме да побрзаме. Значи, предлагаш да се движиме по оваа патека, нели? - тој покажа на картата и му се обрати на својот курир: - Ги знаеш ли овие места?

- Како сопствениот џеб, генерале!

- Имам и јас еден тукашен од Јановени. Тој, генерале, со затворени очи...

- Викни го... Подобро не. И така изгубив многу време. Скоро дваесет минути. Ние да појдеме, а ти веднаш јави му на својот командант дека падна Гинова. И веднаш до Главниот штаб. Адио!

Зашлапаа коњите по тесната шумска патека. Меѓу високите дрвја одвај се пробиваше светлината на многуте светлечки ракети што го параа небото над Алевица и редум се до самата граница. Свртија лево. По неполни дваесетина минути придодадените курири застанаа.

- Генерале, тука е границата - рече ецен од нив и во мракот покажа со рака.

- Добро. Вие вратете се. Ние продолжуваме.

Куририот лесно го бодна коњот. Во левата рака широко испружена настрана, држеше запалена батериска светилка. Ова беше предупредувачки знак за албанските граничари. Три кратки, две долги светла. Договорен знак за врската отаде границата. Коњските копита рамномерно во забрзан кас удираа на каменестата патека.

- Стој! - одекна во мракот младешки глас и се слушна репетирање на пушка.

Куририот ја сврте светилката кон местото од каде допре гласот и го повтори светлосниот сигнал.

- Врви - рече на албански истиот глас, сега веќе посмирен.

Одеа зад стражарот, кој со кратки одблесоци на батериската светилка го покажуваше патот. По стотина чекори, сега на албанска територија, им се придружи офицер на албанската војска, кој им рече на грчки:

- Другар генерал, џипот чека. Коњите ќе останат. Имам наредба да ве придружувам до излезот од земјата, до Смрдеш...

Пред командата во Видехова стоеше паркираниот џип. Моторот тивко работеше. Возачот, помагајќи си со батериска светилка, удираше со поткованата цокула по гумите. Коњите ги прифати војник, а тројцата, молчешкум се качија во џипот: албанскиот офицер, Кикицас на задните седишта, а куририот до возачот.

- Поаѓај! - нареди албанскиот,офицер.

Џипот полека се движеше низ замрачените улици на пограничното гратче, кое поради близината на фронтот целосно беше замрачено. На излез од градот, Кикицас му се обрати на офицерот:

- Јас, морам, знаете, неопходно да стигнам отаде што побрзо...

- Ве разбирам, генерале - рече офицерот. - дадени се сите неопходни наредби ниту една патрола да не го сопира нашето возило. До Ќутеза патот е лош. Ќе изгубиме доста време. Последните дождови го излокаа патот, а и движењето на камиони беше доста големо. Само да излеземе на друмот Божиград - Билишта. Брзо ќе ги поминеме тие триесетина километри... Ако можете, повелете, одморете малку... - љубезно замоли офицерот.

Во мугрите стигнаа на граница. Кикицас побара да преминат без слегување.

- Кажете му на возачот да вози право до командата во Смрдеш.

Од спротивната страна се појави камион со изгаснити светла. Застанаа на ширинката и чекаа да помине колоната камиони. Продолжија. Остар, писклив глас:

- Стој!

На вратата од двокатната куќа се појави висок маж. На брзина ја закопчуваше офицерската блуза. Трчаница стигна до џипот.

Кикицас: полека слезе, се исправи прец офицерот, кој застана пред него. Тој се обиде да се претстави, дека е командир на командниот пункт и народната милиција.

- Нема потреба - Кикицас замавна со рака. - Води ме во командата.

Опширна одаја. Мирис на тукуштo зовриен планински чај. Лево, до прозорецот, железен, непослан кревет, осветлен од бледата светлина на полната месечина.

- Изгледа те разбудив? - намуртено погледна на командирот.

Тој се втурна на кај креветот.

- Оставете! - со тон на наредба просаска Кикицас.

Десно, до ѕидот, голема маса и на неа неколку телефонски апарати. Кикицас го раскопча појасот, ја одрами чантата и седна до масата. Покажа со очи на празниот стол и рече:

- Прости, момче, не ти се претставив. Јас сум...

- Генерал Кикицас. Јас ве познавам, генерале... Од офицерската школа. Трета класа... а и ми јавија од штабот дека доаѓате...

- Е, па тогаш да скратиме... Седни... и барај ми го главниот интендант, потоа командантот на магацините со оружје... Ајде, врти!

И додека командирот на командата во Смрдеш ја извршуваше наредбата, во Главниот штаб на ДАГ се уште траеше советувањето.

- Во мугрите - продолжи Барѕотас - на 20 август единиците да бидат собрани на местата што се одредени со наредбата на Главниот штаб. Секој од вас ќе добие дел од наредбата што се однесува конкретно за секоја единица и тоа во детали. Јас сега само во општи црти ќе дообјаснам. Не морам да подвлекувам дека целата операција мора да биде спроведена со брзина и

крајно строго доверливо. Значи во 23 часот ќе почне нашиот напад- јуриш на Гинова со единици на 16-та дивизија, кои во целосна тишина, со ползење се доближуваат до целта и во договореното време со изненадувачки скок и со употреба на рачни гранати, нож, штик и тупаници, а ако има потреба и со панцерфауст, се нафрлуваат врз противникот. Оваа акција не смее да трае повеќе од петнаесет минути. Подвлекувам - само петнаесет минути. Зад 16-та дивизија, тргнува 17-та дивизија. Баталјон на 107-та бригада и една двочета на офицерската школа веднаш по преминот отвораат фронт на ридовите околу селото Ревани, штитејќи го на тој начин десното крило на фалангата. Останатите сили на 107-та бригада од кај селото Јановени во насока на Стеницка да извршат изненадувачки напад точно во 20 часот и 30 минути и да продолжат се до утринските часови. На овој начин ќе се создаде впечаток дека ДАГ ќе го почне нападот во насока на Нестрам - Костур, а со тоа ќе се сврти вниманието на непријателските единици кои држат позиција на Алевица - Гинова. Во нула-нула часот и триесет минути на 21 август, подвлекувам и запамтете добро, во нула-нула часот и триесет минути низ направениот отвор во одбранбената линија на противникот тргнува главнината на нашите единици. Во три часот и триесет минути по полноќ главнината мора да се најде на ридовите на селото Крчишта. Ја следат останатите единици. Во осум часот и триесет минути нашите единици во реонот на селото Крчишта мора веќе да имаат создадено силни одбранбени точки со цел да биде заштитена фалангата која во поплалневните часови мора да се најде во полето на селата Косинец и Лабаница, а главнината во селото Смрдеш и натаму кон Брезница - Руља - Желево. каде ќе бидат пречекани и снабдени со храна и оружје од нашите тамошни единици за што - тој погледна на часовникот - веќе во ова време Кикицас верувам стигна таму и ги дава соодветните наредби... Сакам да го споделам уверувањето дека Грамос го напуштаме привремено и само заради стратешки цели. Затоа, тешкото оружје да се закопа. Да се затворат магацините со оружје и муниција. Секој борец и боркинка да понесат толку муниција, колку што налагаат потребите. Имам посебна молба до командантот на Главната болница. Сите ранети што е можно во најкус рок да се префрлат отаде границата. Префрлувањето да почне веднаш. Во текот на пробивот и натамошното

движење на фалангата, на бојното поле не смее да остане ниту еден ранет. По можност да се пренесуваат и тие кои евентуално ќе загинат. Другари команданти, тоа би било се. Сега вратете се во своите единици и по изнесениот редослед започнете го прегрупирањето...

Три часот по полноќ. Деветнаесетти август. Учесниците на советувањето еден по еден ја напуштаат зачадената просторна земјанка. Надвор ги удира в лице студен планински ветар, градите им се полнат со утринска свежина и мирис на смола.

Кикицас, чекајќи врска со интендантот, задрема, ама беше на штрек. Со рацете налактени на масата и главата врз нив, тој дремеше, спиеше војнички. Наеднаш се стресе. Подигна глава. Се вчудовиде од големата тишина - немаше никакво пукање...

- Командантот на магацините - почувствува лесен допир по рамо и прво ја виде телефонската слушалка исправена пред лице.

- Тука генерал Кикицас - не поднесуваше така да се претставува, но важноста на мигот тоа го налагаше и изнудуваше побрзо извршување на наредбите. Самиот во тој миг ја почувствува остринaта на својот глас во кој имаше неограничена строгост. И пред тоа, додека чекаше на врската, размислуваше како да се претстави: дали само со името или со името и чинот? Не го познаваше човекот отаде жицата, а тој, позадинец, навикнат на крепко спиење далеку од фронтот, со врски до самоти врв и со клучот од лебот, месото, шеќерот, брашното и што ли не друго, дали сериозно ќе го разбере ако му се претстави само со името? Не беше сигурен дали тука не попуштила војничката дисциплина. Затоа одлучно му се претстави со името и чинот и со строг тон на гласот. - Тука генерал Кикицас - повторно викна во слушалката. - Слушајте ме добро и внимателно...

- На линија командантот на магацините... - не стигна да го каже името и чинот. Кикицас го прекина:

- По овластување на Главниот штаб наредувам веднаш да почнеш со пренесување оружје и да го распоредиш долж џадето меѓу селата Брезница и Смрдеш. Што значи се?! Ете што значи: митралези, автомати, пушки, минофрлачи големи и мали и тоа со многу муниција. Имаш?

Од другата страна стигна уверување:

- Магацините се полни. Дури и преполни...

- Добро. Почни веднаш да ги празниш! Собери се што може да носи. Испрати твои луѓе со задача да ги мобилизираат селаните од околните села! Имаш ли камиони на располагање?

- Имам само десет.

- Се подготви и штом падне мракот, со камиони, со мазги, коњи, магарија, волови, на рамо, на плеќи да почнеш да пренесуваш оружје. На извршување!!!

Не чекаше потврда. Ја спушти слушалката и побара:

- Побарај ми го главниот интендант! - рече отсечно. Застана крај прозорецот. Ридот пред селото В'мбел беше облеан од сончева светлина.

- На линија главниот интендант.

Се сврте и со испружена рака и брз чекор дојде до масата со телефоните. Викна во слушалката:

- Тука е генерал Кикицас! Што?! Како бре не разбираш!? Не разбираш кога ти зборува еден генерал? Што? Велиш те разбудија од сон? Доцна си легнал, а? А ако те пратам на прва линија! Расони се и слушај ја наредбата. Ме слушаш?! Слушај и запамти: до зајдисонце долж џадето Брезница - Смрдеш и натаму се до Лабаница... Ме слушаш или и натаму дремиш? - налутено викна во слушалката. - Повторувам: до вечер... Да! Денес, денес реков!

Од другата страна допираше зарипнат глас:

- Генерале лошо ве слушам... Да, разбрав, денес, до вечер да обезбедам за два дена за десет - дванаесет илјади усти леб и се што оди со лебот. Така. Да. Разбирам... посебно леб и конзерви... Се разбира, генерале, имам, се разбира дека имам доволно. Да, генерале, фурните, разбрав, фурните веднаш да почнат да работат. Ќе издадам наредба веднаш да почнат да месат и да печат, па ако треба ќе довезам од магацините во Корча... Дали ќе стигне? Се разбира дека ќе стигне. Ве уверувам. Разбрав...
- Долж џадето - повторувам - И немој да ме прекинуваш, да, долж џадето Желево - Брезница - Смрдеш, реков, па се до Лабаница да ја распоредиш храната и да има и варено месо, сирење, кашкавал.... Ти реков немој да ме прекинуваш.... линијата? Што линијата? Не чини? Чекај. – Му се обрати на телефонистот: - Каде е, бре, командирот?Викни го! А ти си? Веднаш да провериш што е со линијата. – Ја премести слушалката на левото рамо. - Таму си? Ама, реков, не ме прекинувај! Да, како што реков! Да! Тоа е наредба! На писмено? Сакаш наредба на писмено? Слушај ти таму! Јас имам вонредни овластувања денес и утре? Разбра? Добро. И слушај уште: откако ќе ги дадеш сооддветните наредби, веднаш да дојдеш тука. На извршување! - Нервозно, налутено и инаетливо ја спушти слушалката и ја избриша потта од чело. Колку за себе рече: - Тешки мозоци ставивме во позадината... Поврзи ме со командантот на 18-та бригада.

Телефонистот неколкупати ја заврте рачката од телефонскиот апарат. Во слушалката ја извикуваше договорената парола. Најпосле рече:

- На линија 18-та бригада.

- Пандели - тивко и скоро нежно му се обрати на командантот на бригадата. - Тука Кикицас. Да, да.Во Смрдеш, во командниот пункт. Подоцна ќе ти раскажам, а сега слушај ме внимателно. Ова што ќе ти го кажам е наредба. Да одделиш единици од составот на твојата бригада и со забрзан марш, веднаш, да заземат позиција на ридовите источно и западно од селото

Косинец. Исто така зајакнат одред да ја дополни одбраната на Фалцата што сега ја држи само една наша чета. Одред од составот на нашите сили на Фалцата да се префрли на позиција кај селото Трстика, а чета од составот на 18-та бригада да фати позиција на ридовите над селото Крчишта. Сите позиции да се држат без оглед на жртвите се додека не стигне колоната од Грамос. Нема промена до нова наредба. На извршување!

Воздивна, небаре му олесна. Ја избриша потта од чело и му се обрати на офицерот за врска:

- Земи одделение за врска и веднаш да воспоставиш команден и телефонски пункт на ритчето надвор од шумата во Лобаницко со директна телефонска линија со Фалцата и Косинец. Поврзи ме уште еднаш со 18-та бригада.

- На линија 18-та бригада, генерале.

- Пак јас сум, Пандели. Веднаш да формираш резерва и да ја сместиш во Косинец. Во случај на потреба резервата да дејствува со цел да го одврати противникот кој би се појавил од насока на селото Света Недела. Толку. - Спушти слушалка. Ја отвори воената карта и долго гледаше. Се исправи и рече: - Повикај ми го командантот на милицијата.

- Имате врска, генерале.

- Слушај ја наредбата. Собери ги сите расположиви сили на милицијата. Позиција: ридови на село Блаца. Одбрана до последен. Противникот не смее да излезе зад наш грб. Наредувам: одбрана до последен. На извршување!

Откако уште еднаш се поврза со 18-та бригада и провери дали се обезбедени позициите од насоката Костур - Поздивишта, го праша својот курир:

- Има ли нешто за јадење? - дури сега почувствува глад. Последен пат кога нешто имаше в уста, беше вчера, пред да почне советувањето. Пексимид и планински чај.

- Леб и конзерви, генерале - рече куририот и веќе в раце држеше конзерва и нож. - Да отворам?

-А колку е часот?

- Ближи седум.

- Уште малку и ќе се свечери. Брзо помина денот...- замислено рече генералот. - Што чекаш? Отворај ја таа проклета конзерва!

Со лебот и со парчето конзервирано месо в раце излезе надвор. Стоеше на скалите и гледаше на процепот што го создаваат Каранџова Глава и Присојот. Јадеше стоејќи. Ги истресе трошките од рацете и му се обрати на командирот на командниот центар кој стоеше настрана:

- Ќе може ли со џип да се оди до Лабаница?

- Тешко... Падната е карпа...

Кикицас налутено праша:

- Зарем чекаш карпата сама да се тргни од патот? Подгответе ги коњите! А карпата да се тргне. Лично да ми рапортираш. Јасно?!

- Разбирам!

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 16

Долги митралески рафали и трештење на рачни гранати. Десно, под Аљавица и на самоти врв, вивнаа светлечки ракети. Се чини небото гори и под него планината.

- Тргнаа! - гласно рече дежурниот офицер и погледна часовникот. - Еден по полноќ. Задоцнија цел час. Само да брзаат, да брзаат додека не се раздени. Се раздени ли, на голо ќе ги најдат авионите. Да ја претрчаат рамнината на Ревани и Шак и штом се спуштат во Новоселската река - за нив нема да има опасност вели, дежурниот офицер и од очи не го спушта двогледот во кој постојано има отсјај на ракетие што го горат небото. Светлината на ракетите не ослабнува. Го следи движењето на големата колона која по беспримерниот и налудничав јуриш со кој е скршен обрачот на противникот, во трчање се растури кон селото Ревани. Од блиските ридови - со долги митралески рафали и минофрлачки оган противникот ја бие колоната.

- Од командот пункт на Тумбите - вели телефонистот - јавуваат дека челото на колоната веќе е во селото Новоселени.

- Да го разбудам генералот?

- Нека поспие. Ова му е трета непроспиена ноќ.

Два часот по полноќ. Остро ѕвонење на телефонот.

- Е сега морам да го разбудам. Лично го бараат од Главниот штаб.

Генералот се стресе, праша:

- Долго ли спиев?

- Само дваесетина минути...

- Зарем толку долго? Колку е часот?

- Ближи два и триесет по полноќ...

- Кажувај!

- Ве бараат од Главниот штаб.

Ја зеде слушалката. Од другата страна гласот на Барѕотас.

- Тука второт. Колоната тргна. Ние веќе сме на нашето одредиште. Следи ја ситуацијата и јавувај. Толку.

- Бараат од Фалцата - рече телефонистот, подавајќи ја слушалката.

- Кажувај! - викна Кикицас. Се уште не му згасна прашањето кога тие толку брзо успеаја да стигнат во седиштето во Преспа?

- Колона камиони со запалени светла се движи кон селото Света Недела. Што да правам?

- Веднаш отвори минофрлачки оган!

Се разденува. Пет часот. Курир, кој стигна од Крчишта јавп дека опашката на колоната веќе излезе од селото Калевишта и дека се тече без паника и има големи загуби.

- Што?! - викна Кикицас. - Има големи загуби, а се тече без паника? Кој ти го рече тоа, а?

- Генерале од Фалцата јавуваат дека камионите стигнаа на Беј Бунар...

- Поправете ја телефонската линија, а ти земи го мојот коњ - нареди Кикицас - и трчај наврат-наноц и пренеси му на командантот на 103 бригада веднаш да испрати еден баталјон на помош, да и го пресече патот на колоната камиони и да ја уништи. Останатите единици да ги напуштат ридовите над селото Лабаница и да заземат позиција источно од Косинец.

Седум часот. Челото на колоната ја претрча Шекарица, се спушти во широкиот трап, ја прегази рекичката и се втурна во полето на Лабаница. Отворен, бришан простор.

- На телефон командантот на 103 – та.

- Слушам, Кикицас.

- Пешадија, со до сега неодреден број и сила, со поддршка на тенкови, ги напаѓа моите позиции. Имам многу ранети и убиени...

- Брани се! Држи се до последниот. Челото на колоната веќе е на пат за селото Смрдеш. Во текот на еден час ќе формирам една чета од борци кои ќе ги земам од колоната и ќе ти ја пратат, на помош. Каде е офицерската школа?

- Веќе води борба на Фалцата...

Тоа утро во многу очи светлината згасна...

Утредента и наредните денови над нивите, полјаните, траповите и патеките по кои протече колоната, во кругови летаа стрвници...

# ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА - 17

Реонот на Вичо е последното упориште и единствената надеж. Со месеци градените бункери и ровови, се чини, дека ќе ја оправдаат паролата “Непријателот на Вичо нема да помине”. Главните упоришта во првата одбранбена линија се потпираат на Јамата, Баро, Рото, Плати, Кулкутурија на исток; Бела Вода на север и на југ Малимади и ридовите меѓу селата Косинец и Лабаница. Втората одбранбена линија: Лисец, Чука, Голината. Во длабочината, најблизу до езерото Мала Преспа - Превалот и малите ридови на селата Медово и со посебно внимание на селото Раби, последното упориште пред влезот во Пероо, преминот меѓу двете преспански езера.

На 10 август 1949, в зори, над Вичо се отвори небото и пеколот слезе на земја. Седумдесет авиони кои полетаа од аеродромите во Лерин, Рупишта и Кожани во пет часот наутро ги нападнаа позициите на ДАГ, а половина час подоцна, рововите и бункерите почнаа да ги бијат сто и четириесет топови, уште толку тешки минофрлачи. Се уште густиот чад висеше ниско, кога во напад тргнаа осум дивизии, повеќе независни баталјони, тенкови и борни коли. Во првите два дена и покрај жестоката одбрана и обидите за противнапад, паднаа позициите на ДАГ од првата одбранбена линија. Во меѓувреме владината војска својот главен удар го насочи на Лисец, но пред тоа се водеа тешки борби за ридот Чука каде не е утврдено дали некој од бранителите остана жив. Командата на ДАГ која соодбраната на Вичо, раководи од седиштето во селото Винени отаде езерото Мала Преспа, дури сега го сфати стратешкото значење на голиот врв на Лисец. Тој, кој го дрхи Лисец, ја има контролата на околните ридови и што е најважно, го отвора патот кон Превал и од тука долж џадето, се вклинува во Преспа. Истовремено од југ, од насоките на селата Косинец, Лабаница и Смрдеш и од север, од Клештина, долж грчко-македонската граница во насока на Герман, иако со голем загуби, владината војска прави напори да го затвори патот за отстапување, преминување во Албанија и со тоа земање во силно стегнат обрач на сите единици на ДАГ од целиот реон на Вичо. Јуришот во центарот - источниот дел на фронтот, треба да го привлече вниманието на командата на ДАГ. И додека борбите

се водат дење и ноќе на првата линија на фронтот, владината војска удри на Лисец, срцето на целокупната одбрана на Вичо. Дури сега командата на ДАГ ја виде опасноста и нареди офицерската школа, составена од петстотини курсанти, која е во резерва и со седиште во селото Брезница, со трчање да оди на помош на 102 бригада во чиј состав беа постари мажи и голем број инвалиди.

Тргнаа молчејќи. Се до приодите на Лисец, покриени со букова шума, исправени трчаат во мракот.

- Во стрелци, напред! - падна команда.

Се наведнаа. Со долги чекори и скокови се доближуваат до приодите на Лисец. Ноќта лудува. Од сите ридови се слушаат долги митралески и автоматски рафали. Киро успева да процени дека Јамата, Баро и Рото се уште се бранат, но по глувите рафали добива впечаток дека отпорот слабее. Поленатa жестоко се брани. Горат околните ридови. Ненадејни рафали и експлозии на рачни гранати. Средба со патрола на противникот. Киро како покосен легна под стеблото на најблиската бука. Од тука до падините на Лисец – само стотина метри бришан, гол простор.

- Киро – до неговите уши допре тивок и исплашен глас.

Што е?

- Командантот...

- Што командантот?

- Убиен е...

- Лажеш... – просаска и пак праша: - Каде е?

- Ене, под букана лежи.

Влечејќи се, се најде до убиениот командант. Почувствува како му се стега грлото. Погледна на околу. Офицерите, влечејќи се,

се доближуваат до позициите на непријателот од каде не престануваат рафалите. Густа и бесна стрелба во мракот. Киро се исправи зад дебелото буково стебло. Оцени дека непријателот не е окопан. Покрај себе слушна кршење на гранки. Тоа е потпоручникот Костас, младо момче од тесалиските села. Се наведна и рече:

- Истрчај до четвртиот вод и кажи му на командантот со две одделенија да го нападне левото крило. Брзо...

Се влечат. Сто метри. Вперен поглед пред себе, здржано дишење. Бела ракета. Се е осветлено. Пикнаа глави во испржената трева. Згасна ракетата. Од левото крило допреа автоматски рафали. Се раздрдореа два пушкомитралеза. Тоа е нашиот, четвртиот вод – помисли Киро. Педесет метри. Веќе се слушаат довикувања и пцовки. Тоа се гласови на офицерите на противникот. Далеку побелуваат врвовите на планините. Бледо надоаѓа зора. Дваесет метри. Киро се исправи и на сет глас викна:

- Јуриииш!!! На нож!!!

- На нож!

- На нож!

Од горе се слушна наредба:

- Напред! На нож!!!

Киро не успеа да го извлече остриот фински нож. Пред него се исправи противнички офицер од составот на специјалните единици за борба во планински услови. Само за миг ја виде вперената цевка на пиштолот. Во последен момент се фрли на земја. Куршумот зацвили над неговата глава. Локацијата се нафрли врз него. Киро ги почувствува неговите прсти околу вратот. Одвај успеа да се сврти на колк. Ја довлече левата рака до слабината на противникот и го стегна. Почувствува олабавеност. Нагло, со коленото го удри меѓу нозе.Со десната рака го зграпчи неговото лице, а прстите од левата се стегнаа во

менгеме. Со глава го удри меѓу очите. Еден, два удари. Локацијата брзо ги тргна рацете од неговиот врат и посегна по ножот. Со десната нога му го изби од рака, го фати за коса и молневито го повлече на страна. Со левата го удри по уво и поправи уште еднаш. Полуседнат го дофати ножот. И во мигот кога веќе беше готов да му го забоди в гради, слушна продорно "Аaax!" Погледна таму од каде што допре жалосно и маченичко довикување. Двајца локации со штикови го бодеа Костас. Одеднаш се сврте и со силен замав го фрли финскиот нож. Во офицерската школа е најдобриот фрлач на нож. Локацијата кој беше наведнат лево одеднаш се исправи. Му се прекршија нозете во колената и полека како да клечеше за молитва, падна врз Костас. Другиот локација нагло се сврте. Киро со долги чекори и крвјосани очи се втруна кон него. Силен удар на тупаница му замагли очи. Втората тупаница го кутна. Во последен момент го одбегна силниот удар со ногата. Се преврте двалипати. Полунаведнат виде како пред неговите очи, во изгревот на сонцето, болска штикот на противникот. Го одбегна ударот, со десната нога му го изби штикот од рака и во истиот миг неговата тупаница се растовари во лицето на противникот. Уште една и трета и четврта. Удира додека локацијата не падна. Брзо го подигна штикот и, како што го учеа во офицерската школа, му го забоде под клучната коска. И колку што може, колку што има сила, го повлече надолу. Почувствува како му ги крши ребрата. Се уште има сила да го задржи веќе мртвото тело на противникот. Во мигот кога го спушти на земја, ги виде неговите ококорени очи исполнети со ужас и болка. Забележа дека истрелите се се поретки. Борбата стивнува. Погледна на ридот. Кон него со тежок, изморен чекор, доаѓа командантот на четвртиот вод. Обајцата имаат помодрени лица и окрвавени униформи. Седнаа еден до друг.

- Го презедовме Лисец? - праша Киро и плукна настрана.

- Успеавме. Станувај. Одиме горе. Ќе се прегрупираат и ќе тргнат во напад. Станувај...

До самиот рид, до бункерите и рововите одвај петнаесетина метри. Поминуваат покрај мртви. Мирис на пивтосана крв и барут. Ранетите викаат, довикуваат, стенкаат. Сонцето високо

на два-три остени. Киро засенчи очи со раката и погледна надолу на кај Јамата, Рото, Баро и Полената. Лежат под облаци чад. Погледна на југ. Малимади во оган и пламен... Како орли над мрша, кружат авионите. Митралираат, ракетираат, бомбардираат, одлетуваат и веднаш долетуваат други. Застана пред бункерот и го слушна зарипнатиот глас на својот соселанец - Павле.

- Не многу силно, ама жилаво беше момчето. Ама, кутрото не знаеше на кого наиде - прекина Павле, покажувајќи им ги на другарите своите шепи слични на лопата. - Со колено ме чдри меѓу нозе. Ми се стемни... Е, си велам - продолжи тој фалбаџиски - момче, пониско од појасот не е дозволено. Го треснав наопаку. Се навали настрана и тогаш, кучкиниот син, го извлече штикот. А јас мојата кама. Се наведнавме и се меркаме. Тој направи некакво чудно движење. Јас отскокнав. И тогаш, ѓаволот, бргу се наведна и в очи ми фрли шепа земја. Ослепев. И наеднаш ми се здрви рамото. Оф, оф, оф, а бре ти разбираш што значи боли? Не стегај толку...

- Мирувај, мирувај, завршувам со преврската – рече болничарот. - Ама крвариш како заклан вол. Од каде, бре, кај тебе толку крв? Ама крвари, та крвари раништето...

- Нека крвари, лошата крв тече. И, ти велам, ми го закова штикот во рамото. Се налутив и го зграпчив. Му го скршив вратот... Сакаш да го видиш?

- Ајде...

Излегоа од бункерот и слегоа десетина метри подолу. Во високата истапчена трева лежи млад, дваесетгодишен војник. Под лесното око - модрица. Павле се наведна и со здравата рака го откопча џебот од војничката блуза. Од таму извади неколку фотографии и еден плик. На една од фотографиите. четириесетгодишна жена со црна шамија на глава и тажна насмевка.

- Ова треба да е мајка му - рече Павле. - И мајка е таква. Тажна и загрижена...

Седнаа. Павле го отвори пликот.

- Гледај - писмо. Убаво чкртнато, На, читај. Ти добро знаеш грчки, нели?

- Хм... "Драга моја мајко" Аха. значи на мајка си и пишувал. "Денес по зајди сонце тргнуваме во бој. Командантот на бригадата ни рече дека за тре дена ќе завршиме и ќе и дојде крајот на оваа проклета војна и дека тие, кои ќе се покажат храбри, ќе добијат една недела наградно отсуство. Колку би сакал да бидам еден од нив. Чезнеам и многу сакам да те видам. Знам дека и ти ме чекаш и се молиш пред иконата на Богородица. Денес е убав летен ден. Во селото во кое се наоѓа нашата бригада има многу овоштарници со круши и јаболка. Плодот зрел, а гранките свиткани од тежина. Кога ги гледам, ми се чини дека се наоѓам во нашите овоштарници со лимони и портокали. Ми пишуваш дека годинава многу родија. Нека даде Бог ова да е последно писмо што ти го пишувам од пеколот. Стрпи се драга моја мајко, наскоро ќе се најдам во твоите прегратки... Морам да прекинам, бидејќи водникот нареди да тргнеме во напад..."

Киро, кој во меѓувреме застана покрај нив, тивко праша:

- Читај, зошто прекина?

- Нема повеќе... Еве го крајот... - рече и со очите покажа на трупот.

Во текот на денот и до полноќ, разретчената офицерска школа на ДАГ одби девет противнапади, но не го издржа десеттиот напад. Наредба: повлекување. Во подножјето на Лисец, од страната на западните удолници, се собираат, носејќи ги со себе ранетите. Раненосачките ги преземаат и ги префрлуваат до џадето. Тука чекаат камиони со вклучени мотори.

Од штабот на бригадата стигна курир. Наредба: противнапад. Се враќаат. Наведнати, чекор по чекор ја намалуваат оддалеченоста од позициите на противникот. Над нив фрчат

куршуми од долги и кратки рафали. Наведнуваат глави. Жедни и гладни, загледани пред себе одат со отечени очи од неспиење, отскокнуваат и напред чекор по чекор. Од уста во уста, тивко ја пренесуваат наредбата:

- Подготви го ножот!

Прилепени до земјата, се влечат пругоре. Излегоа на бришан простор.

- Јурииииш!!! - громовит глас се растури во воздухот. Трчаница влетуваат во првите ровови. Истрелите папсаа. Пцости, хрчење, тешко дишење, глуво удирање со тупаници, писок, топло лизгање на ножот по коската, чад - пламен - светлина, мирис на крв, газење по мртво тело, откината рака, пресечен гркљан, издупчени гради, болка, крв, штик на штик, нож на нож, цевка на цевка, оган - нож, пцовки, молба, молскавици, крв-крв-крв...мрак - мрак...

Противнлткот не издржа. Овојпат Лисец единаесет пати премина од рака в рака.
Белузнава зора, Високо - розови облаци. Од кај Статица, каде веќе беа сместени шест батерии противничка артилерија - загрме. На Лисец како град паѓаат топовските гранати. Киро ја пикна главата во ќошот на бункерот и замре во неподвижност. По дваесетминутна артилериска подготовка, противникот, прегрупиран, тргна во напад. Подигна глава и погледна низ пушкарницата. Криејќи се зад камењата и грмушките, како на вежба, се приближуваат противничките војници. Го притегна пушкомитралезот.

- До наредба не пукај! - се пренесе команда.

Командантот влезе во бункерот и му нареди на Киро да премине во другиот бункер и да го преземе тешкиот митралез.

- Доаѓаат... - се слушна тивок глас.

Ниско наведнати и со скокови, се доближуваат владините војници. Од ридот Чука се огласија тешките мимофрлачи и

Лисец го опсипуваат со гранати. Глуви детонации, пукот, трештење, одгласи на митралеско кашлање и тапи татнежи на топовски и минофрлачки гранати се слушаат од кај Бигла. Со низок лет пикираат авионите над Полената, Баро и Јамата. Кулкутурија и Голината молчат. Таму згасна отпорот. Десет минути траеше минофрлачкиот оган и со последната граната, небаре е дадена наредба за јуриш.

- Пали!!! - остро допре гласот на командантот и се изгуби во екот на стрелбата. Се испомешаа истрелите. Бесно и непрекинато фрчење на куршуми. Лево и десно од бункерот на Киро, рафално пукање на автомати и пушкомитралези. Низ пушкарницата влегува чад и остар, благуњаст мирис на барут. Малку понатака од бункерот - долг и распарувачки врисок на тешко погоден човек. Хр - хр - хр - хрчи во ровот тешко ранетиот. На Киро му се потсекоа нозете. Пред бункерот експлодираат рачни гранати. Излезе и еднoподруго фрли две гранати. Војниците во шлемови занемеа. Го прескокна ранетиот, зеде две рачни гранати од еден убиен и, легнувајќи во ровот, без да гледа, ги фрли. Знае дека само на десетина метри далеку е противникот. Лево од него на сет глас викна командантот:

- Митралезот, сестра ти - рика тој. - Митралезот!!! Дејствувај!!!...

Се врати во бункерот и, вртејќи ја цевката лево и десно, пушти долг рафал. Болничарката го внесе ранетиот во бункерот. Тој захрчи, од устата му истече локва крв и нависна на нејзините раце.

- Со рачни гранати!!! - извика командантот.

Прудолу бегаат владините војници. Ги гонат рачни гранати, кратки автоматски рафали и врисоците на ранетите. Командантот нареди повлекување на втората одбранбена линија. Трите болничарки ги прибираат ранетите. Мртвите остануваат таму кадешто ги најде смртта. Муви се собираат врз пивтосаната крв. Артилеријата од Чука и Културија почна да ја бие првата линија на рововите. Кратка пауза. Сега одново

префрлување на првата линија и прел да стигнат, артилериските гранати почнаа да ја ораат втората одбранбена линија. Противникот со нови сили, во бранови тргна во напад. Киро го остави заклештениот тежок митралез и почна да пука со пушкомитралезот врз кој мртов лежи нишанџијата. По првиот рафал, тој промени позиција. Легна зад високиот камен и чека да се доближат шлемовите. Зад неговите плеќи закракаа автомати. Сврте глава, гласно опцу. Викна:

- Оставете ги да се доближат!

Од појасот откопча две гранати што пред малку ги беше обесил на појас и ги стави пред себе. Врз каменот удираат куршуми. Силна експлозија на граната. Парчиња од камен му го спржија лицето. Автоматите онемеа. Викна:

- Еј, вие таму... Живи сте?...

Никој не одговор.

На дваесетина метри од него - шлемови. Војниците со подвиткани ракави и куси папталони се доближуваат, викаат, пцујат, се закануваат. Ја фрли едната рачна граната и во мигот кога сакаше да ја фрли втората, пред него избувна црнина, го облеа топол воздух, во ушите заѕвонија стотици ѕвона. Не слуша истрели, само гласови и пцовки. Почувствува дека нешто го пече, се обидува да се подигне, по мракот станува се погуст. Чувствува силни удари на цврсти војнички кондури и кршење на ребрата. Тоа малку го освести. Испружи рака настрана. За миг отбори очи. Во устата нешто топло и солено. Со последните сили посегна по пиштолот. Нови удирања и краток рафал. Го пржи раката која полека почна да се здрвува се до рамото. Искри пред очите. Нозете и раката веќе не ги чувствува. Само мрак, црневина пред очи. Се замолкна...

Ветеното засилување не пристигна. Остатоците од офицерската школа по наредба ја фатија удолницата. Напладне, во дванаесет часот, падна Лисец, а Киро, избиен и изрешетан, остана да лежи зад каменот...

Општо повлекување на сите единици. Насока - селото Смрдеш, планината Врба, Превалот и од тука во две насоки. Едната долж јужниот брег на Езерото Мала Преспа, по макадамот долж јужниот брег на езерото со селата Биковик, Лак и Дреново. Втората на север - долж џадето на кое лежат селата Оровник, Попли, Рудари, Штрково, Медово, Раби и Герман. Сите во Албанија. Само тука е спасот. Ранетите од собирните места во Желево, Руља и Брезница со камиони ги префрлија во Корча. Обессилени, обезумени, озлобени и огорчени се повлекуваат борците на ДАГ.

Гласници, јавнати на коњи, трчаат на сите страни и со вик и камшик, кажуваат и покажуваат на каде да се оди. Гневливо бодинаат коњи, претрчуваат низ селските сокачиња и викаат:

- Бегајте! Бегајте! Грчката војска доаѓа! Бегајте!

Во топотот на коњските копита, се додека трае викањето, како ехо се повторува и пронижува викот, сеејќи го стравот и ужасот: колат, бесат, силуваат, пљачкаат, палат, убиваат! Бегајте!!! Бегајте!!! Бегајте!!!

Фатија луѓето да собираат во торби и во вреќи највредно што им остана, ставија катанец на порти. Довикувања, пискотници, лелеци, плачови, пиштења. Врволика и голема грвалица го наполна џадето. Жена се разбреа на сет глас и растура колнежи до самоти небо. Се вдадоа во бегство. Над нив небаре ветроштина со раширени крилја растура страв. Го преминаа Пероо, тесниот премин меѓу двете езера и кога фатија пат за Винени, тогаш видоа висок чад и јасни пламење. Горат неожнеаните ниви. Со голо око гледаат како истите коњаници ги потпалуваат созреаните жита.

Покрај неа зачекори непознат маж. Тој го помести шмајзерот обесен преку рамо, ја погледна косо и се обиде да чекори со нејзиниот чекор. По патот – нерамница, покриен со искривени и испреплетени корење длабоко вжилени во сувата и правлива земја - две чекорења - едното тивко, нежно, ситно, битисано, тапливо, старечки несигурно и одвај чујно, со затрусан чекор го тера својот од Другото - со десната нога разлабавено,

колебливо, нерамно, развлечено, а со левата - достојно, рамно и тешко, обележано од големиот потккован војнички чевел. Крцка дрвената нога. Под кленицата до крв се врежани дебелите кожени ремени. Жената подзастана, се исправи, одврза црна шамија, подзамижа очи и со дланка избриша пот. Застана и тој. Поднамести шмајзер, со левата рака измазни небричено лице, со насолзени очи погледна на сонцето и рече:

- Само кураж... само кураж... - тој откинато го влече секој збор, небаре го џвака. Се сврте кон неа, а таа веќе беше тргнала пред себе. Ја измери со погледот и продолжи: - И ти ќе стигнеш кај што ти е пишано... - прекина со зината уста, чиниш нешто заборави. Го откопча пагурчето од појасот, голтна две-три голтки, се исправи, пак погледна на старата, пушти долг чекор и кога се израмни со неа, врза збор: - Само кураж и макарштo патот е правлив, ти сестро, оди пред себе и не гледај зад грб... Само кураж... Ете, и сонцето уште еден остен и ќе го снема зад планината... А денес ноќта ќе биде мирна... - цеди тој неврзано. - Само во нашите уши ќе одсвонуваат вчерашните и завчераните и претвчерашните рафали, грмежот на бомбите и тресокот на пукањето што доаѓа од сите ридишта и планински врвови... Кураж и само полека - мрмори човекот под нос - и макарштo ти тежи веленцето, ти продолжи си по правливиот пат се додека не згасне горештината и не падне првата роса. А ако ти се случи во ноќта тивко што ќе падне, да паднеш и ти, сама, меѓу несвои, тогаш сигурно туѓите ќе ти оддадат последна почит и ќе ти го украдат веленцето. Врз тебе ќе фрлат шепи испечена и испогазена земја или ќе те покријат со малку суварки и малку гранки зелени скршени на брзина или камење ќе фрлат врз тебе... Ете, не си војник, ама ако паднеш на овој правлив пат што го испогазија војници, ќе имаш погреб војнички, погреб наш, партизански... Студено намерниците ќе погледнуваат на тебе и ќе продолжат натаму кон непознатото по овој или по оној правлив пат... што не враќа...

Тој подзастана, ама не го прекина одот. Го откопча пагурчето и и даде на старата да голтне. Таа ги навлажни само усните и го накисна едниот раб од црната шамија. Одејќи, одвреме навреме со влажната шамија си ги омекнува испечените усни за да го тргне од нив оганот и да ја подгасни жедта; колку за да омекне

сушата што ја пече. Човекот го префрли шмајзерот на другото рамо и небаре зборовите му тежат повеќе, со длабок воздив воздивна и невоздржливо ја куражи сопатничката:

- Од овие планини и од овие ридишта нема да има пукотници. Истрелите што ги слушаш сега, тоа се истрели на радост. Победниците стрелаат... Ех, мајче... стегни дущја, додржи... Кураж. уште малку и ќе го снема сонцето што така не пече, ќе се смрачи, а тогаш ноќта ќе биде мирна... Ајде, оди по мене... Горештината опаѓа и наскоро ќе зароси роса, а дотогаш не се свртувај и не ги слушај истрелите. Тие таму носат само смрт. Глелаш, тука еднаква е земјата - каменеста и тврда и патот правлив, истапчен и чиниш никаде не му се гледа крајот... Само, ете и јас, будалиот, што така без престанувачка си дрдорам, не знам и јас, кутриот, дали некој и таму каде што си тргнала, ќе дознае дознае зошто си го понела ова излитено веленце?... - Прекина. Тишина и во неа само одвај чујното шиштење на нивните чекори. Пред нив како црн облак полека се движи бегалскиот бран. Од таму лопираат довикувања. плач на доенчиња. рикање на добиток...

-Ами ... да те прашам, мајче... Како ли те викаат?

- Крстовица - рече таа тивко и продолжи пред себе без да го прифати разговорот.

Едно време одеа еден до друг, така полека, што се чини дека само сенки се движат. И колку повеќе се издолжува патот, толку повеќе таа заостанува зад него, а нему му се присторува, дека од некоја дална далнина допираат нејзините засркнато испрекинати зборови. Тој слуша и молчешкум, газејќи прел себе, ретко свртува поглед. Застана. Седна. Се навали на подгниениот пен. Го одрами шмајзерот и го потпре на коленото. Таа довтаса, застана до него. Стои. Молчат.

- Така... - го прекина тој молкот. - Изодивме што издивме и стигнавме до тука. До тука, велам, зашто до тука е наше. Натаму само чекор или два, толку остана од тоа наше. И толку од големите и окрилени надежи... Гледај и нагледај се; радувај се и изнарадувај се, се додека сме во наше... во наше... се

уште...во наше и само не плачи. Ако го пречекориш овој појас, нема да имаш причина за радост, а ќе имаш време за плачење и тагување... и колнење, та, затоа, сега, мајче, сега радувај се, радувај се додека сме во наше, се уште во наше. Отаде е туѓо. Сал со еден чекор го превали ли овој обраснат појас и влегуваш, мајче, во туѓо... - Седни, здивни... Седни, мајче. седни, да здивнеме заедно. Пат од под нозе не бега... И тој е судбина... клопче некое или како што е пишано... Седни... седнати да си поприкажеме...Збор да сновиме... Седни, де, здивни...патот под нозе не ти бега и судбина ти е да го доодиш...Така, велат, е пишано. Судбина, се вели... Дојди, седни и дај го тоа клопче што го имаш втиснато во пазувите, заедно да го одмотаме; не го криј - дај ми го. Тој црвено-црн конец зад нас да го пуштиме, на овој камен-карпа или на тоа дрводаб да го врзиме и по него, како што слепиот, удирајќи со стап наоѓа пат, така и ние, држејќи се за конецот да си се вратиме по патот што ќе не доведе до изворот на нашето откорнување ... Дојди, рамо ослободи од ортомата што те сече, спушти го тоа црно котле, одрами ја торбата и веленцето постели го ширум... Дојди, седни, збор да прозбориме... Каде сме? На крај пат, ама се уште во наше и, изгледа, на пат во туѓо, што не води туку оддалечува од дома... На, фати и држи го конецот на споменот, се додека некој од мртви раце не ти го земе... небаре ќе ти откине усвитена желба... Ах, мајче, гледам клопчето привршува и конецот е при крај... Оддиплувај ги листовите на споменот и стегај душа... стегај срце, секогаш така велеа нашите стари, велеа, кутрите и болката ја преточуваа во песна... Седни... Ти трепери брадичето и солза под око ти стежна. Ти трепераат брчките на чело, ти поттреперуваат усните и што ли сака устата да изусти и зошто ли опулот ти е немирен и лут?.., Сака ли некој место молитви и блазосувања, - проколнувања да фрли? Нека гракаат гавраните и над нас нека летаат и кружат орлите-мршојадци и од таму од височините нека одбираат мрша. Од родот наш ние не сме први и дај, Боже, да сме последни... Каде сме? На пат? На чиј пат? До дома не води или не оддалечува? Дај, ајде, дај го клопчето да пуштиме конец... Можеби утре по конецот ќе се вратиме во нашата дома? На, држи го конецот, држи го се дотогаш до кога некој од мртвите раце не ти го откине... Ти го одзеде ли, тогаш ни пат за дома нема да најдеш... Ќе ти остане само пустата желба и

гајлето големо... Ах, мајче, клопчето е малечко и конецот се ниже како судбата наша вчера и денес.... отпуштај конец... оддиплувај ги пожолтените листови на споменот и место молитви и блазосувања, проколнувај... Нека гракаат гаврани и со остар поглед орлите од висина нека одбираат мрша... - последните зборови ги изусти небаре се остаток од издишка. Секна неговиот глас, главата ја зафрли назад. Крстовите исплашено го погледна, му го допре челото. Од неговиот појас го откопча пагурчето и врз неговото лице истури цел грст.

- Гори... има оган... - рече таа колку за себе. - Гори... треска го фати... - таа ја одврза и ја симна од глава црната шамија, ја навлажни со остатокот вода од пагурчето и ја посла врз неговото чело и лице. Под дланката чувствува топлина. - Гори, има оган... - повтори и немоќно погледна наоколу. Освен прашината што остана од луѓето кои скоро трчаница поминаа покрај нив, не виде никого. Пак го допре неговото чело. Шамијата тукуречи сува.

Непознатиот се помрдна и како да не беше ништо, подигна глава, отфрли шамија од лице и со изморен, истоштен и поспан глас, праша:

- Јас, мајче, изгледа сум дремнал, нели? - Не чека одговор. Погледна на синото небо, потоа наоколу, со поглед ја прибра вжарената земја и прашината над неа и, обидувајќи се да ја врзи прекинатата мисла, рече:

- Конецот од клопчето го отпуштивме и со него обележавме пат... до тука... Малечко беше клопчето и конецот го довлековме до тука, а пред нас кој знае колку долг пат се влече, по какви долови и ридови, по какви шуми и трапишта... Отпарај, мајче, отпарај, конец од веленцето и со него да го бележиме патот за в дома... трагите прашина ќе ги покрие; патот водје ќе го излокаат... парај конец од веленцето за да знаеме по кој пат да се вратиме дома... - Грч му стегна грло и тој замолкна. Изгубено гледа во небото. Длабоко вдишува и вели: - Отпарај, мајче, отпарај конец од веленцето... за да го обележиме... - не доврши мисла. Старичката го прекина со остар глас:

- Тргни ја таа валкана рака и не смеј да погледнеш на веленцето! Се најде кој да бележи пат... го обележавте вие... и тие... - Не кажа кој. Во грлото и застана клетвата. Стана. Го нарами веленцето и без збор појде и не виде дека очекори отаде меѓата што пред неа ја беа испогазиле толпи искорнатици. Не гледа назад. Оди по правливиот пат, а тој без збор се довлече и шлапа покрај неа.

Чекорат полека. Еден до друг. Повремено старичката застанува да избрише пот и подлабоко да здивне и на грб да го донамести веленцето. Одат. Тој ненавикнат на бавен чекор, се обидува да и додржи од, ја додржува кога се сопнува, а таа со засркнат глас, со испрекинати зборови раскажува... раскажува... оддиплува дипли од тоа што беше нејзино вчера. Тој слуша и молчешкум, газејќи пред себе, ретко погледнува на старичката. Сонцето скоро се симна за еден остен. Горештината попушта.. Тој застана и седна. Го одрами шмајзерот и го потпре на колено. Старичката, наведнувајќи се, го спушти на земја веленцето, избриша пот од лице и стои. Гледа на толпата луѓе собрани во шумата.. Тој извади тутунќесе, од весник скина парче хартија, свитка цигара и запали. Вдишува длабоко и полека испушта смрдлив чад. Плука настрана. И пак влече и пак плука. Задржа поглед на синото небо и со подзамижани очи, тој праша:

- Велиш веленцето ти е даровно и на него си ги израснала и чедата и внуците? И дека и куќата си ја оставила отворена и жарот што тлееше во огништето си го покрила со пепел? Ќе тлеат жарчињата во спузата... Ќе тлеат и... ќе чекаат... Пули, шумата се празни. Стануваат луѓето и фаќаат пат. Ајде. ајде да станеме и да го фатиме патот што не чека. Ете, така, де, префрли си го веленцето на другото рамо за да не ти отрпне раката со која го носиш тој црн ѓум... А кога ќе ти речам да застанеш, подзастани колку здив да прибереш. А сега, ајде, да појлеме и ние и не свртувај се, не гледај зад тебе. Таму, зад нас, се е во чад и пламен... оди и не гледај зад тебе. И пак, велам, ако паднеш, своите или туѓите ќе те предадат на земјата и ќе ти го украдат веленцето. И велиш ќе се вратиме дома, во старата куќа, ќе ги откриеме жарчињата и ќе го распалиме огништето? Велиш дека тогаш ќе го постелиш веленцето на кое ти

израснале чедата и внуците... И велиш, мајче, дека најстариот лежи под некоја карпа на Иван Планина? А знаеш ли која е таа планина? Погледни десно. Ете, таа што високо се извишува е Иван Планината... Таму го распарчила италјанската граната? А за двата внука ти рекле дека лани останале на Бел Камен и дека внуката ја виделе на Чарно легната врз автоматот? И велиш дека имала руса коса, големи сини очи, бело лице и блага насмевка?... Ех, мајче, таму на Чарно многу црносаа и гламносаа во жив оган и вивнати пламење... И на Трескавец и на Аљавица и каде не по ридиштата на Грамос...

Човекот како да сака да и олесни на сопствената болка и на маката што ја влече со себе, ги повторува и ги преповторува зборовите на старичката и, тврдо газејќи напред, не свртува опул зад себе. Тој добро знае што станува таму. И ако пред него застане некој командир, кој како него сега талка по беспаќата на пригранината земја, ако застане пред него и му рече:

- “Назад, кучкин сине, назад! Назад на позиција!”, тогаш нему нема да му затрепери око - на лево круг и пак ќе продолжи по правливиот пат назад се до местото каде што ќе му биде наредено да погине. Осум години не одрами пушка и веќе навика му е да слуша и да извршува. На помлади години дури и не сакаше да размислува. Кој војник е војник што размислува? Во која војска војниците ги учат да размислуваат? Војник - се знае: “разбирам” и “смеам ли да прашам”. Така, да слуша и да извршува - но не и да размислува - тоа му беше во крвта. Ама подоцна, кога созреа, најпрвин во партизанските одреди на ЕЛАС, потоа во Егејската бригада, па служејќи во Југословенската народна армија, а потоа и во народната милиција, размислуваше, а размислувањето понекогаш беше рамно и на неизвршување на наредба... Офицерски еполети на рамо немаше никогаш. Осум години обичен прост војник. никогаш ненајаден и секогаш хранител на вошки. Илјада деветстотини триесет и седмата му ја облекоа грчката војничка униформа; го вежбаа, значи го учеа да убива, како во сите војски, велејќи му дека тоа е чесно и го убедуваа, како во сите војски, дека неговиот живот е највредното што го има и треба да го даде за “патридата”. Наредната година, триесет и осмата, нешто и згрешил на “патридата”, та затоа му ја соблекоа

војничката униформа, му облекоа затвореничка. А зошто? Затоа што во единицата во која служеше имаше неколку “ендопји”, со кои си прикажуваше на мајчиниот јазик, на македонски, де. Водникот кој потекнуваше од неговите места, едно двапати му прости и го потсети дека тоа е забрането. Знаеше дека е забрането, ама кога налутен од нешто опцу на тој свој мајчин јазик и малку поднапиен залеа в кафеана “Слушам кај шумат буките...”, додуша тивко, ама доволно гласно за да го слушнат некои, на шест месеци го пратија во казнена единица во еден од логорите на сувите острови во Егејското Море. Тие шест месеци му значеа многу. Запозна многу постари мажи од себе - неписмени и учени. И секој од нив на свој начин му ги објаснуваше кривовштините што ги прави државата (некои тоа го нарекуваа ненародниот систем) и му објаснуваа зошто народот е сиромашен, ненајаден и лошо облечен и дека сите треба да бидат еднакви, сите да имаат работа и плата. а не така како што е сега - ти работи, а некој друг да се богати и богато да живее. Зборовите: општество и пролетерска револуција тешко ги разбирапгe, ама се чини дека токму во тоа неразбирање и несфаќање се криеше некаква таинствена моќ од која извираше убедувањето. Во простата и се уште неизвалкана душа на овој обичен македонски селанец, токму тие непознати зборови влеваа сигурност и вера. Најмногу му се бендисуваше тоа дека во тоа ново општество на секој денот и ноќта праведно ќе му бидат распоредени: осум часови работа. осум часои спиење и осум часови учење и забава. А бидејќи не беше и толку мераклија за учење, последното го прифаќаше со мешани чувства. Освен ова се беше разбирливо. ама крајно и безпоговорно ја прифати вистината дека во тоа општество сите ќе бидат еднакви. “Што сакаш подобро од еднаквост? - си мислеше. - Има ли подобро од тоа да си еднаков на пример со еден генерал? Алал му вера на тој што измислил такво општество. Баш убаво, мајката”. По шест месеци, тие кои го казнија, убедени дека е превоспитан, го вратија во единицата во која се најдоа и други како него – со вперен поглед во иднината и со главите полни со правди што одвај ги разбираа, ама воодушевено и во доверба ги проповедаа... Пролетта, илјада деветстотини и триесет и деветтата му одрамија пушка, му ја пресоблекоа униформата и во своите селски излитени алишта стаса в село, дома. Беше Велигден. По Богослужбата, на

средсело, на вигната, засвирија тапанџиите. Тој од паричникот извади илјадарка, плукна токму таму кајшто беше ликот на кралот, му ја залепи на чело на Дуро, стариот кларинетист и му рече:

- Бајрачето, свири го “бајрачето”!

Се фати прв на оро. Го поведе лесно, потскокливо, живо и колку што се разви ороводниот гердан, оледнаш пресекоа свирките. Астиномот застанат до тапанџиите, полека и одмерено удираше со камшикот на отворената лева дланка. А тој спушти нога подигната за следниот чекор во орото, се исправи. му затрепери десниот образ, веѓите му се намуртија. Развеаното шамивче го собра в дланка и со одмерен и сигурен чекор појде на кај тапанџиите. Со налутен ама тивок тон рече:

- Продолжете да свирите...

Стариот кларинетист, ѓуптинот Дуро, прашалнички покажа со глава на астиномот.

- Јас го платив орото, а не тој!

- Ако е до парите - тивко рече Дуро - ги враќам. - Доближа уста до неговото уво и му шепна: - Оној пезевенк, астиномот, ќе ми ја земе дозволата да свирам. Зборувај со него.

Се сврте. Астиномот и натаму ритмички чдираше со камшикот на левата дланка. Во неговите очи - одблесок на предизвик. Појде на кај него. Застана пред него, го праша на грчки:

- Ти ли, господине, си наредил да престане орото?

Молк. Вигната замолкна. Исчекување. Издив на страв...

- Господине - сега веќе со посмирен глас – господине астиноме денес е Велигден... Ако сакате и ако можете, славете го заедно со нас Христовото воскреснување и делете ја заедно со нас таа радост...

- А ако не? Тогаш што? - подсмешливо праша астиномот и посилно удри со камшикот по дланката.

- Тогаш да си ги соберете пандурите и да ве нема од нашето село...

- Така ли? - праша астиномот. - А знаеш ли ти дека ние се знаеме за тебе? Знаеме, на пример, дека си комунист и дека секој ден зборуваш на тој забранет јазик, а тоа значи непочитување на законите и понижување на ликот на великиот и единствено умен и мудар Јоанис Метаксас. А освен тоа пред малку го исплука ликот на кралот...

Тој сакаше нешто да рече, ама не успеа. Небаре како молскавица прелета пред неговите очи полициският камшик и на лицето почувствува пржење. Избезумен со глава го удри в лице и во истиот миг му го откина од рака камшикот и му врза два нишани од уво до уво.

Селаните долго го колнеа затоа што тој ден на Велигден сите беа претепани. А него го однесоа во Костур и по кратка постапка му пресудија: за зборување на забранетиот јазик дома и на јавно место, за пцуење и напад на власта – заточеништво. Потоа дојде октомври, илјада деветстотини четириесеттата. Партијата повика: сите комунисти на фронт. Се јави меѓу првите. Го ослободија. Ја тука да гние и државата да троши - рече командантот на логорот - ја таму да загине, од една страна е исто, а од друга нека докаже колку ја сака татковината.

А тој ја сакаше татковината, ама не можеше да се разбере со командантот на логорот чија и која татковина. Отиде да ја брани татковината и стигна до Подградец. Ете и оттогаш тој не одрами пушка. До тогаш на раменици никогаш не му натежнаа еполети. Му тежеше само студеното железо, ременот и редениците му ги пресечуваа рамената и го подгрбавија... И кога се појави првиот костурски партизански баталјон “Лазо Трповски” во кој и борците и јазикот и командите беа македонски, тој го напушти ЕЛАС и му се придружи на македонскиот партизански одред. И се лутеше, пцуеше, жолчно се расправаше со другарите кога слушаше дека таму “горе”

како што се велеше - големците се караа меѓу себе, се обвинуваа и се клеветеа, се распоредуваа на оваа или онаа страна. Тој остана и се држеше за онаа страна која одлучи да се бори за слободна и обединета Македонија. Со солзи в очи ги прегрнуваше партизаните од Вардарска Македонија кога тие стигнаа во Костурско. Неколку дена заедно сновеа, заедно пееја. заедно мечтаеја и борбени песни пееја за Македонија, ама остана лути многу разочаран кога виде дека командата на македонската војска од вардарско одби да ги прими младите Костурчани кои масовно сакаа да е се приклучат и се чудеше и се прашуваше и себе си и другите зошто некој не сака да се направи една македонска војска? Некој од командата им рекол дека партиите се разбрале и така како што се разбрале, така ќе биде. Сфати дека партиите сакаат ослободителната војна да се води само до таму до каде што зафаќа предвоената гранична линија и ако нема да се придржуваат на ова, тогаш ќе бидат осудени како автономисти и така би. А младинците се враќаа дома засрамени и насмеани. Прегрме војната, Егејската бригада по борбите со балистите ја расформираа надвор од Гостивар, борците ги растурија по разни служби и тој почна во себе да мисли дека дојде време по македонската земја веќе да не се копаат нови гробови. И секој ден од Егејот доаѓаа бегалци, стигнуваа лоши вести се појавуваше оружен отпор. Размислуваше да оди или не. Беше без работа, се хранеше од општинскиот казан. Се пријави во народната милиција. И тука најде работа. Му рекоа дека негова задача е да ја продолжи борбата против народниот непријател...

Чекори тој пред старичката, нешто мрмори и инаетливо ја гмечи под себе правливата патека спржена од летната жега. Меѓу гранките на старите попатни дабје мигнува сонцето и само за краток миг в очи им паѓа спопаленото небо. В лице им чдри тешка, неподвижна и задушлива жега и во од им суши здив. Излегоа на височинка. Лево од патот, шума. Под дебелите и високи дабови и по целата долга и ширна ливада - споулавено раздвижена црневина луѓе и добиток. Над нив викотници и облак сива прашина. Надојдува и надотекува, се згуствува, бучи, баботи, протура и рои толпата. ја исполнува ливадата и шумата и по други беспаќа дотекуваат нови бранови жени и мажи натоварени само со тоа што во последен миг успеаја да дигнат

од дома и тераат пред себе стока. Безредна, непрегледна и гневна е толпата, се турка, се превалува, расте, се збира и гмечи, се дроби, бранува, се згрчува и згуства, се згушува и здавува и вика та колни... Се згрвалија и луѓе и добиток кои лошото ги подбра и ги влече, ги турка се подлабоко во туѓо... Некој на сет глас викна и со викот ја затера толпата, која уште повеќе се затрча по удолницата разврескана, расплакана, развикана и разулавена. Навалицата гази и толчи, се затркалува, затупотува, затуркува и никој не може да ја заузда. Врисок и плач на жени и дечиња кои грчевито се држат за мајкините поли. Зацвиска коњ и откинат од узда - разглавен и разуздан високо затрептува и зафрлува нозе, удира и гази...

И до каде што може во времињата да допре со паметењето, тој не си спомнува за ваква страшна и болна, кобна и тажна, ужасна и потресна глетка што сега се распостелува пред неговите очи.

Стои исправен и онемен; со крвјосани очи замаглен поглед спушта врз огромната црневина и чувствува дека го фаќа замрачување. Закатанета му е устата и сал му се присторува ли дека во него се клокоти, дека дури сега од него се откорнуваат долго закоренетите пароли кои ја гласеа и утврдуваа вербата во некое подобро утре...со кое растеше, зрееше и созреваше. Му велеа дека нему и на сите околу него и подалеку, животот ќе му биде замеден, а тој замелушен сал слушаше и замласкуваше со празна уста. Та можеби затоа безизлезно влета во виорот без да размислува за последиците. Послушноста, вербата и довербата во водачот и партијата - му беа патоказ. Од горе па надолу - го учеа - само еден е умен и само тој еден да мисли, а тој само да извршува. Се досега пред себе ја гледаше само онаа замислена прекрасна иднина која длабоко му ја беа вкорениле недоучените партиски секретари и ете, сега, со очај во очите, го гледа безизлезот. Збунет е и се чини дека допрва прогледа и согледа... И каде ли сега отиде таа беспрекорна и безусловна, непоколеблива, слепа, тврда. огромна и нескршлива верба? Замаглено гледа на развиканата и расплакана бегалска толпа што како огромно црно платно налегна и ја покри целата ширина. И пак и одново му се присторува дека некој таинствен глас на разумот, совеста и осудата допира до него некаде од

срцевината на дебелите и многувековни дабови што растат на оброчиштето одспротива и го прашува: ЗОШТО! ЧИЈ ГЛАС СИ СЛУШАЛ И ПОСЛУШАЛ?

Разголен, разголен, распарталеn и разјадосен е. Се чувствува испразнет, загубен и измамен. Во што да верува и во што да има надеж? Се изрони таа и чувствува пустош... Погреши ли? Ја погреши страната? Го погреши патот? Сега од неговата свест не се одлепуваат овие прашања; ги чуствува како отворена рана, како удар зад удар, а болката, маката и чемерот се пласти и напластува. Боли изгубената надеж.... Зачмаен е, збогоросан, збобрен, се му згорчи, се му се збораvi. Сега веќе не се плаши од докарок, туку само од закорок. Стои на ритчето обезличен, разголен и обескуражен. И разбра дека веќе нема избав.

Пред него запустеници, а зад него запустување! Се е изгорено, пепел сторено... Занемен стои пред видикот што раздвижен и разовкан црнее во сончевата заодба.

Во коријата што е скраја од кривулестото џаде, под широко разгранетите дабје ги легнуваат ранетите. Од другата страна на ридот се уште слегуваат преудолу борци на ДАГ. Едни со забрзан чекор, други трчаница. Во нивните очи умор и пцости. Млад албански поручник, на лош грчки јазик, им наредува да скршнат десно. Вели дека таму е збирното место и секој да си ја најди својата единица. На полјанката до патот стојат десетина товарни камиони. Друг албански офицер им наредува во нив да го товарат оружјето. Тој вика и пцуе на албански кога некој не ги извршува неговите наредби, Едни во камионите, други во купови го фрлаат оружјето и се тргнуваат настрана. Со раце исчадени од барут, ги бришат солзите, сомнително се гледаат, талкаат еден друг, шепотат. Тешко, со срам се поднесува поразот. Беа готови на се, до последен да не ги напуштат бункерите што со месеци беа градени на сите височини на Вичо. Тие беа, ама други погрешија во есапењето. Намерно ли? Наеднаш се слушна брмчење на мотоцикл и маж без офицерски ознаки, нареди:

- Другари! Секој во својата единица. Постројте се и тргнете по оној човек! Марш! - Тој покажа со рака и заедно со брмчењето на моторот, го снема.

На небото што пред квечерина гори во пурпур, стрвниците не престануваат да кружат. Отаде планината го снема црвениот диск на сонцето. На лединката, отаде границата, под ведрото и оѕвездено небо. врволиката тивко потплачува, колне, пцуе, лелека, мачно изречува збор за помен. Од зад ридот огреа полна месечина. Крстовица виде парче незафатено место и се упати таму. Го одрами веленцето. Со плеќите се потпре на каменот од кој се уште зрачи топлина. Облак засени месечина и настана мрак. Покрај неа, во темницата, во која таа е небаре ништо и како да не постои,157 поминчваат непознати, натоварени, папсани, молчеливи, неми. Врват луѓето, врват, пред себе тераат добиток, се довикуваат, доенчиња заплачуваат, залипуваат старци. Жена се разбреа на сет глас, растура колнежи во црната темница и се дави во грчот на липањето...

Крстовица пред себе испружи раце, ги допре стапалата, а потоа земјата. Сега и е полесно да дише. Зема здив, ја брише потта од челото, потоа од лицето и одново се забрадува со црната шамија. Се загледува горе. Високо, таму во недостижното, мижуркаат ѕвезди. Повремено настанува кратка тишина и тогаш се слушаат глуви татнежи и одвај забележливи треперења на воздухот. Таа се навали на веленцето што го стави како возглавница и и се пристори дека е дома во глуво доба, крај своето огниште во кое сигурно се уште тлеат жарчињата што ги покри со спуза; и се пристори дека е во шарената гостинска одаја во која го распосла излитеното веленце и мисли на своите рожби и на челадта од рожбите свои кои израснаа на ова веленце. А сега, каде ли се сега? За најстариот знае, дека лежи под една карпа на Иван Планина. За вториот ин знае дека работи во некој рудник во Канада, за Коца, дека е испратена на заточение на островот Егина во Егејското Море, затоа што момчето и заминало со Егејската бригада... За двата внуци знае дека лани парчосани останаа на Грамос, а за внука си слушна дека нешто жешо ја каснало за плеќи кога се повлекувала ол Негуш и останала да лежи во окрвавениот снег... Така и рекоа и таа се уште верува, дека внуката успеа да се исправи и дека се

уште го држи патот што води кон Вичо... И со мислата пак се враќа на почетокот, се пронижува низ се што помина, а најмногу ја болат болките непреболени, болките недолечливи од кои срцето и е раскинато кога научи за Павле кој останал на Иван Планина. Тогаш и пратиле писмо со печат и царски знак, дека синот јуначки загинал на албанските планини, бранејќи ја грчката патрида против Италијанците.

Ама Крстовица не се осмели да го праша човекот кој и го читал писмото што носело царски знак - зошто триесет и шестата него, сега јунакот од Иван Планина, заради едно “добро утро” изречено на македонски, шест месеци прележа на еден од камените и суви острови во Егејско Море? И зошто ли тогаш му дале рицинус и го посрамотиле? И кога пак на грчки и го читале писмото за двајцата внуци кои лани останале меѓу карпите на Клефтис во Грамос, дека и тие јуначки отстоиле за славата на Грција, тогаш нејзиното срце не дознало гордост, не почувствувало достоинство, туку се згрчило во непреболот и во навредата затоа што тие, имајќи своја земја, свои корени натопени со крвта на толку други јунаци, во писмата и пишувале оти загинале како Грци за Грција, а неа затоа што не го знае грчкиот јазик и в црква не го разбира попот грчки и не знае на грчки да му се моли на Бога, ја презираа. И кога Крсто не и се вратил од војната во Мала Азија, и тогаш и читале дека тој, Ставрос, славно паднал во Али Веран за величието, за славата и честа на Големата Мајка Грција. А кога пред тоа му ја облекле униформата, го нарекле “незнамитис”, затоа што на секое прашање поставено na грчки, не знаејќи го грчкиот, одговарал “не знам”. Загинал “незнамитисот” во туѓа земја, а нејзе и испратиле писмо со печат и царски знак... И така мајкините и бабините најсакани гинеле за славата на Грција и вределе за Грција само тогаш, кога знаеле да пукаат, да убиваат други, да отстојуваат, со својата крв да ја величаат Грција. Секогаш така со нив, со “незнамитите”, кои биле сакани и величени само тогаш кога гласно свирела воената труба и најгромко удирале воените барабани. И тогаш им го земале зборот. А тоа било време кога им било забрането на својот јазик да ја искажуваат болката и жалта кон умрените и на умрените на крст да им го пишуваат нивното родовско презиме. И Господ, по силата на законот, не признавал други молитви

освен оние изречени на грчки. А Господ единствен семоќен преку устата на сегрчкиот патријарх на едни им велел да се радуваат, а на други да страдаат во молчење и да се хранат не со добрината и љубовта Божја, ами со горчината на пониженоста... Така во тие времиња се славел еден христијански Бог, но на сите не им било дозволено на свој јазик да испраќаат молитви кон Него и да го величаат името Негово. А таму кадешто секоја недела и секои празник гласно биеле црквените камбани - молитвите биле неми, зборувале само очите, семолеле челата, образите, метаниите ниски, ниски до самоти земја допирана со чело, одвај забележливите движења на усните. Знаеле гласно да речат "Амин", а тивко. нечујно "Христос воскресе" и за "многу години"... И кога од боиштата добивале писменца со лоши вести, тогаш престанувале да се плашат од рицинусот, од камшикот, од сувиот остров на Егејот; пчштале писоци и лелеци на свој јазик зашто само така најдлабоко, најболно, најпотресно, за олеснување на болката и за долг спомен на покојниот, ја искажувале својата болка. Така трипати Крстовица одјареми страв и многупати и на празник и во делник и на веселба и на закоп и на разбуд, редше гласно... Пред бојот со Италијанците во оние вечерни училишта, со мака успеале да и ги научат на грчки првите редови на "Оче наш" ама набрзо потоа стигнала лошата вест и ете и таа молитва не и помогнала иако и попот и учителот ја убедувале оти Господ Бог сака само молитви шепотени на грчки... Во нејзиното паметење нема место за доброто ниту за лошото...

Седи Крстовица потпрена врз студениот камен и низ солзите се се мачи да продре во далечината во која низ замаглината на солзите се појавува нејзината куќа. Во неа веќе ги снема вечната топлина и светлината, добрината и тажниот поглед на Богородица прел која секој ден и ноќ без престан гореше масleniче. Сега угасна и тоа. Умре вечната и тивка убавина што се глелаше од високиот чардак. Вплетена во него се исуши лозата. Висат од жегата исушените гроздови... Во дворот изгоре старата јаболкница. Од под нејзините стреа засекогаш одлетаа ластовиците и ветерот презаситен со чад, далеку го однесе мирисот на џунџулето и босилокот што толку многу ги имаше во дворот... Пусто... Запустено... Подига таа раце и со дланките си ги допира образите. И брише, та брише солзи... Во еден миг

почувствува дека заслабнува и дека во неа нешто почна да се крши. Заплака - тивко, без треперење, без гласно липање, ама од сесрце. Откако се изнаплака, почувстува дека во неа влегува некакво олеснување, небаре долго очекувано смирување... Се обидува да стане, ама и покрај целиот напор, останува да клечи. Гледа наоколу и се обидува да ги долови ноќните шумови. И се чини дека до неа, покрај неа нема никого. На чекор или два, во тревата се одгласи штурче, најпрвин тивко, испрекинато, срамежливо... Престана, небаре наслушнува; засвири одново, кратко и, изгледа исплашено од светулката што неколкупати болсна со мешето крај патот - прекина. Се ѕвва чекор подалеку - продорно, довикливо, го наполни мракот со себе. Таа сврти глава и тогаш почувствува како трепери ноќниот воздух од далечните подмолни татнежи. Наслушнува. Шумат дрвјата во огромната пустелија што се шири околу неа. Во жешката августовска ноќ тивко поддувнува ветер. Колку нежно и ги допира образите. Во неа нешто како да живнува и се пробудува, нешто што е затрупано со урнатините на животот... “Господе, зарем умирам или полудувам?” - смирено и без уплав се прашува и дури сега почувствува дека ја болат колената од клечење. “Клечам? Пред кого? Зошто?” - се прашува и полека стана...

Под превезот на мрачнотијата луѓето заедно со стоката се редат во колони. И кога и шумата и ридовите се слеаја во едно, громовит глас ги поведе зад себе и сите тргнаа во мракот. Над нив, на огромното небо, во непроникнатата ноќна длабочина, небаре се размрдаа ѕвездите и полека, чекор по чекор тргнаа нал колоните...

Се разденува. Намуртена, бледорозова развиделина се спушта ол кај Бела Вода и лениво се постелува отаде Преспанското Езеро. Крстовица го поправи веленцето, го префрли преку рамо, се наведна како да оди наспроти силни ветришта и појде по пустото правливо џаде. Оди право пред себе, газејќи по трагите на тие кои појдоа пред неа... Сега не свртува опуљ зад себе. Во ноќта што ја помина на лединката скраја од правливото џаде. смртта,чиниш, помина покрај неа, се загледа во нејзините солзи и се врати таму, зад ридовите. кај езерото, во трските, во ширното поле на Мала Преспа.

Двете колони тенкови, едната од Лерин преку Псодери, а другата од Костур преку Габреш, се сретнаа на крстосницата подолу од селото Желево и се упатија кон Превалот каде владината пешадија веќе два часа води борба. Не се задржуваат. Брзаат да излезат на рамнината во Раби и од таму да го фатат Пероо, теснецот меѓу двете езера и на овој начин на единиците кои се повлекуваат од Бела Вода и Бигла да им го затворат патот кон Албанија. Пред да влезат во Оровник, се слушнаа три силни експлозии. Полетаа во воздух трите мостови пред селото. Потоа се стресе земјата и воздухот се наполни со чад. Минерите ги уништуваат магацините со оружје и храна вкопани во подножјата на ридовите меѓу Оровник и Попли. Противникот ги премести артилериските батерии на нови позиции, поблизу до Преспа и отвори оган по патеките по кои врват отстапниците и бегаат во Албанија. Во утринските часови од југ долетаа првите авиони и, летајќи еден зад друг, најпрвин ја напаѓаат Мисодагиста, а потоа во низок лет ги митралираат и ракетираат ридовите над Медово и Раби. Камиони префрлуваат пешадија до Штрково и таа веднаш влегува во борба. Два баталјона на ДАГ жестоко се бранат. Тенковите свртија лево и се втурнаа во полето во насока на Пероо. Противтенковските миини избувнуваат под тенковските гасеници. Запрен е напредокот. Единниците на ДАГ кои се повлекуваат од Бела Вода им се придружуваат на бранителите во Раби, но пладнето добиваат бочен удар од владината војска која се проби од насоката Клештина - Раково - Герман. Повлекување. Оставајќи ги убиените и ранетите се повлекуваат кон Пероо по бришаниот простор. Противникот од сите орудија ги нема на нишан и ги бие. Се што уште може да трча, да оди и да се влече, се упатува кон високите и густи трски. Борците на ДАГ и многу од цивилното население, кои не успеаја да го преминат Пероо, тука бараат спас. Повеќето кои паѓаат, куршум добиваат во темето, плеќите, нозете. Полето послано со мртви и ранети. Нив ги сотруваат тенковските гасеници. Два тенка се пробија до теснецот. Силна експлозија го разнесе во воздух насипот што ги дели цвете преспански езера. Водите налудничаво поплавуваат дел од плажите и Преспанското поле. Ова го смири бесниот напад. Тенковите застануваа и по кратко време се повлекуваат се до патот што врви под селата. Авиони во формации, по три

наизмечно, долетуваат од Рупишта и Кожани и во низок бришан лет го бомбардираат полето, трските, езерото. Се навалуваат на левото крило, свртуваат во полукруг, ја бијат Сува Гора и се губат зад планината Врба. Така на секои петдесет минути, а потоа долетуваат авиони од Лерин. Над Преспа се спуштаат од кај Бела Вода. Летаат во хоризонтална линија, така што го опфаќаат целото мало Преспанско Езеро и бијат. Високо се издигнуваат водите, езерото клокоти, горат трските. Некои се обиауваат да препливаат, ама не стигнуваат до брегот.

Во командниот пункт на Третата дивизија што пред малку е поставен на ритчето над селото Попли, остро заѕвони телефонот. Командантот ја подигна слушалката и веднаш застана во став мирно.

- Да, да, господине генерале. Напредуваме. Веќе владееме со целиот простор од источната страна на езерото. Не, да, има само спорадичен, скоро поединечен отпор. Каде? Скриени се во трските и таму се бранат. Да, се разбира, до паѓањето на мракот ќе совладаме, а во текот на ноќта нашите единици ќе ја заземат таканаречената Африка, западно од езерото. Молам? Прашувате како се држи нашата храбра авијација? Во полето и езерото го сее стравот, ужасот и катастрофата. Да, се е под наша контрола... Да, да, господине генерале... Денес е четиринаесетти август. Утре без борба ќе го прославиме празникот Голема Богородица. Да, благодарам. Господине генерале, ако ми дозволите, сакам да речам дека ова што тука сега се случува, веќе не е борба, ами чисто убиство, да не речам злосторство. Наредете да престане овој пекол... Езерото е црвено од крв... Да, се разбира, господие генерале. Јас како војник и старешина ќе си ја вршам мојата војничка должност, но како човек...

Зуе слушалката. Од другата страна на жицата занеме гласот...

Петнаесетти август. Во цела Грција се слави празникот Голема Богородица. Веста за големата победа во Атина стигна по радиоврска, но неа цела ноќ ја вестеа истрели со светлетчки куршуми кои се пренесуваат од рид до рид, од град до град, се Атина.

Селаните од околните села, кои не успеаја да избегаат отаде границата и заробените борци на ДАГ, натерани од владините војници, ги собираат убиените. Во августовската жега се шири реа. Попладнето од Лерин стигнаа булдожери и почнаа да копаат длабоки ровови во песокливата земја. Во нив еден врз друг ги фрлаат убиените борци на ДАГ, а потоа булдожерите ги посипуваат и грижливо ја израмнуваат земјата. Се добива впечаток дека тука е свежо изорана нива.

Во Раби чека колона војнички камиони. Од целото преспанско боиште и од другата страна на езерото, па се до кај што држи границата, со џипови и на носилки носат убиени и ранети владини војници. Убиените ги товараат во камионите и ги носат во Лерин. На гробиштата веќе се ископани гробовите. Во присуство на леринскиот владика и официјалните воени и цивилни власти, свечено, со труба и химна ги закопуваат. Војнички фанфари и истрели од плотуни се слушаат по секое покривање на гробот. На крстот - име и презиме. Граѓанството со откриени глави стои собрано до самите гробишта. До нив и меѓу нив стојат и тие кои дезертираа, кои потклекнаа, поткажуваа и предаваа. Стојат неми, со рацете скрстени малку пониско од папокот. Камбаните бијат, а некои од граѓанството на балконите ги изнесоа радиоапаратите и ги развија знамињата. Низ цела Грција радиостаниците ја пренесуваат панихидата од атинската митрополија.

А тука во Преспа, е тивко во заодот на сонцето, во чии румени воздишки одблеснува штотуку смирената вода... Тука, на големото преспанско гробје, белобрад поп, чија сенка ја издолжува заодот, стои на земјата ишарана од гасениците на тенковите и булдожерите и со растреперен и скршен глас, шепоти:

“Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небеско. Блажени се оние кои плачат, оти ќе се утешат” Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата. Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат. Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани. Блажени се

чистите по срце, оти тие ќе го видат Бога. Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји...”

Попот прекина и тргна пред себе, газејќи по меката земја. Во Лерин бијат камбаните, а владиката, завршувајќи ја панихидата, рече:

“Блажени се оние кои ги исполнуваат заповедите Негови, за да имаат право на живот и да влезат во градот низ портите. А надвор се кучињата, врачевите, блудниците, крвниците, идолопоклониците и секој кој сака да лаже и лаже...”

Граѓанството на војничките гробови положи цвеќе и венци и предводено од ѓупски свирачи, намуртено се растурува по своите домови.

А тука над преспанското гробје се слуша само плисокот на езерската вода, нема плачење, нема цвеќе и венци, не бијат камбаните во Оровник, Попли, Штрково, Медово, Раби, Герман, Нивици, Орово, Граждено, Винени, Лак, Буковик и Дреново. Северњакот носи далечен одзвук. Тоа камбаната отаде граница, во Долно Дупени, бие цело попладне и цела ноќ...

Тивко е и во тишината се слуша одвај чујниот и потулен глас на стариот поп:

“Блажени се гонетите заради правда, зашто нивно е царството небеско. Блажени сте вие кога ве срамат и прогонуваат и кога ќе говорат против вас секакви зборови... Вие сте солта на земјата...Вие сте светлината на светот...”

Прекина. Воздивна и од неговото засипнато грло тешко се откина зборот “Амин”.

“Амин...” повтори мракот и ридиштата, “Амин”, повторија запустените села и од гранатите осакатените дрвја. Така му се пристори на стариот поп, зашто наоколу никој не плаче. Ваму - таму земјата езерска се вдлабнува, налегнува таа меѓу мртвите, ги пригушнува, ги пополнува празнините.

Денот согоре. Кога во квечерината на небото се појавија првите ѕвезди и бледо одблеснаа во езерската вода, на Свети Ахил затреперија пламенчиња на свеќи што ги запали нечија рака. Во долгите и покорни молитви на попот, тие трепераат како долго очекуван одзвук на живот што се појави над ова мртвило.

Попот продолжи по патот за на кај Раби. Оди полека и без престанување го отпева опелото и кога дојде до “последное целование”, тогаш му затрепери гласот, чиниш самиот се преголтна... “Последное целование” - отпеа, но никој не се приближи до мртвото преспанско поле. Застана на угорнинката скраја од патот, се сврти кон полето - гробница, подигна раце кон небото и прошепоти:

- Блажени нека се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат...

Трипати се пекрсти, клекна и неколкупати ја допре земјата со чело. Стана полека, сенким на неговите рамена се товарени сите тешкотии, маки, страдања и чемери на овој свет... Трипати пак се прекрсти стариот поп и велејќи “во вјеки веков”, тргна кон Герман...

Разбранетото езро кај Мала Преспа, чие сино огледало два дена го кршеа авионски бомби, топовски и минофрлачки гранати и го расечуваа илјади вжештени зрна, полека се смирува и на брегот исфрлува трупови.

Ѓорѓи не успеа да го премине पероо, теснецот меѓу двете езера и остана во вителот на оганот. Тој успеа да се скрие во густите трски. Со раце ископа дол и се покри со песок. Од тука гледа како од обете страни на езерото и во самото езеро кипи дива, нагла, страстна, непомирлива, слепа, отворена и смртна, бесна и упорна како неразуздана стихија - борба за живот и како што се повеќе се разгорува омразата и пизмата. Едните ликуваа, другите со последниот истрел се бранеа, а кога го снемува и последниот куршум, тогаш и во рацете на девојките-борци болснува ножот, камата, штикот...

Дури утредента на пладнина се смирија водите. Од своето скривалиште тој гледа како ги собираат убиените п ранетите. Квечерината, не подалеку од себе тој слушна тивко, изморено плачење. Ниско наведнат, тргна по гласот. Во трските, дополу легнато во водата, лежи момченце. На челото голем пивтосан струп, а на левото рамо рој муви. Го подигнува и полека го изнесува на суво. Му го мие рамото и со парче од кошулата му го преврзува. Момчето липти, преплашено гледа во очите на Ѓорѓи, трепери. Тој клекна на колена и во мигот кога сакаш да стане, малку понастрана, само десетина чекори од него, во трските виде легнато женско тело. Го остави детето и појле. Иако лицето и беше подуено, жената изгледаше млада. На образите остатоци од убавината. Има издупчени гради и големи, широко отврени сини очи. На прстот прстен меновнк. Набабрени од крв се одлепуваат пијавиците. Бранот плиска и небаре го гали мртвото тело, удира полека, се враќа и одново ја заплискува неа, непознатата. До неа автомат. Ѓорѓи го откопча шаржерот. Празен. Во нејзината стегната дланка, чудно подвиткана под левата града, му се пристори дека нешто се крие. Ја отвори и во неа најде два патрона. Изгледа, кутрата, помисли Ѓорѓи, не успеа да ги испука. Можеби ќе и го спасеа животот. Тој уште малку остана покрај девојката и потоа се врати кај момчето. Тоа легнато меѓу трските, како исплашено врапче гледа во спепеленото небо. Ѓорѓи го подигна и го однесе до врбјакот што расте скраја од езерото. Тука накрши гранки, ги собра под мишка и појде кај девојката. Ја довлече на суво. Со раце копа во песокот. Ја покри и врз купчето една по една ги стави зелените гранки. Од сите страни стави камења. Клечејќи, се прекрсти. Се врати кај момчето. Легна покрај него и чека да падне мракот. Кога на небото се покажа српот на месечината, тој го подигна момчето и, држејќи го во своите прегратки, тргна низ огромната гробница и кога само миг, без да го прекине растреперениот чекор, погледна кон небото, тогаш му се пристори дека и ѕвездите патуваат со него...

Ова не е крајот...

**ЗА АВТОРОТ...**

Петре Наковски – романсиер и преведувач, е роден на 17 јули 1937 година во с. Крчишта, Костурско, Егејска Македонија.

Педагошки лицеј завршил во Полска, а Филолошки факултет воп Скопје. Докторирал на Институтот за политички науки на Вроцлавскиот универзитет во Полска. Бил новинар во весниците “Вечер” и “Нова Македонија”. Работел во Министерството за надворешни работи. Прв амбасадор на Република Македонија во Република Полска.

Член на ДПМ од 1989 година.

Автор е на повеќе раскази објавени во македонската периодика, како и на книгите: “Постела за чемерните” (роман, 1985), “Македонски деца во Полска 1948-1968” (докторски труд), “И каменот е земја” (роман,1988).

0д Полски на македонски има преведено и објавено 40 литературни дела и поголем број песни и раскази од македонски автори на полски јазик.

Добитник е на наградите “Златно перо”, Наградата на полските автори, а е одликуван со Златен медал за заслуги за полската култура и Златен орден на командоријата.

**ДРУГИ ИЗДАНИЈА НА МАКАВЕЈ**
Historia est...

Џон Шеј МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА: борба за дефинирање нова балканска нација

Стојан Киселиновски МАКЕДОНСКИ ДЕЈЦИ (XX век)

Современа македонска проза
Марина Димитриевска Мелина, врати се (роман, А5/200 стр.)
Бранко Бјадов Кучешка зима (раскази, А5/ 90 стр.)
Ивица Дамјаноски Кадешто тетлите не пеат (роман, А5/ 88 стр.)
Мето Јовановски Продавница за љубопитите (роман, Б6/286 стр.)

Современа македонска поезоја
Тодор Чаловски Глас крепител (А5/89 стр.)
Веле Смилевски Педесет писни (А5/69 стр.)
Славе Ѓорѓо Димоски Зборови и вода (А5/104 стр.)
Тихо Најдовски Студена зона (А5/104 стр.)
Емил Калешковски Ру (А5/92 стр.)
Ивица Антевски Облаци или пена за бричење (А5/88 стр.)
Радован Павловски Штит ( А5/78 стр.)
Вера Чорниј Мешкова Зорница (А5/72 стр.)
Тихо Најдовски Образот на денот (А5/62 стр.)
Александра Димитрова Вежби за правилно дишење
Борјан Витанов Пасха
Олег Демитиенко Задоцнети дождови
Линдита Ахмети Син Сон
Сашо Цветановски Берлинскиот ѕид
Крсте Костески Две поеми
Тихо Најдовски Сенка на изгревот (А5/359 стр.)
Стојче Балкански Злост и слово (А5/200 стр.)
Фахри Али Делба на осаменоста (Б6/ 80 стр.)

Современа балканска проза
Костас Валетас Нови раскази (А5/94 стр.)
Владо Даверов Небесни ангели (А5/154 стр.)

Балкански поети
Васко Попа Далеку во нас (А5/130 стр.) - лектира за средно образ.
Новица Тадиќ Кобење на ноќта (А5/128 стр.)
Лучијан Блага Метафизичка тага (А5/112 стр.)
Назим Хикмет Огнен чемер (А5/88 стр.)

Пофалба на мудроста
Моника Стојчовска Бранови на брегот (А6/315 стр.)

Човек, простор, време
Проф. д-р Елена Џајковски Глауком
Проф. д-р Димитар Димитриев Антракс
Доц. д-р Горан Кондов Заболувања на дојката (Б5/416 стр.)
Доц. д-р Горан Кондов Прирачник за заболувањата на дојката (46 стр.)
Наташа Хвеглич Божилак (патеписи од 12 држави, 300 стр. колор)

www.макavej.com.мк